**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

# УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ментор:
**Проф. д-р Билјана Ванковска**

Кандидат
**М-р Соња Стефановиќ**

Скопје, 2018

# Содржина


*1. Теориско-методолошка рамка ........................................................................5*

**1.1. Формулација на проблемот на истражувањето.............................................6**

**1.2. Предмет на истражувањето ............................................................................10**

**1.3. Цели и задачи на истражувањето..................................................................15**

1.3.1. Цели на истражувањето..........................................................................................15

1.3.2. Задачи на истражувањето ......................................................................................16

1.3.3. Хипотетичка рамка .................................................................................................17

1.3.4. Варијабли ................................................................................................................18

**1.4. Методи на истражување..................................................................................18**

1.4.1. Техники на истражувањето .....................................................................................19

**1.5. Научна и општествена оправданост...............................................................20**

*2. Поглавје: безбедност.......................................................................................21*

**2.1. За феноменологијата на безбедноста............................................................22**

**2.2. Безбедност за кого и безбедност за што? .....................................................28**

**2.3. Личната и јавната безбедност во функција на безбедносната култура ...................30**

**2.4. Поврзаноста на демократијата, безбедноста и мирот во современото општество ...........37**

**2.5. Безбедноста, правото и моралот .....................................................................41**

**2.6. Глобални безбедносни ризици и закани: јавна и медиумска перцепција ...................45**

**2.7. (де)централизација на системот на управување со безбедноста .............................53**

*3. Поглавје: безбедносна култура.......................................................................60*

**3.1. Општо за културата, медиумите и безбедноста................................................61**

**3.2. Културата и медиумите ...................................................................................64**

**3.3. Културата и националната безбедност ...........................................................69**

**3.4. Медиумите и националната безбедност..........................................................71**

**3.5. Поим на безбедносна култура.........................................................................74**

**3.6. Етичкиот аспект на безбедносната култура ...................................................82**

**3.7. Социјалните аспекти на безбедносната култура .............................................88**

**3.8. Политичките аспекти на безбедносната култура .............................................91**

**3.9. Економските аспекти на безбедносната култура ...95**

**3.10. Вредносните аспекти на безбедносната култура ...101**

**3.11. Научно-образовен аспект на безбедносната култура ...111**

***4. Медиумите во република македонија ...115***

**4.1. Анализа на медиумскиот сектор во република македонија ...116**

**4.2. Медиумите и заштитата на јавниот интерес во република македонија...124**

**4.3. Етичкото известување и објективноста на медиумите во република македонија ...127**

**4.4. Јавната (не)доверба во медиумите во република македонија ...139**

**4.5. Медиумската писменост во република македонија ...142**

***5. Медиумите и безбедносната култура во република македонија ...151***

**5.1. Македонските медиуми и контролата на безбедносниот сектор...152**

**5.2. Медиумскиот простор како мост на зближување или на поделби во република македонија...155**

**5.3. Медиумско покривање на насилниот криминал во република македонија...159**

**5.4. Медиумското известување и дискурс во врска со човековата околина...162**

**5.5. Проценка на медиумското влијание врз безбедносната култура во република македонија...165**

***6. Истражување ...168***

**6.1. Рамка на емпириското истражување...169**

**6.2. Приказ и толкување на резултатите од испитувањето на јавното мислење...169**

**6.3. Приказ и толкување на резултатите од спроведеното интервју...184**

6.3.1. Улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура ...185

6.3.2. Новинарите и нивниот професионален однос во креирањето на безбедносната култура ..187

6.3.3. Новинарите и етиката, при градењето на безбедносната култура во Република Македонија ...189

6.3.4. Се внимава ли во медиумите за добрите меѓуетнички релации при градењето на безбедносната култура? ...193

6.3.5. Политичкото влијание во медиумите ...195

6.3.6. Влијанието на сопствениците на медиумите и главните уредници врз слободата на новинарскиот израз и градењето на безбедносната култура...197

6.3.7. Какво значење имаат медиумите во градењето на безбедносната култура?...198

6.3.8. Неопходна ли е посебна едукација за новинарите во однос на градењето на безбедносната култура во Република Македонија?...201

6.3.9. Колку медиумите придонесуваат за развој на безбедносната култура?.................................202

6.3.10.Може ли во Република Македонија да се зборува за истражувачко новинарство?.............204

***7. ЗАКЛУЧОК*****...........................................................................................................208**

***БИБЛИОГРАФИЈА*****...................................................................................................228**

# 1. ТЕОРИСКО-МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## 1.1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Огромната улога којашто ја имаат мас-медиумите во информирањето на јавноста е нешто што во современиот свет не бара поголема елаборација. Во овој контекст, особено се забележува дека во споредба со другите средства за масовно информирање, телевизијата и натаму е најбрзиот, најеластичниот и најажурниот медиум што најлесно допира до најширокиот круг приматели на информациите. Кај гледачите владее уверувањето дека на телевизиските програми се презентира не само она што навистина се случило, туку особено она што е значајно, па така доколку еден настан не се објави на телевизија, исто „како и да не се случил".

Генерално земено, медиумското покривање се јавува како мерило за важноста на настаните. Од својата појава па до денес, медиумите (и особено телевизијата) извршиле огромно влијание врз општеството во целина, а особено врз формулирањето на културните и другите вредности, врз динамиката на политичкиот живот, квалитетот на образованието, меѓуетничките односи и другите сфери. Во овој контекст, секоја анализа мора да тргне од фактот што медиумите имаат моќ не само да информираат за она што (не) се случило, туку во значителен степен ги формираат и моделираат ставовите на граѓаните (јавното мислење). Нивната моќ е особено видлива кај оние граѓани кои се необразовани или немаат цврсто изградени ставови по прашањата од важност за нив поединечно, како и од важност за општеството.

Досегашните истражувања на медиумскиот простор во Република Македонија покажуваат дека медиумите, во поголема или помала мерка, се фокусирани на ширење на демократските вредности, но и на безбедносните проблеми, иако останува дискутабилно прашањето за конкретниот ефект врз демократизацијата и градењето на демократската и безбедносната култура во земјата. Имајќи предвид дека етничкиот соживот во Република Македонија има круцијално значење за човековата, ама и општествената безбедност, тогаш може јасно да се исцрта линијата на корелација помеѓу влијанието на мас-медиумите, односно квалитетот на нивните програми и вести, и напорите за градење на демократско мултиетничко општество кое ќе може да одолее на различните безбедносни предизвици. Тоа, во голема мерка зависи од професионалноста, креативноста и објективноста на новинарите и уредниците. Доколку вестите се објективни и квалитетни, без шпекулации и манипулации, голема е

веројатноста дека кај граѓаните ќе се развива критичка свест кон стварноста и способноста за прифаќање на позитивните вредности.

Имајќи во вид, дека во секое општество, по дефиниција, постојат спротивности, судири на интереси и сфаќања, како и поделби по разни основи, можеме да констатираме дека не постои заедница во која не постојат латентни или отворени конфликти. Конфликтите се нормален и составен дел на општествените процеси и состојби, освен во ситуација на нивно претворање во насилни судири.

Клучното прашање кое се поставува во овој контекст гласи: каква е безбедносната култура во Република Македонија и колку медиумите придонесуваат за нејзиното градење и негување?

Додека во не така дамнешното минато, безбедноста се сфаќаше прилично еднозначно, во смисла на државна безбедност и безбедност со и од воени средства, во современиот свет таа има ново значење и нова функција. Безбедноста е мултидимензионален поим кој се однесува на државата, општеството, меѓународната заедница, но и на човечкото суштество како поединец. Во голема мерка, безбедноста на еден референтен објект значи или имплицира безбедност на другите објекти, а ситуацијата станува сложена ако се знае дека изворите на нивно загрозување се разновидни. Имајќи ги во вид поимите на објективна и на субјективна безбедност, секогаш се поставува прашањето за тоа дали и како јавноста и граѓаните ја перцепираат (или пропуштаат да забележат постоење на) безбедносните закани. Токму во овој контекст и се лоцира проблемот на безбедносната култура, која владее во едно општество. Таа претставува една важна сфера од општествениот живот, во која се изразува и рефлектира вкупниот општествен морал, вредностите и сфаќањата за тоа што е добро и безбедно општество, од што и како треба да се заштитува. Безбедносната култура, во сите свои аспекти претставува подрачје на исклучително продлабочено структурирано дејство на моралните фактори, но и дејството на принципот на владеењето на правото и дејствувањето на институциите задолжени за етаблирање и одржување на доброто владеење.

Етичкото и општественото проценување на вредностите - во смисла на тоа што е добро, а што лошо, што е прифатливо, а што не е - нужно се рефлектира и врз

безбедносното резонирање и реагирање. Прелиминарно, аспектите на безбедносната култура ги лоцираме првенствено во следните димензии:

1. извршување на безбедносната функција со почитување на законските и етичките принципи кои доминираат во општеството;
2. подобрување на општата безбедносна атмосфера преку промовирање и унапредување на владеењето на правото придружено со негување на етичките стандарди;
3. подигнување на јавната свест за потребата од негување на темелните вредности како начин за јакнење на безбедноста во заедницата и безбедноста на поединецот;
4. негување на свеста и совеста кај сите општествени субјекти во однос на темелните општествени вредности;
5. развивање на чувството на должност и одговорност кон јавното добро, кон општеството во целина и кон поединците;
6. негување на толеранција кон различностите и негување на алтернативни ненасилни начини на разрешување на судирите меѓу припадниците на различните општествени групи и поединците;
7. запознавање на носителите на безбедносната функција со системот на морални, етнички, религиски и други вредности доминантни кај одредени општествени групи;
8. вградување на етичките стандарди во правната регулатива од сферата на безбедноста;
9. изградба на мерки за почитување на професионалниот кодекс на однесување кај сите субјекти во безбедносниот систем.

Врз формирањето на безбедносната култура влијаат позитивните, но и општествено штетните појави и тенденции. Постои дијалектичка врска помеѓу степенот на почитување на општествените вредности, и особено на принципот на владеење на правото, и безбедносната култура. Во слабите држави, односно оние во кои доаѓа до ерозија на општествениот морал и недоверба во институциите, бројката на латентни и отворени судири е во постојан пораст, што зборува за непостоење на општествена кохезија, и следствено, за ниско ниво на безбедносната култура. Од таквата состојба,

само тенка линија го дели општеството од целосна деградација и од премин кон состојба на небезбедност, односно на загрозување на сите витални општествени вредности. И обратно, ако човекот егзистира во слободно општество во кое тој се изградува како самосвесно и одговорно битие, тој ќе биде активен чинител кој не само што ќе го гради својот морал, туку и ќе стекнува и учествува во градењето на одредена безбедносна култура, со што ќе придонесува и за безбедноста и просперитетот на целата заедница. Кај безбедносната култура, како и кај моралот, многу е битно акцентирањето на обврската, и тоа во две димензии: внатрешна и надворешна. Со други зборови, колку што е важно човекот самиот да си издава одредена морална заповед, толку е важно таа да не создава чувство на нешто што е наметнато однадвор. Дејствувањето на човекот, во рамките на своето окружување, мора да биде насочено да ги заштитува вредностите, како на целото општество, така и на поединците. Во својот практичен однос кон светот, човекот усвојува одредени морални норми и поради тоа, тој мора не само морално, туку и безбедносно да се однесува.

Значењето на втемелувањето на безбедносната култура, како многу важна област на општествените односи и активности, во склад со општиот прогрес на општеството, е непроценливо. Безбедносната култура станува сè поактуелна дневна содржина на општествените односи, активностите на луѓето, општествените групи, нациите и др. Набљудувањето и проучувањето на феноменот на безбедносната култура, може да се одвива и во склоп на зададен историски контекст. Со продлабочена анализа на развојот на културата, од една страна и на безбедносната култура од друга, ќе може да се открие нишката на нивната меѓузависност, која денес претставува *sine qua non* во секое демократско и мирољубиво општество.

Имајќи го сето ова во вид, како појдовна премиса на ова докторско истражување, во фокусот ја ставаме улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија, како проблематика која досега не го добила заслуженото научно внимание, а која може многу да укаже и за состојбата во медиумите, но и за мирот и безбедноста во земјата.

## 1.2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Кон крајот на 90-тите години од минатиот век се случија драматични промени, како на социо-економски и политички план, така и на безбедносен план. Новата безбедносна агенда нужно доведе до преиспитување и на концептот на безбедноста (на локално, државно и меѓународно ниво). Се покажа дека мултидимензионалноста на безбедносниот концепт бара ианков ангажман од различните општествени, државни и недржавни, но и меѓународни актери. Научените лекции од авторитарното минато на добар дел од земјите кои го напуштија социјалистичкиот режим, но и крајот на биполаризмот во светот, доведе но императив на мирот и безбедноста да им се пристапи на инаков начин, со т.н. „меки средства", со чија помош ќе се превенираат конфликтите, ќе се демократизираат и култивираат односите во заедниците и помеѓу нив. Во таквото сфаќање на мирот (како позитивен, а не негативен мир) и неговата поврзаност со демократијата (тезата за демократски мир), не само што класичните безбедносни субјекти требаше да ја преиспитаат својата дотогашна позиција и дејствување, туку задачата за негување на мирот и безбедноста стана општо добро, заедничка задача на бројни субјекти кои не се дел од безбедносниот сектор во неговата класична, потсена смисла на зборот.

Во таа смисла, централен предмет на ова истражувањето е улогата на медиумите во градењето и негувањето на безбедносната култура во Република Македонија. Кажано со други зборови, се фокусираме на тоа дали македонските медиуми успеваат да ја препознаат оваа своја функција и како влијаат со својата работа врз формулирањето и квалитетот на безбедносната култура.

Безбедносната култура е нужно дел од општата култура на едно општество, но истовремено таа претставува и општествена добро, претпоставува општествен однос и начин на општествено дејствување поврзано со клучните вредности околку кои е формирана политичката заедница во вид на државна заедница. Гледано низ поширока призма, може да се дебатира и за тоа дали и во која мерка безбедносната култура се рефлектира или трпи влијание од состојбите во политичката сфера, економијата, образованието, итн. Таа има своја историската траекторија, како и сите други општествени феномени и израснува врз одредени историски и национално детерминирани околности, но претпоставката е дека нејзините чинители можат да

извршат повратно дејство врз општеството кое ја изнедрило таквата безбедносна култура. Безбедносната култура го пронаоѓа своето место во сите структурни елементи на едно општество, како што и тие елементи на општеството влијаат врз нејзиното градење. Не треба да се гледа на општеството и на безбедносната култура, како на однос меѓу две посебни целини, туку да се прифати сознанието дека безбедносната култура претставува интегрален дел на едно современо општество, начин на неговото живеење и услов за неговиот просперитет. Степенот на развиеност на безбедносната култура во едно општество може да услови или да осветли разни социјални проблеми, но и општествена структуираност која во себе произведува состојби на конфликти, кои имаат моќ да продуцираат нестабилност. Развиена безбедносна култура, кај сите или кај повеќето членови на една заедница и општеството, многу придонесува во насочувањето и регулирањето на однесувањето на преостанатите членови во заедницата. Имајќи ја во вид моќта на медиумите, разбирливо истражувањето е насочено кон заемната врска помеѓу состојбата во медиумите и степенот на безбедносна култура во Република Македонија.

Во согласност со предметното одредување на овој докторски труд, истражувањето во својот теориски опфат се потпира на бројни концепти и поими, но како најзначајни ги издвојуваме само оние преку кои фактички се операционализира предметот на истражувањето:

- Безбедност
- јавна и лична безбедност
- безбедносна култура
- медиуми
- информација
- објективност
- новинарство
- новинарска етика
- истражувачко новинарство

**Безбедноста** во објективна смисла, претставува отсуство на опасност за постоечките вредности, додека во субјективна смисла претставува недостаток на страв дека таквите вредности би биле загрозени. Безбедноста, сама по себе претставува

релативно отсуство на страв од насилство, проследено со релативно високо очекување дека дури и доколку дојде до него, начинот на справување со него нема да доведе до сериозни ефекти врз вредностите кои се заштитуваат. Сложеноста на безбедносниот концепт претпоставува бројни референтни објекти, но во ова истражување се фокусираме само на одделни елементи на внатрешната безбедност во една земја, односно на оние коишто првенствено се однесуваат за заштитата на личната безбедност на граѓаните и нивниот имот, како и на јавниот ред и мир.

**Личната и јавната безбедност** претставуваат сегменти на она што се нарекува внатрешна безбедност, а се однесуваат на конкретната функција на властите преку која тие ја гарантираат заштитата на граѓаните, организациите и институциите од заканите по нивната благосостојба и сигурност, а со што се обезбедува и просперитетот на заедницата. Личната безбедност неретко се меша со концептот на хумана (човечка) безбедност, која се однесува на задоволување на базичните интереси за опстанок и тоа безбедност за животот, исхраната и основните животни потреби, односно ги опфаќа егзистенцијалните потреби во прв план (слобода од страв и слобода од немаштина). Но, во овој докторски труд кој е насочен кон состојбите во Република Македонија, не го апострофираме и третираме овој проблем поинаку освен низ призмата на заштитата на граѓаните како членови на една организирана заедница, од вообичаените безбедносни закани и ризици со кои се справуваат главно институциите задолжени за тоа. Во таа смисла, јавната безбедност во себе ја вклучува личната безбедност (физичкиот и духовниот интегритет на човекот), а се однесува на стабилноста и сигурноста на живеењето во заедницата и изложеноста на влијанијата од криминални дејствувања (оружје, дрога, социо-патолошки појави, уличен или организиран криминал, корупција и сл.). Вкрстувањето на јавната и личната безбедност се наоѓа во точката на каде што јавната и приватната сфера се допираат, а каде се наметнува императивот за заштита на човековите права, дури и од државните институции.

**Безбедносна култура** претставува дел од општата култура на едно општество, па оттука појдовна основа за нејзиното дефинирање е потсетувањето дека под култура се подразбираат идеите, обичаите и општественото однесување на одреден народ или општество. Во тој контекст, под безбедносна култура ја подразбираме културата која

влијае на безбедноста во една заедница или институција, на позитивен и/или негативен начин. Припадниците на една политичка или друга организација, располагаат со безбедносна култура тогаш кога се способни да идентификуваат кои се тие однесувања и постапки кои ја загрозуваат безбедноста, па оттука самостојно влијаат врз оние кои од незнаење, немарност или зла намера, не се придржуваат до доминантните норми на однесување. Свеста за безбедноста и вредностите на кои таа се однесува стануваат „култура" кога групата/популацијата смета дека одредени поведенија коишто претставуваат повреди или закани за безбедноста се општествено и морално неприфатливи за нив. Истражувањето на позитивните страни на безбедносната култура доведува до идентификација на оние општествени односи, идеи и обичаи кои позитивно влијаат на заедницата, на позитивниот мир и на генералната безбедност. Општествените науки ја детерминираат културата како флексибилна и прилагодлива, што значи дека безбедносната култура зависи од употребата на соодветните средства и мерки со кои ќе се придонесе за јакнење на чувството на безбедност во дадена средина; и обратно. Безбедносната култура не е статична состојба, туку динамичен феномен. Оттука и нејзиното сеопфатно истражување подразбира употреба на знаењата од повеќе научни дисциплини, како безбедносен менаџмент, истражување на мирот и конфликтите, социологијата, теоријата на организација, итн. Во конкретното истражување, безбедносната култура се истражува и низ призма на науката за медиумите и политикологијата.

**Медиумите** се средства за масовна комуникација (емитување, објавување, публикување, интернет) преку кои јавноста добива информации за случувањата во земјата и во светот. Тие, исто така, шират корисни сознанија и креираат перцепции за политичките, општествените и другите случувања, како и за безбедносните проблеми, а можат да послужат и како канал за дебата и за нивно разрешување. Медиумите се организирани официјални институции кои со помош на технички средства ( печатени содржини, радио и ТВ-бранови) ги пренесуваат пораките низ просторот и времето и на тој начин, го овозможуваат нивното живеење, ја остваруваат нивната цел. Во смисла на ова истражување, фокусот е ставен само на работата на медиумите во насока на изградба на одредена безбедносна култура во Република Македонија.

**Информацијата** се состои од збир на факти кои обезбедуваат сознание/сознанија на некого или нешто. Информацијата е централната категорија околу која се одвива главната функција на медиумите: да дознаваат и да пренесуваат информации до пошироката јавност. Во контекст на ова истражување, зборуваме за информациите кои допираат до и кои произлегуваат од медиумите, а коишто се релевантни за безбедноста и безбедносната состојба, а преку чие пренесување се креира и безбедносната култура за тоа што е прифатливо, а што не е.

**Објективноста** е обележје на професионалното новинарско работење, истражување и известување, тогаш кога се потпира на факти, со цел без влијание на партиски или други центри на моќ, неманипулативно да ги одвојува вестите/фактите од коментарите/мислењата. Централното обележје на еден ваков процес би било принципиелно проверување на вистинитоста на фактите и добиените изјави, известување без емоции, фактичко известување, употребата на неутралните изрази за означување на состојби – употреба на цитати, наведување на спротивставени извори– презентација на дополнителна евиденција, како и структуирање според прикладен редослед.

**Новинарството,** во смисла на ова истражување, се однесува на професијата и практиката на известување во врска со нешто/некого, а со цел да биде направено достапно преку мас-медиумите. Тоа вообичаено претставува, повеќе или помалку, автентично сведочење за времето, луѓето, настаните, појавите и фактите; известување на јавноста за сите битни настани и појави во општеството во целина. Почетната премиса е дека новинарството треба да ги поттикнува вредностите со општо хумана содржина, порака и определба, прогресивност и слобода на човекот.

**Новинарска етика** се однесува на еден специфичен и по многу нешта уникатен етички модел на професионално и лично поведение на новинарот. Станува збор за збир на етички принципи и добри практики кои се применуваат на специфичните предизвици со кои се соочуваат новинарите. Историски гледано, но и низ денешна призма, овој сет на норми што за новинарот се поважни, позначајни и пообврзувачки

од вкупниот систем на општествени правила, вклучувајќи ги дури и законите, се нарекува професионален етички кодекс на новинарите.[1]

**Истражувачко новинарство** е вид на новинарство кога новинарот е доволно доблесен и умешен да се потпре на релативно точна информација, која не толерира лаги и не ги злоупотребува човековите права. Основната задача на новинарот е да ја презентира вистината! Новинарот и публицист, двоен добитник на Пулицеровата награда, Американецот Волтер Липман (Walter Lippmann) во книгата „Јавно мислење" (1922) пишува дека функцијата на веста е да сигнализира настан, додека функцијата на вистината е да ги изнесе на виделина скриените податоци, да ги стави во однос со другите факти и да создаде слика на реалност, за која што луѓето можат за завземат став.[2] Липмановото правило дека вистината треба целосно да се презентира во јавноста, останува непроменета премиса на секое професионално и објективно новинарство.

## 1.3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.3.1. Цели на истражувањето

Безбедносната свест станува култура кога заедницата во целост ја прифаќа оваа свесност, укажува и делува на однесувањата, појавите и инцидентите, кои ги нарушуваат вреносните принципи на заедницата и ја нарушуваат безбедноста. Зголемувањето на улогата и значењето на свеста се изразува како на макро ниво, така и во сферите на индивидуалните и колективните активности. Во поширок социјален контекст, тоа се изразува преку интерес, внимание и грижа на општеството за можностите и перспективите и на безбедносната страна на еден општествен систем кога станува збор за неговите централни вредности. Примарната цел на ова истражување е анализата на улогата на медиумите во креирањето на јавното мислење во делот на она што се нарекува безбедносна култура во Република Македонија.

---

[1] Ward S., *Global Journalism Ethics,* Montreal: McGill-Queen's University Press, 2010.

[2] Lippmann W., *Public Opinion*, NY: Dover Publications, 2004.

Истражувањето за улогата на медиумите врз безбедносната култура има научна и практична цел.

**Научната цел** на ова истражување е да дојде до научно објаснување за улогата на медиумите врз градењето на безбедносната култура во Република Македонија, односно да утврди дали тоа влијание е позитивно или негативно, и кои фактори влијаат на таквата состојба.

**Практичната цел** на ова истражување е обезбедување на основни практични сознанија за тоа како медиумите, низ својата професионална дејност, можат да бидат конструктивен фактор во создавањето на конструктивна безбедносна култура на општествен план, како да го избегнат сензационализмот и поттикнувањето на стравови, а да насочуваат кон справување со секојдневните безбедносни предизвици од страна на релеватните институции и граѓаните.

Како општи цели на истражувањето ги издвојуваме следните:

- истражување на улогата на медиумите во поглед на информирањето на граѓаните во сложени безбедносни ситуации и за подраматични безбедносни случувања;
- истражување на нивото на новинарската етика и свест во поглед на безбедносната проблематика и креирањето на безбедносната култура;
- стекнување сознанија за постоењето и за важноста на истражувачкото новинарство во релација со безбедносната култура;
- истражување во поглед на степенот на влијание на медиумите во справувањето со безбедносни прашања и поттикнување на одредено етички и правно прифатливо поведение во Република Македонија.

### 1.3.2. Задачи на истражувањето

Од вака поставените цели произлегуваат следниве задачи на ова истражување:

- Утврдување на моделите на информирање кои се применуваат и/или се применливи во Република Македонија;

- Утврдување дали и како медиумите ја извршуваат својата мисија кога станува збор за темелните вредности и безбедносната култура, и тоа низ призма на нивниот професионализам;
- Утврдување на факторите кои влијаат на конструктивната улога на медиумите во поглед на изградната на прифатлива безбедносна култура во Република Македонија;
- Испитување на степенот во кој постои истражувачко новинарство и колку истото придонесува за релативизирање или коректно информирање за безбедносните предизвици и на градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

### 1.3.3. Хипотетичка рамка

Хипотетичката рамка на истражувањето се темели врз поставените цели и задачи на истражувањето. Оттука, како појдовна основа ги издвојуваме следниве хипотези.

**Општа хипотеза**

Медиумите во Република Македонија не располагаат со моќ и кредибилитет да влијаат врз промоцијата на безбедносната култура на начин на кој тоа се прави во демократски контекст.

**Посебни хипотези**

- Безбедносната култура, која е фундаментален фактор на безбедноста, може да се негува и афирмира преку медиумите, преку подигнувањето на општествената свест и креирањето на јавното мислење за општествените вредности и нужноста од нивна заштита;
- Колку што е позастапено истражувачкото новинарство кое се потпира на факти, објективност и етички стандарди, толку е попозитивно влијанието на медиумот врз безбедносната култура.
- Политичката определба на сопствениците на медиумите влијаат врз уредувачка политика на медиумите, а со тоа и на безбедносната култура.

- Сопственичката структура на медиумите и нивната блискост до политичките центри на моќ се одразува негативно на способноста на медиумите да влијаат позитивно врз градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

### 1.3.4. Варијабли

**Независни варијабли**

- квалитет и број на медиуми
- партизација на медиумите
- степен на етичност и објективност во известувањето
- сопственичка структура на медиумите

**Зависни варијабли**

- безбедносната култура во Република Македонија.

## 1.4. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Од методолошка гледна точка, ова истражување има интегрален (квалитативен и квантитативен) пристап. По својата природа, истражувањето е примарно индуктивно: собирањето и анализата на податоците, ставени во соодветна теориска рамка, тргна од подинечното за да дојде до општото сознание. Не случајно, до истражувањето најнапред се прави пресек на општиот контекст во кој егзистираат медиумите во Република Македонија, за да се утврдат состојбите и тенденциите, за да на крајот се дојде до заклучоци во врска со нивното конкретно влијание врз градењето на безбедносната култура и можните тенденции во иднина. Анализата ефективно комбинира податоци собрани од различни квалитативни извори во настојување да ја потврди општата, т.е. централната хипотеза на докторската дисертација.

Посебна примена во истражувањето најдоа следниве методи:

**Анализа на содржината** е конзистентна со теориската рамка, па се задржува на дискурсивна анализа, особено на текстуална, имајќи предвид дека собраниот материјал кој послужи како извор на податоци и сознанија ги содржи сите

дискурзивни елементи. Анализата е фокусирана на медиумските прилози врз основа на кои се надоградуваа сознанијата за начинот на кој медиумите ги третираат прашањата од областа на безбедноста, на начин кој промовира соодветна безбедносна култура. Покрај тоа, анализата опфати и одредена документација со која е уреден медиумскиот простор и медиумската професија во Република Македонија.

**Интегративениот метод (методот на триангулација)** е од големо значење за истражувањето, бидејќи во себе опфаќа дел од квалитативниот и квантитативниот приод што го наметнува предметот на истражувањето, а се реализира преку инструментите за собирање на податоци.

**Синтаксичка метода** употребуваме, кога ни требаат релевантни податоци за ставовите на граѓаните, а потоа добиените податоци, се обработуваат дескриптивно и по пат на графички приказ. Така обработените податоци, можат да се користат во понатамошното истражување.

### 1.4.1. Техники на истражувањето

Целта на ова истражување беше да се соберат објективни и проверливи податоци за улогата на медиумите во процесот на оформување на одредена претстава за одредена појава, за нивната објективност, за нивната улога во градењето на безбедносната култура, за начинот на информирање на граѓаните за важни безбедносни прашања во ситуации со висок безбедносен ризик, итн. Во еден дел истражувањето е спроведено како проучување на студии на случај (односно внимателна селекција на одделни маркантни јавни случаи со безбедносни импликации). Вклучено е и теренско истражување во период од неколку месеци, во чии рамки се применети техниките на интервју и анкета.

Во рамки на првата техника, беа направени интервјуа со внимателно селектирана група од 20 соговорници (уредници и новинари, уредници на информативни агенции, комуниколози и политиколози), а со цел да се дојде до искуствени податоци по пат на вербално комуницирање, кои се употребени во научни цели. Во овој случај, употребен е отворениот прашалник, во кој формулацијата и редоследот на прашањата се однапред определени, но одговорите на прашањата не се понудени, па интервјуираното лице може слободно да ги изнесе своите ставови.

Анкетата е реализирана врз база на посебно изготвен анкетен прашалник врз примерок кој е извадок од основниот збир на полнолетни граѓани од скопската општина Карпош на возраст од 35-75 години, одбрани по случаен избор, а врз основа на избирачкиот список. Оваа општина е основана во ноември 1976 година со Законот за формирање на општини на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја („Службен весник на СРМ" бр.8/76). Таа претставува составен дел од Градот Скопје, т.е. е една од десетте скопски општини и е поделена на 14 единици т.н. месни заедници, од кои 12 се урбани единици, а само две (Бардовци и Горно Нерези) се рурални единици.

Одлуката овој дел од истражувањето да се реализира во рамки на општината Карпош се должи токму на диверзитетот на населението по етничка и религиска припадност, како и по степен на образование. Во прилог на тоа, одеа и временските и финансиските прилики. Истражувањето беше спроведено, преку анкетен прашалник, врз примерок од 150 испитаници, а со цел да се испита јавното мислење за улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

## 1.5. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ

Како и секое научно истражување, и ова настојува да дојде до нови оригинални сознанија за предметот на истражување, во случајов за улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија. Оваа проблематика е недоволно истражувана, па може да се каже и дека претставува новина во научните кругови кои се занимаваат со прашањата на мирот и безбедноста. Освен научна дескрипција и анализа, со истражувањето нудиме и оригинални заклучоци, кои ќе послужат за понатамошни научни истражувања.

Општествената оправданост на трудот се состои во практичната употребливост на сознанијата добиени од истражувањето, како за медиумските работници, така и за политичките институции, безбедносниот сектор, но и невладините организации кои се занимаваат со промоција на општествените вредности.

# 2. ПОГЛАВЈЕ: БЕЗБЕДНОСТ

## 2.1. ЗА ФЕНОМЕНОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА

Прашањето кое одново и одново, во секое општество, се поставува и бара адекватен одговор гласи: „Од кого и од што треба да се штити државата/поединецот/заедницата?". Тоа е „вечен" рефрен во сите општества, кои настојуваат да најдат одговори за актуелните или потенцијалните безбедносни закани, од кои неретко зависи судбината на конкретното општество, или поточно неговиот опстанок. Одговорот на ова прашање (и збирот потпрашања кои произлегуваат од него) го детерминира не само безбедносниот систем, неговата структура и начин на дејствување, туку влијае и на севкупното функционирање на државната заедница. Прашањето за безбедносните закани по клучните општествени вредности претставува фундамент за сите безбедносни дејствувања, преку кои во најголема мера се врши дефинирање, класификација и објаснување на настанот, траењето и разорното делување на општествено штетните и опасни појави, од аспект на интегралната безбедност.[3] Историјата не познава општества кои не биле изложени на определени облици на загрозувања; единствено во што општествата се разликувале и се разликуваат се само видот на безбедносните закани и интезитетот на нивното манифестирање.[4] Меѓутоа, ерата на глобализација доведе до тесна меѓузависност помеѓу националната и меѓународната безбедност. Нивната синергија се состои во тоа што иако навидум различни концепти, тие подеднакво се занимаваат со централните прашања кои влијаат на животите на луѓето и покренуваат фундаментални прашања за состојбата на човекот и човештвото. Глобалното стана локално, а локалното - глобално.[5]

Концептот на безбедноста е исклучително сложен. Во текот на историјата под поимот на безбедност  се подразбирале различни содржини. Етимолошки гледано, изразот безбедност потекнува од латинскиот збор securitas/tatis, што значи

---

[3] Котовчевски. М., *Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност*, Скопје: Балкански центар за мир, Филозофски факултет, 1999, стр.8

[4] Исто, стр. 9.

[5] Ванковска.Б, *Меѓународна безбедност-критички пристап*, Скопје: Филозофски факултет, 2011, стр.25

безбедност, отсуство на страв и опасност. За поимот безбедност обично се вели дека настанал кога се создал и живиот свет, односно човекот. Основна преокупација на секое живо битие е како да опстане (преживее), како да се развие и како да го обезбеди продолжувањето на својот вид. Требале да поминат илјадници години за да разбирањето на безбедноста се прошири до степен да ја опфати безбедноста на целата општествена заедница, односно на државата. Всушност, денес поимот за безбедност се перципира и многу пошироко од тоа.[6]

Во современи услови се поставува прашањето дали е потребно научно да се дефинира поимот на безбедноста, односно како тоа да се стори на начин којшто ќе биде општоприфатен. Ова се должи на фактот што во научните кругови и натаму постојат сериозни спорови околу содржината за поимот и опфатот на дефиницијата на безбедноста. Тоа се должи на исклучително широкиот дијапазон на содржини, елементи, појави и односи од општествената, природната и техничката сфера, кои што поимот на безбедноста може да ги опфати.

Во секојдневниот живот, на прв поглед, феноменот на безбедноста им е познат на сите, односно поголемиот број на луѓе имаат некаква претстава за тоа што е безбедност. Но, потешкотиите настануваат тогаш кога поимот треба да се дефинира и прецизира во смисла на одговор на прашањата: „чија безбедност?“, „безбедност од што?“ и „безбедност со какви средства?“. Генерално земено, во науката се можни два пристапи кога станува збор за дефинирање на некоја појава. Првиот пристап тргнува од тоа што таа појава којашто треба да се дефинира не е, односно поимот се дефинира со негација. И обратно, вториот пристап тргнува од содржинската страна на појавата и се одбидува да ги издвои нејзините најкарактеристични страни и карактеристики. Применето на поимот безбедност, тоа значи дека најнапред безбедноста треба да се дефинира како отсуство од загрозувањата, односно како состојба на непостоење на закани и носители на такви закани кои би ги загрозиле суштинските вредности. Иако ваквиот пристап е доминантен во научната литература, сметаме дека тој не ја дава целата слика и суштина на безбедноста. Покрај тоа, дури и наведувањето какви сè

---

[6] Стајић Љ. и Гаћиновић Р., *Увод у статију безбедности*, Београд: Драслар партнер, 2007, стр. 24.

безбедносни закани отсуствуваат води кон изработка на долг попис на облиците и носителите на загрозувањата, што е исто така своевиден проблем. Имено, видовите на закани и нивните носители може да се разликуваат од една држава до друга. Така што, за една држава/заедница/личност може да биде загрозување, за друга не мора да биде. Кажано со други зборови, елиминацијата на некои безбедносни закани и нивните носителите, може да претставува загрозување на друга држава, општество или поединци. Стајиќ и Гаќиновиќ сметаат дека ако безбедноста значи отсуство на загрозување, тогаш нужно се наметнува потребата од нова дефиниција: што претставува безбедносна закана и што е тоа што носи загрозување? Тие воведуваат еден нов пристап, т.е до такво определување на безбедноста кое тргнува од премисата дека безбедноста е всушност вредност по себе (државна, национална, политичка, морална, економска, лична и тн.). Според нив, безбедноста претставува *инструментална вредност*, која се објаснува како услов и начин нешто да се оствари (т.е. да се остварат другите општествени вредности), а не како состојба и цел сама за себе.[7]

Онака како што отсуството на насилство претставува само негативен мир, така и безбедноста не претставува само отсуство на закани, туку многу повеќе од тоа. И мирот и безбедноста се инструментални вредности, бидејќи претпоставуваат квалитет, односно присуство на владеење на правото, социјална правда, поредок, морал и култура. Општество во кое владее (позитивен) мир и безбедност е општество кое постојано ги негува и унапредува своите фундаментални вредности. Во таа смисла, безбедноста треба да се разбере како услов за опстанок, ама и за развој (на државата, општеството, нацијата, луѓето и живиот свет на планетата). Важно е да се каже дека безбедноста сама по себе ништо не создава, туку е услов за да се создаде квалитетен живот, здравје, слобода и сл.

Од сето тоа, заклучуваме дека безбедноста има своја позитивна соджина, при што таа содржина се изразува како збир на појави, состојби и односи во општествената, правната, техничката, психичката, моралната и природната сфера, како

[7] Исто, стр. 25

и во другите сфери и области на општествениот, државниот и личниот живот што се наоѓаат на спротивната страна во односот на иста појава и состојба во областа на загрозувањето.

Безбедноста е една, единствена и неделива (интегрална ) во времето и просторот, без оглед дали ја поимаме како состојба, функција, организација, политика, филозофија или нешто слично. За разлика од безбедноста, изворите и видовите на загрозување се разновидни и разнородни, како според времето и просторот, така и според интензитетот и носителите. Оттука се наметнува и следното прашање: дали со елиминирање на носителите на загрозувањето, се решава и самиот проблем (загрозувањето)? Одговорот е најчесто негативен, затоа што, на пример, насилството раѓа насилство. Секое загрозување е само врв на ледениот брег, кој има многу пошироки основи и генератори. Безбедноста и загрозувањето (небезбедноста) се обратно пропорционални: кога јакне безбедноста, слабее небезбедноста, и обратно. Но, мора да се има во вид дека идеална или максимална состојба на безбедност практично не постои.

Поимот на безбедноста честопати има повеќе значења, и може да се разгледува од повеќе аспекти. Оттука, академската расправа за тоа што всушност подразбира безбедноста и натаму трае. Најчестото толкување на поимот на безбедност тргнува од претпоставката дека таа подразбира одредена состојба, организација, функција или систем, или пак на сето тоа заедно. [8]

При одредувањето на поимот на безбедност, најчесто се тргнува од ставот дека безбедноста е основен атрибут на секоја држава, односно дека претставува синоним за нејзината заштитна функција. Функционално, системот на безбедност може да биде различно организиран во зависност од карактерот на државата, нејзините капацитети, традиции, геополитичка положба, и сл. Организацијата на безбедносниот систем во голема мерка зависи и од вредностите кои се заштитуваат, областите кои се под заштита, како и од средствата и методите кои се користат во таа заштита.

---

[8] Исто, стр.24.

Некои автори разликуваат три вида на функционално поставување на безбедносниот систем:

1. Безбедносен систем кој првенствено се потпира на воената сила и на воените принципи (милитаристички облик на државна заштита);
2. Класичен државен безбедносен систем, во кој безбедносната функција е лоцирана исклучиво во рацете на државните институции; и
3. Комбинација на државните и општествените механизми во функција на заштита на државата и нејзините основни вредности.

- Првиот облик е во најголема мерка историски надминат, или евентуална реткост во исклучителни ситуации кога политичката или воената елита ја преземаат власта со употреба на воени средства (државен/воен преврат). Вториот облик, всушност, упатува на Веберијанскиот модел на држава која располага со монополот на употреба на сила, односно на пружање заштита за граѓаните, имотот, јавниот поредок и мирот. Доскоро овој облик беше доминантен, но постепено се менува со внесување на различни форми на ангажирање на недржавни актери во гарантирањето на безбедноста. Тука првенствено се мисли на приватните безбедносни актери, или на јавно-приватните партнерства во сферата на безбедноста. Сепак, она што во ова истражување најмногу привлекува внимание е прашањето за тоа дали и каква улога во безбедносниот сектор можат да завземат другите општествени субјекти чија основна функција и задача не е одржувањето на безбедноста, но кои можат да бидат од полза за оние кои се задолжени за нејзиното гарантирање. Токму во тој контекст и ја сместуваме улогата на медиумите, со нивната специфична моќ да информираат, алармираат, смируваат или да ја подигнат јавната свест за различните видови безбедносни закани или деформации.
- Безбедносната состојба ги детерминира носителите на безбедносните функции, како и подрачјата на нивно ангажирање. Постојат различни видови безбедносна состојба зависно од призмата на гледање, односно зависно од референтниот објект на безбедноста. Кога државата (односно, граѓаните и

јавниот ред и мир) е во фокусот, може да се зборува за политичко-безбедносна состојба, состојба во сферата на криминалитетот, јавниот ред и мир, безбедност во сооообраќајот и сл.

- Како што веќе рековме, безбедноста може да се дефинира како состојба и како функција. Како состојба, таа претпоставува заштитување на темелните вредности околу кои се создала и околу кои живее државната заедница. Зависно од тоа од каде доаѓаат/извираат безбедносните закани по овие вредности, во традиционалното сфаќање на безбедноста, таа се сфаќаше како надворешна и внатрешна. Надворешната безбедност се однесува на заштитата на независност, суверенитетот и територијалниот интегритет на државата, а внатрешната на непречено функционирање на уставниот поредок, односно на политичкиот, економскиот, социјалниот, правниот систем, итн. Меѓутоа, под влијание на глобализацијата и изменетата безбедносна агенда, линијата на диференцијација помеѓу надворешни и внатрешни загрозувања за државата и нејзините вредности станува сè потенка, па затоа честопати се потребни заеднички и координирани акции на повеќе држави (обично од еден регион, но и на глобален план) за справување со одредени безбедносни закани (како на пример, еколошките).
- Но, безбедносната функција е и натаму нужен атрибут на државноста, без оглед на карактерот на политичкиот систем. Токму на овој план една држава покажува дали е држава, односно дали е во состојба да го одржи општествениот договор кој го воспоставила со своите граѓани. Во реализацијата на безбедноста како состојба, организацијата и функцијата во обезбедување на надворешната и внатрешната заштитеност на државата и општеството, истовремено учествуваат сите субјекти на безбедноста, како и некои други општествени субјекти (невладини организации и агенции). Секој од овие субјекти, претставува истовремено целина за себе, но тие се и во комплементарен однос, како посебна безбедност во однос на општата безбедност.

## 2.2. БЕЗБЕДНОСТ ЗА КОГО И БЕЗБЕДНОСТ ЗА ШТО?

Безбедноста е сложен општествен феномен, па затоа единствен начин на нејзино проучување е примената на холистички и интердисциплинарен пристап. Во современи услови, безбедноста не може и не смее да се гледа еднострано, односно исклучиво како безбедност од воено загрозување, или како состојба која може да се гарантира само со воени и/или репресивни средства. Но, од друга страна, иако има повеќе димензии и аспекти, па и нивоа на безбедност, сите тие, на еден или друг начин, се меѓусебно поврзани и зависни. Таа поврзаност, односно прелевањето на (не)безбедноста од еден сектор во друг, понатаму нужно се одразува врз другите сегменти во општеството.

Кога станува збор за дефинирањето на концептот на безбедноста, и теориските пристапи во неговото изучување, постои разногласие и во теоријата и во практиката. Оттука, почетната точка на секоја расправа за безбедноста мора да почне со определување на карактерот на безбедносната парадигма, односно на референтниот објект на безбедноста. Со други зборови, се тргнува од примарниот одговор на прашањето за чија безбедност станува збор, безбедност за кого и/или безбедност за што, а потоа и безбедност од што (од какви безбедносни закани и ризици).

Ако се остави настрана теориската расправа или онаа која се води во рамки на стратегиските и доктринарните документи, во современите држави најчесто безбедносниот концепт и безбедносниот систем се втемелени во уставните и законските решенија. Така, всушност, безбедноста се става во политичко-правни рамки, односно и за безбедносната политика важи светото демократско правило на политиката во рамките на правото.

Анализата на уставно-правната рамка на безбедноста на компаративно ниво покажува дека безбедноста е подигната на ниво на уставна категорија, иако не и експлицитност како темелна вредност за уставниот поредок. Уставите ги детерминираат генералните рамки на безбедносниот систем, кој треба да ги гарантира мирот и стабилност, но без да ги загрозува демократските начела и човековите права. Со ставањето на човекот/граѓанинот во центарот на уставната парадигма, јасно е дека неговиот физички и духовен интегритет завземаат висок степен на значење како услов

за остварувањето на другите човекови права и слободи, а потоа и на демократскиот поредок во кој власта произлегува од граѓаните и ним им служи.

Некои автори, како Маслеша[9], на безбедноста гледаат низ поширока призма, па ја сметаат за состојба на потполна рамнотежа помеѓу човекот и природата, во која нивните взаемни интеракции не доведуваат до уништување на природата и на квалитетот на човековата заедница. Со други зборови, безбедноста треба да претставува состојба на рамнотежа помеѓу конструктивните и деструктивните сили, при што не доаѓа до нарушување и деградација на еколошкиот систем, цивилизациските остварувања на човековата заедница и нејзините придобивки и вредности. Всушност, следејќи ја логиката на Копенхашката школа на безбедносни студии, се препознаваат повеќе сектори на безбедноста, од воена, политичка, преку социетална, економска до еколошка безбедност. Зборувајќи, пак, за различните нивоа на безбедноста, Маслеша зборува за индивидуалната безбедност како „чувство на поединецот дека општеството му го обезбедува покрај физичкиот интегритет, слободата на изборот на професијата, можност за вработување и неограничено признавање на неговите права и слободи"[10]. Индивидуалната безбедност уште може да се дефинира како лична или човекова безбедност, и тоа во контекст на различните нивоа на анализа, кои би ги вклучиле националната, регионалната и меѓународната безбедност. Во рамките на овие теориски концепти, индивидуалната безбедност е најчесто доведена во корелација со уставно-правните рамки за заштита на човековите права и слободи и зачувувањето на демократското општество, без да се апострофира безбедносната загрозеност на поединецот и општеството од криминални и други слични појави.

Во рамки на концептот на националната безбедност обично се вбројуваат следните компоненти: безбедноста на националното опкружување, заштита на животот на луѓето, заштита на личниот и општествениот интерес, заштита на човековите права и слободата на одбрана и воспоставување на национална

---

[9] Маслеша Р., *Теорије и системи сигурности*, Сарајево: Магистрат, 2001, стр. 7-9.

[10] Исто.

безбедност и утврдување на темелните функции на општеството и безбедносното опкружување. [11] Најопшто кажано, се смета дека националната безбедност претставува настојување на националната држава да им обезбеди на сите членови на општеството безбедност од загрозување однадвор (интервенции, окупации, напади, блокади и друго) и одвнатре во општеството (загрозување на јавниот ред и мир, криминал и друго). Котовчевски нуди класификација на пет вида на безбедност, во рамки на доменот на внатрешната безбедност и според критериумот на поделба на безбедноста според објектот на заштита. Така, тој разликува: државна, јавна, колективна, лична (персонална, граѓанска, хумана, човекова итн.) и имотна безбедност.[12]

## 2.3. ЛИЧНАТА И ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Поедноставеното сфаќање на концептот на индивидуална и национална безбедност претпоставуваат некаква взаемна врска и корелација, според која индивидуалната безбедност зависи од националната, и обратно. Меѓутоа, подлабоката теориска и практична анализа покажува нешто сосема друго:[13] имено, во фокусот на секој од овие два концепта стојат различни референтни објекти на безбедноста. Во првиот случај тоа е човекот, а во вториот - државата. Тие можат да бидат во хармонија, но најчесто не се, бидејќи кога се зборува за човекова безбедност, во смисла на документите на ООН и дригите меѓународно-правни акти, тоа значи ставање примат на безбедноста на човечкото битие пред безбедноста на државата, затоа што токму државата, повикувајќи се на својата сувереност и потреба да ја штити државната заедница по секоја цена, најчесто се јавува како главен прекршител на човековото достоинство. Со други зборови, развиените и демократските општества не зборуваат за човекова безбедност во рамките на сопственото општество, туку само кога станува збор за потреба од меѓународна хуманитарна интервенција таму каде што

---

[11] Исто, стр.37

[12] Котовчевски. М., *Национална безбедност на Република Македонија*, I дел, Скопје: Македонска цивилизација, 2000, стр.19.

[13] Види повеќе: Vankovska B., "The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below", *International Peacekeeping*, vol. 14, no. 2, 2007; Vankovska B., "National vs. Human Security Perspectives in Macedonia: Dialogue of Deaf?", *Human Security*, vol. 2, no. 2, 2004.

е доведена во прашање егзистенцијата на (други) луѓе/државјани и тоа поради колапсот на државата или нејзиниот терор врз сопственото население.

Во таа смисла, во ова истражување правиме диференцијација на концептите на безбедност, а личната и јавната безбедност - сфатени како интегрален дел на внатрешната безбедност на државата - ги издвојуваме од методолошки и практични причини, како концептуална основа врз која ги анализираме безбедносните феномени, нивниот третман во медиумите и ефектите врз градењето на безбедносната култура.

Личната и јавната безбедност ги третираме како дел од внатрешната безбедност на државата, а со внатрешната безбедност се заштитува внатрешниот суверенитет на државата од сите видови на општествено негативни и штетни појави со кои се загрозува стабилноста и државното уредување на земјата.[14] Најчесто синтагмата внатрешна безбедност се поистоветува со заштитата на економската, политичката, правната и социјалната сигурност на граѓаните.

И во меѓународната научна јавност, детерминирањето и дефинирањето на личната и јавната безбедност не е едногласно определено. Во најголем дел тоа зависи од ставот на државите и предизвиците кои тие ги детерминираат како извор на загрозување на безбедноста на населението. Во САД, на пример, личната и јавната безбедност се дефинираат како збир на предизвици кои го загрозуваат секојдневниот живот. При тоа е извршена и поделба на сегментите кои во однос на безбедноста на граѓаните се однесуваат на личната и јавната безбедност, пооделно оделувајќи ги истите. Така според поделбата на Универзитетот во Мичиген, јавната безбедност опфаќа: навремено предупредување од појавата на криминал, односи во заедницата, и специјални настани, акции и друго. За личната безбедност се смета дека опфаќа заштита од следните закани: насилен криминал, сексуални деликти, алкохол и дрога и сл. Дејствувањето во оваа насока се фокусира на превенција и на итни процедури.[15] Со други зборови, кога станува збор за личната безбедност таа реферира на сите облици

---

[14] Котовчевски. М., исто, стр. 93.

[15] Види повеќе: University of Michigan Police, http://police.umich.edu

на криминал од кои може да бидат загрозени граѓаните и нивниот имот, а покрај превенцијата која е насочена кон спречување на таквите појави уште пред да се случат, постои и итна помош/акција на надлежните органи при криминални појави и инциденти каде што граѓанинот е жртва.

Криминалитетот претставува еден од најактуелните проблеми на современиот свет, глобален проблем во голема експанзија. За деликатноста на проблемите на криминалитетот и неговото влијание на стабилноста на земјата, карактеристично е да потенцираме дека зависи од конкретните општествени услови, но и од опкружувањето во кое се наоѓа конкретната држава. Врз криминалот влијаат повеќе општествени околности и услови, насилни конфликти, економската криза, сиромаштијата, социопатолошките појави, кризата во семејството, политичките судири итн. Криминалитетот, посебно организираниот криминал, претставува значаен облик на загрозување на внатрешната безбедност на земјата, особено кога е во голема експанзија, а општеството е неподготвено и немоќно успешно да го попречи и сузбие.

Во голем број посткомунистички земји со изразени меѓуетнички тензии или невралгични вооружени конфликти се создава погодна почва за процут и експанзија на организираниот криминал. Правниот, политичкиот и вредносниот вакум создаден во овие држави, претставува исклучително погодно милје кое го збогатува поволниот амбиент за непречено појавување и ескалирање на организираниот криминал кој се манифестира преку трговија со оружје, дрога, радиоактивни материјали, илегални миграции на населението, трговијата со деца, човечки органи итн. Најкарактеристично за организираниот криминал е тоа што е тој недофатлив, тој веќе не е онаму каде што се бара, туку „зад грбот“ на местото кое не може да се допре, сопственост е на „сите“, бидејќи сите „гласаат“ за него на изборите. Организираниот криминал е присутен насекаде со огромни можности да го насочува и контролира севкупниот општествен живот.[16]

Кога зборуваме за криминалот, неизоставно е да се зборува за наркоманијата, социопатолошка појава која често пати предизвикува и бројни криминални последици,

---

[16] Милутиновић, М., Криминологија са основима криминалне политике и пенологије, Београд: Научна књига, 1976.

односно станува и значаен криминоген фактор .Од аспект на загрозување на внатрешната безбедност на државата, наркоманијата е значајна поради криминалното однесување, како на наркоманите, така и на структурите на организираниот криминал кои се занимаваат со производство и трговија на дрога.[17]

Од податоците презентирани во студијата „Хероинска епидемија во Македонија„ изработена во центарот Линдесмит како проект на Отворено општество, може да се констатира дека бројот на криминалните дејства, бројот на престапниците во оваа сфера значително се зголемува (за околу пет пати) во периодот од 1990 до 1994 година. Експанзијата на наркоманијата во последниве години во голема мерка го поттикнува криминалитетот. На пример, од 10.000 кражби, разбојништва и измами, речиси две третини од сторителите се зависници од droги. Наркоманијата, како дел на социјалната патологија претставува еден од најсериозните „тивки" извори на загрозување на националната безбедност, но и на националниот опстанок, па и во таа насока треба да се превземаат кординирани акции за сузбивање на овие дејства и зајакнување на безбедноста.[18]

Сликата за организиран криминал не би била комплетна, ако не ја посочиме и врската со терористичките групи – организации и обидите за користење на нивната методологија на организирање и дејство. Класичниот криминал не претставува некоја посериозна потенцијална опасност за загрозување на националната безбедностн државите, но огромната моќ на организираниот криминал без исклучок, претставува сериозна закана и опасен извор од загрозување на националната безбедност на сите држави на светот.

Јавната безбедност е ориентирана кон анализа на навременото забележување на криминалните појави во општеството и надвор на односите во локалните заедници. Јавната безбедност, се однесува на стабилноста и сигурноста на живеењето во заедницата и изложеноста на влијанијата од криминални делувања, присуството на оружје, дрога, организирани криминални банди или корупција во општеството.

---

[17] Букелиħ, Ј., *Дрога, мит или болест*, Београд: Веларта, 1991.

[18] Арнаудовски Љ., *Предавања на социјална патологија*, Скопје: ИСППИ, 1983.

Теориската и операционалната рамка на личната и јавната безбедност во Европската унија е испреплетена како во однос на подобрувањето на животниот стандард и зачувувањето на животната средина, така и во однос на борбата против организираниот криминал и трговијата со луѓе, нелегално оружје, корупцијата и друго. Спојувањето на овие досега раздвоени сегменти во столбовската организација на Унијата на личната и јавната безбедност и даваат димензија на супранационална вредност за Европската унија. Моделот е првенствено насочен кон прогон на сите видови на криминал подеднакво во сите земји-членки на Унијата, но и подеднаква заштита и чувство за лична и јавна безбедност на сите граѓани на Европската унија. Вкрстувањето на јавната и личната безбедност се наоѓа во точката на остварувањето на човековите права и човековата безбедност, каде што државата го образува своето влијание во прагматичните односи во општеството, намалувајќи ги субјективните ставови и чувства.

Во САД, јавната и личната безбедност е категоризирана како public safety and security. Вака етаблираната лична и јавна безбедност е во надлежност на владите на сојузните држави и тоа како неопходен дел од превенцијата од криминал. Превенцијата од криминал е поставена како дел од стратегијата за јавна безбедност и првенствено се ориентира кон спречување на вооруженото насилство, или пак конкретно детерминирано загрозување на безбедноста на граѓаните и нивниот имот. Така на пример, сојузната држава Масачусетс, својата стратегија за јавна безбедност за 2009 година ја темели врз делување и превенција на: нелегалното оружје и насилството и криминалот поврзани со него, употребата на droги (ова се однесува на спречување на наркоманијата во локалните заедници), следењето на движењето на извршителите на кривични дела, рехабилитација и ресоцијализација на лицата со криминално досие, креирање на два нови државни проекти насочени кон сузбивање и сериозно казнување на кривичните дела во областа на семејното насилство, сеопфатен однос кон жртвите и сведоците, сексуални напади, следење и спречување на малтретирање и злоупотреба на деца под 16 години како и нивна заштита.[19]

---

[19] http://www.mass.gov

Теориски, сето оваа потпаѓа под лична безбедност, каде што основното прашање е: колкав е степенот на слобода и безбедност на индивидуите во општеството? Личната безбедност денес е загрозена многу повеќе отколку во минатото во однос на појавата на нови облици на криминал и социо-патолошки појави. Насилниот криминал претставува најтежок облик на загрозување на човекот, неговите права, сопственост и слободи.[20]

Иако, безбедносниот концепт во современите општества го носат државите како основен безбедносен субјект, сепак во основа на безбедносната парадигма и при градењето на националната безбедносна политика стои човекот.[21] Оттука, личната и јавната безбедност имаат големо влијание врз креирањето на безбедносната политика.

Прашањата и проблемите за личната безбедност во Македонија може да се лоцираат во барем два паралелни процеси, кои се одвиваат во и околу државата. Процесот на осамостојување и долготрајна транзиција се диференцира преку група на прашања кои беа поврзани со проблемот да се воспостави и овозможи безбедност за државата и да се обезбедни сигурност за граѓаните и различните ранливи групи. На невработеноста, сиромаштијата, корупцијата и криминалот се гледа како на симптоми на несигурни општества кои преживуваат сериозни транзициски болести, симптоми кои ќе продолжат да генерираат несигурност и ќе поттикнуваат возобновување на старите или на нови конфликти се додека не бидат подеднакво опфатени во содржината на човековата безбедност. Во таа смисла, спречувањето на идните конфликти и насилство во голема мерка треба да се постави како долгорочен процес кој подеднакво ќе значи стабилизирање и зајакнување на капацитетот на државите во регионот за демократски и конструктивно справување со заедничките проблеми од една страна, додека од друга, зајакнување на нивниот капацитет да се заштитат граѓаните како од ефектите на структурните, економски и социјални проблеми така и

---

[20] Стојановски. Т, „Предизвици за реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија – Република Македонија-реформи во областа на внатрешните работи", Институт за одбрамбени и мировни студии, Скопје: Филозофски факултет, 2003, стр.59.

[21] Георгиева. Л., *Менаџирање на ризици*, Скопје: Југореклам, 2006.

од формите на директно насилство предизвикани од екстремистичките или криминалните групи. Проблемите на невработеноста, сиромаштијата, образованието, човековите и малцинските права, криминалот, корупцијата, владеењето на правото, иако континуирано беа на врвот на проблемите на македонското оштество, сепак беа третирани како поединечни и донекаде неповрзани проблеми.[22] Во Република Македонија, постои голема потреба како клучен аспект да биде следена личната и јавната безбедност, а еден од клучните проблеми е утврдувањето на заедничка, единствена агенда на проблемите и прашањата кои граѓаните на Македонија ги претставуваат како фактори кои придонесуваат кон нивната несигурност.[23] Во таа насока потребна е внимателна и постојана анализа на реалните и субјективните причини за несигурност на граѓаните за да се оформи сензитивна агенда, како дел од еден поширок современ систем на безбедносно перципирање на ризиците кои ја загрозуваат Република Македонија и отворање на можност за правилна безбедносна политика на државата во сите сегменти кои ги дефинира и опфаќа безбедноста.

Приоритетите за исполнување на критериумите за членство во Европската унија, покрај тоа што водат кон создавање ефикасни институции, владеење на правото и демократијата, бараат и ефикасно овозможување на институциите состојба на стабилност, безбедност, сигурност и непречен развој на граѓаните. Во остварувањето на оваа цел, превенцијата во рамките на функционирањето на безбедносниот систем на државата како ефикасен процес ја зајакнува довербата на граѓаните кон институциите на системот и чувството за лична и јавна безбедност. Проценката на ризиците и заканите и воспоставувањето на модел за проценка и предвидувачка анализа за појавите од областа на криминалот, а во насока на превенција на личната и јавната безбедност претставува како научен, така и практичен предизвик и неопходност.

---

[22] Георгиева. Л, „Партнери во мир и превенција – Регионалната стабилност преку човековата безбедност" – избрани текстови, Скопје, 2008, стр. 116-117

[23] Исто, стр. 118

## 2.4. ПОВРЗАНОСТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА, БЕЗБЕДНОСТА И МИРОТ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Прашањата за (националната или државната) безбедност отсекогаш биле поврзани не само со прашањето на државноста, туку и со мирот и демократијата. Согласно тезата за демократски мир[24], земјите во кои постои силен општествен договор, вредносна платформа врз која е формирана политичката заедница, и во кои се одлучува со почитување на демократските и институционалните принципи, се стабилни, безбедни и мирољубиви. Особено последниов аспект, зборува за мирно (институционално) решавање на општествените судири, без употреба на сила и репресија од страна на државните институции. Таквата држава уште се нарекува и силна држава, за разлика од слабите држави во кои кохезијата на државата и општеството се одржуваат со репресија и голем степен на принуда.[25] Ова е, всушност, една од тезите кои се пласираат и во услови на меѓународни интервенции за градење држави (international state-buidling), во региони и земји кои се сметаат за конфликтни, кризни или се во фаза на распаѓање.[26] Мирот и безбедноста тешко се одржуваат во рамки на само една (засегната) држава, бидејќи постоењето на слаба држава создава проблеми и за соседството, а особено кога внатрешните проблеми имаат и силни регионални конотации. Во таканаречените кризни региони или постконфликтни општества забележлив е повисок степен на присуство на предизвици за внатрешната безбедност, бидејќи државите не располагаат со доволен капацитет и легитимитет да се справат успешно со криминалот и корупцијата на својата територија. Всушност, неретко самата држава е таа која индуцира и создава претпоставки за организиран криминал и корупција.[27]

Што се однесува до својата надворешно-политичка и безбедносна ориентација, Република Македонија со стекнувањето на независноста, во својата политика јасно

---

[24] Brown M. E., Lynn-Jones S. M., Miller S. E., *Debating the Democratic Peace*, MIT Press, 1996; Russett B., *Grasping the Democratic Peace: Principles for a Post-Cold War world*, Princeton: Princeton University Press, 1993.

[25] Holsti K., *The State, War, and the State of War*, Cambridge: Cambridge University Press, 2010.

[26] Chandler D., International Statebuilding. The Rise of Post-Liberal Governance, NY: Routledge, 2010.

[27] Милошевска Т., „Организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор за развојот на општествата во транзиција (случајот на Република Македонија)", *Безбедносни дијалози*, вол. 2, бр. 4, 2012.

прокламира дека зачувувањето на мирот на балканските простори е основна придобивка

за која треба секојдневно и макотрпно да се работи.[28] Меѓутоа, внатрешно-политичките и безбедносните процеси се соочуваат со бројни предизвици. Во периодот од 1991-2001 година во земјата постои негативен мир, сфатен како отсуство на отворено директно насилство, а странските набљудувачи зборуваат за постоење на базичните принципи на либералната демократија, слободниот пазар, релативно стабилни меѓуетнички односи, политички плурализам, итн.

Во членот 8 од Уставот на Република Македонија наведени се сите фундаментални вредности на уставниот поредок, кои индицираат дека барем декларативно тој вредносен демократски кодекс е воспоставен уште на почетокот на независноста. За мирот и стабилноста во секоја држава од огромно значење се правниот ред и поредок, што се гледа од нивното изразување низ постојниот правен систем, неговата надградба и создавањето услови за владеење на правото. На тоа треба да се додаде и функционирањето на државните институции согласно и во рамките на правото. Тоа е гаранција дека државата ќе биде заштитник на уставните вредности, но нема да ги узурпира и загрозува особено во делот на правата, слободите и имотите на граѓаните.

Кога станува збор за мирот, нештата стануваат понејасни и посложени, бидејќи поедноставно е да се воспостави (класичен) безбедносен систем, самостојно или со меѓународна асистенција, отколку да се изградат структури и елементи кои ќе гарантираат позитивен мир. Оттука, за земји како Македонија, пореалистична цел е воспоставување и одржување на уставниот поредок, врз темелите и во контекстот на личната и јавната безбедност.

Како што веќе рековме, за некои автори демократијата е речиси синоним за (позитивен) мир. Таа овозможува функционирање на легален и легитимен поредок, воспоставен од народот (демосот) и кој е во функција на неговиот суверенитет.[29]

---

[28] Бучковски В., „Национална и државна безбедност", во: *Процес 2002*, стр. 191

[29] Ванковска Б., *Политички систем на Република Македонија*, Скопје: Филозофски факултет, 2014.

Процесот на демократија, односно процесот на владеење на народот, претставува политичка активност која не е апстракција, ниту се потпира на лажна претпоставка, туку е реална политичка активност. Таа изобилува со динамика, па и со судири на интереси на различните општествени слоеви и групи, но успева да ги канализира и артикулира во политички категории, низ институциите кои носат одлуки во политичкиот процес, кој е транспарентен и отчетен. Политичкиот плурализам - односно слободата на политичкото здружување поради учеството во борбата за власт, а потоа и во практикување на власта - значи овозможување на борба на повеќе различни идеи и начини на остварување на демократијата и демократскиот развој на секоја држава. Минималистичката дефиниција на демократијата претпоставува почитување на процедурите, на правилата на игра, утврдени со законите и другите акти, па затоа претпоставува и казнување на оние кои не ги почитуваат правилата.[30] Според Норберто Бобио, „денес власта на законите ја слави победата во демократијата. Што е демократијата ако не збир на правила (правила на играта) за решавање на судирите без крвопролевање? Во што се состои доброто демократско владеење ако не, првенствено, во строгото почитување на тие правила? Демократијата е владеење на законот во вистинска смисла на зборот."[31]

Положбата, односно интегрираноста на една земја во меѓународната заедница, е еден од најважните претпоставки за нејзино нормално егзистирање во глобализираниот свет. Државите не егзистираат во вакуум, и се упатени на соработка од најразличен вид, поради сопствените интереси, но и поради општиот интерес на глобалната заедница. Токму затоа, за секоја држава е од огромно значење да биде легитимирана како активен член на светското семејство на држави (ООН), но истовремено настојува да се поврзе и зачлени во други (регионални и/или специјализирани) меѓународни организации. На тој начин, преку соработката со другите земји, државата придонесува за чување на мирот и меѓусебното разбирање. Истовремено, си овозможува побрз економски просперитет и техничко-технолошки развој. Имајќи предвид дека најголемиот број безбедносни закани ги надминуваат

---

[30] Стаменковски А., Основни елементи на националната безбедност, Процес 2002, стр. 251

[31] Bobio N., Budućnost demokratije, (Beograd: Filip Višnjić, 1982): 184.

границите на индивидуалните држави, во современиот свет државите се упатени на меѓусебна помош и соработка во случаи за надминување на одредени тешкотии и катастрофи. Соработката во рамки на регионалните и безбедносните организации претставува и облик на мерка на градење на доверба, а во одредени случаии на создавање на безбедносна заедница. Во таа смисла, уставната вредност која се однесува на почитувањето на меѓународното право која е втемелена во членот 8 на Уставот на Република Македонија добива посебно значење. Не само што државата се придружува на семејството на мирољубиви и цивилизирани земји, туку и се обврзува да ги почитува меѓународно-правните и морални обврски.

Економската благосостојба е повеќе инструментална вредност, одошто вредност по себе. Во општество во кое владее позитивен мир, претпоставено постои и социјална правда и правична дистрибуција на националното богатство. Меѓутоа, уставот ја гарантира сопственоста и слободниот пазар, како претпоставки за либерален поредок. Меѓутоа, благосостојбата - на поединците, или колективитетите - зависи од многу фактори, а во капиталистичкиот систем државата не е таа која се ангажира во економскиот поредок, туку само создава претпоставки за слободно движење и циркулирање на капиталот и профитот. Меѓутоа, потребно е да се нагласи дека, како што нагласува Френсис Фукујама, постои висок степен на меѓузависност на економската и политичката сфера, а оттука и на безбедносната. Ако организацискиот облик на економската и на политичката сфера не се соодветно поставени, тогаш се доведува во прашање ефикасноста и на двете сфери, а општеството може да се соочи со институционален колапс. Прашање кое сè уште не е соодветно одговорено и останува спорно е: што доаѓа прво, економскиот развој или демократијата? Практиката покажува случаи во кои брзиот економски развој не значи и процут на демократијата (Чиле под Пиноче), и обратно. Она што либералната држава го обезбедува, или настојува да го обезбеди е одредено (што повисоко) ниво на економски развој, кој индиректно се манифестира и како благосостојба на поединците. Идејата која лежи зад ваквата теза е дека во општество во кое пости релативно висок степен на економски развој и социјална благосостојба, безбедносните закани од оваа сфера се сведуваат на минимум. За тоа зборува и степенот на корелација помеѓу економскиот развој и криминалитетот и социопатолошките појави.

Меѓуетничките односи, како односи на толеранција и меѓусебно разбирање на различните етнички групи кои живеат во земјата, се едно од позначајните прашања за функционирање на државата во мир и за создавање услови за владеење на правото и за економски напредок. Демонот на радикализмот, сецесионизмот и етничката исклучивост се неделливи, мошне опасни, и што е најтрагично, се уште живеат на просторот на поранешна Југославија, но и Македонија. Негувањето на човековите права, еднаковоста, соживотот и недискриминацијата се сметаат за најдобра превенција за ваквите појави. Еден од начините да се втемелат овие вредности во општеството е образованието, социјализацијата и сензитивизацијата на граѓаните за сите облици на етничка или друга исклучивост. Во овој контекст потребно е да се нагласи и улогата на медиумите во негувањето на култура на дијалог и разбирање на Другиот, со континуирана работа на градење на одредена политичка и безбедносна култура, за сукцесивно да се влијае врз формирањето на општествената свест, особено во едно постконфликтно општество.[32]

## 2.5. БЕЗБЕДНОСТА, ПРАВОТО И МОРАЛОТ

Одлика на секоја правна држава е правното уредување на најважните општествените односи и процеси. Оттука, сличен третман има и безбедносниот комплекс на прашања, но со него мора да се постапува многу внимателно бидејќи оваа сфера има големо влијание (позитивно, но и потенцијално негативно) на другите сфери на општествено живеење. Правната регулатива на овие односи е од посебен интерес за секоја држава, првенствено затоа што сите држави го користат правото за остварување на сопствените витални интереси со цел да се заштитат од негативни дејствувања.[33] Безбедносната функција е државна функција per se, а Веберијанската држава се одликува токму со монополот врз средствата на принуда, т.е. оние средства кои се составен дел на безбедносниот сектор.

Класичен и витален интерес на секоја држава е, секако, безбедноста на нејзините граѓани. Значи, самото функционирање на системот на безбедноста

---

[32] Brown H., *Thinking about National security*, Boulder Colorado:Westview Press, 1983.

[33] Јовановић В, Цвртила В, „Одбранбено заштитна образовања на свеучилиштима у свјету", *Дефендологија*, бр.1/1994, Загреб

нераскинливо е поврзано со државните и општествени интереси, дефинирани и санкционирани со право со цел да се заштити безбедноста на државата, што го воспоставува системот. Исто така, правното уредување на општествените односи врзани за безбедноста на земјата, е основна претпоставка за успешно организирање и функционирање на системот на безбедноста.[34] Однесувањето на луѓето според правните норми е нивна должност, но во исто време претставува и елемент на сигурност и заштитена положба на разни субјекти, групи и поединци.

Правното уредување на безбедносната материја е услов носителите на безбедносните работи да ја остваруваат својата улога во целината на системот на безбедност, а со тоа и на правниот систем. Државата ги носи правните прописи и ги одредува нормите на однесување, но воедно нејзина обврска е преку своите органи на управа да се грижи истите да се почитуваат во согласност со потребите на безбедноста на земјата. Основното уредување на односите во областа на безбедноста во секоја земја, па и во нашата, се начелата изразени во највисокиот правен акт, уставот. Од тоа произлегува дека однесувањето на сите граѓани и државните органи, како и дејствувањето на органите на безбедност, мораат да бидат усогласени со уставно-правните начела и одредби.

Кога правилата за вршење државната власт се поставени врз основа на правото и кога гаранцијата за вршење на таа власт се наоѓа првенствено во уставот, законите и другите прописи, донесени врз основ и во согласност со нив, тогаш може да се каже дека државата е организирана според начелата на правна држава. Системот на безбедноста, во остварување на својата функција е многу битен елемент на правната држава на тој начин што претставува субјект одговорен да спречи секое непочитување на правото, без оглед на тоа од кого потекнува. Всушност, системот на безбедност се воспоставува поради оневозможување на противправноста.[35]

Поради потполно согледување на остварувањето на функцијата на безбедноста, во согласност со уставните принципи, неопходно е да се тргне од правното регулирање

---

[34] Стајић Љ., *Основи система безбедности*, Нови Сад: Правни факултет, 2011, стр. 199.

[35] Исто, стр.200

на дејноста и одговорноста на органите што ја остваруваат безбедносната функција. Тука првенствено се мисли на законите што се во согласност со уставот и ги утврдуваат надлежностите на органите на безбедност, нивната работа, раководењето, одговорностите, надлежностите и сл. Тука спаѓаат и прописите со кои се уредува нивната организација и со кои се регулираат сите останати општи и други прашања (финансии, образование, набавки и сл.).

Во минатото државите беа слободни да го уредуваат правниот поредок исклучиво согласно нивната суверена волја и интереси. Но, времето на целосна сувереност и немешање во внатрешните работи на државите е минато. Низ децениите се создаде цел систем на меѓународни стандарди, особено во сферата на човековите права и правичната постапка, па државите се сега принудени да го прилагодуваат своето законодавство, доколку сакаат да бидат почитувани и интегрирани. Со други зборови, домашната политика не е единствениот извор на националното право, бидејќи над политичката волја, како своевидно 'супер его' се појавува меѓународното право.

За правниот систем е познато дека може да функционира само доколку биде прифатен како норма на однесување од мнозинството субјекти на кои се однесува. Правото нужно во себе содржи и одредени морални норми, кои веќе не се оставени на совеста на поединците или заедниците, туку се задолжителни норми на поведение, зад кои стои и закана од казна доколку дојде до нивно непочитување. Така, според Ванковска и Цветковски, „теоријата и практиката на промоционалната функција на правото е заснована врз претпоставката дека најголема примарна ефикасност имаат оние правни норми што во свеста на субјектите на кои се однесуваат се наметнуваат како рационален избор, односно како правила на однесување кои произлегуваат од сфатената слобода, а не од наметнатата нужност“.[36] Од друга страна, правото, колку и да е сеопфатно, тоа не може и не смее да ги нормира буквално сите ситуации и односи во еден систем или подсистем. За безбедносниот систем е особено значајно да функционира не само согласно законските рамки, туку и неговите членови да имаат

---

[36] Ванковска Б. и Цветковски Ц., *Правото и одбраната*, Скопје: РОБЗ, 1996, стр. 112.

изградено и да го почитуваат професионалниот кодекс. Професионализмот се потпира не само на идејата за ефикасноста на службата, туку и на етиката. Бројни истражувања ширум светот покажуваат дека, на пример, полициските службеници многу полесно ги остваруваат своите секојдневни задачи ако нивниот углед и легитимитет се признаени и почитувани од граѓаните. Но, за тоа е потребно и службата да води сметка за поведението на своите професионалци. Оттука, во самите безбедносни институции се вградува одреден етос, дух и култура на однесување, која не мора да е секогаш нормирана со пишан документ, но е исклучително важна и за кариерата на професионалците и за институцијата, но и за општеството. Од друга страна, и специфичните организациски и функционални карактеристики на безбедносните структури креираат посебна култура (култура на занимањето и култура на организацијата), кои се во постојана корелација и тензија со општата култура и однесувањето во дадено општество.[37]

Правната држава може да постои и кога законите се неправедни, а почитувањето на законите се обезбедува под присила и со страв.[38] Токму затоа, правото настојува да најде свои извори во вредносниот (моралниот) систем кој е прифатен од заедницата.[39] Колку помалку принуда се употребува за обезбедување на редот и мирот, толку поправична и помирољубива е заедницата; и обратно. За да постои правна држава (односно, владеење на правото), државната власт мора да ги содржи и следните атрибути: 1) власт заснована на минимален општествен и етички консензус на граѓаните; 2) оневозможување на тиранија на мнозинството; 3) правото е средство за контрола и ограничување на политичкото одлучување; 4) законите се усогласени со императивите на правдата и моралните принципи; 5) дискреционите овластувања се ограничени во мерка која е нужна; 6) постоење на гаранции на индивидуалните и легитимните малцински (колективни) права; 7) постоење на

---

[37] Види, на пример, Terrill W., Paoline E, and Manning P., "Police Culture and Coercion", *Criminology*, vol. 41, no. 4; Terpstra, J.B and Schaap, D., "Police culture, stress conditions and working styles", *European Journal of Criminology*, 2013, vol. 10, no. 1; Halvorson A., *Understanding the Military: The Institution, the Culture, and the People*, достапно на: https://www.samhsa.gov/sites/default/files/military_white_paper_final.pdf.

[38] Čavoški K., *Pravo kao umeće slobode. Ogled o vladavini prava*, Beograd, Izdavačka zadruga „Draganić", 1994.

[39] Трајковић М., „Право и морал у светлу прихватања и принуде",Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 1/2011.

функционално и независно судство; 8) гарантирање на слободата на јавноста, медиумите и социјалното општество како фактори за контрола врз извршувањето на власта; 9) државните службеници се однесуваат со граѓаните пристојно; 10) носителите на државната власт се способни да прифатат јавна критика и да понесат одговорност; 11) постоење на автентична демократска граѓанска култура.

Како што веќе беше кажано, централната тема на ова истражување е формирањето на безбедносната култура, која може да се сфати и како култура на поведение и збир на уверувања и вредносен кодекс внатре во безбедносниот сектор, но и пошироко во општеството кое има потреба од безбедносни служби на кои им верува и кои ги почитува. Меѓутоа, безбедносната култура не егзистира во општествен, политички или правен вакуум - таа е продукт на средината во која се создава, влијае на неа, ама и самата врши влијание. Овие аспекти ќе бидат елаборирани подолу во дисертацијата.

## 2.6. ГЛОБАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ И ЗАКАНИ: ЈАВНА И МЕДИУМСКА ПЕРЦЕПЦИЈА

Иако веќе кажавме доволно за концептот на безбедноста и за секторите на безбедноста согласно сфаќањето на Копенхашката школа на безбедносни студии, сепак уште некој збор за најновите глобални безбедносни ризици и закани, најмногу поради фактот што тие вршат големо влијание не само врз безбедносниот сектор и општиот начин на живот (во ризичното општество и општеството опседнато со страв од тероризам и разни други загрозувања), туку и врз јавната, политичката и безбедносната култура. Освен тоа, како што покажува анализата на теориската литература по ова прашање, но и практиката, медиумите имаат огромно значење за создавањето на перцепцијата за нивното (не)постоење, интензитет, па и начин на справување со нив.

Покрај дебатата во врска со изворите на небезбедност поврзани со неразвиеноста и неуспешните држави, во развиените земји безбедносниот дискурс е сосема поинаков. Имајќи го во вид фактот дека во овие развиени и демократски општестества се надминати внатрешните контрадикции и извори на конфликтност и небезбедност, овде во центарот на вниманието се ризиците, т.е. нивното настанување

и менаџирање.[40] Според Урлих Бек, таткото на теоријата на ризичното општество, во современото (постмодерно) општество мега-опасностите и ризиците се создадени од самото општество, односно се резултат на процесот на технолошки и научен развој.[41] Според него, „опасностите се продуцирани од индустријата, тие се екстернализирани преку економијата, индивидуализирани преку правниот систем, легитимизирани преку науката и претставени како безопасни од страна на политиката". Оваа состојба тој ја нарекува организирана неодговорност, а општеството се именува како ризично општество. „Вината" е на науката и технологијата, не само затоа што ги создаваат новите ризици, туку повеќе заради тоа што нивната моќ и авторитет не се подложни на контрола. Носителите на политичката власт се сѐ понекомпетентни за решавање на новите проблеми, па немаат друг избор освен да им веруваат на советниците/експертите за виско техничките работи. Кога настанува акцидент или се појавуваат сериозни проблеми, владините претставници се во позиција да ги легитимираат одлуките донесени на друго место и од разни стручњаци, па дури и да ја понесат одговорноста. И обратно, голем број прашања го добиваат атрибутот „политички", особено кога се однесуваат на заканите за населението, животната околина и општеството. Така како резултат се создава неизбежна синергија меѓу политичките и неполитичките актери (научници, луѓето од бизнисот, активистите, медиумите) кои се мешаат во доменот на другите. Секој од овие актери настапува со различни интереси и не покажува подготвеност, за преземање на одговорноста за настанатите проблеми. Бек зборува за „состојба на организирана неодговорност".

Ризикот е составен и неизбежен дел на современиот живот, а како парадигматски ризици се сметаат нуклеарните, хемиските, генетските, еколошките и сл. Според ова сфаќање, ризикот започнува таму каде што завршува природата. Човекот секојдневно се соочува со ризици, кои можат да бидат и од најбанален вид (возење автомобил, консумирање нездрава храна, употреба на мобилни телефони и други направи кои носат ризик од канцерогени болести и сл.). Според Бек, во минатото ризиците биле поврзани со природата (чума, глад, елементарни непогоди, итн.) или се

---

[40] Mythen G., Ulrich Beck: A Critical Introduction to the Risk Society, London: Pluto Press, 2004.

[41] Beck U., *Risk Society. Towards a New Modernity*, NY: Sage Publications, 1992.

толкувале дека потекнуваат од натприродни сили. Тоа бил свет на неизвесност и небезбедност, а не свет на ризици. Во современиот свет ризиците се последица на човековата активност (хиперпродукција, консумеризам, злоупотреба на природните ресурси и сл.). Ризикот ја замени неизвесноста. За разлика од природните ризици (неизвесности) кои биле пресметливи и кои можеле да се менаџираат, ризичното општество е неуспешно поради тоа што современите ризици не се ограничени во време и простор; може да имаат катастрофални размери, и механизмите за општествено обезбедување и осигурување се несоодветни. Најдобри примери за тоа се нуклеарната катастрофа во Чернобил од 1996 или Фукушима во 2001 година: ризикот не можеше да биде локализиран; државата не можеше да се справи со него, а ризикот остана и за идните генерации. Во минатото, ризиците беа достапни за сетилата, но новите ризици понекогаш и не можат да се перцепираат (радијација, токсини, загадување на човековата околина, генетски модифицирана храна).

Според Бек, денес постои битка околу значењето на ризикот помеѓу оние кои го создаваат (стручњаците) и оние кои го консумираат (јавноста). Научниците го губат авторитетот во поглед на проценката на ризиците, заради силното влијание на групите за притисок и активистите. Во такви околности се поставува прашањето, кому може да му се верува и кој може да дава вистински насоки? Во индустриско општество, доминираше дискурсот на класни нееднаквости, додека денес доминира идејата за сигурноста. Порано главната движечка сила на општествените процеси беше под мотото „јас сум гладен!“, денес тоа гласи „јас се плашам!“. Ризичното општество живее во сопствената замка и иронија на континуирана опседнатост со можните ризици и начините на нивно „менаџирање“. Според некои автори, ова помалку укажува на реално постоење на ризици, а повеќе на хистерија и политика на страв, често поттикнати од медиумите, бидејќи најчесто не се прави разлика меѓу ризик и катастрофа. Ризикот сам по себе не значи катастрофа, туку претставува само антиципација на катастрофата. Ризиците се најчесто во сферата на можното, и стануваат актуелни само во степен во кој се предвидени. Во таа смисла, во право се конструктивистите кога велат дека ризиците не се „стварни“, но тие „се прават стварни“. Во моментот кога ризикот станува стварен (на пример, во вид на терористички напад или цунами), тие од ризици се претвораат во катастрофи. Ризикот

ја добива својата форма и значење само преку некаков вид на визуелизација или симболичка форма, и најчесто преку медиумите.[42] Оттука, состојбата на безбедност и сигурност која може да владее во општеството станува ирелеватна низ призма на бројот и видот на антиципирани опасности од разурнувања и опасности. Ризиците почнуваат да се калкулираат и стануваат составен дел на регулативата на секојдневниот живот, па регулацијата на ризиците се претвора во регулација од страна на ризиците (т.е. тие се факторот кој наложува посебен вид на планирање, регулирање и постапување). Бидејќи најголем број од сериозните ризици по човештвото се тешко предвидливи со сигурност, настапува опасноста од потпирање на т.н. принцип на претпазливост преку преземање превентивни мерки. Врз база на претпоставка и незнаење се преземаат политички и други мерки со сериозни последици, а границата на рационалното и хистеријата и стравот се замаглува. Дополнителен проблем е тоа што ризиците се перцепираат поинаку и им се придава различна тежина во различни културни средини.

Од времето на терористичките напади врз САД на 11 септември 2001 година, вообичаено е да се зборува за тероризмот како за една од најголемите закани во човештвото, иако емпириските студии не го потврдуваат тоа.[43] Имено, во светот секојдневно умира неспоредливо голем број луѓе од други безбедносни закани отколку од тероризам, ама сепак на политичкиот естаблишмент, на национално и/или меѓународно ниво, многу повеќе му одговара да зборува за „глобална војна против тероризмот". Дека на тезите за огромната опасност од тероризмот треба да им се пристапи со внимание покажуваат, на пример, и следниве податоци за смртноста на американската популација од 2001 година (во споредба со 2500 загинати на 9/11): сообраќајни несреќи загинале 42 илјади луѓе, 3500 од неухранетост, 14 илјади од СИДА, најголемиот „убиец" (кардиоваскуларните болести) однел дури 700 илјади луѓе, а од убиства загинале 20 илјади луѓе.[44] Сепак, кај американските граѓани, под влијание

---

[42] Ванковска Б., „Меѓународна безбедност: критички пристап", исто.

[43] Abbott C, Rogers P and Sloboda J, *Global Responses to Global Threats. Sustainable Security for the 21st Century*, Oxford Research Group, July 2006, достапно на: http://www.oxfordresearchgroup.org.uk/sites/default/files/globalthreats.pdf

[44] Ванковска Б., исто.

на политичката реторика и медиумската пропаганда, доминира стравот од можна терористичка закана.

Надвор од политизацијата на овој поим и неговата употреба за геополитички и други цели, научната анализа бара сериозно промислување како на феноменот на тероризмот и негово интелектуално соочување со концептот на насилството.[45] Дефинирањето на тероризмот и на терористот не е лесна задача, иако навидум изгледа поинаку. Ле Саж смета дека тероризмот е манифестација на политичко насилство кое се разликува од другите типови насилство, како што се организираниот криминал, масовен граѓански конфликт, бунт или востание.[46] Тој се карактеризира со свесна предумисла со цел да се создаде клима на екстремен страв. Според Креншо, целите на терористот се на неколку нивоа: тој таргетира поширока публика за да привлече внимание, но истовремено пренесува политичка или идеолошка порака која ги надминува неговите непосредни жртви.[47] Неговите цели се најчесто симболички, и не се цел за себе. Актите на тероризам се планираат за да бидат спектакуларни заради добивање јавен одек и медиумско внимание.[48]

Очигледно, насилството предизвикано со терористички акт е и комуникациски феномен. Пуховски смета дека „теророт не е просто насилство (ниту пак секое насилство делува терористички); теророт е симболички ориентирано насилство, па како такво, значи, тоа претставува употреба на насилство кое го „надминува" непосредниот објект на насилниот акт. Жртвата на теророт најчесто не е и жртва на непосредно насилство, туку насилство над (случајно, или заради симболични причини намерно) избрана жртва, која ја пренесува пораката на терористите до непосредните или медиумски посредуваните сведоци... Антрополошката основа на целиот овој склоп

---

[45] Види: North D. C., J. J. Wallisand B. R. Weingast, *Violence and Social Orders. A Conceptual Framework for Interpreting Recorded Human History*, Cambridge: Cambridge University Press, 2009; Пуховски Ж., „Постмодерен сендвич: Човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум", *Безбедносни дијалози*, вол. 1, бр. 2, 2009.

[46] Le Sage A (ed.), African Counter-terrorism Co-operation, Africa Center for Strategic Studies. Washington, DC: National Defense University, 2007.

[47] Crenshaw M., "The causes of terrorism". In: Kegley C (ed.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls*, New York: Prentice Hall, 2002.

[48] Połońska-Kimunguyi E. and Gillespie M., "Terrorism discourse on French international broadcasting: France 24 and the case of Charlie Hebdo attacks in Paris", *European Journal of Communication*, vol. 31 no. 5, 2016.

лежи во едноставниот, и за чудо пречесто превидениот факт дека насилството е првенствено комуникациски медиум. Навистина, со опсегот со кој располага тоа претставува најширок замислив модус на комуницирање."[49] Пораката која ја пренесува насилството им е разбирлива буквално на сите.

Она што во секојдневниот, но и во политичкиот говор обично се замаглува е фактот дека треба да се прави разлика помеѓу теророт како организирано државно дејствување и тероризмот како користење на методи на терор одоздола, во организација на мали или општествено нелегитимирани групи. Како што веќе кажавме, насилството може да се користи за индиректна комуникација, односно за провоцирање чувство на страв или одредена акција кај оние коишто се на другата страна. Предизвикувајќи страв, како што оригиналниот термин, уште од француската револуција, тоа јасно го означува, теророт (спроведен од државата) тежнее кон запирање на можните општествени и/или политички промени, додека тероризмот го прави обратното - бара радикални промени. Терористите, всушност, креираат перцепција за својата моќ (која и не мора да е заснована на објективни параметри) преку напади на објекти кои ќе предизвикаат внимание, но во тоа им „помагаат" и медиумите во ширењето на стравот и паниката. Токму поради тоа, може да се каже дека тероризмот, во извесна смисла, успева во своите намери: тој радикално го менува начинот на живот со посредство на стравот кој е всаден во секојдневието на милиони луѓе ширум светот.

Во контекст на проблематиката на односот на медиумите кон безбедносните прашања, а особено во релација со современиот тероризам, важно е да се укаже на еден парадокс. Имено, тероризмот претставува „идеален" материјал за медиумско рециклирање, бидејќи ги опфаќа речиси сите состојки за успешна (медиумска приказна): добри и лоши „момци", крв/жртви, идеолошки/цивилизациски разлики и тензии, хуманост и јунаштво (во борбата против терористите). Начинот на кој медиумите го тертираат тероризмот и терористичките напади дополнително ја потенцира тезата искажана погоре, дека тероризмот претставува (меѓу другото) и

[49] Пуховски Ж., исто, стр. 6.

специфична (иако перверзна) комуникациска форма. Она што, пак, медиумите редовно го манифестираат е видливата хиерархија на важноста на жртвите: оние од развиените земји добиваат повеќекратно повеќе медиумски простор од секојдневните масовни жртви во воените зони или во најсиромашните делови на светот. Парадоксално, но и терористите ја користат обилно ваквата медиумска практика, па затоа и цел на нивните напади се објектите/местата/луѓето кои им се најважни на медиумите и кои гарантираат широк досег на нивната симболичка порака. Оттука и промена во моделот на дејствување на терористите: додека во 19 и 20 век главна цел биле политички значајни личности, сега фокусот е ставен на убивање на „обични луѓе" кои спаѓаат во медиумски привилегирани колективитети. Ова најдобро го докажуваат студиите на Институтот за економија и мир од Сиднеј, кој го објавува Годишниот индекс на мирот. Во рамките на методологијата на овие истражувања и вреднувањето на резултатите, тероризмот се третира како една од пречките за ширење на (позитивниот) мир. Интересно е што резултатите од овие сериозни истражувања на годишно ниво покажуваат слика која е значително различна од онаа којашто доминира во медиумите и која се креира со нивна помош. На пример, Годишниот индекс на тероризмот за 2016 година го потврдува фактот дека тероризмот останува високо концентриран облик на насилство, најчесто изведуван во мал број земји и од мали групи луѓе. Пет земји кои страдаат најмногу од тероризам не се богатите и развиените, туку Ирак, Авганистан, Нигерија, Пакистан и Сирија (72% од сите жртви од тероризам за 2015 година доаѓаат од овие земји). Исто така, само четири групи се одговорни за 74% од сите тие убиства: ИСИС, Боко Харам, Талибанците и Ал Каеда.[50]

Во потрагата по побезбеден живот, граѓаните и на најдемократските држави стануваат подготвени доброволно да се одречнат од своите слободи и права, а за возврат државата да им ја гарантира безбедноста од терористите. Теророт претставува најрадикален облик на кршење на човековите права и тоа од страна на државниот апарат, додека тероризмот, по правило, предизвикува реакција на власта која ги

[50] *Global Terrorism Index 2016: Measuring and Understanding the Impact of Terrorism*, Sydney: Institute for Economics and Peace, стр. 5 (достапно на: http://economicsandpeace.org/wp-content/uploads/2016/11/Global-Terrorism-Index-2016.2.pdf

ограничува не само реалните, туку и понекаде и претходно загарантираните човекови права.[51]

За поврзаноста помеѓу безбедносните предизвици и медиумите (т.е. начинот на кој тие известуваат и ефектите кои ги произведуваат во однос на демократските придобивки и безбедноста) зборуваат голем број случаи, или поточно секој инцидент поврзан со некој терористички напад или друг драматичен инцидент со закани за безбедноста на луѓето и другите вредности. Во оваа прилика само ќе го споменеме терористичкиот напад редакцијата на сатиричниот француски неделник „Шарли Ебдо" од 7 јануари 2015 година. Неделникот и претходно бил цел на закани поради објавувањето на сатирични карикатури на кои е прикажан пророкот Мухамед (спротивно на исламските убедувања). Меѓутоа, овој инцидент создаде особено силна реакција не само по прашањето на тероризмот и безбедносниот систем (поточно, неговите пропусти), туку уште повеќе настанот беше врамен во контекст на значењето и ограничувањата на слободата на говорот и слободата на медиумите. Или, како што забележуваат некои автори, ова беше ретка прилика на т.н. метажурнализам - односно, за дебата на новинарството за новинарството и неговата улога во демократското општество подложно на безбедносни закани.[52] Токму овој контроверзен неделник ја стави на тест слободата на медиумите да провоцираат и предизвикуваат насилни инциденти поради непочитување на некои културни, религиски и други вредности, важни за една група. Од друга страна, случајот покажа дека слободата на говор во медиумите може да им послужи на терористичките организации да добијат легитимитет за своите акции, во име на наводна одбрана на некои вредности, кои не се споиви со либералниот концепт. И конечно, по повод овие случувања, и „Freedom House" во својот извештај „Петта година по ред слободата на Интернет во светот се намалува" ја посочи Франција, како земја во која законските мерки насочени кон борбата против тероризмот доведоа до апсења и пресуди за луѓе поради коментари на Интернет, што е своевидно ограничување на слободата на мислата и говорот.

---

[51] *Human Rights and Terrorism*, Netherlands Helsinki Committee, The Hague 2004.

[52] Dawes S., "Charlie Hebdo, Free Speech and Counter-Speech", *Sociological Research Online*, vol. 20, no. 3, 2015.

По случувањата од јануари 2015 година, голем број научни анализи се фокусираа и на прашањето на дискурсивната конструкција на поимот „тероризам" особено од страна на француските медиуми. Некои од нив забележуваат тенденција кон употреба на потесна дефиниција која тероризмот го поврзува речиси исклучиво со Исламот и муслиманите, негово претставување како надворешен феномен (кој дошол во земјата однадвор), од исламистите итн. На тој начин, тие медиуми, свесно или несвесно, изворите на насилството ги бараат надвор, без да се задлабочат во внатрешните случувања, како постоечката дискриминација, маргинализацијата на младите, недостатокот од образовни можности и работни места, и тоа првенствено во муслиманските заедници во Франција. На тој начин, всушност, се манифестира површност и големо отстапување од принципите на истражувачкото новинарство.[53]

## 2.7. (ДЕ)ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА

И покрај радикалната промена на безбедносно окружување, на безбедносната агенда и проширувањето на листата на безбедносните закани и ризици, сепак во најголемиот дел на академската средина, а особено во земјите во транзиција и во помалку развиените земји, фокусот и натаму е ставен на државната безбедносна функција и на класичните институции и организации задолжени за гарантирање на надворешната и внатрешната безбедност, но и личната и јавната безбедност особено. Традиционалното сфаќање  дека само војската и полицијата се одговорни за безбедноста се менува, иако бавно, а сè повеќе јакне сознанието дека одговорноста за безбедноста, особено за личната и јавната, лежи на поширок круг општествени актери. Последниве години, под влијание и на реформите во полицијата во Република Македонија, поттикнати и поддржани од разни меѓународни организации, на пример, популарност и примена доби моделот на полициско работење со заедницата, што значи промовирање на една нова и поинаква интеракција помеѓу државната институција и граѓаните и заедниците. Ова се должи на бројни истражувања и практики од поразвиените земји. На пример, во своите истражувања Шерман доаѓа до

[53] Połońska-Kimunguyi E. and Gillespie M., *ibidem*.

следниве заклучоци во врска со овој концепт: полициското работење во заедницата не влијае непосредно врз намалување на стапката на криминал бидејќи нема јасен фокус на работа, но влијае врз намалување на стравот од криминал, врз подобрување на односите помеѓу полицијата и граѓаните и врз зголемување на довербата во полицијата.[54] Исто така, тој модел ја зголемува полициската легитимност и ги подобрува ставовите на граѓаните за ефикасноста на полициските мерки.

Во македонската академска заедница најчесто се промовира едно проширено сфаќање за безбедноста, под називот интегрална безбедност - а со цел да се укаже дека безбедноста претставува сфера во која учествуваат сите субјекти на едно општество. Во тој контекст би се вклучила и улогата на медиумите. Иако навидум модерно сфаќање, концептот на интегралната безбедност кој се потпира на холистичко сфаќање кое е навидум сеопфатно и инклузивно кон недржавните актери, сепак не нуди доволна дистинкција помеѓу овој концепт и концептот од минатиот (социјалистички) систем, кој се потпираше на т.н. општествена самозаштита.

Во академските кругови во развиените делови на светот веќе од поодамна се воведува друга терминологија и сфаќање, кое заслужува посебна елаборација. Имено, уште од 80-те години на минатиот век, најнапред почна да се употребува терминот „управување“ (governance) со цел да се излезе од старата централистичка концепција која сите јавни работи и дејности ги врзуваше речиси исклучиво за институциите на државата. Постепено фокусот почна да се свртува кон чинот на управување, наместо владеење, при што во рамки на оваа дејност се врзува за дејствувањето и придонесот на разни недржавни, приватни и доброволни форми на здружување, покрај јавните/државните. Со други зборови, најнапред поимот управување се дефинираше наспроти или како контраст на поимот владеење. Причината за ваквото свртување на парадигмата лежи во глобализацијата и растот на глобалниот пазар, но и разните мрежи на невладини и приватни актери во различните (приватизирани) сектори, кои во минатото беа врзувани исклучиво за државата. Така, всушност, и самата држава и функционирањето на разните државни актери почна да се потпира на приватниот и

---

[54] Sherman L. W., et al., *Preventing Crime: What Works, What Doesn't, What's Promising,* Report to the U.S. Congress. Washington, D.C.: U.S. Dept. of Justice, 1997, стр. 655.

доброволниот сектор, особено при формулирањето, менаџирањето и извршувањето на јавните политики и услуги. Државата почна сè позасилено да влегува во договорни односи со други организации заради, на пример, управување со затворите или обезбедување безбедност во постконфликтните општества. За разлика од државната власт која е организирана по хиерархиски и бирократски принцип, концептот на управување овозможува хоризонтално организирање и дејствување одоздола нагоре. Иако во теориска смисла, дури и денес, не постои општа согласност околу опсегот на управувачкиот концепт, сепак сите се сложуваат дека тој вклучува различни организациски форми и разни актери.

Консеквентно на овие тенденции, и во сферата на безбедноста можеме да зборуваме за систем на управување со безбедноста за разлика од класичниот (државно заснован) безбедносен систем или систем на национална безбедност. Новите облици на безбедносно управување се раширени и на домашно и на меѓународно ниво. Безбедноста, сфатена во ваков контекст, е неопходно поврзана со заедницата и со градењето на капацитети. Со други зборови, владее уверувањето дека најдобар начин да се изгради заедница е преку создавање на локални мрежи и здружени аранжмани на дејствување во полза на заедницата. Сепак, треба да се води сметка дека новите облици на безбедносно управување варираат зависно од културата и традициите во чии рамки државните службеници, доброволните и/или приватните безбедносни актери и граѓаните ја толкуваат безбедноста. Сепак, генерален е впечатокот дека општествата кои егзистираат во свет поврзан со висок степен на глобализација се движат кон децентрализација на управувањето со безбедноста, иако процесот на реинтерпретација на безбедносниот систем и конкурентните сфаќања и традиции не е завршена работа.[55]

Според Бевир, управувањето со безбедноста (security governance) се однесува на агендата, реформите и практиките поврзани со примената на здруженото управување (joined-up governance) врз безбедносната политика.[56] Станува збор за

[55] Bevir M., "Decentring security governance", *Global Crime*, Vol. 17, Nos. 3–4, 2016, стр. 227.

[56] Bevir, M. "Joined-up Secuirty: A Genealogy." In: C. Kinnvall and T. Svensson (eds.), *Governing Borders and Security: The Politics of Connectivity and Dispersal*, London: Routledge, 2015.

специфична политичка агенда, или поточно агенда на јавна политика, која настојува да промовира ефикасност и ефективност преку поттикнување на вмрежувања и партнерства помеѓу организациите од јавниот, приватниот и доброволниот сектор, кои се вклучени во одреден јавен сектор. Овие мрежи и партнерства имаат за цел да обезбедат редовна комуникација на релевантните организации, што доведува до ефикасна соработка и бенефит за јавноста којшто произлегува од синергијата создадена преку соработка.

Свртувањето кон практиката на вмрежување инспирира ново верување во бенефитот на здружените аранжмани и јавно-приватните партнерства. Здруженото управување претпоставува хоризонтална и вертикална координација помеѓу организациите вклучени во јавната политика. Ова се однесува како на фазата на креирање на политиките, така и на нивната имплементација. Првата фаза се однесува на вклучување во креирањето на политиката на различните носители на дејноста, како што се на пример, борбата против малолетничка деликвенција или контратероризам. Фазата на импелемнтација, пак, настојува да го поедностави давањето услуги на граѓаните преку подобрување на координацијата и информираноста на различните актери. Во двата случаи, здруженото управување почива на идејата дека мрежите можат ефикасно да ги координираат акциите на поширок спектар актери и организации.

Безбедносното управување доживува процут, но факт е дека неговата стартна точка беше полициската дејност. Денес тоа се шири и на области како што се одбраната или контратероризмот, па и во други области. Креаторите на јавната безбедносна политика неретко ги прошируваат овие пристапи како одговор на она што тие го преципираат како нови недржавни безбедносни предизвици, како што се транснационалниот криминал, тероризмот и нелегалната миграција, па и бегалската криза. Имајќи во вид дека овие закани не се ексклузивни за само еден јавен сектор, па ни за една држава, јасно е дека тие бараат транснационални и здружени одговори и реакции.

Теоријата на децентрализирано управување фрла нова светлина врз различните значења и фактори кои ги определуваат акциите на индивидуите и организациите вклучени во применувањето и постапувањето согласно одредени правила. Оваа

теорија, всушност, дава поттик за истражувачите од општествените науки да ги истражуваат начините низ кои моделите на раководење, вклучувајќи ги институциите и јавните политики, се формираат, одржуваат и модифицираат од страна на индивидуалните актери. Таа ги охрабрува научните работници да прифатат дека акциите на индивидуалните актери не се нужно фиксирани и детерминирани од институционалните правила или од доминантната општествена логика; напротив, нивните дејствија произлегуваат од уверувањето дека индивидуалните актери ги црпат своите акции и од традициите, но и како одговор на актуелните дилеми кои стојат пред нив.[57] Со други зборови, теоријата на децентрализација на управувањето претпоставува свртување од институциите кон значењата на конкретните акции, и консеквентно свртување од општествената логика кон доминантните наративи. Токму во овој контекст треба да го бараме и местото и улогата на медиумите во креирањето на вредносни кодови, но и општоприфатливи наративи за безбедносните закани и начините на справување со нив.

Меѓутоа, кога станува збор за улогата на медиумите во контекст на националната безбедност, мора да се има предвид постоење на динамичен и дијалектички однос. Како што медиумите имаат моќ да влијаат на безбедносната клима и дефинирањето на безбедносните политики, и обратното е точно: носителите на безбедносната дејност имаат моќ да влијаат врз дејствувањето на медиумите, особено кога станува збор за сензитивни и драматични безбедносни настани. Позната е изреката дека „суштината на успешното војување е тајноста, а суштината на успешното новинарство е публицитетот." Бројни студии укажуваат на фактот дека дури и во демократските општества, во време национална/безбедносна криза, односот кон слободата на изразување и слободата на медиумите станува поригиден. Во таа смисла, директорот на „Асошиејтид прес", Гари Пруит посочи дека владите, кои се обидуваат да ги принудат своите граѓани да избираат меѓу слободата на медиумите и националната безбедност, создаваат несоодветна и опасна дилема, која ја ослабнува

[57] Bevir M., "Decentring security governance", ibid.

демократијата.[58] Со други зборови, пораката е дека треба многу да се внимава кога слободата на изразување се ограничува со претекст дека постои национална опасност, односно степенот на ограничување да зависи од степенот на опасност. Но, ова станува исклучително тешка задача во услови на трајна безбедносна криза, прогласена поради „глобалната војна против тероризмот". Бројни примери укажуваат дека и демократските држави не се имуни на потези кои значат ограничување на слободата на медиумите во име на национална безбедност. Велика Британија, на пример, сериозно ја ограничи активноста на медиумите за време на Фокландската војна. Питер Престон во „Гардијан" тврди дека начинот на кој Британците се справиле со медиумите го импресионирал Пентагон и послужил како модел за контролирање на медиумите од страна на САД за време на воените активности во Панама и подоцна за време на Голфската војна во 1991 година. Драматичните напади во Њујорк и Вашингтон на 11-ти септември 2001, претставуваат нова пресвртница за многумина на Западот во врска со однесувањето во однос на националната безбедност, а на штета на личните слободи и права и слободата на медиумите.

Можат да се наведат неколку причини да се оправда ограничувањето на слободата на изразување, како на пример спречување на паника или поттикнување на несакани акции од недржавни акетри. Како да се однесуваат медиумите кога во името на национална безбедност се соочени со барање да си наметнат самоцензура или да прифатат правно наметнати ограничувања? Ова го вклучува проблемот на двојна должност на медиумите – должност да го критикува дејствувањето на владата на една страна, и должност да го спречи влошувањето на кризата, од друга страна.

Зголемената разновидност и приватизацијата на медиумите го покренуваат прашањето за „општествена сопственост". Дали медиумите се само класични комерцијални претпријатија или се средства кои имаат и посебна мисија во јавниот домен, дури и ако се во приватна сопственост? Во услови на национална безбедносна криза се поставува прашањето, дали новинарот треба да биде лојален граѓанин наспроти новинарот професионалец. Дали новинарите треба да го ставаат нивниот

[58] Види: „Слободата на медиумите наспроти националната безбедност е несоодветен избор, според директорот на АП", *А1он.мк*, 20.10.2013, достапно на: http://a1on.mk/archives/223583.

национален интегритет пред нивните граѓански должности, дури и ако тоа ја загрозува националната безбедност или ги поткопува националните интереси?

Медиумите, доколку сакаат да им се верува и да бидат одговорни, мора да бидат имуни на владини манипулации и пропагандно искористување. Меѓутоа, дали ова правило треба да биде поблаго употребено за време на загрозување на националната безбедност? Медиумите играат најважна улога во правилно функционирање и одржување на демократскиот процес и затоа треба да тежнеат со својата објективност, етичност и професионалност да ја придобијат довербата на јавноста.Зошто ако се отуѓат од публиката и ја загубат довербата, секој медиум кој се вложува себе си за слободата на изразувањето и градењето на безбедносната култура и безбедноста, ќе ја загуби причината за постоење.

Меѓутоа, често се случува поради потценување на носителите на загрозувањето, предрасудите, илузиите за стручност, игнорирање на очигледни факти за можност на загрозување и самите да допринесеме за намалениот степен за безбедност во државата. Искуството што се создава по долгогодишна работа најчесто води кон рутинско, шаблонско обавување на работите, при што често се заборава дека нема две апсолутно исти загрозувачки појави. Безбедносната култура, нè учи дека во секоја ситуација се пристапува крајно сериозно, со потпирање врз сопственото, но и туѓото искуство, со максимално уважување на принципите на безбедносните науки.[59]

[59] Стајиħ Љ., Мијалковиħ С,. Станаревиħ С,. *Безбедносна култура*, друго издање, Београд: Драганиќ, 2005.

# 3. ПОГЛАВЈЕ: БЕЗБЕДНОСНА КУЛТУРА

## 3.1. ОПШТО ЗА КУЛТУРАТА, МЕДИУМИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА

На самиот почеток на ова поглавје, кое е целосно посветено на концептот, содржината и аспектите на безбедносната култура, потребно е да направиме делинеација на неколку слични поими, кои донекаде се преплетуваат и со предметот на нашето истражување. Секојдневното значење на поимот култура го изоставаме намерно, но затоа нужно ставаме акцент на социолошкото и културолошкото разбирање на поимот.

Поимот култура своите јазички корени ги наоѓа во латинскиот збор *cultis*, од кој потоа се извлекуваат толкувањата за опсегот на неговото значење. Така, според Чупеска, култура во најширока смисла значи целесообразна нега, преработка, обработка, оспособување и усовршување на една ствар.[60] Според Скаловски, културата е севкупност на човековите материјални и духовни остварувања и артикулации на неговите историски индивидуални и колективни – практични, естетски, теориски, митски и религиозни облици на изразување, што со други зборови значи дека поимот ја опфаќа културата на создавањето (poiesis) и културата на дејствување во етичка смисла (praxis).[61]

Низ историјата, во теориска и практична смисла, се правени многу обиди за негово попрецизно дефинирање, но без поголем успех. Неговото значење и натаму останува мошне флуидно, се разликува од епоха до епоха, но и од гледната точка на оној/оние кои се обидуваат да го дефинираат. Одтаму, наједноставно е да се заклучи дека постојат бројни дефиниции на културата, но тие неретко се и меѓусебно контрадикторни. Во таа смисла, Иван Џепароски вели дека „поимот култура... е еден од најкомплицираните поими со огромен опфат на значења. Културата е она што се пренесува повеќе социјално отколку биолошки, та оттаму културата е општ термин за симболичките и научените аспекти на човечкото општество. Во основа, станува збор за творечки процес, но едновремено и за она што е резултат на тој творечки процес. Во потесна смисла, културата значи остварување на хуманистичките вредности кај

---

[60] Чупеска А., Културните идентитети во политиката: аспекти на мултикултурализмот, Скопје: КАС, стр. 11.

[61] Скаловски Д., *Во прво лице еднина*, Скопје: Азбуки, 2010.

човекот и во неговите дела кои за разлика од делата на цивилизацијата (што некои теоретичари ја именуваат како материјална култура) вредностите ги носи со себе“.[62]

Клакхон, пак, ја дефинира културата низ повеќе димензии, па ги наведува следните единаесет: 1. севкупнио начин на живот на луѓето; 2. општествената оставнина којашто индивидуата ја добива од својата група; 3. начинот на размислување, чувствување и верување; 4. апстрахирање на однесувањето; 5. теоријата што ја развива антропологот за начинот на однесувањето на луѓето во група; 6. складиште на акумулирано учење; 7. комплет на стандардизирани ориентации на повторувани проблеми; 8. научено однесување; 9. механизам за нормативно регулирање на однесувањето; 10. комплет техники за прилагодување кон надворешната средина и кон други луѓе; 11. талог на историјата.[63]

Во своето толкување на културата, Гирц ја посочува како значајна и дефиницијата на Ворд Гудинаф, според кој „културата на едно општество... се состои од она што некој мора да го знае или да верува во тоа, за да може да функционира на начин прифатлив за членовите на тоа општество“.[64] Познатиот социолог Талкот Парсонс го разви поимот култура во рамки на својот фундаментален опус за општествените системи, сместувајќи го во теориската рамка на симболизацијата. Одтука, под култура тој главно подразбира систем на симболи со кој човекот си придава значење на сопственото искуство. Системите на симболи, произведени од човечката рака, споделени со други, конвенционални, уредени и навистина научени, на луѓето им даваат рамка на значење, во која тие се ориентираат едни кон други, кон светот околу себе и кон самите себе.[65] Подоцна, во своите истражувања, Парсонс почнува на културата да гледа како на дел од еден посеопфатен „систем на акција“,

---

[62] Џепароски И. (ур.). *Аспекти на другоста: зборник по културологија*, Скопје: Евро-Балкан Пресс, 2007, стр. 346.

[63] Цитирано според Гирц К, *Толкување на културите,* Скопје: Магор, 2007, стр. 14.

[64] Исто, стр. 20.

[65] Parsons, T., *The Social System,* New York and London: The Free Press and Collier Macmillan, 1951.

односно да смета дека таа нема да може да ги исполни своите акциони насочувачки функции доколку не се смета како систем.[66] (Parsons 1953:38).

Социјално-антрополошките идеи за културата во голема мера се надоврзуваат со сфаќањата на Едвард Б. Тајлор (уште од далечната 1871 година), според кој културата е збир (сет) на научени сознанија, верувања, уметност, морал, право, обичаи и се друго што човекот го создал живеејќи во заедница со луѓе слични на него. Кај некои автори е забележливо и поистоветувањето меѓу поимите култура и цивилизација. На пример, според Фројд, поимот култура го сублимира во себе сето она што човекот го постигнал во својот историски развој: „Зборот култура го означува сиот збир од достигнувања и институции со кои нашиот живот се разликува од животот на нашите животински предци и кои служат за две цели: заштита на човекот од природата и уредување на односите меѓу луѓето...“.[67] Антонела Петковска културата ја определува како осмислен систем на вредности, норми и обичаи, артефакти, кои се манифестираат во неговиот секојдневен живот. Тој сложен механизам на човечки творби се создава и функционира низ мрежата на сложената структура на меѓучовечките односи. Притоа човекот, пред сè, како општествено суштество го обезбедува својот опстанок и ја докажува посебноста на своето постоење како вид.

И покрај евидентната разноликост во сфаќањата на културата, сепак доминантен е ставот дека таа има големото значење во човековиот и во општествениот живот. Во таа смисла, Џим Ајф вели дека културата претставува централен аспект на човековото постоење и дека ние не сме ништо без нашиот културен контекст. Токму културата е таа што му дава значење на животот и културата е таа што го одредува поголемиот дел од човековото однесување. Нема сомнеж, додава Ајф, дека културата мора да се смета за суштинска одредница на човековото однесување, на човековите емоции и на човековата благосостојба.[68] Основните

---

[66] За развојот на сфаќањата на Парсонс за културата види повеќе: Münch R. and Smelser N., *Theory of Culture*, Berkeley: University of California Press, 1993.

[67] Frojd S., *Nelagodnost u kulturi*, Beograd: Rad, 1988, стр. 28.

[68] Ајф Џ., *Човековите права и социјалната работа*, Скопје: Академски печат, 2009, стр. 82.

елементи на културата се: јазикот, когнитивното творештво, вредностите (како систем на духовни творби кои го осмислуваат животот и насочуваат човековото однесување), експресивните симболи и нормите/правилата, како елементи на културата, содржат наредби и забрани за човечкото однесување и во извесна смисла претставуваат операционализација на општествените вредности.

Прегледот на релевантната литература поврзана со културата покажува дека таа е предмет на истражување на различни дисциплини, како културологијата, социологијата, антропологијата, политологијата и тн. Затоа, се чини, дека најсоодветен начин за нејзино сеопфатно истражување е интердисциплинарноста. Токму и во ова конкретно истражување, одбран е таквиот пристап за да се долови суштината и значењето на културата во врска и со медиумите (медиумската култура) и во врска со безбедноста (безбедносна култура), и истите да ги стави во корелација. Притоа е најбитно да се води сметка за базичната премиса дека културата е социјален феномен, т.е. феномен кој се создава, развива, менува во даден општествен контекст, но која и самата влијае врз средината во која се создава. Според некои автори, таа настанува во процесот на заемно дејствување, на разни достигнувања и резултати во рамките на еден општ општествен амбиент во секој историски момент и како резултат на посебните активности на поединците.[69] Според Ентони Гиденс нема култура без општество, но исто така нема ни општество без култура.[70] Иако голем број теоретичари културата ја поврзуваат со територијални или етнички/национални целини, во нашето истражување акцентот е ставен на различни нивоа: едното е микро ниво, ниво на култура во медиумите, а другото е општественото ниво, кое се однесува на сфаќањето и третманот на безбедносните појави и справувањето со истите.

## 3.2. КУЛТУРАТА И МЕДИУМИТЕ

Според Даглас Келнер, медиумската култура користи слики, звуци и претстави, кои ги формираат содржините на секојдневниот живот, доминираат со слободното

---

[69] Петровски В. и Мирасчиева С., *Мултикултурализам и интеркултурна комуникација*, Штип: УГД, 2013, стр. 10.

[70] Giddens A., *Sociologija* (drugo izdanje), Banja Luka: ZUNS, 2001.

време, ги оформуваат политичките гледишта, општественото однесување.[71] Содржини што го обликуваат идентитетот на луѓето. Овие содржини - преку филмот, радиото, телевизијата (електронските медиуми) - создаваат модели кои одредуваат како треба да изгледаат мажите, како жените, што е успех, а што неуспех. Со содржините на медиумската култура се формираат сфаќања за класите, етничката припадност, националност, сексуалноста, за Нас наспроти Нив.

Медумската култура ги формира општествените вредности, доминантните ставови – што е добро, а што е лошо, што е морално, а што неморално, што е позитивно или не. Сликите во медиумите се симболи што ја креираат општата културна клима. Со нив се создава идентитет и, според тоа, медиумската култура создава нови форми и на локална и на глобална култура.

Меѓутоа, како што со право предупредува Келнер, спектаклите на медиумската култура демонстрираат и нешто друго: тие зборуваат за моќта, за оние кои ја поседуваат и за оние кои се немоќни. Медиумите можат да ја драматизираат и легитимираат моќта на силите кои се фаворизираат, меѓу другото, и со тоа што на оние кои не поседуваат (доволна) моќ им се презентира што ќе им се случи ако не се прилагодат на поредокот. Имајќи ја во вид и манипулациската моќ на медиумите, како и нивното ставање во функција на моќните, во современото општество е исклучително значајно да се научи како да се разбере, толкува и критикува значењето на пораките испратени преку медиумите. Влијанието на современите медиуми е толку големо што понекогаш му се дава и улога на извор на културна педагогија, со тоа што се верува дека медиумите придонесуваат за едукацијата на примателите на нивните пораки и наративи. Меѓутоа, во консумеристичко општество, медиумите не се неутрални: тие и кога „едуцираат", всушност, влијаат на тоа како и што човекот треба да мисли, чувствува, верува или од што да се плаши. Оттука, стекнувањето на критичка медиумска писменост е средство кое ќе овозможи рационален поглед на општеството, на другите, но и на самите себе, опирајќи се на медиумските манипулации.

---

[71] Kellner D., Media Culture: Cultural studies, identity and politics between the modern and the postmodern, NY: Routledge, 2003.

Како што веќе видовме, културата е партиципативна дејност, во која луѓето ги креираат своите општества и идентитети. Културата ги насочува поединците во насока на негување на нивните потенцијали и способности за говор, дејствување и креативност. Кога зборуваме за медиумската култура, исто така, зборуваме за феномен кој влијае во слична насока, но на сосема инаков начин. Имено, луѓето во модерниот свет минуваат неверојатно многу време во користење на класичните или социјалните медиуми. Всушност, користењето на медиумите може да има и обратно влијание, т.е. да создава одредена зависност, привид на дејствување или дури и мрзеливост, односно одлики кои не ги унапредуваат, туку сузбиваат креативноста и дејствителноста кај луѓето. Ова станува особено сериозен проблем кај најмладата популација.

Медиумската култура е исклучително сложен предмет на истражување, а како и многу поими и овој не е лесен за теоретизирање и дефинирање. Најголемиот број општи теории се еднострани и не ги опфаќаат сите аспекти на медиумската култура. Во 60-те и 70-те години на минатиот век, на пример, преовладуваа теориите за медиумска манипулација и доминација, кои сметаа дека медиумите се семоќни сили на општествена контрола и дека успеваат да воспостават монолитна доминантна идеологија кај своите консумери. Како реакција на ваквиот модел, во последните години се јавуваат бројни други теории кои акцентот го ставаат на моќта на публиката да ѝ одолее на медиумската манипулација, да ги користи за свои цели и да им дава свои значења на медиумските симболи и пораки, внесувајќи во нив дел од сопствената култура. Се разбира, и ваквото гледање на медиумите и медиумската култура е еднострано, па затоа Келнер и останатите трагаат по посеопфатни и мултидимензионални критички пристапи за теоретизирање на контрадикторните ефекти на медиумската култура.[72] Последниве години значајна теориска дебата се води околу концептот на „медијатизација“ (mediatization), односно околу еден нов поим кој треба да понуди теориска рамка за дебатирање на влијанијата на медиумите и комуникациите врз другите општествени и културни домени, а која ќе ги поврзе

---

[72] Исто, стр. 3.

истражувачите од различните научни дисциплини. Медијатизацијата сака да ја надмине тесната рамка и базичниот постулат, според кој медиумите имаат директен, каузално влијание врз секој аспект на современото општество.[73] најопшто земено, концептот на медијатизација се обидува да ги опфати долгорочните процеси на заемно влијание помеѓу промената на медиумите од една страна и општествените и културни промени, од друга.

Како историски феномен, медиумската култура се јавува пред релативно кус период. Иако одредени облици на медиумска култура се појавуваат и порано, сепак напредокот на телевизијата е моментот во кој медиумската култура станува доминантна сила во рамки на општата култура, социјализацијата, политиката и општествениот живот. Сето она што следува потоа, во вид на сателитска и кабловска телевизија, видео рекордерите и другите домашни мултимедијални технологии за забава, а во најново време и домашните компјутери, само го засилуваат ширењето на медиумската култура и ја зголемуваат нејзината моќ.

Во развиените, капиталистички земји, медиумската култура е претежно комерцијален вид на култура, чија главна цел е профитот, а која се продава како медиумски продукти од најразличен тип. Комерцијализацијата и комодификацијата на културата доведе до значајни последици за медиумите и за општеството. Производството за профит значи дека културната индустрија нужно се наочува кон создавање производи кои ќе бидат популарни, кои ќе се продаваат, или кои ќе привлекуваат голема публика. Оттука, акцентот се става на пронаоѓање на вредности, вкусови и форми кои нема да ја одвратат или навредат публиката, туку ќе ја привлечат што повеќе. Иако медиумската култура е главно насочена кон унапредување на интересите на оној општествен слој кој ги поседува и/или контролира медиумите, сепак медиумските производи се нужно инволвирани, на еден или друг начин, во општествениот судир помеѓу конкурентните групи, и ги артикулираат нивните спротивставени позиции, понекогаш влиаејќи на општествениот статус кво, а

---

[73] Види особено полемиката помеѓу: Deacon D. and Stanyer J., "Mediatization: key concept or conceptual bandwagon?", *Media, Culture & Society*, vol. 36, no. 7, 2014 и Hepp A., Hjarvard S. and Lundby K., "Mediatization: theorizing the interplay between media, culture and society", *Media, Culture & Society*, vol. 37. no. 2, 2015. Слично: Couldry N. and Hepp A., "Conceptualizing mediatization: contexts, traditions, arguments", *Communication Theory*, vol. 23, no. 3, 2013.

понекогаш (не)сакајќи поттикнувајќи ги силите на критиката, отпорот и прогресот. Имајќи го предвид ова двојство вградено во медиумите, очигледно е дека на медиумската култура не може да се гледа исклучиво низ призмата на доминантната идеологија и вредности кои таа ги наметнува, туку мора да се гледа нијансирано и во рамки на одреден контекст во кој се случува општествениот процес и во кој се водат различните дискурси, токму преку медиумите.

Во поглед на нејзиното значење, медиумската култура претставува доминантна култура на денешнината. Таа постепено ги замени и потисна другите повисоки (поелитистички и/или поквалитетни и пософистицирани) видови на култура. Кај поединците полесно допираат пораките пренесувани преку медиумите одошто, на пример, литературата, поезијата или другите уметности. Масовната култура која ја креираат медиумите создава и посебен вид на медиумска писменост за комуникација и вештини за декодирање на новите културни форми на комуникација. Медиумите станаа и доминантна сила за социјализација, која продуцира и нови модели на идентификација (со славните, богатите, успешните).

Меѓутоа, медиумската култура претставува и поле на кое се водат битките за контрола на општеството. Во нејзини рамки се спротивставуваат политички, економски, општествени, етнички, родови, и други ставови и интереси. Она што ги издвојува медиумите на модерното време е тоа што тие сè повеќе се фокусираат на доменот на забавата, наместо на информирањето или дијалогот/посредувањето помеѓу оние кои владеат/управуваат и оние со кои се владее/се управувани. Медиумите се интимно поврзани со изворите на моќта во општеството, т.е. со центрите кои посакуваат граѓанство со одреден поглед на свет, преку креирање на јавно мислење, вредносни кодекси и однесувања. Во право се авторите кои велат дека комуникациските медиуми во исто време се „општествен производ“, но и „производител на општествени промени“.[74] А безбедносниот комплекс на прашања е, како што веќе видовме, нешто што и натаму останува централен интерес на државата, односно организираната политичка заедница.

---

[74] Петровски В. и Мирасчиева С., *исто,* стр. 144.

## 3.3. КУЛТУРАТА И НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Во денешниот се поглобализиран свет, сосема е правилно да се каже дека нема одвоени и неспоиви прашања, појави или случувања. Со системот на поврзување на тие случувања, може да се објасни се посложената меѓузависност на многуте појави и процеси, па така и на процесот на културата и безбедноста.

Прашањето за односот на културата и безбедноста, особено националната безбедност, е не само недоволно истражено, туку на прв поглед дури и се смета за несоодветно. Меѓутоа, последните две децении фокусот на истражувачите се промени, подеднакво кога станува збор за националната и за меѓународната безбедност. На пример, еден значаен бран на теориски и научни анализи по ова прашање беа поттикнати со познатата теза на Семјуел Хантингтон за „судирот на цивилизациите" (културите),[75] но и популарноста на културниот/нормативниот модел на тезата за демократскиот мир[76]. Во своето познато дело Каценштајн и неговите соработници почнуваат отворено да ги објаснуваат различните национални безбедносни политики како продукти на културата.[77] Доминантната ориентација на новите студии за односот меѓу културата и безбедноста се главно позитивистички. Културалистите кои го следат овој пристап обично ја концептуализираат културата во смисла на идеатионални варијабли (споделени вредности и норми, уверувања, идентитети), а потоа се обидуваат да докажат како тие независни варијабли влијаат на одлуките поврзани со националната безбедносна политика, како на пример: избор на сојузници, (не)употребата на одредени оружја, изборот на воената доктрина, учеството во хуманитарните интервенции и сл. Ваквиот пристап претпоставува дека доменот на културата е автономен и одделен од политиката на националната безбедност (т.е. не е контаминиран од неа).[78] Меѓутоа, дури ни позитивистите не можат да ги заобиколат сфаќањата, како оние на Мишел Фуко или Едвард Саид, за поврзаноста на политичката моќ и културата. На пример, Саид го документираше убедливо значителниот степен во

---

[75] Huntington S., The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, NY: Touchstone, 1996.

[76] Russet B., *исто.*

[77] Katzenstein P. (ed.), The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics, NY: Columbia University Press, 1996.

[78] Oren I., "Is Culture Indenendent of National Security?, *European Journal of International Relations*, vol. 6, no. 4, 2000, стр. 544.

кој западните културни вредности и идеи биле обликувани од надворешно-политичките цели и интереси на западните влади.[79]

Всушност, она што културалистите не успеваат да го видат држејќи се до тезата дека културата е егзогена независна варијабла, е фактот што културата (вклучувајќи ја тука и научната продукција) и националната безбедност можат да бидат обликувани заедно, и тоа од властите кои во своите политики главно се фокусираат на безбедноста. Со други зборови, културата и безбедноста се во дијалектичка врска: колку што безбедносната логика (онаа поддржувана од политичките власти) влијаат, на еден или друг начин врз културата на едно општество, толку и културните вредности имаат влијание врз сфаќањето на националната безбедност.

Прашањето на безбедносната култура е тесно поврзано со концептот на политичка култура.[80] Политичката култура ја претставува, всушност, социопсихолошката димензија на политиката, и како таква таа е составен дел на општата култура во една земја. Таа претставува збир на вредности, уверувања и модели на однесување во политичката сфера, кои се искристализирале низ долготрајното практикување од страна на политичките субјекти, и кои служат како мотив и рамка за нивното дејствување. [81] Нејзината содржина најчесто се определува според одговорите на прашањата за карактерот и легитимитетот на власта, начинот на регрутирање на припадниците на управувачкиот слој и начинот на управување. Односот меѓу политичката култура, стабилноста и безбедноста во едно општество е сложен и мултидимензионален. Всушност, во центарот на оваа равенка стои прашањето на политичката социјализација, односно процесот низ кој доаѓа до политичко описменување и интернализирање на доминантните вредности на поредокот.

---

[79] Said E., *Culture and Imperialism*, NY: Vintage Books, 1993.

[80] Almond G. and Verba S., The Civic Culture or The Civic Culture: Political Attitudes and Democracy in Five Nations, NY: Sage Publications, 1963.

[81] Ванковска Б., Политички систем на Република Македонија, исто, стр. 65-66.

## 3.4. МЕДИУМИТЕ И НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Прашањето за односот меѓу медиумите и националната безбедност е во центарот на прашањето за балансот помеѓу слободата и безбедноста, помеѓу човековите права и националната безбедност. Прашањето добива различни одговори за овој деликатен баланс, зависно од тоа дали се однесува на секојдневни (мирнодобски, редовни) услови, или за време на национална опасност (вонредна или воена состојба). Меѓутоа, под влијание на современите безбедносни закани (особено тероризмот) оваа дистинкција станува побледа и потешка за одржување. Имено, во редовни/нормални околности, најчесто се поставуваат следниве прашања[82]: колку добро медиумите ја познаваат проблематиката на националната безбедност? Дали, со начинот на своето работење (ограничувањата во однос на просторот и времето), тие можат да влијаат на информирањето на граѓаните, кои потоа можат да станат активни чинители во креирањето на јавните политики? Ако е точно дека сферата на националната безбедност подлежи на тајновитост и нетранспарентност, тогаш се доведува во прашање и активната партиципација и демократска контрола врз овој сектор. Во време на вонредни и итни ситуации, нештата стануваат уште посложеби, бидејќи генерално доаѓа до ограничување на човековите слободи и права, ама и на демократското функционирање на политичкиот систем. Медиумите се ставени во ситуација или да премолчуваат или да вршат пропагандна дејност во функција на остварување на целите на државните власти. Но, за тоа како медиумите се однесуваат кон прашањата од сферата на безбедноста најдобар показател се студиите на случај, односно примерите од практиката, кон што и ние ќе се задржиме подолу во дисертацијата.

Клучната тензија помеѓу она што го претставуваат медиумите и она што ја претставува националната безбедност лежи во тоа што првите настојуваат да споделат што повеќе информации за настаните во име на слободата, додека другите го спречуваат тоа во име на безбедноста. Но, оваа тензија е резултат на развојот на медиумската технологија. Калб е во право кога укажува дека сè до откривањето на

---

[82] Види слично: Shapley D., "The Media and National Security", Daedalus, Vol. 111, No. 4, p. 199.

телеграфот во 1843 година, војската можеше безбедно да ги прими сите новинари, дури да им дозволи пристап и до бојното поле, бидејќи медиумските извештаи стасуваа толку споро што мали беа шансите од објавувањето на веста да му се причини задоволство на непријателот или да се создаде посрамувачка ситуација за генералите или политичарите.[83]

Мислењето на судијата на Врховниот суд, Оливер Вендел Скот, (во врска со предметот *Schenck v. United States* од 1919 година, и натаму се смета за релевантен критериум во однос на балансирањето на слободата на говорот и безбедноста: „Кога државата е во воена или вонредна состојба многу нешта кои инаку можат слободно да се кажат во време на мир стануваат толку голема пречка за државата што нивното кажување не смее да се овозможи сè додека се водат борбите, а ниту еден суд не смее да ги оцени како заштитени од уставот."[84] Според овој критериум дефиниран пред речиси сто години, додека слободата на изразувањето е непопречена во време на мир, во време на војна нужни се одредени рестрикции во полза на националната безбедност. Меѓутоа, настаните од 11 септември 2001 година претставуваа точка на пресврт кога многу демократски влади го поместија балансот во полза на националната безбедност. Оваа тенденција е јасно воочена и во следниот преглед на состојбите од страна на УНЕСКО: „Настаните од 11 септември и војната против тероризмот ги зголемија грижите околу слободата на печатот. Разни правни и законодавни мерки се предложени или усвоени во Австралија, Канада, Кипар, Франција, Индија... Велика Британија, САД... и во Европската унија, меѓу другите, кои се предмет на критика за нивниот негативен импакт врз работата на медиумите. Во некои случаи, исто така, климата на несигурност генерирана од 11 септември и од војната против тероризмот која следуваше, им дадоа можност на владите да ги преземат рестриктивните мерки кои одамна ги чуваа во фиоките. Некои мерки,

[83] Kalb M., "Whose Side Are We on?", *Washington Post*, Thursday, 11 October 2001.

[84] Цитирано според: Sherman M. and Shavit S., "The Media and National Security: The Performance of the Israeli Press in the Eyes of the Israeli Public", *Israel Affairs*, Vol.12, No.3, July 2006, p. 547.

преземени или планирани, го ограничуваат „правото да се знае“, со тоа што владините агенции ги повлекуваат информациите коишто порано беа достапни за јавноста.[85]

Тензијата помеѓу двете сфери - заштитата на демократските вредности од внатрешните извори на загрозување, од една страна, и одбраната на демократските вредности од надворешен напад, на друга, генерира суштинска дилема за одговорните новинари. Всушност, постои инхерентен структурен потенцијал за недоверба помеѓу војската и политичките елити од една страна, и медиумите и јавноста, од друга. Како што забележува Дандекер, вторите можат легитимно да прашаат „какви конспирации или прикривања на грешки во проценката може да се покријат со фразата 'во интерес на националната безбедност'“. И обратно, војската може да праша „зошто би требала да се наруши оперативната потреба за тајност (и шансите за воен успех со минимум жртви на сопствената страна) од страна на медиумите, кои под закрила дека му служат на јавното „право да се знае“ всушност остваруваат профит на пазарот, остваруваат приходи од рекламирање и ги поттикнуваат интересите на новинарската кариера за напредување?“.[86]

Во овој дел би сакале да се задржиме на еден посебен аспект на односот помеѓу медиумите и националната безбедност: реториката! Имено, онака како што медиумите развиваат - согласно нивниот тип, фокус, намена - одреден начин на комуникација и на пренесување на пораките до пошироката јавност/публиката, така и експертите во сферата на националната безбедност располагаат со сопствена стручна и понекогаш високо специјализирана терминологија, со која ги објаснуваат концептите кои се во фокусот на нивната работа (на пример, изразите како „заемна сигурна деструкција“, „флексибилен одговор“, „контрасила“ и сл.). Оттука, секој новинар кој сака да се зафати со истражувачко новинарство од сферата на безбедноста мора да се насочи не само кон фактите, настаните и слично, туку и да го познава и деконструира

---

[85] Достапно на: http://portal.unesco.org/ci/ev.php?URL_IDj1669&URL_DOjDO_TOPIC&URL_SECTIONj201&reloadj1024432641.

[86] Dandeker C., "Public Opinion, the Media and the Gulf War", Armed Forces and Society, Vol. 22, No. 2 (Winter 1995/1996), p. 229.

јазикот кој го користат лицата задолжени за односите со јавноста или експертите кои ги консултираат.

## 3.5. ПОИМ НА БЕЗБЕДНОСНА КУЛТУРА

Безбедноста и културата се многу важни за општествениот развој. Евидентно е дека кон крајот на 20-от и почетокот на 21-от век, нееднаквоста меѓу државите и народите и натаму се зголемува, поради што доаѓа до многубројни судири и сериозна напнатост во меѓународните односи. Оттука, од голема важност е да се засили соработката меѓу народите, почитувањето на правата, овозможувањето на уживање на основните човекови слободи, како и заштитата на мирот и планетата Земја, за живот на идните генерации.[87] За остварување на тие цели, неопходно е сите членови на заедницата, без оглед на положбата што ја заземаат во општествената хиерархија, да имаат изградена свест за нивната важност. Тоа може да се постигне преку многу активности како што се образованието, науката, културата, но и преку укажување на значењето од подигнувањето на нивото на безбедносната култура.

Безбедносната свест станува култура кога заедницата во целост ја прифаќа таа свесност, укажува и делува на однесувањата, појавите и акцидентите кои ја нарушуваат безбедноста.[88] Зголемувањето на улогата и значењето на свеста се изразува не само на макроплан, туку и во сферата на индивидуалните и колективните активности на луѓето. Во поширок социјален контекст, тоа се изразува преку интересот, вниманието и грижата за општеството, можностите и перспективите за развој на безбедноста и нејзината положба и улога во еден општествен систем.

Поимот на безбедносна култура е многу близок со поимот стратегиска култура. Имено, стратегијата може да има повеќе димензии, од кои една е културната. Културата се состои од трајни (иако не и вечни) општествено пренесувани идеи, ставови, традиции, начини на размислување и навики, како и преферирани методи на дејствување, кои се повеќе или помалку специфични за одредена географски

---

[87] Стајиќ Љ., Мијалковиќ С., Станаревиќ С., *исто*, стр.7

[88] Gray C., "Strategic culture as context: the first generation of theory strikes back", *Review of International Studies (1999)*, 25.

дефинирана безбедносна заедница со уникатно историско искуство. Во една одредена заедница може да постојат една или повеќе стратегиски/безбедносни култури. Тие се менуваат со текот на времето, со апсорбирање на нови искуства и кодови кои се преточуваат низ културни симболи и премиси. Но, како и општата култура, така и овој вид култура се менува многу споро. Тоа треба да го имаат во вид и научните истражувачи кога сугерираат или откриваат фактори кои влијаат врз стратегиската и/или безбедносната култура. Нешто што евентуално може да се формулира и менува од година во година, или од деценија во деценија, не може да носи назив култура.[89] Секојдневните односи на многу заедници и народи почиваат на одредени конвенциии и правила на однесување, како и на нивното доследно почитување. Со текот на времето, овие стандарди на однесување, всушност, преминуваат во доменот на потсвесното, интуитивното, рутинското, нешто што е рамно на одвивањето на секојдневните активности како што се: облекувањето, хранењето, хигиената и сл. Во таа смисла Вилијамс сугерира дека културата е опис на еден конкретен начин на живот, кој наоѓа одраз во институциите и секојдневното однесување.[90] Со други зборови, културата ја претставуваат идеите, таа е доказ за делотворноста на идеите, и затоа таа е и однесување.

Промените во културата и безбедноста се долготраен и темелен процес, затоа што традиционалните вредности се доста инертни и тешко променливи. Меѓутоа, не треба да се заборава дека сè се менува и се прилагодува кон условите што ги носи новото време.[91] Безбедносната култура е, сепак, менлива категорија, условена со многубројни фактори. Согласно динамиката на промените кај факторите коишто ја обликуваат, се менува и безбедносната култура. Таа не е одредена и пропишана од одредени државни субјекти или институции, туку се создава во долг временски интервал низ општествена интеракција помеѓу повеќе субјекти како што се:

---

[89] Исто.

[90] Williams R., "The Analysis of Culture", in Storey John (ed.), *Cultural Theory and Popular Culture: A Reader*, NY: Routledge, 2008, p. 56.

[91] Исто, стр.8

семејството, училиштето, субјекти на безбедноста, научни институции, верски организации(заедници), спортски организации итн.

Безбедносната култура се третира како карактеристика на глобалното општество и како дел на општата култура, но исто така и како дел на културата на поединците. Безбедносната култура ги опфаќа сознанијата, како теориските така и практичните, за распознавање на изворите и облиците на загрозување на вредностите во најширока смисла на зборот, при што се остварува проактивна улога, со цел зачувување на вредностите на едно општество. Секоја организирана заедница свесно работи на подигнување на нивото на безбедносната култура, а пред сѐ на безбедносната свест кај јавноста, но проблем настанува кога се очекуваат брзи резултати, а особено кога целата активност добива идеолошко политичка, или уште полошо дневно-политичка димензија. Таа активност, првенствено мора да се базира на објективните потреби на заедницата и заштитата на нејзините темелни вредности. Значењето што поединечни општества ѝ го даваат на безбедносната култура, на нејзиното истакнување и уважување од пошироката заедница, станува мерило за нивната развиеност и свесност.

Длабоките општествени промени во текот на последните децении создаваат специфично безбедносно окружување, како на национален, така и на глобален план. Чувството на несигурност во сите општества станува сѐ посилно, иако никогаш порано немало толку активни безбедносни сили и поголема грижа за безбедноста отколку денес. Традиционалното сфаќање дека само војската и полицијата се одговорни за безбедноста е веќе надминато. Со други зборови, отворено е поле на една нова филозофија на безбедноста во која безбедносната култура има свое значајно место. На пример, полицијата сѐ повеќе добива улога на субјект кој делува селективно, кој се фокусира само на одредени (најопасни) облици на загрозување, додека на општеството му е оставено да се грижи за (помалку опасните) загрозувања.[92] На тој начин, постепено се создава една нова безбедносна култура во чие креирање и практикување учествува широк број субјекти. Во таа смисла, португалскиот

---

[92] Исто, стр.7

претседател Сампајо вели: „Статусот на граѓанин ја подразбира одговорноста кон себе и кон другите; тоа е свест за сопствените задачи и права; пат кон солидарноста и партиципацијата; смислата за заедништво и делба, незадоволство кога е нешто нечесно и погрешно, желба да се подобрат состојбите, да се биде во служба на одредени случувања, да се поттикнува духот на инвентивноста, храброста и ризикот; размислувања проследени со акција и промислена акција.“

Суштината на безбедносната култура ја откриваме во следните елементи:

а) одговорност (кон себе, другите, државата, имотот, меѓународната заедница и сите вредности кои треба да се заштитат: здравјето, моралот, културното наследство, екологијата и генетиката);

б) свест (за потребите, начините и средствата на заштита на веќе спомнатите вредности, како и свеста за облиците на загрозување, нивниот интензитет и траење, свеста за силата и моќта како и за потребата за индивидуална и колективна заштита и свест за сопствените задачи и права);

в) солидарност и партиципација, настанати како пат кон остварување на безбедност за сите, во секој миг и на ист начин, покрај сфаќањето дека таа не настанува сама за себе, туку се гради, брани и унапредува, а тоа се елементи кои бараат индивидуална и групна работа, одрекувања и вложувања, покрај уважувањето на другите луѓе и нивните потреби;

г) желба за подигање на гласот против загрозувачките појави и кога им се случуваат на другите, желба да се подобрат работите во доменот на безбедноста, желба опасните појави да се етикетираат и слично;

д) потстрек како елемент, кој што носи енергија работите да се сменат во позитивна насока, да се подобрат или едноставно да бидат во служба на одредени случувања во областа која што е многу битна за опстанокот, развојот и напредокот, како што е безбедноста.

ѓ) инвентивноста, храброста и ризикот се фактори што се важни елементи на секоја акција насочена кон промени. Овие фактори, се однесуваат на загрозувачките појави, кои што не се само објекти врз кои дејствува системот на безбедноста, туку

напротив многу се променливи, опасни, тешко се елиминираат и имаат свои начини на „заштита";

е) акцијата покрај потстрекот е извршна мерка, со која состојбата се доведува до посакувано ниво. Без акција, се останува на ниво на дескрипција, незадоволство и желби, без можност состојбите во безбедносна смисла да се сменат. Акцијата има повеќе улоги кои можат да се гледаат од различни агли: акција на дефинирање на интересите, вредностите и целите, акција на препознавање на изворите, облиците и носителите на загрозувањето, акција на дефинирање на стратегиите за заштита на вредностите и акција како дејствување.

Од наведеното може да се заклучи дека безбедносната култура има граѓанска, лична, општествена, меѓународна/глобална и професионална димензија. Колку е таа врска посилна, толку е побезбедна заедницата. На квалитетот на наведената врска, освен социјалното и културното наследство, влијаат образованието, свеста, политиката, состојбата во општеството (политичките, социјалните и економските состојби), меѓународното окружување и слично.

Безбедносната (и стратегиската) култура е релативно нов концепт во научна смисла на зборот, иако секое општество низ историјата имало сопствен збор на идеи, вредности и сфаќања за тоа што е она што треба да се заштити и кој е одговорен за остварувањето на таа функција. Новината на концептот е во поврзувањето со генералниот контекст на културата. Идејата на безбедносната култура, барем во нејзината идеална/типска форма, лежи во настојувањето да се превенираат главните облици и носители на загрозувањето, како и во утврдувањето на прифатливи и ефикасни начини за нивно сузбивање. Парафразирајќи го Махатма Ганди, според кој вистинскиот извор на правата се должностите, можеме да заклучиме дека извор на правото да се биде безбеден е и должност за соодветна грижа за одржување на безбедноста на вистински начин. Безбедносната култура е фундаментот врз кој може да се оствари таквиот баланс на правото и должноста.

Од поранешните наводи, видовме дека безбедноста и културата се поими што се надополнуваат и се наоѓаат во одреден заемен однос. Ако културата се одредува како склоп на универзални вредности врз основа на кои човекот ја одредува својата положба во општеството и во светот, а безбедноста како заштитник на тие вредности,

многу е јасна поврзаноста и условеноста на тие два поими. Според Обрен Ѓорѓевиќ, безбедносната култура е „дел од општата култура на поединецот, определената средина или општеството. Збирот на сознанијата од областа на безбедноста (основни вредности кои што се објект на нападот и заштитата, методи и облици како носители на загрозувањата) кои што ја сочинуваат поединците, средините и општеството способни да ги распознаваат методите, облиците и дејствувањата на загрозувањата, како и носители на тие дејности, без оглед каде и како се манифестираат."[93] Иако споменатата дефиниција се смета како добар обид за сублимирање на суштината на поимот на безбедносната култура, поимот останува сложен за дефинирање, бидејќи постојано се менува.

Безбедносната култура можеме да ја дефинираме како збир од ставови, вредности, знаења, вештини и правила од областа на безбедноста, манифестирани како однесување и процес за потребите, начините и средствата за заштита на личните, општествените и меѓународните вредности од сите извори, облици и носители на загрозувањето, без оглед на местото или времето на нивното експонирање. Дефиницијата упатува дека станува збор за сложена категорија со мултидисциплинарна содржина, па затоа е потребно да се посочат нејзините елементи за да се разбере подобро суштината, која е предмет на елаборирање.

Првиот елемент на дефиницијата е збирот на ставови, знаења, вештини и правила. Усвоените ставови на поединците, општеството и народите во себе содржат свест, морал, обичаи, верувања, вредности и симболички системи за прифаќање и ширење на знаењето за облиците и носителите на загрозувањето, нивниот интензитет и траењето, како и свеста за силата, моќта и потребата од индивидуалната и колективната заштита.[94] Знаењето, како што е сфатено во дефиницијата, го подразбира збирот од теориски, практични, професионални и лични знаења со кои правилно се препознаваат и објаснуваат загрозувачките појави и процеси, како и оние знаења кои служат за нивната елиминација или барем ги ублажуваат и отклонуваат последиците.

---

[93] Ђорђевић О, *Лексикон безбедности*, Београд: Привреда, 1989, стр.23.

[94] Исто, стр.35

Станува збор за специфични знаења, кои се стекнуваат во процесот на образованието од областа на безбедноста, но и од други општествени, технички и природни области. Способностите да се разберат сите тие промени кои што настанале како последица на материјалните и духовните интервенции на поединците или општеството (во природата, техниката , општеството), а поради напредок, развој и опстанок на човечкото општество, се доброволни дејства, базирани на знањето, со кои им се спротиставуваме на загрозувачките појави во релација со безбедносната наука. Правилата, пак, ги подразбираат имплицитните и експлицитните норми на стандардизираниот облик на мислења и однесувања во однос на безбедносните и небезбедносните појави, со кои се обезбедува правниот поредок на кој може да се повикуваат сите (поединците , општеството или меѓународната заедница).

Безбедносната култура е дел од секојдневниот живот и активности на граѓаните, професионалците, политичарите, службите на безбедностата, органите на безбедноста и тн.), кои континуирано го одржуваат системот на безбедноста во оптимална состојба и ги спречуваат настанатите небезбедносни појави.

Еден од елементите на дефиницијата е потребата, начинот и средството на заштитата. Заштитата на безбедноста е витална потреба без која нема опстанок и напредок на човекот, општеството или свеста. Начинот ги подразбира сите оние методи, обликувања и дејства со кои системот на безбедноста покрај употребата на разни средства, им се спротиставува на изворите, облиците и носителите на загрозувањата.Кога станува збор за средства, се мисли на сите оние правни, технички, духовни и психички средства со кои се остваруваат методите и активностите на спротивставување на загрозувачките појави.

Вредноста се одредува како нешто што што е важно, вредно и пожелно. Тоа се колективни идеали кои што се почитувани, пожелни и пропишани и мора да ги прифати секое општество, група или поединец. Вредностите се меѓусебно поврзани и кога на прв поглед не зависат едни од други. Исто така, може да се каже дека вредностите се уредени и егзистираат во рамките на даден хиерарскиот поредок. Освен реченото, треба да се напомене дека безбедносната култура ја подразбира како материјалната, така и духовната култура. Тоа е историска (развојна појава), која во себе ги вклучува временските и постојните промени и факти.

Безбедносната култура, исто така, ја подразбира свесната работа со цел на зачувување на постојната (примарна цел) или создавање на поволна (секундарна цел) на безбедносното опкружување или подобри услови за живот. Таа се прима и усвојува во текот на развитокот на поединецот и неговото општество, и како таква се доградува, менува и пренесува понатаму. За тој процес задолжени се поединците, семејството и самото општество, како и меѓународната заедница која врши или прима влијание пренесувајќи веќе создадени културни правила и вредности и создава услови за усвојување на нови вредности.[95]

Од аспектот на системот на вредности, безбедносната култура е позитивна категорија, зошто помеѓу останатото во себе содржи и :

- рамноправност и почитување на безбедносната култура на другите;
- односот помеѓу старото и новото во решавањето на безбедносните проблеми;
- однос на специјалистичката(професионалната) и масовна безбедносна култура како и стандардизација на вредностите дефинирани со безбедносната култура.

Врз основата на дефиницијата на безбедносната култура можат да се изведат и некои основни нејзини карактеристики:

- таа е дел од општата култура (на поединците, на општествените групи...);
- ги опфаќа ставовите, знаењата и вештините од областа на безбедноста во најширока смисла, (како во сферата на општеството така и во сферата на природата и техниката);
- таа претпоставува позитивен и проактивен пристап на потребата да се заштитат и личните вредности и вредностите на другите, државата, меѓународната заедница, знаењата да се однесуваат на препознавање и објаснување на сите облици и носители на загрозувањата, а способностите

[95] Исто, стр.36

да се однесуваат на методите и активностите за превенција и репресија на сите видови на загрозување.[96]

Од досегашната анализа на односот меѓу културата и безбедноста се наметнува неопходноста на безбедносната култура да се гледа и како на инструмент на системот на остварување на самата безбедност. Врската меѓу безбедноста и безбедносната култура е недвосмислена и трајна, а тоа укажува и на значењето на понатамошното проучување на оваа зависност, како и утврдувањето на факторите кои ја одредуваат безбедносната култура.

Првите елементи на безбедносната култура се стекнуваат преку семејното воспитување и искуствено живеење, а потоа со текот на образованието се прошируваат, се надополнуваат преку професионалната култура, и постојано се дооформуваат под влијание на културниот идентитет, но и медиумската изложеност. Ако на безбедносната култура гледаме низ призма на дадено општество, нејзиното присуство се открива во сите полиња на човековото дејствување: политиката, економијата, спортот, медицината, науката, техничко-технолошките системи, образованието, системот на безбедноста, заштита на животната средина, културата, медиумите и сл. Во продолжение ќе се задржиме на неколку суштински аспекти на безбедносната култура, кои се тесно поврзани и со некои од овие сфери на дејствување.

## 3.6. ЕТИЧКИОТ АСПЕКТ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Подрачјето на безбедносната култура преставува еден дел од општествениот живот, во кој - на еден или друг начин - се изразува и рефлектира вкупниот општествен морал. И обратно: безбедносната култура е нераскинливо поврзана за доминантниот општествен морален кодекс. Меѓутоа, разните теориски и практични школи на размислување за мирот и безбедноста имаат различен став по прашањето за тоа колку се инхерентно поврзани безбедноста и моралот, особено преку културните парадигми и норми. На пример, (не)реалистичката школа која во центарот на своите истражувања

[96] Исто, стр.37

ја става државата и нејзиниот опстанок по секоја цена ќе има еден однос кон прашањето што е морално, а што не е, кога станува збор за остварување на безбедносните приоритети. (Нео)либералистичката школа користи многу морализирање, но неретко тоа е во функција на оправдување на безбедносни операции со сомнителен морален бекграунд. Критичката школа, пак, тргнува од сосема поинаква позиција: за неа прашањето на етиката е толку значајно што токму тоа ја определува и суштината на концептот на безбедноста (кој не е поврзан со државата како клучен референтен објект на безбедноста).[97] Таа е фокусирана токму на дефинирањето на она што е „добро" во контекст на безбедноста, што е особено поврзано со обидите да се утврди природата и динамиката на напредокот и човечката еманципација. Еноставно кажано, претставниците на оваа школа нудат аргументи во поглед на потребата или да се преформулира безбедноста или сосема да се избегнат јазикот и логиката на безбедноста како штетни за општествениот прогрес.[98] Всушност, за Бут „еманципацијата е, теоретски кажано, безбедност". Според него, еманципацијата може да се дефинира како „обезбедување на луѓето од оние притисоци кои ги попречуваат да го прават она што тие слободно би избрале да го прават, а што е компатибилно со слободата на другите. Таа овозможува тројна рамка за политиката: филозофско вкотвување на знаењето, теорија за општествен прогрес и практика за отпор кон опресијата."[99] Според Вин Џоунс, давањето глас на безгласните, непретставените и немоќните е централното средство преку кое може да се оствари еманципацијата и безбедноста.[100]

Меѓутоа, во политичките и професионалните кругови сепак доминира сфаќањето дека безбедносната култура, во сите свои аспекти, преставува подрачје со исклучително продлабочени, структуирани дејства на моралните вредности и моралните фактори - иако истите не се дефинирани на начин на кој тоа го прави

---

[97] Browning C. and McDonald M., "The future of critical security studies: Ethics and the politics of security", *European Journal of International Relations*, vol. 19, no. 2, 2011.

[98] Исто, стр. 236.

[99] Booth K, *Theory of World Security*, Cambridge: Cambridge University Press, 2007, p. 112.

[100] Wyn Jones R, *Security, Strategy and Critical Theory*, London: Lynn Rienner, 1999, p. 159.

критичката школа.[101] Етичкото проценување на вредностите, во смисла на тоа што е добро, а што е лошо, непосредно се рефлектира и врз безбедносното реагирање во случај на негативно или загрозувачко дејствување на определени општествени субјекти или појави. Притоа, кога човекот го одредува својот морален однос кон другите луѓе, кон општеството или кон себе, тој инхерентно го дефинира и определува тој свој однос и низ призма на безбедносното дејствување, без оглед дали е свесен за тоа или не. Основен услов на морално прифатливото (и истовремено, безбедносно) дејствување е претходно утврдениот систем на вредности, според кој таквото дејстување би било насочено. Личната заштита, општествената и националната безбедност, се врвни инструментални вредности, кои отсекогаш се штителе во контекст на сите општествени и историски периоди.

Меѓутоа, кога станува збор за општествениот морал и поединецот, мора да се води сметка дека станува збор за асиметричен, нерамноправен однос. Зад општествениот морал секогаш стои државата со сите свои инструменти на влијание (од образование до медиумска култура), додека поединецот најчесто се прилагодува на него, дури и ако лично има различен став по некои прашања. По прашањата на безбедноста, кои државата ги подигнува на највисок пиедестал, индивидуата има и најмалку право на избор или критичко промислување. Кога станува збор за државната безбедност, јавниот предок и сето она што го определува, од поединците се бара не само нивно почитување, туку понекогаш и жртвување на личните слободи и права во полза на заедницата/државата. При анализата на овој сложен однос помеѓу моралот и безбедноста, треба да се има во вид и тоа дека тие не секогаш се во хармонична врска. Имено, во име на (националната) безбедност неретко се преземаат неморални дејствија. Она што е неморално во време на мир/нормални околности може да стане прифатливо во услови на зголемен страв и вонредни мерки за заштита на заедницата од надворешни или внатрешни непријатели.

---

[101] *European Code of Police Ethics* (Rec 2001), Council of Europe, Strasbourg, 14 January 2001.

Секуритизација е говорен чин[102], чин со кој се изразува дека загрозувањето на некого/нешто е прашање на нашиот опстанок, а пред приоритетот на опстанокот, сѐ друго (сите други вредности) се ставаат во втор план. Во таа смисла, Дикен и Лаустсен го анализираат примерот на фрлањето на атомската бомба врз Хирошима и начинот на кој тој чин е легитимиран пред јавноста. За аргументите кои го оправдуваат тој чин тие велат дека „се држат на една секуритизирана и квазирелигиска логика, според која чистотата, невиноста и добрите намери се сигурно на наша страна. Сето тоа е застапено во овој случај, вклучувајќи ја и идејата за напредност и подготвеност да се прифати ужасната цена за да се сочува драгоцената вредност - а што претставуваат невините жртви од два јапонски градови споредени со животите не милиони?Освен тоа, тука е и идејата за радикален чин како очајничко последно средство. Подготвеноста да се изведе монструозен чин е дури и доказ за силината на нашата верба. Вистински идеалисти се оние за кои нивниот дигнитет и морална вредност имаат секундарно значење пред каузата за која се борат."[103]

Етичкиот кодекс е различен зависно од позицијата што поединецот/групата ја има во општеството, но тој има есенцијално значење особено кај припадниците на безбедносните структури, кои во својот професионален кодекс мораат да вградат и општествено прифатливи етички норми и поведенија. Токму во оваа насока е важно да се истакнат етичките аспекти на безбедносната култура кај професионалците. Но, едно одговорно општество овој етички аспект го развива првенствено во поглед на следните дејствија:

1. вршење на функциите на безбедноста со почитување на етичките принципи;
2. ширење на позитивни ставови во однос на општата безбедност преку промовирање и унапредување на етичките стандарди во рамки на

---

[102] Wæver O., "Securitization and desecuritization". In: Lipschutz RD (ed.) *On Security*, New York: Columbia University Press, 1995.

[103] Diken B. and C. B. Laustsen, '"We Two Will Never Twin": Fundamentalism and the Politics of Security', *Global Society*, Vol. 20, No. 2, April, 2006, p. 220.

системот, и релациите на граѓанин-граѓанин, граѓанин-држава, држава-меѓународна заедница, и обратно;

3. подигнување на нивото на разбирање и на јавната свест за безбедносните потреби на заедницата и за начините на заштита на безбедноста;
4. дејствување врз совеста и свеста на сите припадници на општеството;
5. развивање на чувствата на должност и одговорност, како кон општеството, така и кон себе самиот;
6. промовирање на разбирањето и толеранцијата спрема различните култури и религии;
7. промовирање на општите морални вредности;
8. познавање на системот на моралните вредности на оние категории на лица или групи кои се сметаат за субјекти кои ја загрозуваат безбедноста;
9. инкорпорирање на етичките стандарди на општеството во соодветни законски, подзаконски и други правни акти од областа на безбедноста, и
10. јакнење и почитување на кодексот на професионална етика од страна на субјектите ангажирани во безбедносниот систем на едно општество.[104]

Врз безбедносната култура дејствуваат етичките вредности со позитивна содржина, но таа трпи влијанија и од општествено штетните појави, односно од оние појави и однесувања кои се спротивни на доминантниот морален кодекс. Девијантните општествени процеси и тенденции директно се рефлектираат и прекршуваат или, подобро речено, ја условуваат ефективноста на безбедносната култура. Слабеењето на безбедносната култура предизвикува натрупување на голем број морални прекршоци, опаѓање на посакуваното ниво на безбедност, општествена деградација, итн. И обратното е точно: показателите за високо ниво на општествени

[104] Исто.

девијации зборува не само за нивото не (не)безбедност, туку и за слабата безбедносна култура.

Безбедносната култура, како и моралот, е општествена категорија. Животот во општеството и интеракцијата со другите луѓе создава разни видови на норми на однесување кои ги регулираат односите на заедничкото живеење. Воедно се создаваат услови кои овозможуваат тоа живеење да биде и безбедно. Како слободно и творечко, но во исто време, и самосвесно и одговорно битие, индивидуата го гради сопствениот морал како исклучителна човечка придобивка, и притоа стекнува одредена безбедносна култура, која има за цел зачувување на личниот и општествениот интегритет.

Кодот на безбедносната култура, исто како и кај моралот, лежи во исклучително изразената задолжителност. Оваа значајна карактеристика се јавува, исто како и кај моралот, во две димензии: внатрешна и надворешна. Со други зборови, од исклучителна важност е човекот самиот себе си да си зададе одредена морална наредба корисна и од безбедносен аспект, и да ја интернализира како сопствена, а не да ја доживува како императив наметнат од некоја надворешна/туѓа сила. Од друга страна, пак, дејствувањето на човекот во рамките на неговото опкружување мора да биде насочено кон заштитата на вредностите кон целото општество и останатите поединци.[105] За да ги усвои моралните норми, личноста мора да се однесува не само морално, туку и со внимание кон личната и јавната безбедност. Рационалното и моралното безбедносно однесување се искажува преку одредено конкретно дејствување или недејствување и ја претставува свеста за целисходноста на одредена постапка. Слободната волја е насочена кон одредена цел и чувство на должност и одговорност кон општеството во кое живее и работи, но и кон самиот себе. Безбедносната култура, како пред се културен феномен, предизвикува голем општествен интерес и внимание. Особено треба да се почитува фактот дека етичкиот аспект ја прави безбедносната култура една од најсилните и најважните движечки

---

[105] Станаревић С. и Бодин М., исто.

сили во областа која се однесува на безбедносно-заштитната функција во општеството.

## 3.7. СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Како што веќе нагласивме, безбедносната култура претставува дел од општата култура на едно општество, но таа е истовремено и дел од општествениот праксис; таа претпоставува општествен однос, начин на општествено организирање или општење во поглед на централните вредности. Оттука и потребата на определување на местото и на улогата на безбедносната култура во севкупниот систем на општествени односи, како и за нејзината историска генеза, нормативните аспекти, културните ефекти, однесувањето. Според некои автори, следењето на корените и правците на развој на безбедносната култура, како и нејзината интеграција во елементите на сложената општествена структура, даваат увид во развојот и структуирањето на едно општество.[106] Имено, според нив, безбедносната култура претставува составен дел на структурните елементи на едно општество, но и елементите на тоа општеството влијаат повратно врз неа. Притоа, на односот општество-безбедносна култура не треба да се гледа како на однос помеѓу две посебни целини, туку да се прифати сфаќањето според кое безбедносната култура претставува интегрален дел од постоењето на современото општество, на начинот на неговото живеење. На неа треба да се гледа како на развиена општествена активност, како и на активност на општествено детерминираната индивидуа. Од тие активности настануваат и некои законитости врз основа на кои безбедносната култура сè повеќе се втемелува меѓу примарните области на општествените односи и активности.

Развиеноста на безбедносната култура во едно општество може да ги услови или осветли разните социјални случувања, но и општествените противречности кои ги произведуваат елементите на конфликтите и општествената нестабилност. Секој поединец ѝ припаѓа на одредена општествена група или заедница, а животот во рамките на таа заедница или група, во голема мерка, го детерминира и прифаќањето

---

[106] Бјелајац Ж., Жиројевић М, *Безбедносна култура у ери глобализације*, Институт за међународну политику и привреду, Београд 2014.

на соодветниот кодекс на однесување. Меѓутоа, во секоја заедница, постојат поединци кои во потполност или делумно не ги прифаќаат врвните вредности и правилата на однесување, усвоени од мнозинството на  заедницата. Обично се мисли дека оваа појава во голема мерка може да го загрози опстанокот на заедницата, но и спротивното се покажувало како точно во дадени историски ситуации на драматични пресврти: токму луѓе кои се спротивставиле на општествениот статус кво, на поредокот кој во себе го вградил структуралното насилство, доведувале до отпочнување на попрогресивни фази во развојот на општествената заедница.

Развиената безбедносна култура кај повеќето членови на една заедница или општество, која е не само со традиции, туку и со високо ниво на легитимитет, значително  придонесува за насочувањето и регулирањето на однесувањето на останатите членови кои покажуваат тенденции кон девијантно и/или деструктивно поведение. Притоа, би  било потребно да се чувствува позитивно влијание на оние припадници на заедницата, кои се обидуваат да отстапат од прифатените норми на однесување.[107] Врз основа на кажаното, може да се заклучи дека општествените конфликти, социјално-патолошките девијации, насилството, и воопшто секое однесување кое може да ја загрози безбедноста на едно општество или една индивидуа, претставува важен аспект на безбедносната култура.

За да безбедносната култура има позитивни ефекти во остварувањето на својата социјална функција, неопходно е да се утврди постоењето на следниве димензии:

- јасно разграничување на општествено прифатливите од општествено неприфатливи норми на однесување;
- правовремено реагирање на појавата на разни девијации, проблематично и непосакувано однесување на одделни членови на општеството;
- промовирање на закони и правила на однесувања, кои се прифатливи за поголемиот дел од популацијата;

---

[107] Стајић Љ., Мијалковић С., Станаревић С., исто, стр.41

- прифаќање на фактот дека различни општествени групи имаат различни ставови, барања и потреби во однос на некои аспекти на безбедноста, што се рефлектира и на содржината на посебната безбедносна култура;
- влијание врз одредени општествени групи во насока на стекнување повисоко ниво на безбедносната култура и
- унапредување и прилагодување на безбедносната култура на постоечките предизвици и императиви на безбедноста.[108]

Вообичаено, општеството е тоа што ги утврдува начините на кои што ќе се однесува и ќе реагира на негативните појави, и на сето она што ја загрозува безбедноста, а согласно своите интереси и можности, ама и традициите и уверувањата. На таков начин доаѓа до израз способноста и одговорноста на општеството да ги идентификува и анализира сите променливи општествени случувања и појави со негативен предзнак. Притоа е неопходно да се дефинираат одговорите на променливите императиви на општествената стварност, односно одѕивот кон општествените процеси. Исто така, општеството, или поточно државата, ја креира и коригира безбедносната политика во насока на поадекватно реагирање при решавање на безбедносните проблеми. На крајот, потребно е да се одреди значењето и димензијата на безбедносната култура, како на ниво на поединецот, така и на општеството во целост. Во демократската теорија за централен субјект се смета граѓанинот, кој е информиран, рационален и активен, па оттука се претпоставува дека тој влијае врз донесувањето на рационални одлуки во сите сфери на општественото живеење. Но, практиката често го демантира овој постулат, бидејќи понекогаш ниту државата посакува активен граѓанин, ниту пак граѓаните се по дефиниција рационални суштества. Во делот на информираноста, свој удел, секако, имаат медиумите и медиумските содржини кои ѝ се пласираат на јавноста, а кои најчесто немаат голема врска со прашањата на безбедноста.

Кога зборуваме за социјалните аспекти на безбедносната култура, мора да се има предвид дека и ова е исклучително сложена проблематика, која е

[108] Исто, стр.42

повеќедимензионална. Социјалниот амбиент, вкоренетите и продолжени конфликти, судирот на идентитетите, но првенствено отсуството на социјална правда, се констелации кои можат да креираат (не)безбедност, па дури и одредена контра безбедносна култура, која ќе ѝ се спротивстави на доминантната, онаа зад која стојат силите на конзервативната држава која може да се јави и како главен опресор врз сопствените граѓани.

## 3.8. ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Од настанокот на човековата заедница до денес, државите имаат единствена и заедничка преокупација: безбедноста. Според теоријата на општествен договор - од Хобс до Лок - се тврди дека токму поради безбедноста луѓето се здружиле во политичка заедница, а на суверенот му ги предале овластувањата да им ја гарантира личната и јавната безбедност, додека за возврат тие се лишуваат од одредени свои лични слободи и права. Всушност, не би било претерано да се каже дека зборот безбедност денес преовладува во јазикот на модерната политика, особено откако започна да владее стравот и паранојата од можни внатрешни или надворешни непријатели, кои се нетипични и недржавни актери. Безбедноста, во наше време како и порано, е прва и основна грижа на државата, поради што е неопходно современо толкување на политичките теории и меѓународните односи.[109] Некои современи теоритичари дури го застапуваат ставот дека современата политика, всушност, не е ништо друго туку своевиден „безбедносен проект“. На пример, секое позначајно однесување и примена на сила од страна на државите се објаснува и легитимира со безбедносни причини: заштита на сопствената безбедност, борба против тероризмот, запирање на агресивните намери на другите, спречување на хуманитарни катастрофи и слично. Во таков контекст, смената на политичките гарнитури на власт има многу мало значење кога станува збор за пристапот кон безбедноста. Меѓутоа, ваквата фокусираност на политиката/државата на безбедноста создава и чувство на нелагод и сомнеж, кој најдобро го илустрира Марк Неоклеус, кога вели дека „безбедноста стана главен наратив преку кој државата ги обликува нашите животи и имагинации...

[109] Dillon M, *Politics of Security*, London: Routledge, 1996, p.43.

продуцирајќи и организирајќи разни субјекти на начин кој е со предиспозиција кон употреба на насилство заради заштота на воспоставениот предок."[110]

Поради тоа, втемелувањето на националните политики, како што е и политиката на безбедноста, не може да го избегне општественото милие на безбедносната култура. Познавањето на сопствената политичка историја и традиција претпоставува и знаења во врска со доминантната безбедосна култура. Една извонредна студија вели дека „секое општество е придвижено од околностите во кои егзистира во насока на развивање на сопствен пристап кон надворешните односи. Со други зборови, дипломатијата, а оттука и секоја друга општествена институција, нужно ги инкорпорира традициите и вредностите кои се специфични за цивилизацијата која ја практикува."[111]

Сите размислувања дефинирани во рамките на практичната политика се, всушност, барања за безбедноста (како да се опстане, како да се преживее, како да се одбрани, како да се прошири, како да се сочува здравјето и сл). Токму затоа, безбедноста и безбедносната култура ја условуваат политичката мисла за тоа што го обезбедува животот, како индивидуалниот, така и на општествениот. Една од претходно споменатите премиси го докажува и фактот дека луѓето и општествата се однесуваат инстинктивно (инстинкт за преживување) или аксиоматично (во облик на принципот на самозаштита, правото на живот или правото на самоодбрана). Поради тоа, безбедноста и нејзината култура стануваат вредности што современите толкувања на политичките теории и современата политичка пракса не ги доведуваат во прашање, токму затоа што тие своите барања ги формулираат врз основа на вредностите што произлегуваат од самата безбедност. Безбедноста е темел врз кој настанале сите основни политички постулати на современото општество и врз кој е заснована архитектурата на современата политичка моќ, вклучувајќи ги современите демократски политичари, кои се обидуваат да ги втемелат основните поставки на својата легитимност.

---

[110] Neocleous M, *Critique of Security*, Edinburgh: Edinburgh University Press, 2008, p. 5.

[111] Bozeman A., *Politics and Culture in International History*, Princeton, NJ, 1960, p. 324, цитирано според Gray, исто, стр. 57.

Кога станува збор за современото разбирање на безбедноста, треба да се каже дека таа е помалку природен, а повеќе цивилизациски факт. Безбедноста, може да се разбере и како збор што ги опфаќа сите видови на безбедноста и тогаш најмногу се користи поимот – интегрална безбедност. Неопходно е да се укаже на фактот дека поимот безбедност има свои корени и во т.н позитивен страв, односно дека таа претставува основно орудие за конституирање на политичкиот поредок и ограничување на личното и групното однесување со потребни закони, поради остварување на правата на другите членови на таа иста заедница, или пак, за отстранување на разновидните облици на заедничката опасност. Улогата и значењето на безбедносната култура се содржани токму во „позитивниот страв", во заложбата таа алатка, наречена политички поредок во ограничување на личното и групното однесување да заживее по пат на свеста за неговата неопходност и со акција да се оствари, бидејќи без неа нема безбедност.

Безбедноста е централен поим на сите политики и идеологии (општествени и прогресивни), а сите политики се насочени кон разбирањето на безбедноста, која е претежно плод на воспоставената безбедносна култура. Со тоа, безбедносната култура доаѓа во директна врска со политиката и претставува појава која е одговорна за различното разбирање на безбедноста. Некои култури и политики својата безбедност ја остваруваат со напад (под различни изговори), а други со подготвеност за одбрана. Значи, безбедносната култура влијае (директно и индиректно) на политичката мисла и со тоа станува вредност која се заштитува и изградува со помош на политиката. Со тоа, поимите безбедносна култура и политика имаат докажан каузален однос. Политиката и безбедносната култура исто така се одредуваат како кон безбедноста, така и кон загрозувањето на истата. Секоја од свој аспект и поради свои потреби, но и во согласност со заедничките основи, затоа што се плод на потребите што имаат исти корени. Истиот корен на набљудување и дефинирање на загрозувачките појави би требало да доведе до единствено толкување на методите и средствата за ефикасно, морално и исплатливо остварување на безбедноста. Дилемите и различностите се јавуваат околу начините како до тоа да се дојде, односно дали политиката за тоа ја користи безбедносната култура или пак безбедносната култура ја користи политиката.

Кога се зборува за односот на политиката и безбедноста пожелно е да се имаат на ум и размислувањата на претставниците на Копенхашката школа на безбедносни студии, која разликува процес на политизација и процес на секуритизација (и обратно, на десекуритизација). Со наједноставни зборови кажано, нормалната политика претпоставува разрешување на општествените проблеми и судири со демократски, политички средства. Моментот кога едно прашање станува безбедносно значи дека некоја вредност е доведена во егзистензијална опасност, па редовните политички средства се недоволни за разрешување на тој проблем, и затоа се создава аларм (секуризитација) за внесување на вонредни, безбедносни мерки за справување со проблемот. Кога едно прашање престанува да биде „чисто" политичко и станува безбедносно, тоа е не само пораз на политиката, туку е и аларм за загрозеност. Таквата ситуација претставува отворена покана за државните репресивни институции, оние кои имаат монопол на употреба на сила, со своите овластувања и вештини да ја спасат ситуацијата. Оттука, размислувањата за праволиниска врска меѓу политиката и безбедносната култура можат да бидат и платформа за злоупотреба, за воведување вонредна ситуација која е непосакувана и од аспект на демократските вредности и од аспект на човековите права. Во таа смисла, голем број научници кои припаѓаат на критичката школа на безбедносните студии фоксуот го ставаат на употребата на политиката на безбедноста, односно го поставуваат прашањето: што безбедноста ѝ прави на политиката, односно какви ефекти може да предизвика кога безбедносната логика ќе се всели во демократската арена. Оттука, размислувањата се движат и кон тоа кои (безбедносни) дискурси предизвикуваат одредени нови практики, како безбедноста може да легитимира одредени актери или мерки. Она што е забележливо, особено во најновиот период, е дека безбедноста има мобилизирачки потенцијал, кој политичарите можат успешно да го искористат. Бурк ја развива оваа тема така што сугерира дека на безбедноста може да се гледа како на „политичка технологија која овозможува, односно ги ограничува поединците во рамките на поголемите системи на моќ и институционална акција."[112]

[112] Burke A., Beyond Security, Ethics and Violence: War against the Other, London: Routledge, 2007, p. 20.

Ако безбедносната култура ја сфативме и како општествен, ама и како индивидуален феномен, тогаш во оваа политичка призма треба да се размислува и за уште едно прашање: дали безбедноста треба да стане функција достапна и за граѓаните и како тоа може да се оствари, особено ако многу држави, под заканата од тероризмот, живеат во ситуација на континуирана војна (САД) или вонредна состојба (Франција)? Политиката на стравот и вонредната состојба, како што видовме, значи ограничување на активностите на слободните актери, граѓаните, медиумите, интелектуалците и сл. Тогаш, каква ќе биде безбедносната култура која се создава токму во вакво време кога државата на себе презема преголеми овластувања во интерес на безбедноста? Некои автори сугерираат дека воведувањето на „вонредна состојба" станува дел на секојдневната политичка практика, која на властите им овозможува да користат вонредни мерки, а вонредната состојба да стане „парадигма на власта".[113] Во сличен контекст, одредени автори се повикуваат на Мишел Фуко и неговото разбирање на биополитиката на безбедноста. Тие се загрижени поради видовите на владеење кои го регулираат животот на популацијата преку наметнување на својата моќ над човечкиот живот.[114]

## 3.9. ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Економските процеси и состојби се значајна детерминанта за сето она што се случува во општеството. Од економскиот развој зависи и воената моќ на една држава, нејзината меѓународна позиција, степенот на демократската култура и практика, социјалната положба на населението и социјалниот мир, итн. Не само класичниот марксизам и неомарксизмот, туку и модерната социологија се сложува со постулатот дека клучна детерминантна на она што е општествена надградба е токму економската база на општеството. Се разбира, оваа теза не смее да се земе како чист детерминизам, а нејзината употребна вредност мора да се изведе и од корелацијата со глобализацијата, која веќе оневозможува за економските параметри да се зборува

---

[113] Agamben G., *State of Exception*, Chicago, IL and London: University of Chicago Press, 2005.

[114] Dillon M and Lobo-Guerrero L, "Biopolitics of security in the 21st century: An introduction", *Review of International Studies*, vol. 34, no. 2, 2008.

само низ призма на националната држава. За потребите на ова истражување само ќе констатираме дека економијата е значаен фактор кој влијае и на општата (материјална и нематеријална) култура, па оттука и на безбедносната. Дијалектички гледано, и безбедносната состојба и/или нејзиното (не)одржување влијаат врз економските состојби во една земја.

Односот на економијата и националната безбедност до скоро беше анализирана само преку економските капацитети на државата да одржува робусен воен систем, и обратно - анализата се фокусираше на феноменот на воено-индустрискиот комплекс и неговите импликации врз општеството (обично, општествата на големите и моќни сили).[115] Крајот на Студената војна и очекувањата од т.н. мировна дивиденда ги наведоа истражувачите да размислуваат за новото меѓународно окружување, но и за новата врска помеѓу економијата и безбедноста, која во новите услови не би била веќе свртена кон воениот потенцијал, туку кон распределување на буџетските средства на невоени цели. Иако нештата не се одвиваа согласно ваквите преоптимистички очекувања, сепак и ова е индикација за тоа дека економскиот живот на една земја може многу да се промени со промената на меѓународното окружување и намалувањето (или зголемувањето) на надворешните воени закани.

Анализата на односите помеѓу овие две категории, економијата и безбедноста, укажува на поврзаноста на елементите на безбедносната култура (безбедносното однесување) со основните принципи на производството и со материјалните услови на живеење. Влијанието на економијата врз безбедносната култура и обратно, не се манифестира во сите општества и во сите економски системи на ист начин. Во секторското разбирање на концептот на безбедноста, еден значаен дел му припаѓа на концептот на економска безбедност. Таа се однесува на таква состојба на економскиот систем, која овозможува брз развој, ефикасност и решавање на социјалните проблеми, како и способност на државата да развива и реализира независна економска политика. Економската безбедност е органски вклучена во системот на национална безбедност,

---

[115] Friedberg A., "The Changing Relationship between Economics and National Security", *Political Science Quarterly*, Vol. 106, No. 2, Summer, 1991.

во смисла на следните компоненти: обезбедување на трајни капацитети за одбрана на земјата; одржување на мирот и безбедноста во општеството, и заштита од еколошки катастрофи. Во контекст на современите размислувања, таа може да биде надворешна и внатрешна. Најзначајните компоненти на економската безбедност се: енергијата, воената економија, научно-технолошкиот комплекс, храната, финансиите, сопственоста. Во овој контекст, на воено-економската безбедност, безбедноста на храната, и научно-технолошката безбедност се гледа како на јавни добра. Меѓутоа, економската безбедност е и една од примарните димензии на хуманата безбедност, и како таква е тесно поврзана со прашањата на сиромаштијата и нееднаквоста. Таа не се однесува само на обезбедувањето одредена помош за најсиромашните, туку треба да претставува рамка која ќе ги охрабри и оснажи луѓето да го развиваат својот целосен човечки потенцијал, преку изградба, одржување и развивање на економските основи на нивната заедница и нејзината благосостојба.[116]

Меѓу истражувачите долго време постоеле несогласувања околу тоа дали производните сили ги создаваат културните творештва, а со тоа и одреденото безбедносно однесување (безбедносна култура), или пак културата овозможува одредени облици на економско однесување. Го издвојуваме мислењето на современиот теоретичар Фукујама, според кој економијата навистина го представува клучниот фактор на општественото живеење, во кое културата го има непосредното влијание врз благосостојбата на општеството.[117] Без економска активност, нема соработка меѓу луѓето во рамка во која што се задоволуваат и индивидуалните и општествените потреби. Во таа меѓузависност и соработка луѓето можат да чуствуваат нагласена непријатност, па дури и несигурност, доколку недостасуваат јасни нормативи кои ќе укажуваат на стабилна безбедносна состојба.

Економската работа, одредена со културата и нејзиниот дел кој што ја претставува безбедноста, е поврзана со човековата желба да биде признаен и неговата работа да биде адекватно вреднувана. Взаемните влијанија на економските

[116] Tang Siew Mun, "Rethinking economic security in a globalized world", *Contemporary Politics*, Vol. 21, No. 1, 2015.

[117] Фукујама Ф., *Судар култура*, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 1997, стр. 30.

процеси и безбедносната култура се многу сложени, особено затоа што безбедносните проблеми можат да влијаат врз односот на луѓето кон работната активност, а преку неа и врз вкупниот економски живот на едно општество. Затоа се битни и сите оние обиди кои настојуваат да пронајдат ефикасна организација на економскиот живот, која би била добра појдовна основа за подобра перцепција на безбедносната страна на економскиот живот.

Непосредна обврска на едно општество е на секој свој субјект да му обезбеди извесен минимум на благосостојба. Тоа, всушност е потребно за да се обезбеди достоинствена човечка егзистенција, а за тоа е неопходна развиеност на економската база. Односот кон сопственоста може да биде економска, етичка, но и безбедносна категорија. Тој однос го опфаќа објективниот човечки однос кон средставата за производство и кон задоволувањето на своите потреби низ тие облици за поседување, но го опфаќа и субјективниот однос на луѓето кон предметите на општественото богатство.[118]

Во денешни услови од основа е сменет работниот процес и самата работа. Со сè поголемата механизација, автоматизација, компјутеризација и роботизација се менува содржината и карактерот на работата, со истовремено влијание и врз безбедноста во текот на работните активности. Старите принципи на доброто работење кои се темелеа на максималната стабилност, профитабилност и продуктивност на краток рок, безмалку веќе и не важат. Во обликувањето на најважните показатели за успешно работење на фирмите денес сè поголемо значење имаат некои сосема нови претпоставки. Максималната пазарна флексибилност и обезбедувањето на долгорочна конкурентска предност, базирана на воведување на најнови научни и технолошки достигнувања, се критериуми кои со силата на своето дејствување ги потиснуваат во втор план до вчера речиси неприкосновените постулати на економската ефикасност. Со промена на структурата на средствата за работа, се работи поинтезивно дури и во однос на најкратки периоди на амортизација. Високата технологија и усвојувањето на принципите на постојани иновации, едноставно ги насочува современите

---

[118] Nanto D., *Economics and National Security. Issues and implication for US Policy*, Congerssional Resarch Service, 2011, https://fas.org/sgp/crs/natsec/R41589.pdf

претпријатија својата стратегија да ја темелат на непрекината потреба за иновации. Притоа, одредени претпријатија се судруваат и со различни проблеми често од безбедносна природа. Евидентно е дека успехот на работата во претпријатијата во голема мерка зависи не само од нивните вкупни способности и стратешките цели на работењето, туку и од развиеноста на безбедносната култура на сите нивоа.

Основниот став на човекот кон работата и кон својата работна дејност зависи од неговите основни животни вредности. Тие вредности во голема мерка ја одредуваат и адекватната безбедносна култура. Ако безбедносната култура придонесува за поуспешна работа, тогаш и луѓето ќе бидат наклонети кон оној економски систем кој тие вредности најдобро ги остварува почитувајќи ги сите принципи и норми на однесување за кои безбедносната култура се залага.

Еден од најголемите економски предизвици на денешницата е како да се постигнат големи перформанси, а истовремено да се почитуваат нормите на безбедносното однесување. И покрај резултатите кои се постигнуваат со примената на безбедноснта култура во одредени економски процеси, безбедносните проблеми сепак се присутни, особено ако нивото на постигната безбедносна култура не е задоволувачко.

Како најизразени економски аспекти на развиената безбедносна култура во едно општество се издвојуваат:

- безбедносната култура со својата превентивна и проактивна улога и функција, сигурно го намалува бројот и деструктивното дејство на загрозувачките појави и процеси, а со тоа го ослободува системот на безбедноста и го прави поекономичен, бидејќи секое негово ангажирање предизвикува огромни економски трошоци, што во крајна смисла го плаќаат даночните обврзници и државата;
- намалувањето на бројот и последиците на загрозувачките појави, исто така остварува и големи економски заштеди и на самите жртви (нпр.,жртвите од поплави, пожари, кражби, сообраќајни несреќи и сл.), што повторно го прави севкупното општество побогато, зошто и тие штети на некој начин

мораат да се надокнадат, низ исплатата на осигурувањето или преку солидарна помош.

- развиената безбедносна култура свој економски аспект има и во т.н не ексцесни ситуации изразени како економски односи со странство преку заштита на средствата, интересите и позициите на домашните компании во светот. Со примената на важните принципи на безбедносната култура може да се влијае на економските односи, работата и позицијата на домашните компании, со тоа што ќе се проверува состојбата и кредибилитетот на странските фирми и со тоа ќе се спречува потпишување на штетни договори за купување на производи од „непостоечки" фирми и сл.;
- развиената безбедносна култура свој економски израз има и во усвојувањето на ставовите во донесувањето на правните прописи во извозот на технологиите и знаењата кои можат да имаат безбедносни импликации. На пр. не сите воено политички знаења, средства и технологии се адекватни за слободен извоз.Сите сериозни земји веќе имаат прописи,стандарди и процедури за постапување со овие средства и технологии. Не само затоа што во нивно владение можат да дојдат непријателски земји, туку и криминални и други организации (терористички, организиран криминал, деструктивни секти и сл.) и
- земјите со развиена безбедносна култура создадоа услови за поголеми странски вложувања - затоа што странскиот капитал по правило не доаѓа во нестабилни подрачја, туку странскиот капитал бара почитување на одредени меѓународни безбедносни стандарди, за да можат луѓето, средствата, технологиите и знаењата, да бидат заштитени од сите облици на загрозување.

Високоразвиените земји во секој момент настојуваат да владеат со динамиката, посакуваниот правец и високиот квалитет на својот производен развој, што во значителна мерка, зависи и од развиеноста на безбедносната култура во таа сфера.

На крајот на овој преглед, потребно е да се укаже и на уште едно специфично влијание на современата економија врз градењето на современата култура. Во потрагата по што повисок профит, оние кои се економски субјекти се во постојана трка за измислување на нови производи, статусни симболи и „измислени потреби" кои им ги наметнуваат на своите консумери, како мерка за благосостојба, углед и добар живот.[119] Според Маркузе, високо развиените индустриски општества, за своите економски, ама и политички потреби, создаваат консумеристичка/потрошувачка култура која се инфилтрира во приватната сфера преку наметнување на одреден животен стил и на ставовите на кјавното мислење: системските погледи за тоа што е добар живот и какво поведение е посакувано стасуваат во домовите преку телевизијата, радиото и консумираните добра кои носат и одредени симболички пораки. На тој начин, човекот се отуѓува од својата генеричка природа, и се свртува кон имиџот за тоа каков треба да биде и како да живее, со посредство на политичкиот и економскиот маркетинг. Залулкан во духот на потрошувачкото општество на (наводна) благосостојба, таквиот поединец не се грижи ниту за другите луѓе (отсуствува емпатија и солидарност), ниту за проблемите на сопствената политичка маргинализација и економска експлоатација. Класичното дело на Маркусе за „Еднодимензионалниот човек" било објавено во далечната 1962 година, но антиципира многу елементи и на модерното општество. Парадоксално, но со посредство на растечката глобализација и комерцијализација, оваа теза е релевантна дури и за земјите кои не се високо развиени, а се наоѓаат на светската периферија.

## 3.10. ВРЕДНОСНИТЕ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Според Немањиќ, ефикасната подготовка на единката за заземање на своите посебни општествени функции зависи од стандардизираниот карактер на однесување на членовите на општеството. Таквите стандарди се, всушност, културни модели. Без нив ниту едно општество не би можело ниту да функционира, ниту да преживее. За да преживее и да се развива, општествената заедница мора да го одржува интегритетот на заедничката културна ориентација, која во општи црти ја делат сите нејзини

---

[119] За ова повеќе кај: Marcuse H, One-Dimensional Man. Studies in Ideology of Advanced Industrial Society, NY: Routledge, 1991.

припадници, како основа на својот социјален идентитет.[120] Најважните културни примери се формираат во два длабински слоеви на културата - во рамки на традиционалните установи и сликите и симболите. Установите како што се фамилијата, училиштето, црквата и слично, се несомнено социјално-културни рамки во кои и се создаваат и се презентираат многу важни културни примери. Најтешко е да се препознаат оние културни примери што се поврзани со слики и симболи, но многу е важно да се нагласи значењето на проучувањето на културните модели, а во нивни рамки и националниот менталитет, поради утврдување на нивното влијание врз развојот на безбедносната култура. Секоја култура има свои сопствени и единствени облици на однесување и единствен пример на однесување.

За да го согледаме подобро значењето на културните вредности на безбедносната култура треба да појасниме дека безбедноста ја гледаме како дел од културата, иако примената на безбедноста култура првенствено има влијание на безбедноста, без оглед на тоа во која област на човековото дејствување ја набљудуваме. Безбедносната култура во вистинска смисла на зборот претставува основен елемент на опстанокот на едно општество и затоа е од огромно значење и е нераскинлив дел од безбедноста.

Првата дефиниција на културата потекнува од Пуфендоре 1688 година, а неговата теорија претставува насока на рационалистичко согледување на состојбите и законитостите на природата. Според неговото мислење, културата ги опфаќа сите пронајдоци и уреди кои се применуваат во човековиот живот, што значи: облека, јазик, обичаи, уметност, а пред сè целата организација на цивилизираните граѓански општества преку кои формирањето на човечкиот род е воведено во рамките на одреден поредок.[121] Почнувајќи од втората половина на 19 – от век, се развивала специјалистичка наука за културата која на почетокот имала главна база во етнологијата како нова гранка на споредните истражувања на примитивните заедници. Најчесто цитирана дефиниција е формулацијата на Едвард Тејлор во неговото дело

---

[120] Немањић М, *Културни обрасци и национални менталитет*, Зборник иститута за криминолошка и социолошка истаживања, Београд 1993, стр.170.

[121] Клосковска А., *Социологија културе*, Београд: Чигоја, 2001, стр. 10.

„Примитивна култура“ од 1871 година: „Културата и цивилизацијата се сложена целина која ги опфаќа знаењето, науката, верувањата, уметноста, правото, моралот, обичаите и сите други вредности и навики кои што ги стекнал човекот како член на општествената заедница.“[122]

Кога станува збор за човековата природа, важно е да се води сметка дека човековите особини не се вродени и непроменливи, туку најчесто станува збор за потенцијали кои човекот ги развива, негува и менува во текот на историјата и во интеракција со другите членови на општеството. Културата, како производ на специфично човечко дејствување, може да се определи и како „втора природа“ на човекот, а општествениот простор е полето во кое таа се остварува - или обратно, не се остварува поради отсуството на важните општествени претпоставки. Процесот на капитализација служи за воспоставување контрола над базичните нагони и за развивање на нови, секундарни потреби, со кои се обезбедува не само опстанокот, туку и развојот на човековите способности во одредена насока. Културата служи не само за задоволувањ ена потребите, туку претставува и утврдени обрасци/модели на однесување кои се пренесуваат со традицијата од генерација на генерација, по пат на навики и обичаи. За разлика од навиките и обичаите, нормите и вредностите претставуваат свесни и артикулирани императиви на општеството со кои се детерминира општествено пожелното и задолжително однесување. Нормите претставуваат систем на прописи/правила/прескрипции, кои го изразуваат „она како што би требало да биде“ како рационално структуирано во систем на правни и морални норми. Од друга страна, вредностите упатуваат на настојувањата и желбите на луѓето да го осмислат својот живот и животот на другите луѓе на соодветен начин. Така, вредностите се јавуваат како одредени придобивки, стандарди или ориентации, но и како идеали и визии. Вредностите се дефинираат како рационални категории. Поголем број поврзани вредности, всушност, сочинуваат систем на вредности, односно вредносни ориентации. Нормите се општествени прописи и правила за тоа

---

[122] Цитирано според Клосовска, исто, стр. 10.

„како треба да биде", и тие ги гарантираат адекватното однесување на поединците и групите во дадени ситуации.

Францускиот антрополог Марсел Мос смета дека индивидуата е производ на современото општестви, односно дека во поранешните епохи, тој бил во поголема мерка интегриран во колективот, отколку што е во современата. Ако тој порано повеќе претставувал член на одредена група (клан, традиција, етницитет, верска група и сл.), односно како личност го определувале тие својства, а не личните квалитети (индивидуалноста), сега веќе тоа не е така. Индивидуалната свест добива на значење со текот на човековата еманципација од стегите на бившите епохи. Либерализмот особено става акцент на индивидуализмот. Општествениот идентитет денес е определено двострано: преку начинот на кој личноста се гледа себе си во општеството и со начинот на кој неа ја гледаат другите членови на тоа општество. Исто така, индивидуата ја формира својата „слика во огледалото", но истовремено изградува и личен интегритет и индивидуалност. Во високо развиеното општество во кое доминира индустријата на забавата, на пример, општествената видливост, имиџот, или свесно и намерно изградената општествена претстава/слика за себе, не мора да ги одразува реалнисте својства на поединецот. Од друга страна, идентитетот може да се изрази и како општествена стигма, што е поврзано со постоењето на општествени предрасуди, па и општествено насилство, кон Другите/инаквите, кои не се вклопуваат во доминантната општествена слика за тоа каков треба да биде поединецот.

Во секое општество клучна улога има процесот на социјализација, односно процесот на усвојување на културата, преку кој поединецот станува интегриран и оспособен член на општеството. Социјализацијата подразбира учење и усвојување на соодветни начини на однесување, на нормите, јазикот, симболите и вредностите со кои се одразува културниот континуитет и се пренесува од генерација на генерација. Овој процес во себе ги опфаќа процесите на културализација, интериотизација и индивидуација. Културализацијата го подразбира воспотувањето на човекот за културно дејствување кое е примарно за неговото окружување. Интериотизацијата, пак, претставува субјективна, лична рецепција и одговор на општествените и културните барања и на окружувањето, нивна внатрешна преработка и поврзување со веќе стекнатото лично искуство на поединецот.

Социјализацијата може да биде примарна и секундарна: примарната се однесува на социјализацијата на детето, неговото растење, воспитување и образование. Секундарната социјализација се однесува на учењето и усвојувањето на соодветните начини на однесување и на нормите кои се поврзани со посебните општествени услоги, кои поединецот ги стекнува во возрасната фаза на својот живот (зависно од својата општествена позиција, степен на образование, професија, и сл.). Ресоцијализацијата е процес на исправање и модификација на одреден начин на однесување заради негова замена со друг.

Културата можеме да ја гледаме и како една од најважните карактеристики на човекот, која не е карактеристична за ниеден друг вид. Таа доаѓа до израз особено тогаш кога поединецот се набљудува во однос на општествената целина, како и во нивната взаемна интеракција. Од безбедносен аспект, пак, културата може да се гледа како усвоен и општоприфатен начин ( модел) на заштита на сите оние процеси, промени и творби кои настанале како резултат на духовното и материјалното творештво на човекот, а се со цел за напредок, развој и опстанок на општеството. Секоја култура содржи голем број на насоки кои го управуваат и ориентираат нашето однесување во одредени ситуации. Тие насоки се нарекуваат норми. Нормата е водич за акција и го одредува прифатливото однесување на луѓето.

Кога се набљудуваат најважните прашања на современиот културен развој, се воочуваат одредени фактори кои ја дефинираат културата:[123]

а) Рамноправноста и почитувањето на другите култури е основен услов за вклучување на сите култури и општества во развојните глобални процеси:

- однос помеѓу старото и новото како база за рамноправност во културата на национален план, одредува големи разлики(некои земји инсистираат на изразито нагласување на традиционалната култура, а други на елементи на новото.)
- однос помеѓу елитната и масовната култура;

---

[123] Цвјетичањин Б, Швоб-Ђокић Ј, *Култура и нови међународни економски поредак*, Београд: Југословенски преглед, 1982, стр.22.

- стандардизација на културните вредности и
- хиерархиски однос меѓу културите е невозможен, но сепак постои фактичка нерамноправност.

б) Културен идентитет:

- глобално развојно прашање и
- етничкото, националното и универзалното во културата.

в) Културна различност и културен плурализам.

г) Демократизација на културата и системот на културните вредности.

д) Специфични патишта на културниот развој.

ѓ) Меѓузависна култура.

Денеска е неопходно прифаќање на широк, глобален поим на културата што ги опфаќа дејностите што се одвиваат по општествено прифатливи примероци, во сите области на човековиот живот. Културата го оспособува човекот да размислува, го прави специфично човечко, рационално, критичко и ангажирано битие. Преку културата, човекот разликува вредности, преку неа се изразува, стекнува свест за себе, се сомнева во сопствените остварувања, неуморно трага за нови значења и создава дела кои и го надминуваат и самиот.

Со реализација на фукцијата на безбедноста се штитат виталните вредности на општеството, државата и поединците во потесна смисла и меѓународната заедница во поширока. Самата реализација на дадената функција подразбира извесно дејствување на човекот, како граѓанин или како субјект на безбедноста на национално или меѓународно (глобално) ниво. Правниот поредок ги заштитува општествените вредности, со тоа налага и одредено однесување на поединците и субјектите на безбедноста. Меѓутоа, однесувањето на општеството не е регулирано исклучиво со законските норми, туку и со нормите на општата култура, традицијата и обичаите. Наведените принципи го дефинираат начинот на работата на општеството и граѓаните и прават разлика меѓу добрата и лошата работа, инсистирајќи на однесувањето на поединецот кон доброто, што во краен случај значи зачувување на вистинските вредности.

Наведените принципи, го дефинираат начинот на работата помеѓу општеството и граѓанинот и прават разлика помеѓу доброто и лошото, инсистирајќи на однесувањето на поединецот насочено кон доброто, што во краен случај значи зачувување на вредностите. Под принципот на моралност во безбедносната култура се подразбира реализирање на функцијата на безбедноста на морално прифатлив и дозволен начин. Основата на моралното однесување го сочинуваат моралните стандарди на општеството и меѓународната заедница. Високоразвиената самоодговорност во општеството е основен услов за оптималната состојба на безбедноста. Меѓутоа, „општата ерозија на моралот" е една од битните пречки во достигање на висока самоодговорност на модерното општество. Тоа се гледа во давањето на предност на личните интереси и користи пред интересите и вредностите на општеството и во експанзијата на насилството, криминалот и социопатолошките појави. Тоа значи дека безбедносната култура во такво општество е на пониско ниво. Историјата покажала дека често цивилизациски најразвиените општества, организационо се распаѓале и материјално пропаѓале во оној миг кога духовната и моралната криза во општеството го достигала врвот.

Наспроти тоа, секој поединец мора да ја гради својата безбедносна култура преку градењето и почитувањето на принципите на личната етика.[124] Тоа подразбира:

- грижа за благосостојба на другите;
- почитување на автономијата на другите;
- вистинољубивост и чесност;
- непринудено почитување на законите;
- фер однос кон другите;
- да се прават добри дела.

Почитувањето на принципот на моралноста е основа за успешна реализација на функцијата на безбедноста. На овој принцип базирани се и сите останати принципи на

[124] Colero R., *A Framework for Universal Pinciples of Ethics*, https://ethics.ubc.ca/papers/invited/colero-html/ .

безбедносната култура, првенствено принципот на законитоста, принципот на доследноста и принципот на одговорноста. Под принципот на законитост во безбедносната култура се подразбира употребата на „методологија" за чување на безбедноста на личните и општите вредности, што е однапред предвидена и ги почитува нормите на внатрешниот и меѓународниот правен поредок. Правниот поредок има исклучително значење во остварувањето на функцијата на безбедноста: правното уредување на безбедноста е неопходно, првенствено поради природата на државните и општествените функции и неопходноста да се остварува безбедноста низ единствен систем. Под „методологија" на заштита на безбедноста на личните и општите општествени вредности се подразбираат збир на правила и принципи што се однесуваат на ангажирање на извесни субјекти, сили и средства, како и примена на одредени постапки и техники со цел да се спречи настанувањето или отклонувањето на последиците од загрозувачки појави. Виталните вредности на едно општество, организирањето субјекти за нивна заштита, овластувањето на припадници и сл. се одраз на волјата на мнозинството во државата, зашто волјата на мнозинството – народот, е основа на власта и на носењето на политичките одлуки на владата и собранието.[125] Значењето на почитувањето на принципот на законитоста во вршењето на функцијата на безбедноста се гледа во тоа што често на сила може да се одговори исклучиво со сила.

Во правната држава, силата мора да биде во служба на правото и во граници кои се предвидени со правото. На тој начин, се задоволува основниот принцип на законитоста зошто системот на безбедност егзистира заедно и исклучиво со правото. Принципот на доследност во безбедносната култура, подразбира константно почитување на принципот на безбедносната култура и правилата и принципите т.е „методологијата" за заштита на безбедноста на личните и општите, општествени вредности. Самата методологија на спротивставување на појавите на загрозување на безбедноста, мора да биде заснована врз принципите на етичноста и законитоста. Освен тоа, мора да се спроведува непрекинато, а конкретното постапување да биде

[125] Секој има право да учествува во управувањето со јавните работи во својата земја, непосредно или преку слободно избраните претставници: Член 21, универзална декларација за човековите права ООН 1948.

правовремено до следното спроведување на мерките на заштита и да ги карактеризира одговорностите на високо ниво. Принципот на доследност има база или е во директна врска со сите останати принципи на безбедносната култура. Принципот на доследност подразбира и примена на овластувања кон секој поединец (erga omnes), еднакво и без исклучоци; сите лица се еднакви пред законот и имаат право на еднаква законска заштита, без оглед на било какви разлики.

Во таа смисла, законот мора да обезбеди создавање на чувство на сигурност во поглед на правата и можностите, онака како што е тоа изнесено во позитивното право. Секогаш кога е потребно, на луѓето треба да им се укажува на нивните законски права и должности, како и на правото да добиваат заштита од незаконско или самоволно ограничувања на нивните права и слобода.[126]

Свеста за доследното спроведување на функцијата на безбедноста, секако е важен супстрат на безбедносната култура, а доследната реализација на наведената функција е важен услов за постигнување и обезбедување на оптималната состојба на безбедноста. Принципот на одговорност во безбедносната култура на граѓаните се огледа во нивното залагање за што посвесна заштита на личната безбедност, на безбедноста на другите и на државата. Граѓаните мора да бидат свесни дека се дел од еден голем систем кој се грижи за безбедноста. Исто така, мора да бидат свесни дека најмногу самите придонесуваат за личната безбедност. Тие самите треба да го спречат настанувањето на безбедносно-загрозувачките појави а доколку тоа не е во нивна моќ, во најкраток можен рок да го известат надлежниот субјект на безбедноста. Самодисциплината и довербата внатре во самите субјекти на безбедноста мора да бидат поголеми отколку кај граѓаните, со оглед на одредени овластувања и средства на принуда со кои тие располагаат. Одговорноста тука е општествен однос што подразбира совесно, стручно, квалитетно и одговорно извршување на прифатените

---

[126] Rover D.C., *To Serve and to Protect Human rights and Humanitarian law for Police and Security Forces*, Geneva: ICRC, 1998, p.140, https://www.icrc.org/eng/assets/files/publications/icrc-002-0698.pdf.

обврски, без кои субјектите на безбедноста не би можеле да функционираат, па дури ни да опстанат[127]

Во врска со тоа, припадниците на субјектите на безбедноста не смеат:

- личните, интересите на своите пријатели или непријатели да се ставаат над службените и над интересите на општата безбедност на општеството;
- да се избегне реагирањето или ненавремено реагирање на појавите на загрозување на безбедноста;
- службено да се интервенира на начин, со кој не се почитуваат постоечките законски процедури;
- да не се напуштаат безбедносните реони во кои работат;
- да се биде некоректен и да се има неслужбен однос кон странките и колегите;
- да се злоупотребуваат доверените овластувања и
- неодговорно да се однесуваат кон опремата и доверените материјално-технички сретства и сл.[128]

Со својот пример и низ контактите со граѓаните, субјектите на безбедност мораат да ја подобруваат нивната безбедносна култура. Одговорноста е важен принцип на безбедносната култура. Од степенот на одговорноста на граѓаните и припадниците на субјектите на безбедноста, во огромна мерка зависи и квалитетот на самата безбедносна состојба. Колку е одговорноста на поединците поголема, поголемо е и нивото на постигнатата безбедност.

Непрекинатоста, како принцип на безбедносната култура, се огледа во постојаниот ангажман на луѓето, примената на методите и средствата во зачувување и унапредување на состојбата на безбедност, но и како постојана подготвеност на системот на безбедност да одговори на неочекувани појави на загрозување.

---

[127] Стевановић О., *Руковођења у полицији*, Београд: Полициска академија, 2003, стр.116.

[128] Исто, стр.117

Во безбедносната култура на граѓаните, почитувањето на овој принцип се базира првенствено на морална, а потоа и на општа законска обврска за реализација на функцијата на безбедност но и во непрекината подготвеност за заштита на личните и општите вредности.

## 3.11. НАУЧНО-ОБРАЗОВЕН АСПЕКТ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА

Современиот општествен развој во светот е во знакот на сѐ позначајната улога на образованието и науката, како клучни развојни ресурси. Формирањето на човековиот општествен карактер во добар дел е условено од квалитетот на општото образование, што се стекнува во текот на животот. Научно-образовната функција на безбедносната култура се гледа како потреба на секоја личност да го сочува својот социокултурен идентитет, да ја развие самосвеста и безбедносната свест, со цел да ги заштити своите лични и врвните општествени вредности.

Кога станува збор за образованието и науката, важно е да се истакне нивното значење за развојот на општеството, неговата иднина, квалитетот на човековото живеење и можноста за неговата слобода и среќа. Колку и да е иднината неизвесна, таа секогаш го носи белегот на човековото творештво, човековата индивидуална и колективна акција, човековата мудрост или глупост.[129] Конкурентната способност на едно општество не се остварува во фабрика или лабораторија, туку во училишните клупи, па затоа како фактори од прв ред, во високо развиените земји, сѐ повеќе се потенцираат образованието и науката.

Меѓутоа, тргнувајќи од различното издвојување на стапката на националниот доход за образование и наука, како и од различната концентрација и распоредот на образовните установи, знаења, истражувања и иновации, помагала и патенти, (се смета дека повеќе од 95% од сето тоа е концентрирано во високо развиените земји, додека од 3% до 5% останува за земјите во развој). Од ова, може да се заклучи дека во современото општество образованието се јавува како битен фактор на нееднаквост, па

---

[129] Митровић Љ. Р., *Савремено друштво, стратегије развоја и актери*, Београд: иститут за политичке студије, 1996, стр. 303.

и потенцијална причина за продлабочување на разликите. Глобално гледано, во современиот свет постои феноменот на нееднаквост на шансите за образование и различен пристап во користењето на знаењата, информациите и новите технологии.[130] Сето тоа директно се одразува на степенот на развиеноста на безбедносната култура во една земја. Поаѓајќи од крупните промени во општеството и неговите поединечни сфери, треба да се истакне и неопходноста од промените и во системот на образованието.

Процесот на образованието првенствено треба да биде збогатен со хуманистички содржини. Хуманистичкото и општественото образование мора да станат дел од општата култура и културолошката самосвест на секој поединец. Тоа се битни содржини од областа на филозофијата, историјата, етиката, естетиката, книжевноста, психологијата, екологијата, модерната социологија, организација и културата на работењето, политичката култура и се разбира безбедносната култура.Овие содржини не само што ја култивираат и обогатуваат личноста, туку и даваат шанса поуспешно да го пронајде својот идентитет и да ги согледува своите ограничувања, препреките како и предизвиците на глобалниот општествен развој.

Научно-образовниот развој на безбедносната култура се однесува на следното:

- севкупно и на научна основа базирано разбирање на безбедносните проблеми во општеството и меѓународната заедница, како и начините и средствата за нивен адекватен одговор;
- планско и систематско усогласување и усмерување на однесувањето на луѓето кон одредени безбедносни проблеми;
- оспособување за методичко и критичко размислување;
- развивање на чувството на припадност кон својот народ, но и кон човештвото (да се негува националниот идентитет, но и да се развива духот на „планетарниот човек“);

---

[130] Исто, стр. 305.

- да се афирмираат човечките и еманципирачките димензии на развојот и хуманизацијата на современиот свет, а се во функција на општествениот развој;
- развивање на самосвесноста кај човекот, раснење на индивидуата во зрела личност, препознавање на сопствените потреби како и потребите на другите луѓе, а притоа да се внимава никој и ништо да не се загрози;
- со социјализација на личноста и откривањето на сопствениот идентитет се развива не само колективното паметење, туку се овозможува и откривање и чување на другите лични и општествени вредности;
- да се им се овозможи на сите општествени групи адекватно образование и користење на сите други постигнати вредности во општеството.[131]

Од наведеното може да се заклучи дека образованието и науката се наоѓаат во центарот и дека тие имаат голема, ако не и најважна улога во постанокот и развојот на безбедносната култура. Така, со образованието се стекнува став за потребата за самозаштита, а се стекнуваат и знаења и вештини и на крај се усвојуваат и правни правила по кои е тоа можно да се направи.Науката ни открива начини (методи) и пронаоѓа средства за такво дејствување.

Ваквиот став понатаму води до сознание дека сите современи и сериозни општества во својот систем на образование вградуваат содржини и предмети кои се однесуваат на заштита, како на личната така и на колективната, но и на меѓународната безбедност. Безбедносната култура, меѓу останатото, претставува свест за неопходноста на непрекинато, самоиницијативно и совесно работење во функција на безбедноста со цел постигнување на оптимална заштита на вредностите на едно општество, на правен и морален начин. Тоа значи дека концептот на безбедносната култура е заснован на одредени принципи.[132] Од друга страна, за да се согледа

[131] Исто, стр.306

[132] Принцип се дефинира како збир на основни насоки кон кои се придржуваме за време на одредени дејства.

суштината на безбедносната култура, неопходно е да се идентификуваат тие принципи.

Имајќи во вид дека безбедноста, а со самото тоа и безбедносната култура, е вистински спој на принципи, доволно е да се идентификуваат основните. Тука, пред сѐ мислиме на следниве принципи:

- принцип на моралноста;
- принцип на законитоста
- принцип на доследноста;
- принцип на одговорноста;
- принцип на непрекинатост и
- принцип на правовременост.

Безбедносна култура е трајна категорија и има свој континуитет кој се стекнува низ воспитно-образовниот процес и самоедукацијата, се доградува и менува зависно од приликите и состојбите во општеството и непрекинато се применува. Нејзиниот континуитет е заснован на смоиницијативата на поединци, со цел зачувување на безбедносните вредности. Безбедносната култура не е негативна појава:секој во одредена смисла ја поседува и постапува по нејзините принципи. Не може да се каже дека некој е безбедносно некултурен, туку дека е само со низок степен на развиеност на безбедносната култура. Меѓутоа, принципот на непрекинатоста, доколку погрешно се протолкува и применува, може да доведе до негативни последици, како што е општата сомничавост во општеството, состојба на општо „шпионирање“, што секако не е пожелно, бидејќи непотребно се создава внатрешна недоверба и раздор помеѓу припадниците на системот на безбедност. Но, одредена доза на сомневање во однос на појавите и случувањата, кои можат да предизвикаат загрозување на безбедноста е потребна, па дури и пожелна.

# 4. МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 4.1. АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Анализата на медиумскиот простор во Македонија е легитимен предмет на истражување *per se*, но сепак не може да се пренебрегне општиот впечаток за постоење на еден глобален проблем кога станува збор за масовните комуникации. Токму затоа, пред да се впуштиме во студијата на македонскиот случај, ќе се осврнеме на овој генерален контекст. Имено, наместо да служат како посредник помеѓу оние со кои се управува и управувачите, медиумите, всушност, креираат „реалност" и перцепции.[133] Тие се користат од иституционалните застапници како канали за пристапување со општата публика или до одбрана (таргет) група, заради пренесување на намерно одбрани перспективи за настаните и условите на живот, вклучувајќи ја и безбедносната состојба. Иако на големо се зборува за медиумите во контекст на слободата и дмеократијата, медиумите не се слободни агенти, бидејќи се и самите предмет на формална и неформална контрола. Еден апстрактен поглед на „посредувањето во реалноста" укажува дека медиумите својата публика ја обезбедуваат со информации, слики, приказни и импресии – нешто што е во согласност со осознаените потреби, некогаш и водени со нивните сопствени намери, некогаш и со следење на мотивите на други институции (на пр. рекламирање, пропагирање, проектирање на фаворизирани претстави, испраќање одредени информации). Имајќи го ова во вид, не е тешко да се заклучи дека посредувањето (медијацијата) не може е неутрален процес. Без разлика дали се наречени „либерални" или „конзервативни", најмоќните медиуми во светот претставуваат корпорации, поседувани или меѓусебно поврзани во конгломерати. Како и другите бизнис компании, и тие продаваат продукти. Пазарот се оние што рекламираат, односно останатиот бизнис сектор, а крајниот продукт е публика со одреден поглед на светот. Системот на пропаганда има две страни: едната е често нарекувана „политичка класа", која опфаќа околу 20% од популацијата и е релативно добро едуцирана, повеќе или помалку активна, и има некоја улога во процесите на донесување на одлуки. На друга страна е остатокот од популацијата (околу 80%). Тие се т.н.„набљудувачи на

---

[133] Мек Квејил Д, *Увод у социологију масовних комуникација*, Београд: Глас, 1976, стр.3.

акција", или се дури наречени и „збунета толпа" (Липман). Претпоставка е тие само да ги следат упатствата и да се тргнат од патот на важните луѓе. Тие се цел на вистински масовни медиуми за широка публика. Сите сектори на доктринарниот систем се обидуваат да создадат „перење на мозоци", односно да ги зајакнат оние вредности, кои се значајни за владејачката елита, а тоа се: пасивноста, потчинетоста на авторитети, алчност и лична корист, недостаток на грижа за другите, страв од вистински или фиктивен непријател и сл. Целта е да се контролира толпата. Не е потребно таа маса да се грижи за тоа што се случува во светот. Всушност тоа е непожелно - доколку масата види многу од реалноста, може да посака да ја промени.

Централната претпоставка, глдано низ призма на општеството и културата, е дека медиумот е есенцијално поврзан со производството и дистрибуцијата на информациите и знаењето, во најширока смисла на зборот. Информациите, сликите и идеите што стануваат достапни со посредство на медиумите, за најголем број луѓе се главен извор на сознанија за споделеното минато (историјата), сегашноста, но и иднината. Тие се исто така своевидна колекција на сеќавања и мапа на тоа каде сме и кои сме (идентитет), а можат исто така да овозможат и ориентација кон иднината. Имено, медиумите на долг период служат за продолжување на нашите перцепции и дефиниции на опшествената стварност, со што се сметаат за клучен извор на стандарди, модели и норми. Мас-медиумите дури се обидуваат да го „преземат" влијанието кое порано им припаѓало на училиштето, семејството, религијата, пријателите и тн. Средствата за масовна комуникација и високо развиените плуралистички општества одат „рака под рака".[134] Масовното комуницирање е тесно (непосредно) поврзано со општествената свест. Не само што таа влијае врз нејзиното формирање, туку и степенот на развиеноста на таа свест бара постојано развивање на улогата и функцијата на масовните медиуми. Под поимот општествена свест, се подразбира свесност на индивидуата за општеството во целина, општествените појави и општествените односи.

---

[134] Мек Квејл Д, исто, стр.13.

Очекувањата дека медиумите ќе имаат водечка улога во креирањето на демократската инфраструктура во посткомунистичките општества, од самиот почеток, се покажаа како доста нереални. Неопходен предуслов за таква позиција на медиумите е раскинување на односите на медиумите со државните структури и ослободување на медиумите од статусот на механизам во служба на партиите, класите или други групи, кој самиот по себе е долг и бавен процес. Поради моќта со која располагаат медиумите, државата и партијата на власт, преку најразлични формални и неформални механизми ги става под поголема или помала контрола, ако не друго, барем водечките личности и организатори на работата во медиумските куќи. Од друга страна, медиумите остварувајќи ги целите за спроведување на јавна услуга, задоволување на аудиториумот и заработувачка, со сите сили се обидуваат да наметнат сопствени модели на однесување кои не поднесуваат цензура и наредби „одозгора". Во оваа вечна борба меѓу медиумите и позицијата на плуралистичките и демократските општества, победени и победници нема.

Анализата на медиумскиот сектор во Република Македонија е во многу нешта специфична, детерминирана и од географски и од временски аспект. Таа нужно го опфаќа периодот од стекнувањето на независноста на една мала држава, односно почетокот на економската, социјалната и политичката транзиција, до денес. Иако станува збор за релативно кус истоириски период, ова воопшто не е лесна задача, бидејќи контекстот во кој се случува редефинирањето на медиумскиот сектор е транзициски, што ќе рече - динамичен и неизвесен. Под транзиција не може да се подразбере само напуштањето на еден економско-социјален и политички контекст, туку и искушенијата на патот за воспоставување на таков медиумски простор кој ќе одговара на барањата на либералната демократија. Всушност, одредени автори сметаат дека транзицијата воопшто не е ни завршена, барем кога станува збор за медиумите во Република Македонија. Така, Бабунски вели: „Доколку транзицијата во најопшта смисла ја дефинираме како движење во две фази, кадешто првата фаза е придвижување од (напуштање на стариот социјалистички систем), а втората фаза е движење кон (што во случајот на Македонија значи воспоставување и функционирање

на адекватни граѓански и демократски институции и пазарна економија), тогаш Македонија и нејзината медиумска сцена сè уште се наоѓаат во првата фаза."[135]

Како што може да се претпостави, предизвиците за македонските медиуми беа речиси истите со кои се соочуваше и се соочува македонската држава и општество. Почетната точка на трансформацијата беше стекнувањето на независноста во 1991 година, но искушенијата се редеа и беа од најразличен вид: економски, социјален, регионален, меѓународен, итн. Покрај силното влијание на војните и конфликтите од просторите на бивша Југославија, се чини клучен проблем беше економската транзиција и генерално приватизацијата на јавниот сектор, но и потребата од воведување нови демократски и културни обрасци за кои дотогаш не постоеја традиции и искуства.

Во таа смисла, од големо значење беше донесувањето на новиот Устав, на 17 ноември 1991 година. Членот 16, кој ја гарантира слободата на изразување, всушност, создаде нова уставно-правна основа за новиот медиумкси систем: „Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета."[136]

Во стварноста, сепак, ветриштата на либерализацијата кои започнаа уште пред распаѓањето на СФРЈ, сепак внесоа фактички промени уште пред донесувањето на уставот. Плурализацијата на медиумите, особено на електронските (радијата и телевизиите), беше особено бурна и надвор од очекувањата. Во период од сами три години, беа регистрирани 210 радио и телевизиски станици (или поточно, 90 радио

---

[135] Babunski K., "Media and Transition in Macedonia", *IDS Bulletin*, vol, 29, no. 3, 1998, p. 79.

[136] Види Устав на Република Македонија, достапно на: https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf .

станици, 29 телевизии, и 91 комбинирани радио-ТВ станици).[137] Меѓутоа, правниот вакуум создаде ситуација во која самата регистрација не значеше и вистинско емитување на програма, така што ефективни станици имаше околу 100-тина - што е респектабилен број за држава со популација од само два милиони жители. По однос на емитираните содржини, аналитичарите заклучуваат дека зголемениот број на медиуми не значеше и зголемено медиумско влијание врз креирањето на јавното мислење, бидејќи голем број од нив не беа информативни, туку претежно забавни.[138] Од друга страна, дел од нив припаѓаа и на т.н. црн пазар (кој активно промовираше кршење на авторските права и другите прописи), што значи дека медиумскиот простор не беше имун на детските болести на демократизацијата од другите сфери.

Транзициските превирања набргу ги зафатија и медиумите од јавниот сектор. По првичната еуфорија и очекувања за демократизација и вистински плурализам на програмите и мислењата, настапи период на стабилизација на политичката моќ, со што токму овие радио и ТВ станици станаа главен плен на политичките елити. Веќе по вторите повеќепартиски избори (1994 година), на пример, Македонската радио-телевизија доживеа двоен притисок: економски и политички. Првиот се состоеше во неефикасноста во собирањето на ТВ претплатата (поради слабоста на правната држава), а вториот во кадровската политика и мешањето на политиката во уредувачката политика. Квалитетот на програмата беше во опаѓање, поради обезбедување само на странска програма со низок квалитет.

Состојбата на планот на печатените медиуми имаше свои специфики. Транзицијата во овој дел од медиумскиот систем се случи некаде до 1996 година. Во првите години дојде до неуспешни обиди за воспоставување нови дневни весници, што се должеше на неколку фактори: нискиот животен стандард на граѓаните, високите печатарски трошоци, и монополот на дотогашниот неприкосновен дневен весник „Нова Македонија", кој уште во социјализмот имаше привилегирана положба на медиум од државно значење и под државен патронат и покрај финансиските

---

[137] Секретаријат за информации на Република Македонија, Извештај 1996.

[138] Babunski, *ibid.*

загуби. Оваа пречка беше отстранета со финансиската инјекција од страна на Институтот Отворено општество Македонија, кој по пат на грантови помогна во згогатувањето на медиумскиот простор и содржини.

Во текот на наредните години дојде до целосна преструктуирање на медиумската сцена, а конкуренцијата доведе не само до пад на цените, туку и до зголемување на квалитетот на понудените содржини. Посредно, читачката/гледателската публика се зголеми, поради можноста од информирање од повеќе центри, а не само од еден. Приватниот капитал завладеа најбрзо со печатените, а потоа и со електронските медиуми. Како што заклучува Бабунски, плурализацијата беше првиот успех на демократските промени, но таа автоматски не донесе до развивање на демократски капацитети на новите медиуми.

Приватните сопственици беа и останаа под силен притисок да изнајдат начини да опстанат, а најлесниот е поврзување со владејачките политички елити. Тоа доведе до политичка симбиоза и гушење на тукушто создадената медиумска слобода. Поради природата на приватизацијата, односно економската транзиција, всушност, новата економска елита ја сочинуваа личности кои или истовремено беа дел на политичката елити, или беа во симбиотска врска со нив.

Иако Република Македонија никогаш не можела сосема да се пофали со висок степен на медиумски слободи и на демократизација, сепак во историска перспектива гледано, дел од транзициските задачи е завршен и медиумскиот простор приспособен кон барањата на новиот поредок. Во моментите на опаѓање на слободата на медиумите, како и онаа во политичкиот простор, странскиот фактор бил тука да ги коригира грешките, односно потпомага медиумите, како што е и случај во моментов, во т.н. пост-Пржински период. Она што останува друга непознаница во равенката е (не)способноста на медиумите да ги вршат своите (претпоставени, демократски) функции, односно колку можат да се свртат кон суштествените проблеми на граѓаните, нивната социјална и друга безбедност, и базични човечки потреби.

Интересно е што промените во однос на начинот на консумирање на вестите воопшто не бил истражуван во Македонија.[139] Едно истражување, сепак, покажува генеерално опаѓање на користењето на печатените медиуми и на радиото како извори.[140] Во меѓународни рамки, познато е дека со пет часа и осумнаесет минути дневно, Македонците биле рангирани како втори во светот според просечното време минато пред телевизорот. [141] Претставниците на печатените медиуми тоа го чуваат како деловна тајна, но познато е и дека нивниот тираж е драматично преполовен за помалку од десет години. Од друга страна, тоа е и период во кој печатените медиуми целосно ги објавуваат своите содржини во електронски изданија на интернет, па затоа е невозможно да се процени дали нивните читатели сосема ги напуштиле или се префрлиле на користење на електронското издание. Локален печат речиси и да не постои, а исто така постојат само две национални радио станици со информативни програми. Помалите локални радио-канали главно служат за музички содржини и реклами. Иако е обезбеден широк пристап до телевизиски програми, домашни и меѓународни, сепак, тешко е да се процени дали ваквата понуда ги навела гледачите да се информираат подобро или можеби преферираат други, забавни содржини.

Имајќи ја во вид ваквата констелација на мас-медиумите во Македонија, потребно е да се нагласи дека во споредба со другите, телевизијата е најбрза, најеластична и најажурна во пласирањето на информациите. Кај публиката владее мислењето дека на нејзините програми оди само она што е значајно и дека доколку еден настан не се објави на телевизија, „како да не се случил". Телевизијата се јавува како мерило за важноста на настаните. Од својата појава па до денес, таа извршила огромно влијание на општеството во целина, а посебно врз културата, вредностите, политичкиот живот, образованието, меѓуетничките односи, итн. Овој медиум особено влијае на оние граѓани кои немаат цврсто изградени ставови за прашања од нивна

---

[139] Belicanec R. and Ricliev Z, *Mapping Digital Media: Macedonia. Country Report*, Open Society Fundations, June 2012, https://www.opensocietyfoundations.org/sites/default/files/mapping-digital-media-macedonia-20120625.pdf

[140] Institute for Sociological and Political Research (Институт за социолошки и правни истражувања, ISPPI), *Research on TV and Radio Consumption Habits and Preferences*, Skopje, 2005, pp. 44, 47.

[141] "How People Watch—A Global Nielsen Consumer Report," August 2010, p. 5, at http://www.acnielsen.fi /site/documents/Nielsen_How PeopleWatch_August2010.pdf

важност и од важност за општеството. Во секој случај, треба да се каже дека телевизиските куќи во Република Македонија (некои во поголема, некои во помала мерка) ги афирмираат малцинствата, малите етнички групи и малите политички партии и субјекти и со тоа ја промовираат и ја шират демократизацијата во општествената заедница. Познавајќи го влијанието на телевизијата врз ставовите на граѓаните во врска со прашања од општествено значење, квалитетот на програмите и вестите што се пласираат преку овој медиум во голема мерка ќе влијае позитивно во напорите за градење на една реална можност за етнички соживот во Република Македонија. Тоа зависи и од креативноста и објективноста на новинарите и уредниците. Доколку вестите се објективни и квалитетни (без шпекулации и манипулации), кај граѓаните ќе се развие критичка свест за селекција на вестите и нивно позитивно прифаќање.

Извештајот на Беличанец и Рицлиев покажува дека во Македонија постои контрадикција во тоа што, од една страна, се случува процут на плурализацијата на гласовите што може да допрат до јавноста преку дигиталните и/или новите медиуми, но сепак традиционалните се доминантни извори на информации.[142] Финансиската неизвесност донесена со дигитализацијата, а особено економската криза, се фактори кои доведуваат до опаѓање на читачката публика, поради што и помал број комерцијални субјекти се рекламираат во нив. Тоа, на свој начин, ја зголемува зависноста на меинстрим медиумите од државните субвенции преку државни реклами и кампањи, што на крајот резултира со пристрасно известување и државна/партиска пропаганда. Во изминатите години познати се бројни случаи на замолчување на новинарите или со притисоци на сопствениците или со државни/инспекциски контроли и тужби. Последната политичка криза, всушност, го зададе последниот удар со дефинитивна поларизација на медиумите по политичка линија, што секако се надоврзува на веќе постоечката јазичка/етничка поделба на медиумскиот простор.

[142] Belicanec R. and Ricliev Z, исто.

## 4.2. МЕДИУМИТЕ И ЗАШТИТАТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Медиумите се средства преку кое јавноста добива информации за тоа што се случува во земјата и во светот, но исто така, го црпи и своето знаење и создава перцепции за моменталните политички и општествени проблеми и за средствата за нивно разрешување. Во модерното време се чини како медиумите да се присутни насекаде, па затоа луѓето очекуваат дека тие се семоќни.[143] Медиумите се во состојба да го канализираат, насочуваат и инструментализираат формирањето на ставовите на јавноста. Од една страна, истите тие медиуми, можат да се користат за канализирање на основните обрасци на однесување кај примателите, но од друга страна, сето тоа ја доведува во прашање нивната објективност.[144]

Во демократските општества, медиумите се прогласени за „четврта сила" (покрај трите основни гранки на власта - законодавната, извршната и судската). Од нив се очекува да играат значајна улога во контролирање на парламентот, владата и судството, во истражувањето дали приватниот индустриски и финасиски интерес го почитува законот, во вклучувањето на алармот за загадување на животната средина и ангажирање со цел да се преземат мерки за решавање на проблемот) сè повеќе се огледала кое ја рефлектира генералната ориентација на политичкиот живот и микроскоп што им омозвожува на граѓаните да обрнат внимание на различните национални активности и со изразување на нивното мислење, да придонесат за прогресот на нацијата.

Според познатиот германски социолог Хабермас, нема слободно демократско општество без слободна јавна сфера, а таква сфера нема без слободни медиуми.[145] Една од главните функции на медиумите е заштитата на јавниот интерес, или „општото

---

[143] Бакрески. О, "Медиумите и одбраната", *Современа македонска одбрана*, vol XII, декември 2005, стр. 165.

[144] Исто.

[145] Habermas, J., "Politička komunikacija u medijskom društvu. Da li demokratija još uvek poseduje epistemiološku dimenziju?", *Časopis za upravljanje komuniciranjem CM*, br. 5, 2007.

добро" како што инаку се нарекува, а што е една од најважните вредности во демократските општества. Сепак, токму околу дефинирањето на тоа што е јавен интерес, и кога и како новинарите/медиумите можат да го идентификуваат, се кршат копјата на различните интерпретации. Дали под јавен интерес се подразбира интересот на пошироката јавност (сфатена како збир на поединци) или под овој израз се подразбира вредносно придржување кон начелото на она што е во нивен најдобар интерес? Правото да се знае, особено она што се случува во име на народот и во ешалоните кои одлучуваат во негово име, ама нетранспарентно, е водечкиот интерес на медиумите. Тие постојано бараат достапност до информации од јавен карактер или од јавен интерес. Но, дури и кога ќе дојдат до такви информации, новинарите се соочуваат со дилемата дали да објават некоја информација, односно дали нејзиното објавување е од интерес на пошироката јавност или не. Онака како што се повикуваат на правото да се знае, понекогаш медиумите го оправдуваат својот молк на сличен начин - со јавниот интерес.

Од теориска и практична гледна точка, може да се посочат неколку интересни дефиниции на јавниот интерес.[146] Според некои, јавниот интерес е константа која ги претставува вредностите, желбите и интересите на општеството, и и претставува повеќе од збир на интереси кои меѓусебе се натпреваруваат. Според Дејвид Ли, информацијата е од јавен интерес ако тоа помага во правилното функционирање на демократијата. Според Мур, новинарството водено од јавниот интерес (public-interest journalism) има два елементи: според првиот, тоа претставува куче-чувар (watchdog), кој ги прави моќните одговорни, открива измами и корупција, некомпетентност или лошо раководење. За ова постојат бројни примери на храбри новинари (како, на пример, Сејмур Херш кој ја разоткри тортурата во затворот Абу Граиб или разоткривањето на Вотергејт аферата од страна на новинарите на Вашингтон Тајмс, Боб Вудворд и Карл Бернштајн). Вториот елемент на ваквото новинарство е можеби помалку предмет на дебата, ама е можеби и уште позначаен во свет кој е преплавен

---

[146] Види повеќе: Шопар В. и Сарачини П., *Медиумите во Македонија: Заштитници на јавноста или заложници на политичките интереси*, Скопје: Институт за комуникациски студии, 2016.

од информации, и во кој е тешко да се оддели важното од неважното. Станува збор за одговорноста на медиумот да информира, објаснува и анализира.[147]

Аналитичарите и познавачите на медиумскиот простор во Македонија, не се оптимисти кога станува збор за прашањето на медиумите како креатори и чувари на јавниот интерес. Шопар и Сарачини укажуваат на бројни причини поради кои слободата на медиумите, како предуслов за вршење на нивната јавна функција, е загрозена.[148] Според нив, „во Македонија има доволен (дури и преголем) број на медиуми (особено електронски) што најчесто се објаснува како „плурализам" во медиумскиот простор. Иако навидум регулативата и саморегулативата ги следат европските стандарди, сепак во практиката, наместо на јавниот интерес, медиумите се ставени во служба на интересите на политичките и економските центри на моќ. Симбиозата меѓу владејачката политичка елита и медиумските сопственици – бизнисмени ја детерминира структурата и содржината на медиумските производи и влијае врз „способноста" на новинарите за критичко опсервирање на општествените настани. На клучните редакциски позиции се именуваат лојални послушници, а оние кои ќе покажат автономност се маргинализираат и санкционираат. Концентрацијата на сопственоста во приватните медиуми во рацете на малкумина ја загрозува разновидноста и плурализмот на медиумите, а стремежот за профит кој доминантно се стекнува од државни средства (владини реклами) директно се одразува врз уредувачката политика. Ништо поразлично не е ниту во јавниот радиодифузен сервис, во кој, и порано и денес, секоја влада имала свои луѓе на водечките позиции (наспроти јасно пропишаните правила за нивен избор). Така, јавниот сервис својата уредувачка, кадровска, финансиска независност (иако се финансира од радиодифузна такса – од граѓаните) и ја „должи" на власта. Затоа одредницата дека врши дејност од јавен интерес едноставно се сведува на празна фраза. Практично, мејнстрим медиумите се

[147] Moore M., "Public interest, media neglect", *British Journalism Review*, vol.18, no. 2, 2007.

[148] Шопар В. и Сарачини П., *исто*.

целосно потчинети на инструментализација за деловни и политички цели, од што не се лишени ни локалните медиуми, но од политиката и бизнисмените на локално ниво."[149]

Прашањето на јавниот интерес и изнесувањето на сите добиени информации кои ја засегаат јавноста се постави пред медиумите со сета своја сложеност во моментот на отпочнување на јавно обзнанување на прислушуваните разговори (т.н. аудио бомби) од страна на водството на партијата СДСМ, тогашна опозиција, во почетокот на 2015 година, па сè до денес. Скандалот со прислушувањето, односно злоупотребата на мерките за следење на комуникациите, не само што ја разоткри слабоста на безбедносниот систем, туку и ерозијата на медиумскиот сектор. Во времето кога опозицијата ги емитуваше "бомбите", сите мејнстрим медиуми во Македонија, по барање на тогашната власт, ги игнорираа овие настани, а опозицијата ги користеше алтернативните (онлајн) медиуми за да ја соопшти, како што велеа, „Вистината за Македонија".

## 4.3. ЕТИЧКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ОБЈЕКТИВНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во свет на глобализација на сите нивоа, не е чудно што нормативните стандарди за тоа како новинарите треба да ги исполнуваат своите професионални обврски, исто така, стануваат - глобални. Одредени компаративни студии, сепак, сугерираат дека постојат одредени варијации во етичкиот вредносен систем на новинарите од одредени земји,[150] сепак етичкото резонирање во новинарството се поклопува во најважните точки. Во науката постои консензус околу уверувањето дека новинарите треба да бидат посветени на вистината, точноста, фактите, објективноста, кредибилноста, балансираноста, сеопфатноста, верификацијата, независноста, непристрасноста, коректноста, интегритетот, одговорноста, отчетноста, честа и почитта.[151] Помеѓу универзалните етички вредности препознаени и поврзани со

---

[149] Исто, стр. 9.

[150] Berkowitz D, Limor Y and Singer J, "A cross-cultural look at serving the public interest: American and Israeli journalists consider ethical scenarios", *Journalism*, no. 5, 2004; Hanusch F., "A Product of Their Culture. Using a Value Systems Approach to Understand the Work Practices of Journalists", The International Communication Gazette, Vol. 71, no. 7, 2009.

[151] Hanitzsch T, Plaisance PL and Skewes EA, "Universals and differences in global journalism ethics". In: Ward SJA (ed.) *Global Media Ethics: Problems and Perspectives*. Malden, MA: Wiley-Blackwell, 2013.

новинарството, посебно значење им се придава на независноста и интегритетот на новинарите.[152] Под независност се подразбира идејата за слобода од секакво мешање, притисоци, цензура и влијание по пат на рекламирање од страна на властите, како и избегнување на судир на интереси.

Одредени студии покажуваат дека Република Македонија спаѓа токму во листата на земјите во кои има тешки повреди на етичките норми во новинарството, вклучувајќи и разни облици на корупција. Трпевска и Мицевски забележуваат дека власта има речиси целосна контрола врз традиционалните и интернет-медиумите, и дека таа е еден од главните огласувачи во новинскиот сектор. [153] Од друга страна, финансиските извештаи на политичките партии до Државната ревизија покажуваат дека електронските медиуми давале огромни попусти на цените на своите услуги за одредени политички партии за време на изборните кампањи.[154] Во студијата на Георгиевски, македонските новинари и медиумски работници отворено зборувале за тоа дека се постојано под цензура или дека се самоцензуирираат, но и дека се подложни на индиректен поткуп (кога одредени компании, на пример, им ги плаќаат сметките или дневниците при вршење на работа или известување од други места.[155] Независно од внатрешните извори, и надворешните нотираат дека новинарите биле принудувани, по пат на комбинирани притисоци од политичките центри на моќ и од медиумските сопственици (со силни политички врски), да земаат страна во известувањето, што новинарството го турнало во отворена политичка пропаганда.[156]

Ваквата состојба во медиумите не останала незабележана од граѓаните, за што зборува и ниското ниво на јавната доверба поради перцепциите за новинарството како

---

[152] Исто.

[153] Trpevska S and Micevski I, "Macedonia". In: Petkovic B (ed.) *Media Integrity Matters: Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism*, Ljubljana: Peace Institute, 2014.

[154] Јордановска М, „Речиси 1.5 милиони Евра потрошени за кампањата на ВМРО-ДПМНЕ – Медиумите најголеми донатори", *Фокус*, 27 мај 2014, достапно на: http://fokus.mk/rechisi-1-5-milioni-evra-potrosheni-za-kampan-ata-na-vmro-dpmne-mediumitenajgolemi-donatori/. Види исто: Државен завод за ревизија, Извештаи од политички партии, 2013, достапно на: http://dzr.mk/ DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1073.

[155] Георгиевски З., *Бела книга за професионалните и работни права на новинарите,* Скопје: Независен синдикат на новинарите и медиумските работници, 2014.

[156] IREX (2015) *Media sustainability index: Europe and Euroasia*, p. 73, https://www.irex.org/ sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2015-full.pdf.

неетичка професија.[157] Учеството на граѓаните во јавниот дискурс преку медиумите е круцијално за да се оствари кохерентен економски, политички и културен развој на едно општество. Иако комуникацијата не може сама по себе да влијае на развојот, очигледно е дека неадекватната комуникација го забавува и го прави потежок патот. Оваа функција на комуникацијата доаѓа од фактот што таа претставува инструмент за промена на колективната психологија на општеството, како и на неговите услови за живот, а дополнително и на фундаменталниот елемент на развој.[158] Со помош на медиумите, се остварува процесот на комуницирање со општеството и токму затоа медиумите треба да бидат извор на кредибилни информации и механизми за размена на истите, помеѓу различни општествени институции. Исто така, медиумите би требало да служат како еден од механизмите за контрола на власта, но секако дека треба да бидат и место за јавна дебата, како и придвижувачи на сериозни размени на мислења за контроверзни прашања од јавен интерес за кои е важно да се постигне општествен консензус.

Во демократијата, медиумите и оние што за нив одговараат си поставуваат за цел да го поттикнуваат културниот и политичкиот живот, плурализмот на идеи, овозможувајќи запознавање со најголемиот број различни дела на човековиот ум, но исто така, медиумите овозможуваат простор во кој одредени политички партии, економски субјекти или невладини организации ќе ги пласираат своите ставови, идеи, програми итн. Властодршците, тврдејќи дека се демократи, ја имаат одговорноста да гарантираат слобода на медиумите и да прифатат дека мерките на владата или оние на локалната администрација, можат да бидат критикувани од медиумите.

Таму каде што нема слободни медиуми, нема ниту лични, ниту партиски слободи.Таму каде што медиумите се спречени да се дистанцираат, да ја користат слободата на говорот во соочувањето со оние што сонуваат да ги потчинат, со луѓето на власт, првенствено со политичарите, заклучокот се наметнува сам по себе. Нема

[157] Pjesivac I., Spasovska K. and Imre I., "Attribution of global ethical norms: Perceptions of journalistic independence and integrity in Serbia, Macedonia and Croatia", *Global Media and Communication*, Vol. 13, No. 2, 2017.

[158] Raboy M. and Dagenais B., Media, Crisis and Democracy. Mass Communication and the Disruption of Social Order, NY: SAGE Publications,1996, p.4.

слобода, без слободни медиуми. Истовремено, медиумите не се слободни ниту таму каде што дејствуваат по влијание на другите, подразбирајќи ги тука пазарните законитости. Власта која не ги почитува овие принципи се оддалечува од јавното мислење и не може повеќе да ја следи еволуцијата на оштеството. Таа го губи авторитетот, затоа што ја губи легитимноста.[159]

Нема сомневање дека мас-медиумите се витален дел на политичкиот систем. Активноста на медиумите им дава форма на лошо обликуваните контури на политичкиот систем, внесува нови играчи и прашања во политичката арена, дури ги исфрла и ги реорганизира позициите и назначувањата. Таквата активност оди над доделувањето или повлекувањето на легитимноста. На реален начин, мас-медиумите им ја даваат на политичките системи нивната современа форма и оперативни концепти, а во рамките на политичкиот систем, нивниот современ вкус.[160] Не е лесно да се сменат перцепциите на јавноста, ниту пак може да се влијае на сите членови на оштеството. На оние што немаат моќ или легитимност им недостасуваат ресурси потребни за да се придобијат медиумите. Планирањето и организацијата - што се потребни за да се водат медиумите и на тој начин да ги дефинираат вистинските прашања и нивното значење - се надвор од доменот на немоќни индивидуи. Јавноста во глобала обично реагира само на содржината на медиумите и таа ретко ја контролира нивната работа. На тој начин, политичките актери подржани и охрабрени од медиумите, помагаат во конструирањето „реални" слики.

Традиционално, проучувањето на политиката и нејзината поврзаност со медиумите се фокусира на институциите и политичките актери. Владите, политичарите, министерствата или гласачките модели обично се главна храна за политиолозите. Бракот од интерес со мас-медиумите резултира со преголема концентрација на институции, структури и политичка елита. Иако ова останува важно, овој вид на пристап го предвидува делот што мас-медиумите го играат во генерирањето на перцепциите на јавноста за политичките и општествените промени,

---

[159] Bal F., *Moć medija*, Beograd: Clio, 1997, str.5

[160] Raboy, M. and Dagenais B., ibid., p.36

како и за политиката и процесите на одлучување. Политиката преовладува во сите аспекти на нашето живеење, нашите ставови и нашето однесување, а бидејќи медиумите се во срцето на процесите на комуникација преку кои проблемите и нивното разрешување се дискутирани, тие заслужуваат сеопфатна анализа.[161]

Поимот објективност во литературата се однесува на односот меѓу новинарските изјави и реалноста. Објективноста, како што е прикажана доста наивно во германскиот „Речник за масовни комуникации и медиумски истражувања" е претставување на реалноста, онаква каква што е. Меѓутоа, таму не се дава одговор на прашањето според кои критериуми се одлучува за правилноста на претставувањето. Централно место во публицистиката му припаѓа на поимот објективност. Публицистичката објективност се однесува на квалитетот на новинарскиот производ. Но, овој поим се употребува и за да означи новинарска норма, која претпоставува одреден начин на однесување. Наспроти тоа, поимот одмереност, кој се бара во однос на известувањето, се однесува на севкупните содржини на медиумот, односно на општествените интереси кои што во рамките на еден ист медиум конкурираат во борбата за јавното мислење. Во една таква борба за јавноста, во која самиот медиум треба да остане неутрален, постои опасност да се добие единствено одмереност (баланс) на веќе етаблираните интереси. Објективноста е обележје на професионалното известување само тогаш кога се обидува фактички, натпартиски и неманипулативно да ги одвојува вестите од коментарите. Централни обележја на објективноста би биле принципиелното проверување на вистинитоста на изјавите, известување без емоции, известување поткрепено со факти, употреба на неутрални изрази за означување на состојби, употреба на цитати, наведување на спротивставени извори, презентација на дополнителна евиденција, како и структурирање според прикладен редослед (одредување на вкупна вредност, место итн.). Објективните новинарски текстови, според оваа концепција, се одликуваат со точност, потполност, проверливост, фактичност и неутралност. Но, има и новинари кои барањето за објективност го сметаат за непотребно. Всушност, среде политичката криза во

[161] Negrine R., *Politics and the Mass Media in Britain*, NY: Routledge, 1996, p. 2.

Македонија, голем број новинари објективноста ја споредуваа со „изедначување на Евреите и нацистите".

Во сфаќањето на објективноста најголема улога игра поимот „факт". Постојат критики дека мас-медиумите шират слика на еден шарен свет, кој навидум се состои од многу неповрзани парчиња. Преку изборот на факти, односно настани според нивната актуелност и значење, пред очите на реципиентите се појавува слика што изгледа како шарен калеидоскоп. Фактите се поставуваат еден до друг без коментар или подлабока анализа, за да може читателот или гледачот сам да си создаде слика за реалноста. Ова се критикува и од самите новинари. Се смета дека поголемиот број новинари се неутрални и објективни известувачи, а во реалноста сепак партискиот афинитет и бизнис интересите вршат влијание врз изборот и прикажувањето на вестите. Сега се поставува прашањето колку медиумите во Република Македонија се објективни и како влијаат врз градењето на безбедносната култура?

Брзината со која се развиваат приказните и со која мора да се известува, честопати значи малку време за барање потврда на информациите (што е незамисливо). Младите и неискусни новинари кои прв пат покриваат нови теми, кои задираат во безбедносната сфера или се однесуваат на безбедносната култура, честопати не се доволно едуцирани за темата што ја обработуваат и тоа може да ја спречи објективната анализа на настаните. Најважно, новинарите честопати се водени од ставовите на сопствениците на медиумите каде што работат. Ова значи дека настаните за кои пишуваат може да ги „бојат" така како што ќе им одговара на политичките, социјалните, националните или на религиозните убедувања на работодавачот. Вистинска, навремена, точна информација би требало да биде законот на сите информативни гласила во држава која претендира да стане дел на демократскиот свет.[162]

За градење на безбедносната култура во Република Македонија, дефинитивно, неопходно е да се развиваат истражувачкото, партиципирачкото и креативното

---

[162] Ј. Ќурчиев, Процес 2002, безбедноста во Р.М. – Ни се случи војна или не? – улогата на медиумите во безбедноста во Република Македонија, Кабинет на претседателот, Конрад Аденауер фондација, Скопје, стр.303

новинарство. Тие ќе придонесат до решенија за иднината, се разбира со активно учество на граѓанството при што со нивното и новинарското истражувачко око ќе се претстави реалноста таква каква што е. Наспроти ова, максимално треба да се изостави т.н. жолт печат кој е во се поголема експанзија и кој без длабока анализа на проблемите и површно пишување врз база на скандали и сензации може да придонесе до влошување на напорите за смирување на тензиите и да го оневозможи процесот на градењето на безбедносната култура, а со тоа и на самата безбедност.

Современиот новинарски производ изискува многу професионални барања. Тие не мора да бидат исполнети во целост, зашто некое од нив може да отсуствува кај најсложените, најаналитични жанрови, ни и затоа што дури и наједноставниот жанр може да ги има сите обележја. Андревски наведува неколку: содржајност (тематска определеност); актуелност; аналитичност (истражувачки пристап, аргументираност); писменост (стилизираност, стандардизираност); атрактивност (привлечност, занимливост); убедливост (доживеаност и искреност); нудење решение и ангажираност (разлика од неутралност и нултост).[163] Правилата за новинарското творење бараат новинарот во еден прилог да работи само на една тема или проблем. Тој треба да ја заокружи целината, да даде одговор на едно конкретизирано прашање. Наспроти ова, темата мора да биде актуелна. Во таа насока, мора да се внимава и на моментот кога се обработува темата, кога се разглобува нејзиното значење и кога се дава одговор на прашањето. Актуелноста означува да се погоди моментот на кулминирање, важноста на темата и засегнатоста на поголема публика. Освен актуелноста, новинарот треба да го следи развојот на настаните и да пишува за нештата што може да се случат и да го претпоставува или нуди можното решение. Погрешниот момент на објавување може да претставува неактуелност, искритикуваност, погрешно разбирање, затвореност. Следејќи ги барањата на новинарскиот производ, следува аналитичноста. Таа подразбира разглобување на деловите на појавата, изнедрување на фактите и нивно разработување. Појавата, треба да се разгледа во нејзината надворешност (опкружување) и во внатрешност (елементи,

---

[163] Живко Андревски, Четри А - за новинарот и новинарството (теорија, пристап, практика), Битола: Култура, 1994 год., стр. 7.

функционирање), нивната меѓусебна заемност и зависност. Разработувањето на темата, бара дефинирање на причините за појава на настанот, на луѓето како субјекти во статијата, условите во кои се одвива нештото, како и да се определат можните решенија. Во новинарството, аналитичноста бара третирање на повеќе аспекти кои ја чинат содржината, да се користат различни компетентни извори, да се соочат аргументите и ставовите, да се направи компаративност во времето и просторот, да се погледне кон утре. Всушност, аргументацијата и аналитичноста постојано се испреплетуваат. Аналитичноста значи целосна подготовка и проценка на темата, нејзино разглобување на компоненти, а аргументацијата се повикува на минатото и сегашноста и ги обелоденува вистинските факти, согледувања, мислења, податоци. Откако ќе се направи анализа и ќе се постават аргументите, добро е самиот автор на прилогот да понуди решение на проблемот. Низ своето пишување, новинарот треба да го изнајде оној модус вивенди во кој ќе опстојува неговиот производ, но во исто време ќе биде маркетинг-потег за продавање производ кој ќе го привлече вниманието. Преку својот новинарски производ, авторот настојува да ја убеди публиката.

Новинарот, треба да ја убеди публиката дека добро ја владее материјата, дека може да му се верува, дека знае кој знае и дека го консултирал тој што знае, а напишаното го поткрепил со аргументи и факти. Тогаш, производот е лесно прифатлив. Новинарот има обврска да ја поттикнува публиката, да ја држи во неизвесност и во акција и да ја мотивира на одредени однесувања. Објективноста е важен принцип во новинарското пишување и тоа значи дека треба да се пренесуваат само утврдени информации и факти.[164]

Реалноста, меѓутоа, покажува дека објавените информации, многу ретко, во целост ги исполнуваат сите овие професионални обележја. Често доаѓа до злоупотреба на овие барања за професионалност, написите и прилозите не се актуелни, недостасува аналитичност во пристапот, недоволна писменост и недоволно се негува современиот литературен јазик. Наспроти ова, постои преголема нагласеност на атрактивноста на текстот со цел да се привлече вниманието и во таа трка за поголем

---

[164] Исто, стр.8

број читатели, се губи чувство за вистинска атрактивност и се навлегува во сферата на невкусот. Дел од текстовите немаат никаква убедливост, затоа што авторот не го доживеал нештото, туку само го прераскажува и преработува она што некој претходно му го соопштил. Дефинитивно, најголем недостаток на новинарството е недоволната ангажираност во насока на обликување на реалноста, како и нудење решенија кои ќе се базираат на претходни истражувања, размислувања, дебатирања, архивистика, наука итн.

Суштината на нормите на новинарската етика е да се постави здрава рамнотежа меѓу обврската и желбата на новинарот да информира и потребата да биде свесен за последиците што јавниот збор ги има врз животот на луѓето. Како што потенциравме, медиумот има огромна моќ која мора нужно да биде ограничена со норми за негова одговорна употреба и само на тој начин може успешно да го креира градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

Новинарот не смее да биде активен член на политичка партија, уште помалку член на нејзиното раководство. Не смее политички да агитира, ниту да ја злоупотребува својата професионална работа за остварување политички цели. Но, мислечкиот новинар има своја политичка филозофија и свои политички уверувања. Тој има право за своите уверувања да се бори и со јавна реч, но при тоа мора строго да ги почитува стандардите на својата професија и етичкиот кодекс.

Една од најсериозните закани на македонското новинарство е конфликтот на интереси. Новинарите ја деградираат својата сопствена професија често „туркајќи" информација која е во нечиј интерес, игнорирајќи ги оние што не се, објавувајќи нерелијабилни информации, толерирајќи лаги и злоупотреба на човековите права и човековото достоинство. Во Република Македонија има многу новинари кои паралелно, покрај новинарската, вршат и некоја друга функција, но тоа најчесто се држи во тајност. Сите знаат за бројни примери од практиката - ангажман во невладиниот сектор, политичките партии, изборните штабови, односите со јавноста. Меѓу новинарите се зборува и за таканаречени договори „part-time" или договори на дело, за списоци на новинари кои добиваат пари од различни министерства, новинари кои истовремено се на официјални портпаролски листи и поврзани со приватни

компании. Тоа го работат од личен интерес, за пари или за одредена позиција, без емоции и политички симпатии.

Неформалните контакти на новинарите со политичарите и бизнисмените се секојдневие. Секој има свои извори во политичките партии или во јавните институции. Во практиката, тие често се јавуваат и како посредници помеѓу политичките субјекти, особено кога станува збор за коалиции и за време на изборните кампањи. Но, играјќи ја таа улога, новинарите не поседуваат идеологија, туку тоа го прават бидејќи сакаат да се чувствуваат моќни.

Медиумите во Македонија функционираат под директно влијание на политичките, на економските и други интереси. Речиси зад секој медиум стои одредена економско-политичка групација и интерес кој што го диктира начинот на известување и обработка на темите. Оттука бројни прашања, особено оние од сферата на економијата и политиката не можат да избегнат „цензура", па дури и „комерцијална прохибиција". Медиумите и новинарите се дисциплинираат на различни начини: при стапување на работа во новинарската куќа, со допишување на цели реченици во нивните текстови, сугерирање да пишуваат или не пишуваат за некој настан. Така, често се случува сериозни теми да се премолчат поради притисок на силни политички и економски кругови. Интересот на сопственикот е примарен при одлуката дали за нешто ќе се информира или не и од кој агол. Новинарите, редовно се соочуваат со различни реакции, интервенции и притисоци од политичарите, бизнисмените, јавните личности и тоа од сите сфери.[165] Вовлекувањето на новинарите во политичките пресметки најчесто е практика за време на изборите. Лесно се забележуваат теми кои тенденциозно се обработуваат токму за време на изборните кампањи, а нивното објавување така се темпира, што не остава простор за соодветна реакција.

Таму каде што нема слободни медиуми, нема ниту лични ниту политички слободи. Таму каде што медиумите се спречени да се дистанцираат, да ја користат

---

[165] Весна Шопар, Национална конференција„Професиналното новинарство и развојот на медиумите во Македонија – тенденции, етика, саморегулација", 29 и 30 ноември 2005 год., Македонскиот институт за медиуми, фондацијата Конрад Аденауер и Програмата за мониторинг и застапување на ЕУ на Институтот отворено општество – Будимпешта, стр.31

слободата на говорот во соочувањето со оние што сонуваат да ги потчинат, со луѓето на власт, првенствено со политичарите, заклучокот се наметнува сам по себе. „Нема слобода без слободни медиуми. Истовремено, медиумите не се слободни ниту таму каде што дејствуваат под влијание на другите, а не на пазарните законитости".[166] Власта која не ги почитува овие принципи се оддалечува од јавното мислење и не може повеќе да ја следи еволуцијата на општеството, таа го губи авторитетот затоа што ја губи легитимноста.[167] Медиумите денес, не се под силно влијание и зависност од центрите на политичката моќ, туку се под влијание на моќта на центрите на бизнисот. Тоа покажува нескриени амбиции кон таканаречената „чиста" политика, односно кон освојување и на центрите на политичката моќ. Медиумите и нивното поседување се силен инструмент кон таквата моќ. Сопствениците обично ги користат најпогодните средства за притисок што им се на располагање-новинарите работат за нив, а не обратно. Сопствениците често им даваат директни наредби на новинарите да ги промовираат нивните приватни интереси или интересите на политичките групи со кои се тесно поврзани.

Главниот уредник понекогаш дејствува како посредник за овој вид влијание или преку издавање директни наредби или со користење на познатата „уредувачка политика". Средствата за притисок варираат од неприкриени директиви со цел да се избегнат или да се промовираат одредени субјекти, кога тоа е во интерес на политичарите или бизнисмените (обично не е од јавен интерес), па се до „помеки" средства како што се сугестии и совети. Состојбата, станува уште покомпликувана кога се совпаѓаат политичките и бизнис интересите, на пр. кога медиумите ги промовираат интересите на политичарите кои можат да имаат влијание врз сопственичката структура во тој одреден медиум. Особено, притисокот се зголемува за време на изборите. Новинарите ретко се спротивставуваат на притисокот. Преовладува стравот да не се загуби работата и тие понекогаш свесно ги нарушуваат професионалните принципи, за да ја задржат работата. Во принцип ова се однесува насекаде во светот,

---

[166] Francis Bal., Moc medija, Beograd: Clio, 1997, str.5.

[167] Raboy M and Dagenais B, Media, Crysis and Democracy: Mass Comunication and the Disruption of Social Order, SAGE Publications, 1996, p.36

ние само сме го пресликале во нашето секојдневие, а колку нема ни говор од истражувачко новинарство во нашите медиуми, говори следниот пример.

Извештаите на Freedom house говорат за падот на слободата на медиумите, последица на обидите на политичките, криминалните и терористички структури да ги превземат или замолчат медиумите во рамките на поширока борба за власт. Република Македонија, единствена во регионот се најде меѓу неслободните поради аферата со прислушувањето, што беше и причина за актуелните протести во земјата како и коруптивната природа на односите меѓу политичарите и сопствениците на медиумите со пораст на заканите и нападите кон новинарите и ограничување на слободата на говорот. Според извештајот на *Репортери без граници*, слободата на медиумите ширум светот е значително влошена во однос на претходните години, зато што многу влади се обидуваат да ја превземат контролата врз медиумите стравувајќи од јавни дебати.Посебно внимание упатуваат кон независните медиуми во Република Македонија, што се соочени со разни притисоци од идеолошки или други причини како што се политички или интереси од приватниот сектор.Поради тоа е и падот на Македонија о 34-тото на 111-то место од вкупно 118 места. Според параметрите на Freedom House, Македонија е транзициски-хибриден режим, кој опасно се приближува кон полуконсолидиран автократски режим. Во објавениот извештај „Нации во транзиција' кој опфаќа 29 поранешни комунистички држави од Европа и Азија, во Македонија е нотирано ново назадување. Степенот на демократизација на земјите се мери на скала од 1 до 7, а се оценуваат: демократското владеење на национално ниво, демократското владеење на локално ниво, независноста на медиумите, граѓанското општество, правната рамка и независноста на судството и корупцијата. Оценката 1 на скалата значи, највисок степен на демократија. Македонија годинава има просечна оценка од 4.43, а зад неа во регионот се само БИХ и Косово.Минатата година просечната оценка за македонската демократија беше 4.29. Севкупно, во изминатиот период Македонија е земја со најголемо назадување од земјите во регионот на Балканот. По одделни ставки, Македонија веќе се смета за авторитарен режим во однос на демократското владеење на национално ниво (оценка 5) и слободата на медиумите (5.25),а многу блиску до таков статус е и во однос на независноста на судството и корупцијата-за кои заедничката оценка е (4.75).

И во 2017 година медиумските слободи опаднаа насекаде низ регионот на Балканот, но ерозијата на владеењето на правото беше највидливо во Македонија, земја–кандидат за членство во ЕУ, се наведува во објавениот извештај на организацијата *Репортери без граници* за слободата на медиумите во светот. Македонија, иако практично напредувала за 7 места на листата, и сега е на 111-то место, останува закотвена на дното во европски рамки. Познавачите на состојбите резигнирано коментираат дека „ќе биде и полошо", а Македонија е уште еднаш лидер во регионот во намалување на основните слободи и права, а пред се на слободата на говорот и новинарската слобода. Веќе не е изненадувачки што медиумските слободи и права се ограничени, а земјата се наоѓа на црната листа, заедно со држави од третиот свет, бидејќи и ние припаѓаме во него.

Со оглед на ваквите извештаи како и црните предвидувања за слободата на говорот, од огромно значење е да се фокусираме на градење на слободни и независни медиуми да создаваме нови генерации на медиумски писмени новинари со независен и креативен дух кои ќе тежнеат кон вистината, етичноста и објективноста и со помош на истражувачкото новинарство на јавноста ќе и ја презентираат вистината. Само на тој начин ќе придонесеме за јакнење на медиумската слобода, а со тоа и на безбедносната култура како и личната и јавната безбедност.

## 4.4. ЈАВНАТА (НЕ)ДОВЕРБА ВО МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Падот на јавната доверба во политичките институции и во лидерите претставува глобален тренд, феномен кој не е тешко да се поткрепи со податоци, најчесто од испитувања на јавното мислење на граѓаните ширум светот. Тоа носи сериозни импликации за легитимитетот на оние кои управуваат со општествата. Општествената доверба во институциите и другите општествени актери е претпоставка не само за поширока општествена соработка, туку и за постоење на политичката заедница како таква и за нејзиниот социјален капитал. Покрај време на криза на легитимитетот, живееме и во она што некои автори го нарекуваат „ера на недоверба"[168] (Hardin, 2006).

---

[168] Hardin R, *Trust*, Cambridge: Polity Press, 2006.

Довербата е тространа однос кој се фокусира на идно однесување. На пример, А му верува на Б дека ќе го стори В. Но, секој ваков однос егзистира во различени окружувања кои од своја страна влијаат на релацијата. На пример, А верува дека Б ќе го стори В во контекстот Г. Ниското ниво на социјален капитал во Македонија е веќе документирано од истражувачите.[169] Не постои општоприфатена дефиниција на довербата. На пример, постои разлика зависно од тоа дали прашањето се разгледува од економска, социолошка или психолошка гледна точка. Јавната доверба е подготвеност на јавноста или општеството да зависи од дејноста на институциите, вклучително и оние со комерцијална функција. Бизнис организациите мораат да ја заслужат јавната доверба со својата работа, а тоа е и клучната менаџерска задача. Без довербата, многу институции, владините и бизнисите вклучително, не можат да бидат продуктивни. Јавната доверба во бизнисот, дефинирана како степен во кој јавноста или општеството му веруваат на бизнисот, е тема која е доста присутна во медиумите, но речиси воопшто не е истражувана на научно ниво. Јавната доверба е значајна за легитимацијата и перформансите на секое демократско управување.[170] Таа е компонента на социјалниот капитал и го олеснува оној вид на соработка кој е неопходен за ефективно управување со општеството.[171] Значењето на довербата е дополнително акцентирано со неизвесноста, бидејќи граѓаните не поседуваат експертиза, време и способности да ја проценат соодветноста на јавните политики, особено начините на справување со ризиците.

Долгата транзиција и длабоката политичка криза во Република Македонија, меѓу другото, резултираат и со ниско ниво на јавна доверба во институциите. Редовно, на сите истражувања на јавното мислење, сите државни и јавни институции добиваат ниски оценки од граѓаните. Меѓу нив се, секако, и медиумите. Јавната недоверба во медиумите има огромно влијание врз начинот низ кој тие ги остваруваат сите свои

[169] Markovic N and Damjanovski (2015), "The uncharted political realm – social capital, political values and practices stimulating informal networks in Macedonia", *New Balkan Politics*, issue 17.

[170] Putnam R., *Making democracy work: civic tradition in modern Italy*, Princeton: Princeton University Press, 1993.

[171] Fukuyama F, Trust: The Social Virtues and The Creation of Prosperity, NY: First Free Press, 2005.

функции, вклучително и моќта да влијаат на формирањето и негувањето на општата култура. Истото се однесува и на безбедносната култура.

Една компаративна студија за перцепциите на граѓаните за новинарската етика и интегритет во Хрватска, Србија и Македонија, покажува речиси идентична слика.[172] Без да се навлегува во спецификите во секоја земја, врз база на директни интервјуа, истражувачите ја утврдуваат сликата за една недоверлива јавност, која на медиумите и новинарството гледа како на корумпирана дејност („сите се корумпирани и зависни од некого", „во медиумите има корупција и примери има насекаде" - се типичните одговори). Во групата на корумпирани професионалци, без исклучок, тие ги вклучуваат сите - од новинари, до уредници и спственици. Искуствата врз основа на кои ги градат ваквите перцепции се поретко од непосредни сознанија, но многу повеќе врз основа на нивната проценка за начинот на известување, за кој тврдат дека е политички пристрасен и необјективен, но и од однесувањето, јавниот имиџ и јавни искази на самите новинари, кои дури и не се трудат да ја сокријат својата близина со центрите на моќ. Публиката, како и аналитичарите од други студии за состојбата во македонските медиуми, се сложни дека политиката е главниот извор за корумпирање на новинарската дејност. Рекламирањето се смета за еден од најновите и најуспешни начини за ставање на медиумите под свое влијание. Самото рекламирање не е проблем, но негативните ефекти се огледуваат кога примањето финансиски средства од одредена фирма или институција влијае врз тоа дали и како се покриваат одредени скандали или контроверзии поврзани за клиентите. Затоа и се случува, она што е скандал или главна тема, воопшто и да не биде застапено во информативната програма на другите медиуми (од другиот табор), каков што беше примерот со аферата Телеком. Одредени нијанси во одговорите кај испитаниците постојат само околу дилемата дали тоа новинарите го прават затоа што се непрофесионални или коруптивни, или затоа што се под притисоци (фактор на страв). Интересно е што испитаниците од ова истражување (спроведено во 2013 година) го посочуваат ТВ каналот Сител како еден од најкорумпираните, односно отворено блиски со власта и

---

[172] Pjesivac I., Spasovska K. and Imre I., ibidem.

богато наградени со рекламни зделки. Но, промената на власта до која дојде во 2017 година не донесе промени, и повторно пример за тоа е истиот телевизиски канал. Владините претставници одговорија дека со финансиската помош за овој канал и со рекламите сакаат да допрат до оној дел од македонската публика кој доскоро бил под негативното влијание на поранешната власт, односно дека е ова начин за да сегашната власт стекне влијание врз една популација која не ѝ била достапна од политички и медиумски причини.

Додека првите луѓе во медиумите се „продаваат" за големи средства, сознанијата од теренот говорат дека новинарите можат да се купат за многу помали средства или услуги (ресторани, мали подароци, или покривање на патни трошоци за известувања во странство, и сл.). Ако се земе предвид социјалната несигурност која владее во медиумите (фактот дека голем број новинари или работат за минимални плати или не зеле плата со месеци), како и општото ниво на невработеност, синдромот на зависност воопшто не зачудува.

## 4.5. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Прашањето на медиумската писменост во својот фокус ја става интеракцијата помеѓу медиумите и граѓаните/консументите на медиумските производи низ една посебна призма. Ова прашање досега не било истражувано систематски во рамки на академската и/или медиумската заедница во Република Македонија. Од традиционална гледна точка под медиумска писменост се подразбира еден комплекс на прашања поврзани со тоа како се снаоѓа или треба да се снајде граѓанинот соочен со налет на многубројни информации, а притоа и критички да ги перцепира. Посовременото толкување на овој концепт ја опфаќа употребата на медиумите како предуслов за активно граѓанство.

Во најтесна (и најзастарена) смисла, концептот „писменост" подразбираше способност да се разбере и да се употреби јазикот, односно да се поседува вештина за интерпретација на знаци (букви), кои заедно формираат зборови што пренесуваат значење. Но, во современиот свет овој вид на писменост е недоволен, бидејќи пораките, информациите и симболите се пренесуваат преку најразлични кодови и средства. Аудиовизуелните медиуми – телевизијата, киното, информатичката

технологија или интернетот – сè повеќе стануваат доминантен медиум.[173] Затоа, денес се зборува за потреба од не само „лингвистичка писменост", туку и „електронска писменост", односно нивен сублимат во вид на „медиумска писменост".[174] Уште на самиот почеток на развивање на овој концепт во САД, акцентот се става на потребата од стекнување на сознанија не преку медиумите, туку за медиумите. Дел од овие истражувања се должат на загриженоста за негативното влијание на асоцијалното однесување и насилството во медиумите. Во развојот на свеста за медиумската писменост големо влијание ќе има и УНЕСКО, особено преку Декларацијата за медиумско образование од 1982 година (потпишана од 19 земји). На тој начин, медиумската писменост влегува во образовниот систем во многу држави, со цел младите да ги подготви за одговорни граѓани и да ја зголеми критичната свест кај медиумските корисници. Тоа почнува да се смета за „дел од темелното право на секој граѓанин во секоја земја на светот на слобода на изразувањето и право на информации и претставува инструмент за изградба и одржување на демократијата".[175]

Од мноштвото дефиниции за медиумската писменост, издвојуваме неколку кои се релевантни за разбирањето на улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура. Така, таа може да се дефинира како „способност за пристап, анализа, евалуација и комуникација на пораките во различна форма"[176], и вклучува „стекнување вештини и знаења потребни за читање, интерпретација и создавање текстови, артефакти и интелектуално орудие, како и можност за целосна

[173] Goodman, S, Teaching Youth Media. A critical guide to literacy, video production, and social change. New York: Teachers College Press, 2003.

[174] Шопар В и Трајкоска Ж (ур.), *Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство*, Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, 2016.

[175] Види повеќе: http://www.nordicom.gu.se/en/clearinghouse/recommendations-addressed-unesco-media-education

[176] Види повеќе во: http://mysite.dlsu.edu.ph/faculty/marianog/publish/potter.pdf

партиципација во културата и општеството"[177]. Медиумската писменост претпоставува способност за поставување на вистинските прашања за она што се гледа, се слуша или се чита. Медиумски неписмени луѓе стануваат заложници на медиумите на кои безрезервно им веруваат и им дозволуваат да ги „програмираат" нивните навики, но и начин на разбирање на стварноста. Така, тие „влијаат врз нивните очекувања во поглед на меѓучовечките односи, успешноста, славата, здравјето, случувањата кои заслужуваат медиумско внимание, проблемите и решенијата за нив".[178]

Како едно од ретките, но исклучително содржајни, истражувањето спроведено од Висока школа за новинарство и за односи со јавноста во 2016 година пластично ги детектира сите проблеми поврзани со медиумската писменост во Република Македонија, и тоа во неколку сектори: образование, законодавство, медиуми и граѓански организации. Она што особено загрижува е што концептот е недоволно познат дури и меѓу новинарите, кои медиумската писменост најчесто ја мешаат со „јазична писменост" и „новинарски вештини". Од друга страна, како што покажува истражувањето, тие го препознаваат значењето на интеракцијата со публиката, па освен традиционалните форми на комуникација (како што се писмата на читателите, телефонските повици, директните средби), речиси сите имаат канали за онлајн комуникација (најчесто преку социјалните мрежи Фејсбук, Твитер, ЈуТјуб). Новинарите се скептични во однос на граѓанските организации и нивните капацитети за успешна комуникација и во поглед на соработката со јавноста и со медиумите, пред сѐ, поради недоволното познавање на работата на медиумите и не знаењето како да го привлечат вниманието на новинарите, а со тоа и вниманието на јавноста. Во Република Македонија нема невладина организација чија основна дејност би била промоција и имплементација на медиумската писменост.

---

[177] Kelner, D., Share, J., "Toward Critical Media Literacy: Core concepts, debates, organizations, and policy", *Studies in the cultural politics of education*, Vol. 26, No. 3, 2005, http://web.mit.edu/schock/www/docs/towardscritmedlit.pdf

[178] Poter W. Dž., *Medijska pismenost*, Beograd: Clio, 2013.

## 4.6. ИМА ЛИ ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?

Во една од хипотезите се потенцира дека истражувачкото новинарство е клучен фактор во креирањето на безбедносната култура, и таа хипотеза се должи на искуствата на развиените и стабилни демократии, во кој и медиумскиот систем е на високо професионално и етичко ниво. Свесни дека се соочуваме со поинаков општествен, политички и медиумски контекст, тука прво ќе се фокусираме на елаборација на концептот на истражувачкото новинарство за да одговориме на прашањето: дали такво постои во Република Македонија?

Прашањето за суштината и одликите на истражувачкото новинарство сѐ уште е предмет на дебата. За едни, тоа претставува врв на новинарските вештини, а истражувачкиот новинар е посебен тип новинар. Други, пак сметаат дека истражувачкото новинарство е само нов начин за означување на старото, темелно новинарство.[179] Накусо, ќе заклучиме дека истражувачкото новинарство во основа представува продлабочено и квалитетно новинарство, со специфични карактеристики што воглавно се однесуваат на постудиозниот, поаналитичен пристап кон вестите, темите, лицата или појавите.

Една од најважните вештини на добриот новинар е способноста да ја објасни и пренесе до јавноста информацијата, едноставно, уверливо и јасно. Но, истражувачкото новинарство ги разоткрива информациите, што свесно се прикриваат, а се од голем интерес за јавноста. Предмет на негов интерес се политиката, јавниот сектор, бизнисот, црквата, мафијата, безбедносниот апарат - всушност, сето она што содржи приказни за моќта, парите, неправдите, корупцијата, измамите, моќните поединци и невините жртви.

За нашата тема е битно да истакнеме дека почетната премиса е дека истражувачкото новинарство е во служба на она што е праведно и морално, и како такво има моќ да предизвика општествена катарза или општествени промени.

---

[179] Види повеќе, Центар за истраживачко новинарство, www.cins.org.rs

Успешен епилог на истражувачкиот проект е разобличување и осуда на нечесното, срамното, себичното и користољубивото и било кое нечовечно дејствување. Новинарските истражувања ги разоткриваат злоупотребите во јавните служби, незаконското финансирање на изборните кампањи, корупцијата во полицијата, ги разобличуваат врските помеѓу криминалот и политиката, лажните доброчинители, подмитувањето, злоставувањето во менталните установи и затворите, тргувањето на сметка на здравјето, заработката врз човечка неволја и сл. Истражувачкото новинарство е процес во кој новинарот открива информации, факти и бројки кои ги поседуваат државните и јавните институции, компаниите или одредени личности и не сакаат да ги споделат со јавноста, а се од јавен интерес, или со нивното откривање преовладува јавниот интерес.[180] Новинарите-истражувачи обично се споредуваат со инспектори, детективи и врвни аналитичари и во сето тоа има и некаква вистина. Неговата задача е да открие и поврзе се за личностите, компаниите и случувањата, најчесто без знаење и учесниците. Својата сторија ја поткрепува на три типа на извори: документи, луѓе и лични импресии. Документите го опфаќаат сето она што е напишано, фотографирано, односно снимено. Понекогаш е доволно да се знае како да се користат јавно достапните документи.

Според авторите на Прирачникот за истражувачко новинарство и пристап до информации, зачетоците на истражувачкото новинарство во Македонија треба да се бараат од крајот на 80-те години на минатиот век кога списанието „Млад Борец" почна да објавува дотогаш непознати факти за историските настани и личности од времето по Втората светска војна, кои тогашната власт на Социјалистичка Република Македонија ги криеше. Своето огнено крштевање во самостојна Македонија, пак, истражувачкото новинарство го доживеа со воведувањето на демократијата и особено со појавата на неделникот „Фокус" (1995 год.) кој го истражуваше процесот на приватизација во Македонија и откри бројни злоупотреби, а подоцна и неделникот „Денес" и приватните дневни весници „Дневник", „Македонија денес", како и А1

---

[180] Димовски С и Мирчевски Н, *Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации*, Скопје: Институт за човекови права, 2016.

Телевизија, кои објавуваа истражувачки приказни за политичките и бизнис злоупотребите на тогашната власт, пред парламентарните избори во 1998 г.[181]

Истражувачкото новинарство во Македонија е во негова рана фаза. Прашањето дали во земјата постои истражувачко новинарство е повеќе реторичко отколку суштинско. Одговорот е видлив не само во (не)квалитетот на медиумските производи и организации, туку и по тоа што во земја со толкав број суштински проблеми, новинарите не се истакнаа со свои истражувачки стории за откривање на злоупотреби, корупција и сл. Објавувањето на аудио-снимките од прислушуваните разговори, кои ги обелодени Социјалдемократскиот сојуз на Македонија во 2015 година, всушност, покажа дека голем број новинари биле предмет на следење од страна на тајните служби, а некои од нив, како што се покажа подоцна, се дури и инкриминирани во предметите отворени од Специјалното јавно обвинителство.

Во последните години, ваков тип на новинарство се промовира на разни начини, а најчесто со доделување новинарски награди („Никола Младенов", награда на претставништвото нас ЕУ во Македонија, наградата на ЗНМ, МИМ, и сл.), бесплатно преведување и објавување литература и прирачници, а на оваа сфера работат и одредени невладини и образовни организации/институции поддржани со грантови од странство. Причините за рудиментарната форма на истражувачко новинарство се бројни: од општата позиција на медиумите, слабата економска основа, квалитетот на образованието на новинарите, немотивираноста поради ниските плати и високите ризици, блискоста со политичките и финансиските центри на моќ, вклучително и лошата организација во редакциите. За жал, се покажа дека некои новинари се впуштија и во злоупотреба на информациите добиени по пат на истражувалчко новинарство, што од нив направи своевидни рекетари: информацијата станува средство за изнудување услуги или пари.

Во Македонија има релативно голем број медиуми, но сите тие имаат мали редакции. Некои уредници бараат големи новинарски откритија за неколку дена, бидејќи не можат да се лишат од работата на своите најдобри новинари и да им

[181] Исто.

дозволат во подолг период да работат на една или две истражувачки стории. Теоретски е возможно добра приказна неочекувано и сама да се појави, но тоа е многу ретко. Сложените приказни бараат долго и макотрпно истражување. За разлика од западните медиуми, каде на новинарите им се дозволува на новинарите смирено да работат на своите проекти, со јасно уверување дека тие истражувања се од огромно значење за медиумот, тоа е реиси невозможно за македонскиот новинар. Ако истражувањето покаже дека нема приказна или дека не е вредна за внимание, тогаш се продолжува на друга сторија. Додека не се исполнат сите објективни и субјективни услови, судбината на овој новинарски жанр ќе зависи од мал број ентузијасти, кои и во вакви услови, сепак ќе можат да постигнат добри резултати.

Во подолг период, под влијание на зависноста од одредени политички центри, медиумите произведуваа(т) „конфекциски" вести и прилози: она што ќе го пренесе еден медиум, се рециклира и појавува на уште неколку. Наместо истражувачко новинарство, доминира препишувачко, а со зголемување на популарноста на социјалните медиуми, за голем број новинари Твитер или Фејсбук се „извор" на информации, односно ставови. Принципите велат дека откако ќе дојде до квалитетна информација, новинарот мора да спроведе сопствена истрага, со обраќање до спротивставените страни, да ги провери спорните наоди и да ги преиспита мотивите на изворот на информацијата. Новинарот кој некритички ќе ги препише текст од документи што му се доставени, или пак без проверка ќе пренесе неслужбена изјава, не само што е самиот подложен на манипулации, туку и самиот учествува во ширење шпекулации, од кои можат да произлезат многу штетни последици. Тезата дека е многу поважно приказната да биде точна отколку да се биде на насловна страна, не важи во Македонија. Голем број познавачи на медиумите зборуваат за личните квалитети кои треба да ги поседува еден истражувачки новинар, но доминира ставот дека истражувачкото новинарство не може и не смее да зависи од случајности, од појавата на досетлив, интелигентен, храбар и љубопитен новинар, туку мора да постојат системски услови за вршење на дејноста. За разлика од вестите што на новинарите секојдневно им ги сервираат портпаролите на институциите или заинтересираните страни, истражувачките вести се резултат на активна потрага по вистински информации.

Истражувачкото новинарство е насочено кон разоткривање на нешта кои би останале непознати за јавноста, без нивниот напор. Темите што овој новинарски жанр ги обработува се понекогаш дури и опасни, а најчесто конфликтни, па неретко се завршуваат со тужби. Она што го карактеризира македонскиот контекст е големиот број тужби за сметка на новинари, дури и кога пренесуваат неспорни информации и кога не се ангажирани во истражувако новинарство.

И сега доаѓаме до круцијалното прашање: постојат ли услови за вистинско истражувачко новинарство во Република Македонија? Станува ли збор за вистинско истражувачко новинарство или за смешни обиди на поединци, кои сакаат да го свртат вниманието на јавноста кон себе? Новинарството е автентично сведочење за времето, луѓето, настаните, појавите и фактите; известување на јавноста за сите битни настани и појави во општеството во целина.[182] Медиумите во Македонија функционираат под директно влијание на политичките, на економските и други интереси. Речиси зад секој медиум стои одредена економско-политичка групација и интерес кој што го диктира начинот на известување и обработка на темите. Така, често се случува сериозни теми да се премолчат поради притисок на силни политички и економски кругови. Интересот на сопственикот е примарен, дали за нешто ќе се информира или не и од кој агол. Новинарите редовно се соочуваат со различни реакции, интервенции и притисоци од политичарите, бизнисмените, јавните личности и тоа од сите сфери.[183]

Вовлекувањето на новинарите во политички пресметки најчесто е практика за време на изборите. Лесно се забележуваат теми кои тенденциозно се обработуваат за време на изборните кампањи, а нивното објавување се темпира така што да не остави простор за соодветна реакција. Значи, таму каде што нема слободни медиуми, нема ниту лични ниту политички слободи. Таму каде што медиумите се спречени да се дистанцираат, да ја користат слободата на говорот во соочувањето со оние што сонуваат да ги потчинат, со луѓето на власт првенствено со политичарите, заклучокот се наметнува сам по себе. Нема слобода без слободни медиуми. Истовремено,

---

[182] Стефановиќ С., *Објективноста на медиумите за време на конфликтот во Република Македонија 2001*, необјавен магистерски труд, одбранет на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје 2011.

[183] Исто, стр.46

медиумите не се слободни ни таму каде што дејствуваат под влијание на другите, а не на пазарните законитости.

Медиумите кои се насочени кон истражувачкото новинарство и сериозно ја работат својата работа, имаат голема моќ во градењето на безбедносната култура, пред се во промовирањето на човековите права и слободи и во нивната проактивна улога со одвојување на повеќе простор за теми, дебати информации и активности поврзани со истата. Само со аналитичко истражувачко новинарство ќе може да се зборува за солиден медиумски пристап во градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

# 5. МЕДИУМИТЕ И БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 5.1. МАКЕДОНСКИТЕ МЕДИУМИ И КОНТРОЛАТА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР

За да имаат влијание и конструктивна улога во поглед на безбедносната култура, нужно е медиумите, односно медиумските работници, да имаат познавања во однос на доминантниот безбедносен концепт во државата, начинот на организација и функционирање на безбедносниот сектор. Всушност, во секое демократско оштество, медиумите имаат многу голема надзорна (watch-dog) и корективна функција, меѓу другото, и во поглед на демократската контрола врз безбедносниот сектор во целина. По својата системска позиционираност во рамки на политичкиот систем, медиумите се сметаат за дел од цивилната сфера, односно цивилното општество, поради клучната медијаторска функција на изразување и пренесување на интересите и барањата на граѓаните кон политичката сфера, но и во поврзување со другите делови на цивилното општество. Тие се извор на информации и за меѓународните реципиенти.

Од демократска перспектива, медиумите имаат право да собираат и да пренесуваат информации за прашања поврзани со безбедноста што се од интерес за јавноста, а имаат и соодветна одговорност да понудат вести што ги задоволуваат стандардите за вистина, точност и правичност. На тој начин, медиумите можат да им помогнат на владата и на парламентот во смисла на подобро информирање и давање објаснувања на јавноста за нивните одлуки и политики. Од своја страна, граѓаните имаат право да бидат информирани, но исто така, само информирани граѓани можат да бидат вистински учесници во политичкиот процес. На пример, преку ширење на информации, медиумите можат да придонесат за правото на јавноста да биде запознаена со лицата кои се носители на јавни функции во областа на безбедноста и нивната одговорност, со содржината на безбедносната политика, карактерот и обемот на учество на припадниците на безбедносните сили во мировни мисии во странство, за набавките и договорите, безбедносните предизвици со кои ќе се соочува државата, итн. Понатаму, новинарите – истражувачи и оние што се специјализирани за некоја област на безбедносниот сектор (јавна безбедност, цивилна заштита, кризен менаџмент, разузнавање или одбрана) треба да бидат оспособени да дејствуваат на одговорен начин, без да го загрозат безбедносниот систем, а сепак да знаат да

поставаат вистински прашања во вистинско време, односно да постапуваат согласно јавниот интерес во сферата на безбедноста.

Во државите каде што медиумите не се независни од владините институции лесно може да се случи медиумите да се злоупотребат од страна на власта за политички и/или пропагандни цели. Во вакви случаи, медиумите се неспособни и не можат да ги подобрат транспарентноста и демократските надзор на безбедносниот сектор.[184] Сепак, нивната критика е ненадоместливо средство на демократската контрола и напорите се насочени кон тоа да се постигне рамнотежа, помеѓу критиката и медиумската јавна поддршка на безбедносниот сектор. Идеално би било, кога улогата на медиумите во сторијата за демократија и демократски надзор на вооружените сили би била онаа на посредник помеѓу цивилното општество и политичката држава, особено нивниот безбедносен апарат. Значи, во едно демократско општество, се очекува медиумите да играат важна улога служејќи како главна информациска врска помеѓу елементите на „тројството".[185] Имено, круцијален проблем за медиумите е како да ја чуваат независноста и непристрасноста, кога информираат за секој "агол на триаголникот", односно: државните власти, безбедносниот сектор или цивилното општество. Преголемото приближување до политичката власт ја загрозува способноста на медиумите да известуваат објективно и критички.[186] Овие односи се од витално значење за време на мир, поради нивното директно влијание врз демократијата, но со зголемувањето на безбедносните ризици, тие односи стануваат уште поделикатни.

Од практична гледна точка се поставуваат неколку прашања: каков е придонесот на медиумите за безбедносната заедница? Дали постојат проблеми во комуникацијата со безбедносниот сектор? Искуствата говорат дека во однос на комуникацијата, проблематично е тоа што постпи асиметричен однос, однос на

---

[184] *Parliamentary Oversight of the Security Sector*, Inter-Parliamentary Union and DCAF, Geneva/Belgrade,2003, p.39

[185] Vankovska B., "The Military, Security Sector Reform and the Media: Public Control and/or Confidance Building", a conference paper presendend at the conference on *Confidence Building between the Armed Forces and the Civil Society*, DCAF and Medienhilfe, Skopje, 24-25 January 2003.

[186] Бакрески. О, исто, стр. 167.

нееднакви, при што комуникацијата во голем број случаи е сведена на прес-конференции и писмени соопштенија и информации подготвени од страна на лицата овластени за комуникација во безбедносните или државните служби. Гледано низ историска призма, тоа е нова и добра практика за медиумите, кои до 90-те години немаат можност да оддржуваат редовни контакти со претставниците на безбедносните структури, кои беа крајно затворени. Со други зборови, ова е позитивен квалитет плус во однос на повеќе децениската затвореност. Порано се случувало, но во ограничен обем, некој од безбедносниот сектор да им се обрати на медиумите, а денес практиката е сосема поинаква и според потребата, овој сектор често одржува конференции за печат, каде се говори за самата институција и актуелните приоритети.

Вториот проблем, врзан за односите меѓу медиумите и безбедносниот сектор е тоа што редакциите ја запоставуваат оваа област и ја третираат претежно преку пишување за афери и негативни случувања. Затоа е важно новинарите кои се ангажирани да ја обработуваат проблематиката во безбедносниот сектор да бидат новинари со поголемо работно искуство, и секако, добро да ја познаваат самата проблематика. Парцијалниот аферашки и површен пристап од страна на новинарите кон секторот за безбедност создава голема негативна атмосфера, каде што секој може да биде експерт во безбедносниот сектор и да пишува за проблемите на безбедноста. Секако, за да може аналитички да им се приоѓа на прашањата од оваа област, потребно е солидно теоретско познавање.

Објективноста на медиумското информирање на граѓаните за општествените случувања е релативна работа, бидејќи таа зависи од поголем број фактори што посредно или непосредно влијаат врз работата на медиумите. Сопственоста на одредени медиуми, идеолошката поставеност, финансирањето, политичко-партиските влијанија итн., се само еден дел од причините што имаат свое влијание врз медиумското работење и објективноста на нивните информации. Во Република Македонија, медиумите почнаа се повеќе да се класифицираат во група на “партиски поддржувачи”, „партиски оцрнувачи”, „промотори на патриотски или етнички интереси”, итн. Ова широко милје на медиумски атрибути, наведува на фактот дека медиумската политика во Република Македонија не е во потполна координација со

националните интереси, односно со внатрешно-политичките и со надворешно-политичките аспирации на државата.

За да може да се постигне прокламираната определба за независно информирање и независни медиуми, потребни се реформи во медиумската сфера. Тие реформи треба да се движат кон: демократизацијата на организационата поставеност, што значи создавање здрава регулативна рамка за нивно основање и функционирање, за целите и задачите што ќе овозможат поголема независност на уредувачката политика, стандардизација на квалитетот и разновидноста на програмските производи (содржини) за промовирање и активно придонесување и вреднување на националните интереси. [187]

## 5.2. МЕДИУМСКИОТ ПРОСТОР КАКО МОСТ НА ЗБЛИЖУВАЊЕ ИЛИ НА ПОДЕЛБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За мултиетничко и постконфликтно општество како македонското од животна важност е состојбата на планот на меѓуетничките и меѓуверските односи. Токму известувањето за теми со ваква проблематика е вистински тест не само за институциите, туку и за медиумите и безбедносната култура. Иако состојбата во поглед на медиумите и медиусмките слободи е под постојан меѓународен мониторинг, прашањето за етничкиот и политичкиот јаз помеѓу медиумите е релативно слабо истражувано. Всушност, анализата на медиумското известување за драматични настани поврзани не само со етничкиот соживот, туку и со опстанокот на државата, може да биде и најдобриот индикатор за капацитетите на различните субјекти за менаџирање на внатрешните кризи и конфликти. Тоа, пак, на свој начин зборува за безбедносната култура, или поточно безбедносните култури, кои (ко)егзистираат во државата.

Едно од најсериозните истражувања на оваа тема е реализирано од Висока школа за новинарство и односи со јавноста во еден конкретен период (2013 година), за тоа како различните медиуми известувале за неколку селектирани настани

---

[187] Исто, стр.157

поврзани со меѓуетничкиот соживот и тензии.[188] Предмет на оваа анализа е медиумското покривање на прашањата од мултиетнички и мултирелигиозен карактер, односно формата и содржината на текстовите, прилозите и онлајн-пакетите во печатените, електронските и онлајн-медиумите во Македонија. Набљудувањето и анализата се сосредоточени на „најрелевантните теми од јавен интерес за сите групи и заедници", кои поттикнаа широка општествена дебата во периодот кога беше реализирано истражувањето (од 16 јануари до 12 февруари 2012 година). Фокусот на истражувачите е насочен кон емпириска верификација и вреднување на интензитетот, формите и содржината на медиумското покривање на настаните, како и на почитувањето на професионалните новинарски стандарди во информирањето на јавноста. Истражувањето е спроведено со методот анализа на содржината, преку кој се добиени квантитативно-квалитативни показатели за медиумското следење и информирање за настаните од меѓуетнички и меѓурелигиски карактер. Во анализата се опфатени дневни весници (шест на македонски јазик и три на албански), радиостаници (Канал 77 и програмите на Македонското радио на македонски, албански, ромски и турски јазик), осум ТВ станици и четири онлајн-информативни медиуми. Настаните кои се предмет на медиумското известување се случувањата со Вевчанскиот карневал, Европското првенство во ракомет (во етнички контекст) менувањето на имињата на неколку училишта во општината Чаир и проектот за интегрираното образование на Владата и ОБСЕ. Посебно поглавје е посветено на известувањето за убиството на Смиљковското езеро.

Анализата покажува дека сите медиуми покажале голем интерес за меѓуетничките и меѓурелигиските прашања што ја обоија јавната дебата во Македонија во дадениот период. Но, наместо фокусот да се стави повеќе на сеопфатното и аналитичко обработување на овие сензитивни теми, доминирало дневноинформативно" фактографско третирање. Аналитичките форми се исклучок од правилото, иако самите теми ги заземаат насловните страници или се ударни вести во информативните емисии. Иако генерално доминираат прецизни извори на

---

[188] Шопар В. (ур), *Известувањето за меѓурелигиските и меѓуетничките тензии: значењето зад насловите*, Скопје: Висока Висока школа за новинарство и односи со јавноста, 2013.

информации (главно официјални), сепак кај дел од медиумите има и шпекулации и наведување на нејасни извори. Дури третина од текстовите и прилозите наведува само еден извор на информации. Половина од анализираните текстови од печатените медиуми имаат или „негативен" (33,9%), или „позитивен" (8,5%) или „амбивалентен" (6,9%) пристап во третирање то на меѓуетничките и меѓурелигиските теми, што зборува за сериозни отстапувања од обврската за непристрасно и избалансирано известување за вакви чувствителни прашања. Интересно е што најмалку време за информирање за овие настани издвоил токму јавниот сервис - вестите и на македонски и на албански јазик. Кај дел од (тогаш) провладините медиуми е забележана појава на долга најава на прилозите во вид на коментар, а со цел да се влијае на мислењето на гледачите и настаните да се интерпретираат според субјективниот став на новинарот. Во контекст на ТВ известувањето за „чувствителните" меѓуетнички и меѓурелигиски прашања, особено загрижува недоволната застапеност на извори од две или повеќе страни, односно едностраното известување на најголем дел медиуми само од агол на сопствената „етничка" заедница. Најголеми отстапувања од овој новинарски стандард се забележани кај јавниот радиодифузен сервис, чија обврска според сите документи и стандарди е да ја промовира социјалната кохезија. Имено, кај вестите на албански јазик на МТВ, дури 92,3% од прилозите имаат извор само од една страна. Од друга страна, во вестите на македонски јазик се постапувало мошне професионално во овој поглед - дури во 83,4% од прилозите се посочуваат извори од две или повеќе страни. Во однос на пристапот на новинарите/медиумите кон овие настани е констатирано дека доминираат „позитивниот" пристап кон сопствениот, односно „негативниот" пристап кон другиот етникум, на сметка на „неутралното" известување без квалификации и оценки. Ваквиот начин на известување не само што ја искривува „сликата" за реалноста, туку и јасно укажува на известувањето низ етноцентристичка перспектива, што креира стереотипи кон „Другиот".[189]

Конференцијата за политичкиот плурализам и професонално медиумско известување од април 2017 година заклучува дека во Република Македонија постојат

[189] Исто.

поларизирани и поделени медиуми, обоени со говор на омраза.[190] Учесниците заклучуваат дека е евидентно непочитување на новинарските стандарди и етиката, а големо е присуство на говорот на омраза во вестите на телевизиите. Холандскиот амбасадор, Ваутер Пломп, оценил дека ова се тешки времиња за политиката и за медиумите. Интересно е што во склоп на процесите покренати од Специјалното јавно обвинителство, во два предмети („Тотал" и „Тифани") телевизиски уредници се осомничени за затајување данок, што создава огромна штета на новинарството, кое губи и на кредибилитет и на углед. Во тој контекст, Марина Тунева, извршен директор на Советот за етика во медиумите во Македонија, потсетува дека „цело време ја осудуваме појавата на клиентализам и клиенталистички врски, меѓу сопствениците, уредниците на медиумите, со дадени центри на моќ со политички партии".[191] Експертите укажуваат дека не само партиите, туку и медиумите употребуваат етно-националистички наративи и дискурси за да мобилизираат поддршка и да легитимираат одредено гледање, што ги прави соучесници во дестабилизацијата на општеството.[192]

Сето ова укажува дека медиумите во Македонија наместо да градат мостови и да помагаат во изградба на заедничка иднина и безбедносна култура, тие се повеќе дел од проблемот отколку дел од решението. Авторите на една недамнешна анализа (од 2013 година) со право забележуваат дека „длабоката поделеност на општеството по политичка и по етничка линија јасно се оцртува во организираноста и во програмските содржини и на јавниот сервис и на приватните медиуми на етничките заедници. Сите овие медиуми дејствуваат дезинтеграционо, како информативни гета, кои ја потхрануваат и ја засилуваат сликата на секоја етничка заедница како издвоен

---

[190] Стефановски И, „ Дебата: Поларизирани и поделени медиуми – обоени со говор на омраза", 24 вести, 3 април 2017, http://24vesti.mk/debata-polarizirani-i-podeleni-mediumi-%E2%80%93-oboeni-so-govor-na-omraza .

[191] Исто.

[192] Талески Д. и Положани Л.,„ Како да се создаде етничка кохезија во Македонија", *Призма*, 14.07.2016, http://prizma.birn.eu.com/%D0%BC%D0%BA/%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B8/%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%B4%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%BE%D0%B7%D0%B4%D0%B0%D0%B4%D0%B5-%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%85%D0%B5%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0 .

културен сегмент на општеството. На тој начин, тие ја рефлектираат и одново и одново ја рециклираат истата политичка и етничка поларизираност."[193]

## 5.3. МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Меѓу другото, преку вршењето на својата информативна дејност, медиумите се главниот извор на информации за криминалитетот. Со други зборови, тие во голема мерка го детерминираат начинот на кој се прикажува и определува значењето и јавната перцепција за овој феномен. На ова клучно влијание вршат уредувачката политика, новинарскиот професионализам, идеолошките убедувања на новинарите, како и користената реторика која се одбира за пренесување на вестите во врска со криминалитетот. Всушност, пишаните написи и медиумскиот дискурс во електронските медиуми претставуваат и посебен предмет на истражување, бидејќи таквата анализа открива колку општеството и граѓаните добиваат објективна или искривена слика за криминалот. Бројни научни истражувања потврдуваат дека медиумите, преку своето информирање, имаат моќ да создаваат слика за криминалитетот, неговите корени, извршителите и слично, со што ги определуваат границите и го дефинираат степенот на девијантно однесување и криминал во општеството.[194] Како што забележува Чемберлен, начинот на кој се прикажуваат одредени кривични дела влијае на социјалната конструкција и на јавниот дискурс за нив. Следствено, ова е еден од важните начини низ кои медиумите успеваат или потфрлаат во градењето на безбедносната култура во општеството.[195]

Опсежна студија на оваа тема за насилниот криминал и неговото медиумско претставување во Република Македонија има направено Стефановска, на чии

---

[193] Мицевски И, Трпевска С и Трајкоска Ж, *Известување од паралелни светови: медиумите на заедниците во Македонија*, Скопје: Висока школа за новинарство и односи со јавноста, 2013.

[194] Dowler, K., "Media Consumption and Public Attitude Toward Crime and Justice: The Relationship between Fear of Crime, Punitive Attitudes and Perceived Police Effectiveness", *Journal of Criminal Justice and Popular Culture*, 2, 2003; Reiner, R., "Media Made Criminality: The Representation of Crime in the Mass Media", in: M. Maguire, R. Morgan, R. Reiner (ed.) *The Oxford Handbook of Criminology*, Oxford: Oxford University Press, 2007.

[195] Chamberlain, J. M. , *Understanding Criminological Research*, Thousand Oaks: SAGE Publications, 2013.

резултати се потпираме во елаборацијата на оваа тематика.[196] Истражувани се медиумските прикази на криминалитетот во два дневни весници во период од три месеци на крајот на 2014 и почетокот на 2015 година. Иако навидум изгледа дека истражуваниот примерок на печатени медиуми е мал, од денешна перспектива кога најголемиот број весници се згаснати (вклучително и овие два, *Дневник* и *Вест*), јасно е дека и денешните истражувачи се срекаваат со слична ситуација на медиумскиот пазар. Истражувањето нуди одговори на неколку клучни прашања, како: начинот на кој медиумите го претставуваат и разбираат насилството; причините за нагласување и/или исклучување на одредени криминални појави; утврдување на сличностите и разликите во прикажувањето на криминалитетот, и имплицитните и експлицитните пораки кои им се упатуваат на читателите на весниците.

Во таа смисла, забележана е различна практика при известувањето, со ставање акцент или претежно на жртвите и нивната состојба на виктимизираност или на начинот на кој е извршено насилството со акцент на оружјето и/или извршителот. Во вториот случај, се нагласува девијантноста на сторителот и неговата агресивност. На тој начин, без да се навлезе подлабоко во анализата на околностите на случајот за кој се известува, се создаваат стереотипи за лица кои, од најразлични мотиви, прибегнуваат кон насилство. Тоа е особено значајно за влијанието врз јавноста, затоа што е придружено со такви квалификации на настанот со медиумски термини кои лесно се прифаќаат и усвојуваат од страна на читателите. Интересно е што многу поголемо медиумско внимание предизвикуваат актите на физичко (и тешко) насилство, додека другите видови - како психичко насилство, вандализам, и акти кои предизвикуваат чувство на несигурност, но немаат крвав исход - не предизвикуваат интерес кај новинарите. На тој начин, јавноста останува незапознаена и несензитивизирана за различните облици насилство. Со други зборови, во медиумите поголема шанса да бидат одбележани имаат настаните во кои имало крв или потешки физички последици, бидејќи „крвавото продава вести".

---

[196] Стефановска В, Медиумското прикажување на криминалитетот во дневните весници во Република Македонија, Скопје: Факултет за безбедност, 2015.

За мотивите на насилните акти се пишува во само 20 отсто од новинските текстови. Она што доминира е површност во стилот на фразата „од засега непознати причини...“ Поголема е веројатноста да се пишува за мотивот на злосторството ако е нападот извршен врз полициски службеник, а со цел тој да биде прикажан како жртва, а сторителот да биде криминализиран што повеќе. Извршителите на вакви акти се портретираат како гневни, насилници, алкохолизирани лица и слично, додека полициските службеници редум се невини субјекти кои се обиделе согласно прописите да воспостават јавен ред и мир, што ги прикажува исклучиво како жртви кои со ништо не придонеле за нивната виктимизација. Евидентен е и таков пристап на медиумот со кој се испраќа порака дека полицијата реагирала брзо и ефикасно и дека „наскоро ќе бидат поднесени кривични пријави против сторителите“ - со што случајот не само што се затвора, туку и се испраќа порака дека сторителите ќе бидат или се веќе адекватно казнети. Споредбата помеѓу двата дневни весници, всушност, покажува различен третман на полицијата како институција, односно едниот од нив (*Дневник*) со своите написи и специфичниот медиумски дискурс се труди да го зголеми легитимитетот на полицијата и да обезбеди поголема јавна поддршка за нивната работа. Во анализираниот примерок се покажува дека едниот пристап води кон одржување на добриот јавен углед на полицијата, а другиот ѝ дава поголема поддршка и буди емпатија за жртвата на делото.[197]

Генерално, насилството е исклучитено присутно во дневните весници и другите медиуми, па неретко се зборува дека вестите станале „црна хроника“. Од анализата на прикажувањето на насилниот криминал може да се заклучи дека сторителите и граѓаните сè помалку се воздржуваат од акти на физичко насилство, а нападите со студеното оружје (нож) се најчести. Постојат јасни индикации за зголемено насилство помеѓу младите луѓе, што зборува за зголемени тензии, нетрпеливост и нетолеранција, што е особено видливо кога станува збор за порастот на насилството во училиштата.

Уредувачката политика според која се известува за насилни дела кои завршиле со тешки телесни повреди е, всушност, насочена кон истакнување на сериозноста на

---

[197] Stefanovska V., "Medijska pokrivenost nasilnièkog kriminaliteta u Republici Makedoniji", *Temida*, vol. 19, br. 1.

последиците од ваквите дела. Од друга страна, високата фрекфенција на вакви дела зборува за тоа дека значителен број граѓани со себе носат студено оружје и се подготвени да го употребат. Новинарите главно користат полициски извори за своите написи, а уште повеќе и ја преземаат полициската реторика и фразеологија. Тоа зборува и за недоволната компетентност на новинарите кои немаат елементарно криминолошко или безбедносно образование, па им останува некритички да се потпираат на официјалните извори. Оттука и непостоење попродлабочени истражувачки стории кои случајот би го објасниле низ повеќе призми, а со цел јавноста да добие интегрален и објективен приказ на случувањата. На овој начин се остава слободен простор не само за медиумски манипулации и сензационализам, туку и за (премолчан) договор помеѓу весникот и полицијата околу начинот на известување, особено во случаи во кои е инволвирана и полицијата. Ова е дотолку позагрижувачко што медиумите речиси и не оставаат позначителен простор за известување за активностите кои се во насока на спречување на насилството од најразличен вид, а се преземани од народниот правобранител, експертите или претставниците на цивилниот сектор (особно во поглед на алармирањето за насилството врз припадниците на ЛГБТ популацијата, насилството во училиштата, сексуалното злоставување или насилството врз жените). Без медиумите да пренесат информации за активностите на овие субјекти и јавноста останува не само осиромашена за тие информации, туку и кај неа не може да се постигне посакуваниот ефект во насока на сензитивизиација или градење на посакувана безбедносна култура. На тој начин, цели популации кои се честа жртва на насилни акти останува и натаму маргинализирана и без јавна поддршка.

## 5.4. МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ДИСКУРС ВО ВРСКА СО ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

Во настојување да го мапираме медиумскиот интерес и начин на известување за одредени безбедносни проблеми, како пример, го селектиравме и прашањето на загадувањето на воздухот и животната средина. Имено, станува збор за

нетрадиционална безбедносна закана, која не почитува граници и бара интергален и холистички пристап на повеќе засегнати субјекти, на национално и на меѓународно (особено, регионално) ниво. Прашањето на екологијата секогаш било маргинализирано и во медиумскиот и во политичкиот дискурс, сè до неодамна. Најнапред, јавноста и активистите за заштита на човековата средина почнаа да алармираат и преземаат мерки за подигнување на јавната свест, а потоа се приклучија и медиумите - со сите веќе детектирани слабости и дефицити.

Она што е карактеристично за македонското општество е дека дури и прашање кое го засега здравјето и животот на целата популација може да добие етничка димензија, што го покажува и пристапот кон еден конкретен случај - фабриката Југохром и ефектите од нејзиното работење врз политичкиот, јавниот и етничкиот дискурс.[198] Карамети пристапува кон истражувачки обид да воспостави корелација помеѓу медиумското известување и медиумското врамување на прашањето за загадувањето на воздухот на точно одреден дел од државата - западна Македонија.[199] Истражувањето, сепак, се ограничува на само еден медиум, односно на ТВ каналот Алсат-МК, и на информациите и ставовите презентирани од претставници на власта, политичките субјекти и цивилното општество. Ваквиот ограничен опсег на истражувањето не ја дава целата слика за медиумското известување, дури и кога станува збор за еден конкретен случај, но размислувањата се инструктивни. Практиката и истражувањата покажуваат дека притисокот на јавното мислење ги турка политичките партии во насока на интегрирање на еколошките теми во нивните програми, што се нарекува и „екологизација" на политиката. Но, во Република Македонија, сè до неодамна, еколошките прашања добиваа минорно значење во партиските програми (и покрај постоењето на една т.н. зелена партија). Тие се подгреваат ad hoc по потреба или за време на екстремни ситуации, па и тогаш се политизираат на ист начин како и сите други прашања. Проблемот во Македонија е дополнително усложнет поради етнички поделената политичка класа.

---

[198] Karameti A. N., "Reporting Environmental Pollution: Media and Public Discourse vs. Political Discourse in the Republic of Macedonia", *Revista de Stiinte Politice*, 04/2015, Issue 46.

[199] Исто.

Консоцијацискиот модел се потпира на етнички позиционирани партии, кои по изборите влегуваат во коалиција заради вршење на власта. Секоја страна на етничкиот спектар се обраќа само на своите гласачи и излегува со различни ветувања. Ова најдобро го илустрира случајот со „Југохром“, комбинат во кој мнозинството вработени се Македонци, додека најгласни во поплаките за загадувањето на воздухот се жителите на Полог, кои се во мнозинство Албанци. За Македонците комбинатот има високо социјално значење, додека Албанците го гледаат како фактор кој го нарушува квалитетот на животот од еколошки аспект. Оттука, македонските партии им ветуваат на своите гласачи дека комбинатот нема да се затвори, додека албанските го ветуваат спротивното: или наметнување на поквалитетни филтри или целосно затворање на објектот. Длабоката политичка криза која ја зафати земјата во последните неколку години, пак, влијаеше ова прашање да биде турнато на маргините на политичката дебата која се водеше околу корупцијата, изборните измами, прислушуваните разговори, владеењето на правото и сл.

Истражувањето на Карамети покажува интересни корелации помеѓу медиумското известување за „Југохром“ од страна на посочениот ТВ медиум и политичките и јавните реакции. Квантитативната и квалитативната анализа покажуваат дека во истражуваниот период, медиумот го држел високо на својата агенда прашањето за загадувањето на воздухот, но политичките реакции биле повеќе во вид на меѓусебни обвинувања или (не)оправдување на работата на комбинатот, но не и во насока на пронаоѓање трајно решение за проблемот. Имајќи ја во вид генералната состојба на планот на медиумите, која покажува драстичен пад на сите светски ранг листи, интересно е да се забележи дека известувањето на Алсат-М, сепак, успеало да најде одек кај цивилното општество и јавноста. Така, известувањето повеќе предизвикало реакции во поглед на дефинирањето на јавната агенда и подигањето на јавната свест, наместо на политичката (таму каде што лежат решенијата за проблемите). Во конкретниот случај, медиумот и јавноста се на иста страна (заштита на здравјето на луѓето), додека политичките власти стојат на спротивна позиција.

По смената на власта и конституирањето на новата влада, нештата не се битно сменети, бидејќи и натаму контролата врз медиумите е главно политичка, а при одлучувањето за еколошките проблеми (на пример, давање концесии на странски

форми за отворање на рудници во јужниот дел на земјата), и натаму доминира економскиот, а не еколошкиот момент. Многу малку медиуми се занимаваат со оваа тематика, и таа останува на маргините, иако има животно/егзистенцијално значење за сите граѓани.

## 5.5. ПРОЦЕНКА НА МЕДИУМСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Медиумските куќи се специјализирани и технички опремени установи со цел да ги пренесуваат информациите во јавноста. Функционирањето на медиумите, бара ангажирање на кадри од одредени профили со посебни стручни познавања. Веста или информацијата која се пренесува до широкиот аудиториум најчесто ја креираат и сервисираат новинарот и уредникот. За да се избегне било какво манипулирање со јавноста, новинарот и уредникот мораат да бидат личности со високо развиена безбедносна култура. Прво, не е секоја информација за широките граѓански маси. Познато е дека новинарите имаат многу познаници и пријатели меѓу припадниците на субјектите на безбедноста, некои од нив со низок степен на безбедносна култура и желба за сензационализам ги пренесуваат податоците од витален интерес за системот на безбедноста.

Колку и да посакуваат слава, без разлика за каква сензационалистичка вест да станува збор, интересите на државата се пред се и новинарите се должни да бидат трпеливи додека не се даде службено соопштение.Новинарите често пати спроведуваат „сопствени истраги„, но на тој начин можат да ја загрозат полициската или судската истрага или да предизвикаат и закана за сопствената безбедност.

Културата на комуникацијата е исто така многу важен елемент на безбедносната култура во сферата на медиумите. Таа е многу битна во емисиите кои се емитуваат во живо, каде се присутни поголем број гости, а можно е и вклучување на граѓаните директно во програмата поради поставување на прашања или упатување на критика. Навредувањата или физичките пресметки се појави кои никако не би смееле да се видат на ТВ-екраните.Културата на комуникација се гледа и во познавање на стручната терминологија од страна на новинарите за областа која ја истражуваат или ја коментираат.

Безбедносната култура подразбира и правилен избор на содржините, како и на времето на нивно презентирање.Содржините со елементи на насилство, порнографија, содржини проткаени со сатанизам и промоција на деструктивни секти и сл. би морале да се прикажуваат во време кога децата и младината не би можела да ги гледа.Пуштање на одредени содржини, спротивно од вообичаените процедури, може да претставува и повреда на авторските права и кражба на интелектуалната сопственост.

Вработените во медиумите мораат да имаат високо ниво на безбедносна култура. Еден од начините на спречување на наведените негативни појави е постоењето на високообразуван, стручен кадар. Освен тоа, неопходна е дополнителна едукација и запознавање на основните категории на безбедносните науки. Аудиториумот ги прима сервисните информации. Со посредство на тие информации се креира јавното мислење, а тоа може да има големо влијание на структурата на власта, а со самото тоа и на функционирање на државата и нејзината безбедност. Способноста на медиумите да го укинат сето она што е локално и да го претворат во глобално, може да допринесе до отуѓување од традиционалните вредности и до губење на националниот, верскиот и друг идентитет.

Безбедносната култура на граѓаните, мора да биде развиена до таа мерка што ќе ги заштитува од дејствувањето на деструктивните пропагандни пораки. Тоа се постигнува со образованието и запознавањето на граѓаните со елементите на одредени безбедносни појави, како и со нивната општа информираност. Така, целната група ќе успее да ја идентификува целта на пораката и ако е штетна ќе умее да ја игнорира. Покрај тоа, граѓаните мораат да изградат самосвест и да развијат механизам на самоконтрола, за да не бидат поттикнати, инспирирани и сугерирани на идентификување со негативни примери.Многу содржини од медиумите наведуваат кон девијантности, насилства и разни други видови на агресивно претставување на личноста во општеството.[200]

---

[200] Бошковиħ М., *Криминолошки лексикон*, Нови Сад: Матица српска, стр.183.

Структурната криза во земјата создава желба кај граѓаните за бегство од реалноста. Медиумските содржини не смеат да бидат замена за реалноста, па колку и да е тешка и сурова. Седењето крај малите екрани и „сурфањето" на интернет создава работно неспособна младина, а за социјализирање на истата не треба ни да се зборува.Затоа важноста на медиумите во градењето на безбедносната е од огромно значење, а степенот на развиеноста на безбедносната култура на граѓаните, зависи од нивното образование и развиена самосвесност, од една страна и стандардот на нивното живеење, од друга.

Во светот во кој секој аспект на живеење е поврзан со информации, односно информациски технологии и светските политики ја приспособуваат својата моќ врз новите технологии.И примерот на познатиот случај Сноуден го покажуваат опсегот и можноста за контрола и надзор врз новите технологии, што сериозно ја доведува во прашање слободата, приватноста и транспарентноста како составен дел на демократијата и човековите права.[201]

Едуцираноста на новинарските кадри се чини како темел на патот кон достоинствени и веродостојни медиуми, без кои тешко може да се замисли развојот на едно демократско општество. Поради сево ова, клучно е развивањето на медиумската писменост како средство за подобро разбирање и користење на медиумите и новите технологии. Познавањето на работата и функционирањето на медиумите е од огромно значење за да се осигура личната, но и општествената безбедност.[202]

---

[201] Oblak T., Internet kao medij I normalizacija kibernetskog prostora, Medijska istrazivanja, 2002,8(1).

[202] Zgrabljic Rotar N, *Medijska pismenost, medijski sadrzaj i medijski uticaj,* Sarajevo: Medija centar, 2005, str.76.

# 6. ИСТРАЖУВАЊЕ

## 6.1. РАМКА НА ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувачата стратегија за емпирискиот дел на докторската дисертација се состои од спроведување на телефонска анкета и од полуструктуирано интервју со селектиран број испитаници од медиумскиот сектор. Од методолошки аспект, застапени се квалитативниот и квантитативниот приод, односно истражувањето има мешан карактер, се со цел да се добијат поквалитетни податоци кои ќе придонесат за повисоко ниво на научно-истражувачкиот труд.

Истражувањето има јасна цел: појасно согледување на улогата што ја имаат медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија, преку визурата на граѓаните (од една скопска општина) и низ призма на луѓе кои се непосредно дел на медиумскиот сектор во земјата.

## 6.2. ПРИКАЗ И ТОЛКУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСПИТУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

За потребите на докторската дисертација беше реализирано испитување на јавното мислење (квантитативна алатка) на прашања поврзани со довербата и перцепцијата на граѓаните во однос на медиумите и нивната улога во однос на безбедносната култура. Испитувањето на јавното мислење се направи преку анкетирање во периодот септември-октомври 2016 година на репрезентативен примерок од 150 испитаници. Релативно малиот истражувачки примерок е, се разбира, резултат на ограничувањата кои ги поставуваат финансиските можности на индивидуален истражувач, но и времето кое е потребно за анкетирање лице-в-лице. Целна група се граѓаните кои живеат во скопската општина Карпош, а се водеше сметка примерокот да соодветствува на „личната карта" на општината. Имено, анкетата е реализирана непосредно, преку лице во лице средби со испитаниците, а врз база на посебно изготвен анкетен прашалник (прилог 1, на крајот од дисертацијата). Примерокот беше извадок од основниот збир на полнолетни граѓани од општина Карпош на возраст од 35-75 години, одбрани по случаен избор, а врз основа на избирачкиот список. Карпош е една од десетте скопски општини и е поделена на 14 единици (месни заедници), од кои 12 се урбани единици, а две (Бардовци и Горно Нерези) се рурални единици. Одлуката овој дел од истражувањето

да се реализира во рамки на општината Карпош се должи токму на диверзитетот на населението по сите основи.

Личната карта на општината, според последниот попис, изгледа вака:

Број на население: 59.666 жители

Полова структура

- Мажи: 28.460
- Жени: 31.206

Број на домаќинства: 19.680

Број на станови: 22.849

Староснa структура

- 0 – 19 години – 13.289
- 20 – 44 години – 21.327
- 45 – 64 години – 16.004
- Над 65 години – 8.952

Национална структура

| Националност | Жители | % |
|---|---|---|
| Македонци | 52.810 | 88.50% |
| Срби | 2.184 | 3.66% |
| Албанци | 1.952 | 31.27% |
| Роми | 615 | 1.03% |
| Власи | 407 | 0.68% |
| Турци | 334 | 0.55% |
| Бошњаци | 98 | 0.16% |
| Останати | 1.266 | 2.12% |
| Вкупно | 59.266 | 100% |

Структура по образование

| Степен на образование | % |
|---|---|
| ВСС | 19.96% |
| ВШС | 6.11% |
| ССС | 50.25% |
| Основно | 15.26% |
| Непотполно образование | 6.57% |
| Без школска подготовка | 1.56% |
| Непознати | 0.29% |
| Вкупно | 100% |

Економски активно население: 64%

Стапка на невработенсот: 16%

При анализата на добиените резултати и обидот да се воспостави корелација со некои независни варијабли кои го определуваат профилот на испитаниците, и особено

при тестирањето на хипотезите, се покажа дека некои варијабли немаат големо влијание врз одговорите на испитаниците, па затоа и не се обработени и посебно графички прикажани. Таму каде што утврдивме влијанија или сметавме дека можат да прикажат интересен аспект, тие се потенцирани и толкувани. Фактот што посебен акцент е ставен на етничката и образовната структура на испитаниците се должи на две премиси: прво, етничката поделеност на општеството се рефлектира особено по прашањата на безбедноста (имајќи го фактот што Република Македонија и натаму останува постконфликтно општество), и второ, како што веќе покажа нашата анализа на медиумскиот простор, тој е поделен и по етнички линии. Причината поради која е ставен акцент на образовната структура е евидентна: сакавме да видиме колку е информирана и образувана медиумската публика. Одговорите на прашањата се презентирани по двете основи, во одделни табели, а потоа интерпретирани.

Според етничката структура, од вкупно 150 испитаници, Македонци се 117 (78%), Албанци (17%) и останати се 8 (5%). Споредено со личната карта на општината, очигледно е дека Македонците во примерокот се малку помалку застапени во споредба со популацијата, додека уделот на Албанците е доста зголемен, а со цел да се добијат сознанија за евентуалните разлики во гледањата според етничката припадност.

Според образовната структура, примерокот изгледа вака: доминираат оние со високо образование (59%), средно (22%), по што следуваат тие со вишо образование (9%) и со основно и магистратура се застапени со по 7 испитаници, односно сочинуваат по 5%. Во поглед на образовната структура, примерокот очигледно отстапува од конфигурацијата на популацијата на општината, но со оглед на предметот на истражување, нашиот таргет е токму т.н. информирана јавност, односно лица со подобра образовна структура, со поголем пристап до медиумите и со подобар степен на информираност и критичност.

Во презентацијата на резултатите од анкетата свесно отстапуваме од редоследот на кои прашањата се поставени во самиот анкетен прашалник, туку одлучивме да се водиме од логиката на хипотетичката рамка на истражувањето. Ова настојување е со цел подобра контекстуализација на сознанијата добиени со оваа методолошка алатка, а добиените сознанија да бидат во функција на сето она што го

откривме со употреба да другите техники, веќе презентирани во дисертацијата, а во вид на нивно надополнување. Во текот на истражувањето имаше и отстапувања од содржината и структурата на првично замислениот (и употребен) анкетен прашалник. Имено, се покажа дека за дел од прашањата граѓаните немаат доволно познавања, па од малубројниот збор на корисни одговори не можевме да извлечеме општи констатации и заклучоци во однос на хипотезите и целите на истражувањето.

Прашањата 7 и 8 во рамките на анкетниот прашалник, поставени се како тврдења во Линкертова скала со понудени 5 степени на одговори и тоа: потполно се согласувам, се согласувам, не сум одлучен, не се согласувам и воопшто не се согласувам. Прашањето 7 гласи: „Политичката и бизнис елита ја креираат работата на медиумите и влијаат врз нивната слобода." Прашањето 8 гласи: „Новинарите не известуваат професионално во врска со градење на безбедносната култура во Република Македонија". Логиката на поставените тврдења е насочена кон тестирање на ставовите на испитаниците во врска со објективноста и професионалноста на медиумите во информирањето, или со други зборови: колку им веруваат?

| **Етничка припадност** | **Одговор** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| Македонци | 86 | 22 | 6 | 2 | 1 | 117 |
| | 73% | 19% | 5,0% | 2% | 1% | 100,0% |
| Албанци | 0 | 1 | 24 | 0 | 0 | 25 |
| | 0% | 4% | 96,0% | 0% | 0% | 100% |
| Останати | 5 | 2 | 1 | 0 | 0 | 8 |
| | 62.5% | 25% | 12,5% | 0% | 0% | 100% |
| Вкупно | 91 | 25 | 31 | 2 | 1 | 150 |
| | 61% | 17% | 20% | 1,4% | 0,6% | 100,0% |

*Табела 1 - Приказ на одговорите на прашањето 7 („Политичката и бизнис елита ја креираат работата на медиумите и влијаат врз нивната слобода") според етничката припадност на испитаниците.*

Од прикажаното можеме да видиме дека од вкупниот број на испитаници, мнозинството, или 91 (односно, 61 %) во потполност се согласуваат дека сопствениците на медиумите и главните уредници влијаат врз слободата на новинарскиот израз, додека 25 (17%) се согласуваат со тврдењето дека тие многу влијаат, што заедно дава јасна слика на огромно мнозинство 78% испитаници кои со недоверба гледаат на зависноста на медиумите од елитите. Вкупно 31 испитаник (20%)

се неодлучни/немаат јасен став, а занемарлив е бројот (2) на оние кои не веруваат во ваквото тврдење или воопшто не се се согласуваат (1). Гледано низ призма на етничката припадност, дури 73% од Македонците се согласуваат со тврдењето, како и 62.5% од припадниците на останатите малцински групи. Кај Албанците доминира неутралната позиција: не можат да се одлучат 24, односно дури 96% од испитаниците со ваков етнички предзнак. Останува нејасно, како проблем за идни истражувања да се открие што навистина стои зад ваквиот став (дали е недоверба во истражувачот или нешто друго).

| Степен на образование | Одговор | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| III степен (основно) | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 7 |
| | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% |
| IV степен (средно) | 12 | 2 | 18 | 0 | 1 | 33 |
| | 36,0% | 6,5% | 54,0% | 0% | 3,5% | 100% |
| VI степен (вишо) | 10 | 3 | 1 | 0 | 0 | 14 |
| | 71% | 21,5% | 7,5% | 0% | 0% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 67 | 16 | 5 | 1 | 0 | 89 |
| | 75.0% | 18,7% | 6.0% | 1% | 0% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 2 | 4 | 0 | 1 | 0 | 7 |
| | 29.0% | 57% | 0% | 14,0% | 0% | 100% |
| Вкупно | 91 | 25 | 31 | 2 | 1 | 150 |
| | 60,7% | 16,7% | 20,7% | 1,3% | 0,7% | 100,0% |

*Табела 2 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 7 (Политичката и бизнис елита ја креираат работата на медиумите и влијаат врз нивната слобода), според степенот на образованието на испитаниците*

Анализата на резултатите според степенот на образование на испитаниците покажува дека оние со повисоко образование и најмногу се согласуваат со тврдењето: односно 75% од тие со високо, 71% од тие со вишо образование. Од оние со магистратура, дури 86% или потполно се согласуваат или се согласуваат со тврдењето. Највисок степен на неодлучни испитаници, оние кои не можат да проценат, се тие со основно (100%) и тие со средно образование (54%). Ова ја потврдува тезата дека степенот на образование влијае на критичката перцепција за медиумите како зависни од политичките и бизнис елитите.

Прашањето број 8 гласи: „Новинарите не известуваат професионално во врска со безбедносните прашања во Република Македонија."

| Етничка припадност | Одговор | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| Македонци | 60 | 23 | 23 | 8 | 3 | 117 |
| | 51,0% | 20,0% | 20,0% | 7.0% | 2,0% | 100% |
| Албанци | 0 | 1 | 24 | 0 | 0 | 25 |
| | 0% | 4,0% | 96,0% | 0% | 0% | 100 % |
| Останати | 4 | 1 | 2 | 1 | 0 | 8 |
| | 50.0% | 12,5% | 25.0% | 12.5% | 0% | 100 % |
| Вкупно | 64 | 25 | 49 | 9 | 3 | 150 |
| | 42,7% | 16,7% | 32,7% | 6,0% | 2,0% | 100,0% |

*Табела 3 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 8 („Новинарите не известуваат професионално во врска со безбедносните прашања во Република Македонија"), според етничката припадност на испитаниците.*

Од вкупниот број испитаници, 64 (42,7%) сосема се согласува со тврдењето дека новинарите не известуваат објективно во врска со безбедносните прашања, и дополнителни 25 испитаници (16,7%) се согласуваат. Со други зборови, негативно мислење преовласува кај дури 59.4 % од испитаниците. Не можат да проценат околу една третина од испитаниците, додека со тврдењето на се согласуваат само 12 испитаници - 9 од нив (или 6%) не се согласуваат, а тојца (или 2%) воопшто не се согласуваат со тврдењето. Етничката призма покажува слична слика како и кај претходното прашање, со тоа што големото мнозинство испитаници од македонска и друга етничка припадност се високо согласни околу необјективноста на медиумите, додека кај испитаниците од албанска националност постои висок степен на воздржаност, од дури 96%. Само еден од нив искажал резерва кон објективноста на медиумите.

| Степен на образование | Одговор | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| III степен (основно) | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 7 |
| | 0% | 0% | 100% | 0% | 0% | 100% |
| IV степен (средно) | 5 | 4 | 22 | 1 | 1 | 33 |
| | 15.0% | 12,0% | 67,0% | 3,0% | 3,0% | 100% |
| VI степен (вишо) | 7 | 4 | 2 | 1 | 0 | 14 |
| | 50,0% | 29.0% | 14.0% | 7.0% | 0% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 51 | 13 | 18 | 5 | 2 | 89 |
| | 57,0% | 15.0% | 20,0% | 6.0% | 2% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 1 | 4 | 0 | 2 | 0 | 7 |
| | 14,0% | 57.0% | 0,0% | 29% | 0% | 100% |
| Вкупно | 64 | 25 | 49 | 9 | 3 | 150 |
| | 42,7% | 16,7% | 32,7% | 6,0% | 2,0% | 100,0% |

*Табела 4 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 8 („Новинарите не известуваат професионално во врска со безбедносните прашања во Република Македонија"), според степенот на образованието на испитаниците.*

Анализата според степенот на образование, дава речиси идентична слика: близу 60 отсто од испитаниците или силно се согласува со тврдењето (42,7%) или се согласува дека објективно известување во врска со овие прашања нема (16,7%). Нешто преку една третина од испитаниците не може да процени (49 или 32,7%), додека 12 испитаници не се согласуваат со тврдењето - 9 од нив (или 6%) не се согласуваат и 3 (2%) воопшто не се согласуваат.

Една од посебните хипотези поставени на почетокот на истражувањето се однесуваше на истражувачкото новинарство како фактор кој позитивно влијае на градењето на безбедносната култура поради неговите етички премиси. Оваа хипотеза ја тестиравме преку одговорите на прашањето 6 од анкетниот прашалник, кое е изразено во вид на тврдење: „Во својата работа новинарите внимаваат на новинарската етика". Испитаниците беа замолени да одберат една од понудените опции како одговор: внимаваат, недоволно внимаваат, не внимаваат. Според етничката припадност на испитаниците, распределбата на одговорите можеме да ја видиме во табелата бр. 5.

| Етничка припадност | Одговор | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Внимаваа | Недоволно внимаваа | Не внимаваа | |
| Македонци | 13 | 76 | 28 | 117 |
| | 11.0% | 65,0% | 24,0% | 100,0% |
| Албанци | 0 | 6 | 19 | 25 |
| | 0% | 24,0% | 76.0% | 100% |
| Останати | 0 | 6 | 2 | 8 |
| | 0% | 75.0% | 2.0% | 100% |
| Вкупно | 13 | 88 | 49 | 150 |
| | 8,5% | 59.0% | 32,5% | 100,0% |

*Табела 5 - Табеларен приказ на одговорите на прашањето бр. 6 („Во својата работа новинарите внимаваат на новинарската етика“) според етничката припадност на испитаниците.*

Од вкупниот број испитаници, само 8.5% (13 испитаници) сметаат дека новинарите внимаваат на етичките стандарди во вршењето на својата задача. Останатите се поделени само по однос на категоричноста на негативниот став: дури 59 отсто сметаат дека недоволно внимаваат, а една третина (32.5%) се категорични дека не внимаваат. Гледано според етничката припадност, на страната на оние кои ценат дека се почитуваат етичките стандарди стојат само 11 испитаници од македонска припадност. Сите останати, без оглед на етничката припадност, сметаат дека етиката не е застапена во работата на медиумите. Единствена нијанса може да се забележи во однос на категоричноста на ова тврдење: додека Македонците се посклони да веруваат дека недоволно се внимава (65%), како и останатите (75%), кај Албанците доминира категоричкиот став дека воопшто не се внимава.

| Степен на образование | Одговор | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Внимаваа | Недоволно внимаваа | Не внимаваа | |
| III степен (основно) | 0 | 2 | 5 | 7 |
| | 0% | 29.0% | 71% | 100% |
| IV степен (средно) | 4 | 12 | 17 | 33 |
| | 12,0% | 36,0% | 52% | 100% |
| VI степен (вишо) | 1 | 9 | 4 | 14 |
| | 7% | 64% | 29% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 7 | 59 | 23 | 89 |
| | 8% | 66% | 30% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 1 | 6 | 0 | 7 |
| | 14% | 86% | 0% | 100% |
| Вкупно | 13 | 88 | 49 | 150 |
| | 9% | 58.5% | 32,5% | 100,0% |

*Табела 6 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 6 („Во својата работа новинарите внимаваат на новинарската етика"), според степенот на образование на испитаниците.*

И од табеларниот приказ, според степенот на образование, на тврдењето дека „Во својата работа новинарите внимаваат на новинарската етика", нијанси има само во поглед на степенот на негрижа за етичките стандарди. Имено, интересно е што оние кои имаат релативно понизок степен на образование се покатегорични во негативниот став, додека оние со повисоко образовани (вишо и високо) се поблаги (недоволно внимаваат) - освен оние со магистерски степен на образование кои се и најкритични со 86%, кои се изјасниле дека новинарите недоволно внимаваат на новинарската етика. Тестирањето покажува дека степенот на образование нема пресудно влијание врз генерално единствениот став според кој може да се заклучи дека граѓаните на новинарската професија гледаат како на недоволно етичка, или дури и неетичка.

Меѓу хипотезите кои сакавме да ги тестираме на почетокот на истражувањето беше и онаа за влијанието на сопственичката структура (целите и политичката определеност на сопствениците на медиумите) врз уредувачката политика на медиумите. Како претекст на ова тврдење е претпоставката дека овој фактор се одразува врз моќта на медиумите да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија.

Прашањето/тврдењето со кое ја тестиравме оваа хипотеза гласи: „Медиумите имаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија". На

испитаниците им беше понудена скала од 1 до 10, при што 1 означува дека медиумите не располагаат со таква моќ, а 10 значи дека медиумите поседуваат многу голема моќ во однос на промовирање или релативизирање на безбедносната состојба во Република Македонија. И во овој случај тестирањето е направено врз основа на етничката припадност и степенот на образование на испитаниците, а резултатите можеме да ги видиме од табеларните прикази.

| Етничка припадност | Одговор | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Не е одговорено | |
| Македонци | 4 | 3 | 43 | 9 | 10 | 4 | 13 | 17 | 5 | 8 | 1 | 117 |
| | 3,4% | 2,6% | 36,7% | 7,7% | 8,5% | 3,4% | 11.0% | 14,5% | 4.3% | 6,8% | 0,85% | 1000% |
| Албанци | 13 | 6 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 25 |
| | 52.0% | 24,0% | 20.0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 4.0% | 0% | 100% |
| Останати | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 8 |
| | 0% | 0% | 25.0% | 0% | 25.0% | 0% | 25.0% | 12.5% | 0% | 12,5% | 0% | 100% |
| Вкупно | 17 | 9 | 50 | 9 | 12 | 4 | 15 | 18 | 5 | 10 | 1 | 150 |
| | 11,3% | 6,0% | 33,3% | 6,0% | 8,0% | 2,7% | 10,0% | 12,0% | 3,3% | 6,7% | 0,6% | 100,0% |

*Табела 7 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 9 („Медиумите имаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија"), според етничката припадност на испитаниците.*

Од вкупниот број испитаници, само двајца испитаници не дале никаков одговор. Но, вкупната слика донекаде изненадува во споредба со претходните одговори. Имено, на негативната страна на скалата (од 1-5) е мнозинството, односно дури 64% од испитаниците, кои генерално сметаат дека медиумите немаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба. Останатите, нешто повеќе од третина испитаници (36%) сметаат дека влијанието на медиумите високо, односно на скалата го измериле со оценки од 6-10.

Гледано низ призмата на етничката припадност, сликата изгледа уште поинтересно: додека кај Македонците и останатите распоредот на оценките е дисперзиран по скалата од 1-10, кај испитаниците од албанска припадност дури 96% сметаат дека медиумите немаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба (или да влијаат на безбедносната култура). Само еден испитаник оценил дека медиумите имаат голема моќ (оценка 10).

| Степен на образование | Одговор | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Не е одговорено | |
| III степен (основно) | 4 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| | 57% | 14% | 29% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 100% |
| IV степен (средно) | 10 | 6 | 7 | 0 | 0 | 1 | 1 | 6 | 0 | 2 | 0 | 33 |
| | 30% | 18% | 21% | 0% | 0% | 3% | 3% | 18% | 0% | 6% | 0% | 100% |
| VI степен (вишо) | 0 | 0 | 7 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 14 |
| | 0% | 0% | 50% | 7% | 7% | 0% | 14% | 7% | 7% | 7% | 0% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 3 | 2 | 33 | 8 | 10 | 3 | 10 | 9 | 4 | 6 | 1 | 89 |
| | 3% | 2% | 37% | 9% | 11% | 3% | 11% | 10% | 4.5% | 6.5% | 0,7% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 7 |
| | 0% | 0% | 14% | 0% | 14% | 0% | 29% | 29% | 0% | 14% | 0% | 100% |
| Вкупно | 17 | 9 | 50 | 9 | 12 | 4 | 15 | 18 | 5 | 10 | 1 | 150 |
| | 11,3% | 6,0% | 33,3% | 6,0% | 8,0% | 2,6% | 10,0% | 12,0% | 3,3% | 6,6% | 0,6% | 100,0% |

*Табела 8 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 9 („Медиумите имаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија"), според степенот на образование на испитаниците.*

И при тестирањето на ова прашање/тврдење во однос на моќта на медиумите да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија, според степенот на образованието на испитаниците, добивме интересна слика: кај сите категории испитаници доминира негативната страна на скалата, со оценки од 1-5, односно уверувањето дека медиумите не располагаат со моќ да ја менуваат/релативизираат безбедносната состојба. Размерот се движи од 100% кај оние со основно образование, до 73:27 кај тие со средно, и сличен размер од 64:36 и 62:38 кај оние со вишо и високо образование. Интересно е што само кај малата група испитаници со магистерски степен соодносот е обратен - 28:72. Ваквиот резултат остава приличен број на отворени недоумици, што наведува на размислување за причините за ваквите одговори. Методолошки гледано, можно е испитаниците да не го разбрале добро прашањето, односно истражувачот да не го формулирал доволно јасно и прецизно. Втора можност би била претпоставката дека испитаниците повеќе им веруваат на сопствените уверувања кога станува збор за безбедноста (сфатена како национална безбедност, или дури и како социетална безбедност), што не веруваат дека медиумите имаат моќ да го менуваат/манипулираат нивното гледање на нештата. Од ова евидентно поставената хипотеза не можеме со сигурност да ја потврдиме ниту да ја отфрлиме. По прашањето на медиумската (не)моќ да влијае врз

перцепциите за безбедносната состојба се потребни дополнителни и попродлабочени истражувања.

Тврдењето дека медиумите влијаат врз безбедносната култура, односно делуваат врз прифаќањето на одредена свест и одредено однесување, појави или акциденти кои ја нарушуваат безбедноста беше централна или основна хипотеза со која тргнавме во истражувањето. Од целиот спектар на прашања содржани во анкетниот прашалник ги издвојуваме прашањата под број 5 и број 10, како најдиректно поврзани и релевантни за оваа хипотеза. Одговорите повторно ги анализиравме според етничката припадност и степенот на образование на испитаниците. Прашањето број 5 гласи: „Медиумите, преку информирањето влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија?“. Прашањето број 10 е во вид на тврдење: „Медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста.“

| Етничка припадност | Одговор | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Малку информираат | Делумно сум информиран/а | Доволно сум информиран/а | Без одговор | |
| Македонци | 11 | 72 | 33 | 1 | 117 |
| | 9% | 62% | 28% | 1% | 100% |
| Албанци | 2 | 7 | 16 | 0 | 25 |
| | 8% | 28% | 64% | 0% | 100% |
| Останати | 0 | 7 | 1 | 0 | 8 |
| | 0% | 88% | 12% | 0% | 100% |
| Вкупно | 13 | 86 | 50 | 1 | 150 |
| | 10% | 55% | 34% | 1% | 100,0% |

*Табела 9 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 5 („Медиумите, преку информирањето, влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија“), според етничката припадност на испитаниците.*

На тврдењето дека „медиумите, преку информирањето, влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија“, мнозинството испитаници оценуваат дека се само делумно информирани (55%), на мал број информации се жалат само 10% од испитаниците, а останатите (нешто преку една третина, или 34%) сметаат дека медиумите доволно информираат за безбедноста и за безбедносната култура. Гледно низ призмата на етничката припадност, мнозинството Македонци сметаат дека се делумно информирани (62%) од испитаниците, а близу една третина

од нив (или поточно, 28%) се сметаат за доволно информирани за безбедноста и безбедносната култура. Многу висок процент, од дури 88% од припадниците на помалите етнички заедници, се сметаат себе си за делумно информирани преку медиумите, но ниту еден испитаник од оваа група не навел дека медиумите малку информираат. Многу висок процент кај испитаниците од албанската заедница (64%) сметаат дека медиумите доволно ја информираат јавноста за безбедноста и влијаат на безбедносната култура во Република Македонија, а само 8% сметаат дека малку биле информирани. На прашањето не одговорил само еден испитаник.

Според степенот на образование, резултатите на прашањето: „Медиумите, преку информирањето, влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија?" се гледаат од следнава табела.

| Степен на образование | Одговор | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Малку информираат | Делумно сум информиран/а | Доволно сум информиран/а | Не е одговорено | |
| III степен (основно) | 0 | 2 | 5 | 0 | 7 |
| | 0% | 29% | 71% | 0% | 100% |
| IV степен (средно) | 7 | 11 | 15 | 0 | 33 |
| | 21% | 33% | 46% | 0% | 100% |
| VI степен (вишо) | 2 | 10 | 2 | 0 | 14 |
| | 14% | 86% | 14% | 0% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 4 | 58 | 26 | 1 | 89 |
| | 5.0% | 65% | 29% | 1% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 0 | 5 | 2 | 0 | 7 |
| | 0% | 71% | 29% | 0% | 100% |
| Вкупно | 13 | 86 | 50 | 1 | 150 |
| | 9% | 57% | 33% | 1% | 100% |

*Табела 10 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 5 („Медиумите, преку информирањето, влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија"), според степенот на образование на испитаниците.*

Одговорите на ова прашање може да се сумираат во заклучокот дека степенот на образование има значително влијание врз начинот на кој граѓаните гледаат на тоа како медиумите си ја вршат информативната дејност по прашањата на безбедноста и безбедносната култура. Имено, оние со понизок степен на образование се сметаат себе си за подобро информирани, и обратно - оние со повисок степен оценуваат дека се делумно информирани. Така, кај оние со основно образование дури 71% од испитаниците сметаат дека се добро информирани, а ниту еден од нив не смета дека

медиумите малку информираат. Обратно, кај оние со високо образование дури 65% сметаат дека се делумно информирани, односно 71% од испитаниците со магистратура го делат истиот став.

| Етничка припадност | Одговор | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| Македонци | 1 | 12 | 22 | 63 | 19 | 117 |
| | 1% | 10% | 19% | 54% | 16% | 100,0% |
| Албанци | 0 | 0 | 22 | 3 | 0 | 25 |
| | 0% | 0% | 88% | 12% | 0% | 100% |
| Останати | 0 | 2 | 1 | 3 | 2 | 8 |
| | 0% | 25% | 12,5% | 37.5% | 25% | 100% |
| Вкупно | 1 | 14 | 45 | 69 | 21 | 150 |
| | 1% | 9% | 30% | 46% | 14% | 100% |

*Табела 11 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 10 („Медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедноста и безбедносната култура."), според етничката припадност на испитаниците.*

Прашањето „Медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста", е поставено во облик на тврдење во рамките на Линкертова скала, а понудени се пет одговори и тоа: потполно се согласувам, се согласувам, не сум одлучен, не се согласувам и воопшто не се согласувам. Од вкупниот број испитаници огромно мнозинство има негативен однос кон начинот на кој медиумите известуваат за безбедносната проблематика. Имено, ако се направи збир од оние кои не се согласуваат (46%) и оние кои категорички не се согласуваат (14%), тогаш сликата е многу лоша за медиумите со 60% испитаници кои не ја валоризираат нивната работа. Сепак, дури една третина не можела да одговори прецизно и останала со неутрален став.

Според етничката припадност, можеме од табеларниот приказ можеме да видиме дека 60% од Македонците не се согласуваат или воопшто не се согласуваат со тврдењето дека медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста. Само испитаник потполно се согласува за коректното известување преку медиумите, а 10% се согласуваат со тврдењето. Интересно е што и по ова прашање огромен процент (дури 88%) од испитаниците од албанската заедница немаат јасен став, а само тројца искажале несогласување со начинот на кој медиумите

известуваат за безбедносните прашања. Кај групата испитаници од другите малцински заедници постои речиси рамномерна распределба на ставовите.

Од табеларниот приказ на одговорите по прашањето за тоа дали „медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста“ според степенот на образование на испитаниците, може да се заклучи дека кај оние со понизок степен на образование дилемите се поголеми. Оние со основно образование се неодлучни и без јасен став во висок процент од дури 86 %. додека останатите 14% имаат негативен став, односно мислат дека медиумите не си ја извршуваат задачата коректно. Слично е и со оние со средно образование, каде процентот на неопределени е 58%, но затоа дури една третина од оваа група има негативен став по ова прашање. Кај наредните две категории на лица со вишо и високо образование убедливото мнозинство смета дека медиумите не си ја извршуваат коректно задачата или се категорични во тврдењето: кај првите вкупниот збир изнесува убедливи 93%, додека кај вторите овој процент изнесува 69 отсто. Одредено отстапување има кај популацијата со магистратура, која е помалку критична од другите високообразовани испитаници, па тука мнозинството (57%) има позитивен или сосема позитивен став по однос на коректноста на медиумите.

| Степен на образование | Одговор | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | |
| III степен (основно) | 0 | 0 | 6 | 1 | 0 | 7 |
| | 0% | 0% | 86% | 14% | 0% | 100% |
| IV степен (средно) | 0 | 3 | 19 | 9 | 2 | 33 |
| | 0% | 9% | 58% | 27% | 6% | 100% |
| VI степен (вишо) | 0 | 1 | 1 | 9 | 4 | 14 |
| | 0% | 1% | 1% | 64% | 29% | 100% |
| VII/1 степен (високо) | 0 | 7 | 19 | 48 | 15 | 89 |
| | 0% | 8% | 21% | 54% | 15% | 100% |
| VII/2 степен (магистратура) | 1 | 3 | 1 | 2 | 0 | 7 |
| | 14% | 43% | 14% | 29% | 0% | 100% |
| Вкупно | 1 | 14 | 45 | 69 | 21 | 150 |
| | 1% | 9% | 30% | 46% | 14% | 100% |

*Табела 12 - Приказ на одговорите на прашањето бр. 10 („Медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста“), според степенот на образование на испитаниците.*

Оттука, се наметнува заклучокот дека граѓаните мислат дека медиумите не одговориле на своите задачи и дека не ја информираат јавноста коректно за улогата на безбедносната култура во Република Македонија.

## 6.3. ПРИКАЗ И ТОЛКУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИНТЕРВЈУ

За потребите на истражувањето поврзано со изработката на докторската дисертација се примени и квалитативна методолошка алатка, поточно се спроведе полуструктурирано интервју со 20 личности кои се директно/индиректно поврзани со работата во медиумите и имаат напредно познавање во однос на таа проблематика, како и на аспектите на безбедносната култура. Целта на интервјуто беше да се согледа ставот на компетентните и директно засегнатите лица во однос на капацитетите на македонските медиуми да помогнат во изградбата и подигнувањето на нивото на безбедносната култура во Република Македонија и да се дадат прецизни одговори на поставените прашања.Структурата на интервјуираните лица се состои од: уредници на медиуми и информативни агенции, новинари, комуниколози. Од редот на медиумските претставници беа застапени новинари на следните медиуми: Сител, Телма, Канал 5, ТВ-Нова, Алсат-М, МРТВ, МИА и Мак-факс.За потребите на интервјуто испитаниците беа поделени во неколку категории за полесна обработка на истражувањето и тоа:

- уредници;
- новинари;
- кому николози;
- политиколози.

Целта на ова истражување беше да се соберат објективни и проверливи податоци за улогата на медиумите во процесот на оформување на одредена претстава за одредена појава, за нивната објективност, за нивната улога во градењето на безбедносната култура, за начинот на информирање на граѓаните за важни безбедносни прашања во ситуации со висок безбедносен ризик и тн.

Во интерес на истражувањето за улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија, направено е интервју со 20 новинари и уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози (Прилог бр.2) со цел да се дојде до искуствени податоци по пат на вербално комуницирање кои се употребени во научни цели.Во овој случај употребен е отворениот прашалник во кој формулацијата и редоследот на прашањата се однапред определени, но одговорите на прашањата не се понудени, па интервјуираните лица можат слободно да ги изнесат своите ставови.

### 6.3.1. Улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура

Медиумите, во современите демократски општества се повеќе ја рефлектираат генералната ориентација на политичкиот живот и им овозможуваат на граѓаните да го насочат вниманието кон различните национални активности и со изразување на истите, да придонесат за прогресот на нацијата. Медиумите се средства преку кои јавноста добива информации за светот, но исто така го црпи и своето знаење и перцепции за моменталните политички и општествени проблеми и за средствата за нивно разрешување. Медиумите се во состојба да го канализираат, насочуваат и инструментализираат формирањето на ставовите кај јавноста. Од една страна, истите тие медиуми можат да се користат за канализирање на основните обрасци на однесување кај примателите, но од друга страна, сето тоа ја доведува во прашање нивната објективност и затоа слободно треба да се запрашаме, каква е улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија?




На прашањето: **„Дали, медиумите реално ја информираат јавноста за безбедносната култура во Република Македонија?“**, од испитаните 20 новинари – уредниции, 15 од нив, односно 75% се изјасниле дека медиумите, реално ја информирале јавноста, 2 односно 15% рекле дека реалноста во креирањето на безбедносната култура е делумно застапена, додека 3 односно 10% изјавиле, дека медиумите не се реални во известувањето. По однос на ова прашање, повеќето новинари и уредници во различни медиуми сметаат дека со својата работа максимално се залагаат за реалност во информираност на јавноста иако дел од нив се на мислење дека медиумите можат да бидат на повисоко ниво и да тежнеат кон достигнување на светски стандарди.

За разлика од испитаните новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози мислењето на јавноста и според етничка припадност и според степенот на образованието е сосема поинакво. Според добиените резултати од Анкетниот прашалник, спроведени на репрезентативен примерок од 150 испитаници заклучивме дека, огромно мнозинство од нив се со став: Реално новинарство во градењето на безбедносната култура во Република Македонија нема, особено поради огромното влијание што сопствениците на медиумите и главните уредници го имаат, врз слободата на изразувањето. Од направената компарација помеѓу мислењето на испитаниците во интервјуто и мислењето на јавноста можеме да видиме колку новинарите субјективно ја оцениле својата работа, а каков е всушност ставот на граѓаните по ова прашање.

## 6.3.2. Новинарите и нивниот професионален однос во креирањето на безбедносната култура

„Новинарството е автентично сведочење за времето, луѓето, настаните, појавите, и фактите; известување на јавноста за сите битни настани и појави во општеството во целина". Андревски разликува четири типови новинарство кои се дефинираат според одредени специфичности, присутни или отсутни во неговата структура: креативно, конзервативно, трансмисионо и новинарство во развој (кое бара физиономија).

„Креативното новинарство ги поттикнува вредностите со општо хумана содржина, порака и определба, прогресивност, слобода и ослободеност на човекот".[203] Конзервативното, тргнувајќи и од самиот термин, се залага за задржување на постојното, дури има негативен призвук кон новото. Тука имаме ограничен избор на теми за пишување, делумна присутност на истражување, класичен стил и јазик. Кај трансмисионото новинарство имаме максимално афирмирање на нештото, тоа третира теми за кои има претходна „согласност" од јавната власт. Нормално е во ваквото новинарство да отсуствува истражување и креативност, туку да имаме бирократски стил и конференциско пишување.

За новинарството во развој треба да се нагласи „етичката димензија на постојано барање и дефинирање на човековите вредности" и аналогно на тоа, третирањето теми кои, општествено, се неопходни и оправдани. Не постојат можности за истражување поради немање традиција, искуство, публика, а стилот на пишување е класичен, раскажувачки.

На новинарот се гледа како на четврта власт која ја спречува злоупотребата на моќта, што во најмала рака, имплицитно може да значи и стремеж кон промена на општествената структура.[204] Важно е да се спомене дека најдобро рангирано новинарство, кое не зависи од трендовите, е **истражувачкото.** Проблематично е неговото акцептирање во дневното новинарство, затоа што бара значително време за

---

[203] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед до наука за поблицистика и комуникации, (Скопје: Фридрих Еберт, 1998), стр.92

[204] Живко Андревски, Четри А – за новинарот и новинарството (теорија,пристап,практика), (Битола:

истражување и подготовка за прилогот. Истражувањето, често, опфаќа голем број интервјуа и патувања, анализа на документи, истражувања, научни анализи, социјални и правни прашања.

Од ова интервју на новинари, уредници од различни медиумски куќи и информативни агенции и комуниколози, можеме да видиме што тие мислат за новинарската професионалност.

На прашањето: **„Вие како новинари, дали професионално известувате за безбедносната култура во Република Македонија"**, од 20-те испитаници, 18 од нив, односно 90% се изјасниле дека се професионални и добро ги одработуваат професионалните обврски, додека 1 од новинарите, односно 5% изјавил дека не се професионални и 1 од новинарите, односно 5% дал оценка дека делумно ги извршувани новинарските задачи, најчесто во согласност со наредбите на главните уредници. Тука најголемиот дел од испитаниците се со став дека професионално се вложуваат во својата професија, а уредниците веќе поставуваат многу повисоки критериуми пред своите млади колеги за да ги задоволат високите очекувања на аудиториумот. Императив на секој уредник е едуцирање на нови млади кадри кои ќе придонесат за нивото на медиумските куќи.Без професионализам е илузорно да се зборува за влијанието на медиумите врз јавноста и тоа треба да биде приоритет во новинарството.



### 6.3.3. Новинарите и етиката, при градењето на безбедносната култура во Република Македонија

Новинарската професија познава и признава еден специфичен и по многу нешта уникатен етички модел на професионално и лично поведение на новинарот. Станува збор за збирка норми што за новинарот се поважни, позначајни и пообврзувачки од вкупниот систем на општествени правила вклучувајќи ги дури и законите.

Некои од етичките норми ги сметаме за темелни, бидејќи ја дефинираат основата на етичкиот код врз која потоа се поставуваат другите специфични правила.

Правото на јавноста, да ги знае сите битни околности што влијаат врз секојдневниот живот на луѓето е основата врз која се гради новинарската професија. Правото на јавноста да биде информирана за јавните (државни) работи го регулираат и сите современи демократски законодавства. Ова темелно право се споменува и како важен исклучок кога етичките кодекси дефинираат извесни ограничувања во новинарското известување. Па се вели вака, на пример: новинарот нема да известува за одреден аспект за приватноста на луѓето, освен ако тоа не е неопходно од аспект на правото на јавноста да знае. Ова право, е крунски аргумент во борбата со затворените извори на информации. Јавноста има право да знае, дури и тогаш кога новинарот има директен интерес да не објави некоја важна информација. Понекогаш, прикривањето на некои информации може да донесе и личен профит. Во такви ситуации, новинарот треба да го има на ум фактот дека правото на јавноста да знае е првенствена и света обврска. Новинарот не е судија, вештак или експерт, нема способности ниту мисија да ја утврди вистината за наводите што ги пренесува. Но, проценувајќи ја веродостојноста на изворите што ги соопштуваат фактите, проверувајќи ги и двојно проверувајќи ги, новинарот ја исполнува својата обврска да трага по вистината. Впрочем, вистинољубивоста е една од најважните лични карактеристики на добриот новинар. Затоа, секој новинар треба да настојува да ја утврди вистината и за фактите да известува непристрасно. Доколку новинарот сака да избегне да биде изманипулиран и да стане преносник на дезинформации и полувистини, мора цврсто да се определи и да не известува за наводите чие потекло не го знае. Нема правда и нема вистина ако не се сослуша другата страна. Колку и да сме уверени во она што ни го соопштува едната страна, колку и да се фактите неоспорно вистинити, новинарот треба да ја

сослуша и другата страна и фактите дури двојно да ги провери. Информациите добиени со поткуп, закани уцени или со други недозволени методи во својата супстанца содржат пристрасност, иако можеби се вистинити и релевантни. Таквите информации едноставно не смеат да се објавуваат. Тој што прави компромис и што верува дека постојат причини што ги оправдуваат нефер-методите за добивање информации шири погубен журналистички макијавелизам. Новинарот никогаш не треба брзоплето и лекоумно да се согласи да известува под режимот неофицијално. Треба да ја употреби сета своја вештина и упорност за да го убеди изворот да зборува со име и презиме. Ако соговорникот упорно одбива, неговите причини мора да бидат силни и убедливи. Но, ако на крајот новинарот сепак процени дека треба да го скрие идентитетот на својот извор, мора строго да ја почитува професионалната дискреција. Изворот мора да биде заштитен во сите околности и на сите начини. Новинарот мора да биде подготвен, дури и да ја одбие наредбата на судот да го соопшти идентитетот на својот извор, по цена да биде принуден и да ги поднесе последиците за тој чин. Нема приказна за која вреди да се ризикува моралниот интегритет. Секоја погрешна информација мора да се исправи, без оглед кој бара исправка. Секој што е споменат, со име и презиме или со референца што недвосмислено посочува на него има право на одговор. Треба да се настојува правото на исправка и договор доследно да се задоволи, на тој начин што исправките и одговорите ќе бидат објавувани на соодветно место и соодветен обем, но да претставуваат пристојна сатисфакција на засегнатите. Новинарот не би смеел да ги соопштува фактите за полот, сексуалната ориентација, националната припадност, јазикот, религијата, политичкото мислење, социјалниот, возрасниот и брачниот статус на личностите и нивниот хендикеп, ако тоа не е суштински значајно за приказната. Треба да се биде свесен дека неоправданото споменување на овие факти за луѓето за кои се известува може да ги поттикне предрасудите кон нив. Кога тие факти сепак се важни за прилогот, новинарот треба да ги соопштува мошне внимателно. Секој новинар во современото новинарство не треба да поттикнува дискриминација, исмевање, предрасуди и омраза. Секој е невин додека судот со конечна, правосилна пресуда не го докаже спротивното. Внимание, се докажува вината, а не невиноста-невиноста се претпоставува. Новинарот треба да биде свесен за овие правнички максими и да ги применува кога известува. Не треба да се заборави да се известува за исходот на судските постапки. Факт е дека многу строги

првостепени пресуди подоцна се отфрлаат со ослободувачки пресуди, се менуваат основите за гонење или значително се намалуваат изречените казни. Јавноста има право да знае и за тоа. За жал, се случува уредниците на новинарите да им доделуваат задачи со кои се прекршуваат професионалните стандарди и новинарската етика. Во такви околности, секој мора до го одбрани своето професионално достоинство. Учтиво, смирено, без кавги, со многу аргументи, но решително мора да се одбие недостојната задача. Одбивањето на задачата може да биде казнето, но подобро е да се издржи казната од непрофесионалниот и неетичен уредник отколку да се извалка сопственото име.

Новинарот не смее да биде активен член на политичка партија, уште помалку член на нејзиното раководство. Не смее политички да агитира, ниту да ја злоупотребува својата професионална работа, за остварување политички цели. Но, мислечкиот новинар има своја политичка филозофија и свои политички уверувања. Тој има право за своите уверувања да се бо-ри и со јавна реч, но при тоа мора строго да ги почитува стандардите на својата професија и етичкиот кодекс. Ако новинарот е слободен и негова политичка филозофија е современиот политички либерализам, а притоа оваа определба не е во спротивност со уредувачката политика на редакцијата, треба да се почитуваат следните принципи:

- Бори се против цензурата.
- Брани ги основните човекови права и слободи.
- Бори се за мир, толеранција и за почитување на етничките и културните вредности и разлики.
- Не подлегнувај на притисоци.

Етиката е дел од филозофијата што ги проучува моралните вредности,потеклото и начелата на моралноста.

Прашање е колку новинарите во нашите медиумски куќи, ја применуваат етичноста во нивните извештаи при креирањето на безбедносната култура?

Новинарите, ја ризикуваат често пати својата сопствена професија при фаворизирање на информација која е во нечиј интерес, притоа објавуваат често

непроверени информации, толерирајќи лаги и вршејќи злоупотреба на човековите права и човековото достоинство.




На прашањето: **„Колку се води сметка за етиката во новинарските извештаи, кои се однесуваат на безбедноста и безбедносната култура?“**, 18 новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози (90%), се со став дека воделе многу сметка за етиката во своите прилози, додека 1 (5%) од нив смета дека делумно е одговорено на поставените задачи и е со став дека е тешко да се биде максимално етичен, додека 1 (5%) вели дека нема етичност во новинарството и дека во трката за сензација и ексклузивност, многу малку се води сметка за етиката, посебно во однос на безбедноста и безбедносната култура.Најголем дел од интервјуираните новинари од медиумските куќи велат дека и покрај дневно политичкото новинарство сепак поголемиот дел се обидува во своите текстови и прилози да ја задржат етичноста.

На прашањето „Дали новинарите внимаваат на новинарската етика, при креирањето на безбедносната култура ?“, во анкетниот прашалник, беа понудени 3 одговори: внимаваа, недоволно внимаваа и не внимаваа. Од нив, вкупно 150 испитаници 58,7% (што е повеќе од половина) се изјаснија дека новинарите недоволно внимаваа на новинарската етика, а 32,7% се со став дека новинарите не внимаваа на етикат, додека пак само 8,7% се на мислење дека новинарите внимаваа на етиката. И

тука можеме да видиме колку ставовите на јавноста и на новинарите, уредниците на медиуми и информативни агенции и комуниколози се спротивставени.

### 6.3.4. Се внимава ли во медиумите за добрите меѓуетнички релации при градењето на безбедносната култура?

Медиумите во Република Македонија значително придонесуваат кон влошувањето на политичката ситуација.

Главната слабост на македонскиот Закон за радиодифузија е од централно значење: тој не успева да ја гарантира независноста на Советот за радиодифузија.

И покрај зголемената конкуренција, националната мрежа МРТВ доминира во радиодифузниот сектор. Телевизијата е лошо управувана и неефикасна и сосема очекувано јавниот кредибилитет на МРТВ почна да опаѓа.И покрај тоа што секторот на печатените медиуми не е дерегулиран, ова не ја спречи либерализацијата.

Печатот се уште се регистрира според југословенското законодавство кое датира од седумдесетите години.Колку и да е веродостојно македонското медиумско законодавство, тоа не е целосно почитувано и применето. Медиумите контролирани од страна на Владата, редовно ги прекршуваат своите обврски за објективност и урамнотеженост како јавен сектор. Националната поделба е исто така лингвистичка, со тоа што македонскиот и албанскиот се взаемно неразбирливи.

Публиката на локалните станици на МРТВ во областите населени со доминантно албанско население е веројатно многу мала. Луѓето сакаат да гледаат и слушаат приватни станици на албански јазик, кои се често пати далеку порадикални во известувањето за домашните прашања. Политичките разлики во рамките на малцинската заедница покажуваат тенденција на исчезнување, под претпоставка за постоење консензус за националните прашања. Слично на тоа, известувањето во медиумите на македонски јазик во врска со албанските прашања покажува тенденција на рефлектирање на национален консензус, кој зависи од стереотипите и генерализирањето. Оваа ситуација, секако, не е ограничена на медиумите. Напротив, мнозинството етнички Македонци и малцинството македонски Албанци, постојат како паралелни заедници што се среќаваат единствено на политички самити. Ова е социјален факт, што наоѓа одраз во медиумите. Во реалноста нема интегрирана

македонска публика за македонските медииуми.Новинарите во Република Македонија не сакаат да се ограничат себе си само на обезбедувачи на информациини, тие сакаат да играат улога на посредници, а притоа заборааат дека нивната примарна должност е на јавноста да и презентираат точни и вистинити информации, како и да ги релаксираат меѓуетничките разлики и да повлијаат во градењето на безбедносната култура во Република Македонија.




На прашањето: **„Внимавате ли за добрите меѓуетнички релации, при градењето на безбедносната култура?“**, 17 испитаници (85%), се изјаснија дека многу се води сметка за меѓуетничките релации при градењето на безбедносната култура, додека 3 (15%) од нив, особено дел од комуниколозите сметаат дека делумно се внимава на меѓуетничките релации. Новинарите во поголемиот дел, а особено уредниците се убедени дека внимаваат на тоа деликатно прашање, кое влијае за афирмација на безбедносната култура.

И во овој случај, на прашањето од Анкетниот прашалник: „Колку безбедносната култура која е фундаментален фактор за безбедноста, може да се афирмира преку медиумите, кои се од огромно значење за подигањето на општествената свест и креирањето на јавното мислење?„ ставот на испитаниците и според етничката припадност и според степенот на образованието е следен: 17,3% се изјасниле дека влијанието на медиумите е слабо, односно на скалата го измериле влијанието со 1 или 2, додека високи 33,3% сметаат дека постои влијание. но истото не е многу силно,

односно се наоѓа под некоја средна вредност. Средно влијание на медиумите искажале 16,7% од испитаниците, додека 22% сметаат дека медиумите покажуваат поголемо влијание, а 10% сметаат дека медиумите имаат големо влијание. Според степенот на образование, карактеристични се одговорите на испитаниците со високо образование кои со 22% се изјасниле дека медиумите имаат влијание при афирмирање на безбедносната култура како фундаментален фактор на безбедноста, но тоа не е доволно силно и е под средната вредност.

Воопшто земено, постои забележлива разлика дека повеќе од ½ или 56,6% од испитаниците сметаат дека не постои или е мало влијанието на медиумите при афирмирањето на безбедносната култура, додека 34,7% или малку над 1/3 сметаат дека постои поголемо или големо влијание на медиумите врз креирање на истата. За средно влијание на медиумите се изјасниле само 8% од граѓаните. Карактеристична е драстичната поделеност помеѓу мислењето за влијанието на медиумите во однос на безбедносната култура и нејзината афирмација.

### 6.3.5. Политичкото влијание во медиумите

Во демократијата, медиумите и оние што за нив одговараат си поставуваат за цел да го поттикнуваат културниот и политичкиот живот, плурализмот на идеи, овозможувајќи запознавање со најголемиот број дела на човековиот ум, но исто така медиумите овозможуваат простор за одредени политички партии, економски субјекти или невладини организации да ги пласираат своите ставови, идеи, програми итн. Таму каде што нема слободни медиуми нема ниту лични ниту политички слободи. Таму каде што медиумите се спречени да се дистанцираат, да ја користат слободата на говорот во соочувањето со оние што сонуваат да ги потчинат, со луѓето на власт, првенствено со политичарите, заклучокот се наметнува сам по себе. Нема слобода без слободни медиуми. Нема сомневање дека мас-медиумите се витален дел на политичкиот систем. Значи, традиционално проучувањето на политиката и нејзината поврзаност со медиумите се фокусира на институциите и политичките актери. Владите, политичарите министерствата или гласачките модели обично се главна „храна" за политичките научници. Бракот од интерес со мас-медиумите обично резултира со преголема концентрација на институции структури и политичка елита. Политичкото

значење на медиумите оди многу подалеку од прашањето кој ги контролира медиумите. Политиката преовладува во сите аспекти на нашето живеење, нашите ставови и нашето однесување, а бидејќи медиумите се во срцето на процесите на комуникација преку кои проблемите и нивното разрешување се дискутирани, тие заслужуваат сериозно внимание.




Од приложениот графички приказ можеме да видиме дека на прашањето: **„Што мислите за политичкото влијание во медиумите?“**, сите 20 новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози односно 100%, едногласно се изјасниле и се со став дека политичкото влијание во медиумите е огромно, за жал, доминантно. Некои од нив одговориле дека секој ден е се поизразено. Тие со жалење констатираат дека улогата на политиката врз медиумите е голема и дека според нив, во догледно време, промени нема да има. Сите испитаници се со став дека политичкото влијание е неспорно и дека е неопходна поголема новинарска слобода во интерес на истражувачкото новинарство.Тука е евидента потребата на нов закон на медиумите со кој медиумите ќе се постават на здрави темели.

### 6.3.6. Влијанието на сопствениците на медиумите и главните уредници врз слободата на новинарскиот израз и градењето на безбедносната култура

Сопствениците обично ги користат најпогодните средства за притисок што им се на располагање-новинарите работат за нив, а не обратно. Сопствениците често им даваат директни наредби на новинарите, бараат да ги промовираат нивните приватни интереси или интересите на политичките групи со кои се тесно поврзани. Очигледно е дека медиумите стануваат алатка на политичките и бизнис интереси. Главниот уредник понекогаш дејствува како посредник за овој вид влијание или преку издавање директни наредби или со користење на познатата „уредувачка политика". Средствата за притисок варираат од неприкриени директиви со цел да се избегнат или да се промовираат одредени субјекти кога тоа е во интерес на политичарите или бизнисмените (обично не е од јавен интерес), па се до сугестии и совети. Ситуацијата станува уште покомпликувана кога се совпаѓаат политичките и бизнис интереси, на пример, кога медиумите ги промовираат интересите на политичарите кои можат да имаат влијание врз сопственичката структура во тој одреден медиум. Особено притисокот се зголемува за време на изборите. Новинарите ретко се спротивставуваат на притисокот. Преовладува стравот да не се загуби работата и тие понекогаш свесно ги нарушуваат професионалните принципи, за да ја задржат работата.

Какво мислење по ова прашање имаат новинарите - уредници во нашите медиуми?



Со оглед на резултатите од истражувањето од прашањето **„Колку сопствениците на медиумите и главните уредници влијаат врз слободата на новинарскиот израз?“**, се гледа дека сите 20 испитаници (100%) врз кои е извршено интервјуто изјавуваат дека влијанието врз слободата на новинарскиот израз е преголема, дури сметаат дека на скала од 1 до 10, оценката би можела да биде и 9, ако не и цела 10-ка. Други сметаат дека за жал влијанието од ден во ден е се поголемо, особено кога се тангираат нивните интереси или интересите на нивните финансиери. Некои сметаат, дека поради огромното влијание новинарите би требале да развијат авто цензура, па сомнителните теми едноставно да не ги пријавуваат и да ги отфрлат како неможни за реализација поради конфликт на интереси. Во овој случај, мислењата на јавноста -според покажаните резултати од Анкетниот прашалник и мислењата на новинарите – уредници се поклопуваат, а од тоа можеме да заклучиме дека и двете страни се со став дека сопствениците на медиумите имаат огромно влијание врз слободата на говорот и врз слободата на новинарскиот израз. Оттука и прашањето: Може ли воопшто да се зборува за објективност, кога и во светот признаваат дека ја нема? Некои од нив се убедени дека е неопходна новинарска слобода без цензура, со што новинарството во Република Македонија би го добило конечно заслуженото ниво.Овој став повеќе пати е потенциран и во здружението на новинарите (ЗНМ), чија цел е да биде заштитник на професионалните стандарди и на слобода на изразувањето како и во Македонскиот Институт на медиуми(МИМ).

### 6.3.7. Какво значење имаат медиумите во градењето на безбедносната култура?

Слободата на медиумите е неприкосновена и секоја цензура на информациите, претставува грубо кршење на политичките права на човекот и граѓаните.Одговорното раководство на одредени медиуми, мора да поседува одредени знаења за појавите на загрозување на безбедноста (првенствено невооружени, на пр. деструктивна психолошко-пропагандна дејност), како би можело да ги воочи и елиминира содржините подготвени за презентација на граѓаните, подготвени се разбира од загрозувачите на безбедноста. Се разбира, ова подразбира одредена доза на патриотизам и непотпаѓање под влијанија на одредени структури.

Според комуниколозите, културната комуникацијата е исто многу важен елемент на безбедносната култура кај медиумските работници. Од посебно значење е во емисиите кои се пренесуваат во живо.Навредувања или физички пресметки се немили појави, кои никако не би смееле да се видат на ТВ екраните. Културата на комуникацијата се гледа и во познавањето на стручната терминологија на новинарот, како и подготвеноста за областа која ја истражува или ја коментира.

Безбедносната култура бара и правилен избор на содржини и време на нивното претставување.Содржини со елементи на насилство, порнографија, содржини проткаени со сатанизам, би требало да се емитуваат во време кога децата и младината не може да ги гледа. Вработените во медиуми, мораат да имаат изградена безбедносна култура на едно високо ниво.Еден од начините на спречувањето на негативните појави е и правилен избор на вработените, каде предност секако треба да имаат професионални „школувани" новинари. Освен тоа, неопходна е нивна дополнителна едукација и запознавање со основните категории на безбедносните науки.

Аудиториумот прима сервисни информации и со посредство на тие информации се креира јавното мислење, а тоа може да има големо влијание на структурата на власта, а со тоа и на функционирање на државата и нејзината безбедност. Способноста на медиумите, локалното да го претвора во глобално, може да доведе до отуѓување од традицијата и губење на националниот идентитет.

Пропагандната порака која пропагандистот ја упатува на одредена целна општествена група, мора да има формални и содржински карактеристики, како поефикасно би ја исполнила својата улога на пристапност, убедливост, јасност, атрактивност,упадливост. Безбедносната култура кај граѓаните мора да биде развиена до таа мерка да заштитува од делувањето на деструктивни пропагандни пораки. Тоа се постигнува со образување и запознавање на граѓаните со елементите на одредени безбедносни појави, како и со нивната општа информираност.Така ќе можат да го идентификуваат значењето и целта на пораката и ако е потребно да ја отфрлат.

Освен тоа, граѓаните мораат да изградат самосвест и да развиваат механизам на самоконтрола за да не бидат поттикнати, инспирирани и сугерирани на идентификација со негативни примери. Многу содржини, сервирани од медиумите

поттикнуваат на имитирања на девијантности, стимулираат најниски инстинкти, насилства и разни други видови на аграсивно манифестирање на личноста во општеството.

Структурната криза ја наметнува потребата на граѓаните за бегство од стварноста и затоа медиумските содржини не смеат да станат замена за реалноста, без оглед на тоа колку е сурова. Од тој аспект, улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура е од огромно значење доколку се спроведува на адекватен и одговорен начин.




На прашањето: **„Какво значење имаат медиумите во градењето на безбедносната култура?“**, од графичкиот приказ се гледа дека 8 новинари, уредници на медими и информативни агенции, комуниколози и политиколози (40%) се со став дека медиумите имаат големо значење во градењето на безбедносната култура, додека 9 (45%) се со став дека делумно е значењето на медиумите во однос на ова прашање, а остатите 3 (15%) се на мислење дека медиумите немаат никакво значење во однос на градење на безбедносната култура и дека се зависи од политиката на медиумот. Интервјуираните новинари, уредници, политиколози и комуниколози се длабоко убедени дека медиумите имаат голема моќ и дека е крајно време многу повеќе да влијаат врз креирањето на јавната свест,особено во делот кој се однесува

на безбедноста и безбедносната култура во турбулентно време не тектонски геополитички промени.

Во прилог на ова, граѓаните според етничката припадност и степенот на образование се изјасниле на следниов начин: 64 од нив, односно 42,7%, се со став дека медиумите немаат големо значење во градењето на безбедносната култура во Република Македонија. 25 (16,7%) се согласуваат, 49 (32,7%) се неодлучни, 9 (6%) не се согласуваат и 3 (2%) воопшто не се согласуваат со тврдењето дека медиумите имаат било какво значење во градењето на безбедносната култура.

Од компарацијата на добиените одговори се гледа дека ставовите помеѓу јавноста и новинарите, уредниците на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози се доста приближени.

### 6.3.8. Неопходна ли е посебна едукација за новинарите во однос на градењето на безбедносната култура во Република Македонија?

Со плурализмот се намножија и медиумите, се намножија радија и телевизии. Во Македонија се појавија стотина радио и ТВ – станици, излегоа нови дневни весници и неделници и токму тука се појави хендикепот – недостигот од обучен кадар. Се јави проблем на кадровски план, затоа што малкуте новинарски куќи немаа подмладок кој беше теориски поткован, но во практиката влегоа во сериозни општествени промени, па така теоријата, заснована врз претходното општествено милје, не можеше многу да им помогне. И затоа, се поставува прашањето потребна ли е посебна едукација за подобрување на новинарскиот професионализам, во однос на безбедноста и безбедносната култура и што за тоа мислат директно засегнатите - новинарите?




На прашањето: „Неопходна ли е посебна едукација за подобрување на новинарскиот професионализам во однос на градењето на безбедносната култура?", огромно мнозинство од испитаните новинари – уредници, 16 (80%) се на мислење дека дополнителната едукација во таа област за подобрување на новинарскиот професионализам не само што се потребни, туку се и неопходни. 4 од нив (20%) е со став дека не се потребни и дека не е проблем да се слушне, туку проблемот е да се примени знаењето и се прашуваат: Кому му е потребно тоа? и дека како и да се земе, сепак влијанието на главните уредници ќе биде и понатаму огромно, така да ова станува беспредметно. Најголемиот дел од интервјуираните новинари, уредници, политиколози и комуниколози се децидни кога е во прашање едукацијата и медиумската писменост кај новата генерација на новинари и дека само со посебно внимание во тој сегмент може да се надеваме на голем професионализам и посветеност на својата работа.Многу е мал делот кој смета дека едукацијата е непотребна и тоа повеќе произлегува од резигнираноста од секојдневните медиумски игри.

### 6.3.9. Колку медиумите придонесуваат за развој на безбедносната култура?

На прашањето „Каква е улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура", испитаниците даваат различни одговори. Според дел од нив, улогата на медиумите е да информираат што се случува во општеството и во јавноста да ги пласираат сите факти и релевантни мислења. Улогата на медиумите и во постконфликтниот период треба да биде иста, а тоа е квалитетна, вистинита и објективна информација. Само со такво информирање може да се даде придонес во градење на безбедносната култура, вели еден испитаник. Улогата на медиумите, многу зависи од уредувачката политика, односно од она што уредничкиот колегиум ќе одлучи да се покрива како настан и низ кој агол да се гледа приказната. Неколку испитаници комуниколози и дел од од новинарската уредувачка елита велат дека текстовите треба да бидат во насока на систематско предупредување да се зачува мирот, а како мерка за тоа го предлагаат константниот медиумски дневно - политички притисок кон чинителите во општеството. Има и новинари кои не им даваат сериозна улога на медиумите во оваа значајна фаза од процесот на градење на безбедносната култура. Според нив, улогата на новинарите е чист сензационализам, без простор за истражувања и сериозно обработување на проблемите . Тие признаваат дека иако имаат значајна улога, медиумите и новинарите во Македонија ја преземаат улогата на полицајци и судии, со цел побрзо да ја лиферуваат веста, а не реално да ја прикажат состојбата. Дел од испитаните новинарите имаат различни одговори на прашањето каква е медиумската улога во однос на градење на безбедносната култура, што може да се каже е резултат на неодредената уредувачка политика и стихијното следење на она што се случува во реалноста. Во оваа насока на градење на безбедносната култура , новинарите треба да информираат, да регистрираат, да истражуваат, документираат, да образуваат и да укажуваат на грешките и на позитивните нешта.




На прашањето: **„Придонесуваат ли медиумите за развој на безбедносната култура?“**, Од испитаните 20 новинари – уредници 16 (80%) мислат дека медиумите многу придонесуваат за развој на безбедносната култура, 3 (15% ) се со став дека делумно се придонесува, додека 1 (5%) смета дека медиумите не придонесуваат за развој на безбедносната култура и дека сензационалистичката вест има повисока цена од промовирање на позитивни вредности.Таблоидното новинарство е најефтината форма и за жал се поприсутно во медиумите .

### 6.3.10. Може ли во Република Македонија да се зборува за истражувачко новинарство?

Од дадените одговори на прашањето дали во Македонија може да се дефинира категорија „истражувачко новинарство“ произлегува општата констатација дека новинарите не знаат што опфаќа оваа категорија.Дел од нив не се согласуваат со ваквата поделба туку според нив, условите во кои работат одредуваат дали може да се зборува за истражувачкото новинарство. Категоријата истражувачко новинарство е дефинирана од условите во кои новинарите ја извршуваат својата работа и темата за која известуваат. Уште доста испитаници, имаат став дека во Република Македонија не постои категоризирање на новинарите, по оваа основа. Македонскиот медиумски простор не препознава категорија истражувачко новинарство, а нема и реална финансиска подлога за тоа.




Од одговорите прашањето: **„Може ли во Република Македонија да се дефинира категоријата, истражувачко новинарство?“**, можеме да видиме дека 8 новинари – уредници (40%) мислат дека во Република Македонија може да се дефинира категоријата истражувачко новинарство, додека 12 од нив (60%), многу поголем дел, се со став дека истражувачко новинарство во Македонија нема или се почетнички обиди за кои треба и време и финансии,како и сериозен пристап од страна на уредниците и сопствениците на медиумите. Заклучок од тестирањето на одговорите на интервјуто и компарацијата со одговорите од анкетниот прашалник:

Од испитаните 20 новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози можевме да видиме дека на прашањето колку е застапено реалното информирање на јавноста за безбедносната култура во Република Македонија, 15 од нив одговориле позитивно, 3 негативно и 2 се со став дека е делумно застапено. За професионалноста во новинарството, 18 од нив, рекле дека се максимално коректни во извршувањето на својата професија 1 од нив смета дека новинарите не биле професионални и 1 дека биле делумно професионални. За етиката во новинарството исто така 18 од нив, сметаат дека се многу етични во своите извештаи 1 дека не се и 1 дека се делумно етични. На прашањето дали се води сметка за меѓуетничките релации при градењето на безбедносната култура, 17 од испитаниците се изјасниле позитивно и 3 од нив дека делумно се внимава на

меѓуетничките релации. За влијанието на политиката во медиумите сите 20 новинари – уредници, едногласно се согласиле дека влијанието е огромно. Потполно истиот став го имаат по прашањето за влијанието на сопствениците на медиумите, врз креирањето на слободниот новинарски израз и право на сопствен став.

Поголемиот дел од испитаниците, 16 од нив, се согласуваат дека се потребни дополнителни едукации во однос на градењето на безбедносната култура во Република Македонија, за обука на млади новинари, додека 4 од нив, не сметаат дека се истите потребни. За придонесување на медиумите за развој на безбедносната култура 16 новинари – уредници се произнеле позитивно, 3 од нив сметаат дека делумно придонесуваат медиумите и 1 е со негативен став по ова прашање. На прашањето може ли во Македонија да се дефинира категоријата, истражувачко новинарство, 8 новинари одговориле позитивно и 12 негативно,

За тоа колку реално се информира јавноста и каква е улогата на медиумите во креирањето на безбедносната култура во Република Македонија, 8 од испитаните новинари – уредници сметаат дека реално се информира јавноста, 9 делумно и 3 дека не се информира воопшто реално по ова прашање.

Со оглед на 100%-тната застапеност во мислењата, дека политиката и влијанието на сопствениците во креирањето на слободна новинарска мисла се огромни, можеме да заклучиме дека улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура е на многу ниско ниво.

Од добиените одговори од анкетниот прашалник и од интервјуто со новинари – уредници на медиуми и информативни агенции,политиколози и комуниколози можеме да видиме дека по одредени прашања ставовите на јавноста и на новинарите беа дијаметрално различни, особено кога се однесуваа на: објективноста, професионалноста, етичноста и внимателноста во однос на меѓуетничките релации при градењето на безбедносната култура. Од една страна ги имавме субјективните ставови, по однос на овие прашања, на новинарите – уредници, додека од друга страна го имавме мислењето на јавноста, која сметаше дека новинарите не се објективни или пак се делумно објективни во однос на безбедноста и безбедносната култура, а истите одговори ги даваа и во однос на професионалноста, етичноста и внимателноста во однос на меѓуетничките релации. Единствено поклопени ставови

имавме по прашањата за влијанието на политиката во медиумите и за влијанието на сопствениците врз слободата на говорот. Тука мислењата и на новинарите – уредници и на граѓаните се поклопува и сметаат дека влијанието е огромно и слобода во медиумите, како и објективност во градењето на безбедносната култура, ниту има, а по се судејќи,во догледно време нема ни да има.

Истражувачките активности беа спроведени во периодот септември-декември 2016 година. со цел да се приберат податоци за улогата што медиумите ја имаат во градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

# 7.ЗАКЛУЧОК

Основната хипотетична рамка врз која е базирана оваа докторска дисертација беше инспирирана од одреден склоп на проблеми, кои се јавуваат како предизвици и комплементарни аномалии во процесот на демократизација на Република Македонија, особено во постконфликтниот период. Имено, во сложениот комплекс на градење на мирот и демократијата безбедносната култура најчесто останува запоставено прашање, бидејќи приоритетите се свртени кон оние параметри кои побрзо и поефикасно можат да се реализираат, со ангажман на внатрешните и/или надворешните фактори. Во нексусот помеѓу медиумите и безбедносната култура се манифестира асиметричен однос, гледано низ овој трансформативен ракурс. Имено, додека медиумите се под постојан надзор и во реформски од, културата е нешто што се создава низ генерации и не е подложно на брзо или интервентно менување. Затоа, предметот на истражување се појавува како повеќедимензионален, а самото истражување како интередисциплинарно. Она што е новина во академска смисла, барем кога станува збор за Република Македонија, но и регионот на Балканот, е концептот на безбедносна култура, кој е централен за оваа докторска дисертација. Пристапот во истражувањето одговара на предметот на истражувањето, па така конечниот резултат се состои во дисертација сочинета од теориско-концептуална анализа и од емпириско истражување. Како што покажува и прегледот на релевантната научна литература, теориската анализа нужно се темели на сознанијата од странски извори, бидејќи за безбедносната култура постојат ретки научни публикации објавени во земјата или регионот. Меѓутоа, тргнувајќи од таа теориска платформа, сознанијата за безбедносната култура се соодветно контекстуализирани за да послужат за студијата на македонскиот случај. Кога станува збор за медиумите и медиумската култура, истражувањето можеше да црпи богати сознанија од домашните научни и стручни извори, но и да навлезе во сопствена анализа на нивното работење и синергија со безбедносниот комплекс на прашања (личната и јавната безбедност, меѓуетничките односи, па дури и третманот на не традиционалните безбедносни закани, како што е загадувањето на воздухот - сите видени низ призмата на медиумскиот дискурс и начин на известување). Конечно, посебен напор е вложен во обид за емпириско истражување во две насоки: квантитативна и квалитативна, а со

помош на истражување на јавното мислење (со употреба на анкета) и истражување на ставовите на компетентни лица од медиумската заедница во Република Македонија (со анализа на спроведено интервју). Заклучокот што го презентираме тука е резултат на сите овие параметри, од кои изведуваме сознанија како доволен/релевантен индикатор за потврда на генералната хипотеза на оваа докторска дисертација.

Тргнувајќи од прилично солидните сознанија од различните студии за состојбата во медиумскиот простор во Република Македонија, и ставајќи ги во контекст на безбедноста и културата, генералната хипотеза на истражувањето се наметна сама. Таа гласи: *Медиумите во Република Македонија не располагаат со моќ и кредибилитет да влијаат врз промоцијата на безбедносната култура на начин на кој тоа се прави во демократски контекст.*

Освен низ теориска призма, на проблематиката на безбедносната култура мора да ѝ се пријде во зависност од дадениот национален и/или историски контекст. Само преку продлабочена анализа на културата од една страна, и на безбедноста, од друга, е можно да се пронајде тенката нишка на меѓузависност која постои и постоела низ целата историја на цивилизацијата. Теориската анализа помогна да дојдеме до поблиско определување на поимот и содржината на безбедносната култура. Имено, таа претставува дел од општата култура на едно општество, односно од збирот на идеи, обичаи и општествено однесување на одреден народ или општество. Под овој термин ја подразбираме културата која произлегува и/или влијае на безбедноста во една заедница, на позитивен и/или негативен начин. Припадниците на една политичка или друга организација располагаат со безбедносна култура тогаш кога се способни да идентификуваат кои се тие однесувања и постапки кои ја загрозуваат безбедноста, па оттука самостојно влијаат врз оние кои од незнаење, немарност или поради зла намера, не се придржуваат до доминантните норми на однесување. Свеста за безбедноста и вредностите на кои таа се однесува стануваат „култура" кога групата/популацијата смета дека одредени поведенија коишто претставуваат повреди или закани за безбедноста се општествено и морално неприфатливи за нив. Истражувањето на позитивните страни на безбедносната култура доведува до идентификација на оние општествени односи, идеи и обичаи кои позитивно влијаат на заедницата, на позитивниот мир и на генералната безбедност. Општествените науки ја

детерминираат културата како флексибилна и прилагодлива, што значи дека безбедносната култура зависи од употребата на соодвентните средства и мерки со кои ќе се придонесе за јакнење на чувството на безбедност во дадена средина; и обратно. Безбедносната култура не е статична состојба, туку динамичен феномен. Оттука и нејзиното сеопфатно истражување подразбира употреба на знаењата од повеќе научни дисциплини, како безбедносен менаџмент, истражување на мирот и конфликтите, социологијата, теоријата на организација, итн. Во конкретното истражување, безбедносната култура ја истражувавме и низ призма на науката за медиумите и политиологијата.

Безбедносната свест станува култура кога заедницата во целост ја прифаќа таа свесност, укажува и делува на однесувањата, појавите и акцидентите кои ја нарушуваат безбедноста. Многу култури и народи во своето секојдневно општење, подразбираат одредени конвенции и правила на однесувањето и цврсто се држат до нив. Овие стандарди на однесување, всушност преминуваат во домен на потсвесното, интутивното, рутинското, нешто што е рамно на извршување на секојдневните активности, како што се облекувањето, земањето оброци, хигиената и др.

Промените во културата и безбедноста се долготраен и темелен процес, затоа што традиционалните вредности се значително инертни и тешко променливи. Меѓутоа, не треба да се заборави дека се се менува и прилагодува на условите, кои ги носи новото време.

Безбедносната култура е динамична категорија која е условена со многубројни фактори, во однос со промените кои тие фактори ги доживуваат се менува и безбедносната култура. Безбедносната култура не ја одредуваат и не ја пропишуваат одредени државни субјекти или институции, туку се создава во долг временски интервал, при што е условена со општествената интеракција на повеќе субјекти, како што се: семејството, училиштата, субјекти на безбедноста, научни институции, верски организациии (заедници), спортски организации итн.

Безбедносната култура е резултат на повеќе општествени, внатрешни, но и надворешни фактори на влијание. Иако истражувањето не беше фокусирано на видот и квалитативните одлики на безбедносна култура која постои во Република Македонија, сепак заклучивме дека транзицискиот период означи пресврт и во поглед

на разбирањето на безбедноста (вклучително нејзината онтолошка, функционална и организациска смисла), но и вгради сосема инакви фундаментални вредности околу кои се конституира поредокот, политичката заедница и општествената кохезија. Предизвикот со кој се соочи Република Македонија, заедно со сите држави кои произлегоа од некогашна СФР Југославија, беше помал во однос на идентификацијата на новите либерални вредности на уставниот поредок, а многу поголем во однос на начинот на кој тие се негуваат и заштитуваат. Безбедносната култура која постоеше во поранешната држава имаше свои историски корени од Втората светска војна, а и во целиот повоен период симболички беше свртена кон еден специфичен партиципативен модел на безбедносна заедница и организација. Не само заради воведувањето на самоуправниот модел и специфичното сфаќање за процесот на „одумирање на државата“ и поопштествување на сите државни (па и на безбедносната) функција, туку уште повеќе поради меѓународните констелации и закани засилени по 1968 година (инвазијата на силите на Варшавскиот договор во Чехословачка), безбедносната култура беше партиципативна, барем доктринарно и стратегиски. Концептот на општонародна одбрана беше интегриран со оној за општествена самозаштита, односно се создаде државен безбедносен концепт кој требаше да одговори на предизвиците и од надвор и од внатре. Номинално, тој се потпираше на вредности и на поддршка и соодветно однесување од сите општествени субјекти, од најниско до највисоко ниво, т.е. од работниот човек и граѓанин, па се до федералните институции. Но, таквиот концепт имаше демократски дефицит, односно вредностите кои се бранеа и заштитуваа соодветствуваа на авторитарниот модел на социјализмот во југословенска верзија. Безбедносната култура за која зборуваме денес е концепт кој е суштински поврзан со други вредности, со вредностите на либералната демократија, во чиј центар е човекот и граѓанинот. Безбедноста има карактер само на инструментална вредност, а не вредност по себе. Мирот веќе не е негативен (отсуство на директно насилство или закани од насилство), туку подразбира системска благосотојба, човекови права, еманципација и социјална правда. Се разбира, и во најразвиените демократски земји постои дискрепанца помеѓу нормативното и стварносто, помеѓу она што треба да биде и она што навистина постои. И покрај очекувањата, крајот на Студената војна не доведе до ползување на мировната дивиденда, а последниве години светот се соочува со нови глобални закани, кои се

перпетуираат, и кои имаат негативен ефект не само по однос на безбедносната состојба, туку уште поважно - влијаат врз есенцијата на демократскиот поредок.

Анализата и компаративните емпириски примери покажуваат пластично дека балансот меѓу слободата и безбедноста одново натежнува на страната на безбедноста. Општествениот поредок и во старите демократии, особено по 9/11 и по појавата од т.н. Втора студена војна, се изместува на начин кој ја фаворизира безбедноста за сметка на слободата (и благосостојбата) на поединците. Техничко-технолошкиот развој ги потенцира елементите на ризичното општество, односно на високоразвиеното општество кое учи како да живее со новите ризици и како да ги менаџира, кога веќе не може да ги елиминира без да го загрози сопствениот економски и општествен прогрес.

Медиумите минуваат низ сопствен развој, но трпат влијание и од другите сфери, како што и самите влијаат повратно на нив. Не само што листата на медиуми е изменета со новите (социјални, алтернативни) медиуми, туку и професијата новинар драматично се менува. Како „репортер" може да се појави буквално секое лице кое в рацете има мобилен телефон, а кое потоа ги споделува своите сведоштва и информации со пошироката јавност, преку твитер, фејсбук, јутјуб и слично. Во време на мноштво информации, професионалните медиуми имаат посебна одговорност да ги селектираат важните од неважните, но и автентичните/кредибилните од оние кои се фабрикувани/лажни. Меѓутоа, синергијата со политичката моќ, останува трајна карактеристика и на новото време. Безбедносниот сектор е и натаму од суштествено значење за политичката моќ/власт, па оттука медиумите вршат и значајна функција во поглед на канализирањето на информациите, сликите, симболите и пораките кои зборуваат за тоа која страна е праведна, а која не е, чија употреба на сила е легитимна, а која не е. Улогата на медиумите во современите општества може да биде исклучително конструктивна и прогресивна, но подеднакво - може да има и обратна улога. Медиумот може да создаде имиџ на тоа кој треба да биде жртва, а кој е злосторник; која употреба на сила е пожелна и добредојдена, а која не е, итн. Одредени теоретичари зборуваат за тоа дека некогашниот воено-индустриски комплекс, т.е. спрегата помеѓу капиталот и војската, за кој предупредуваше американскиот претседател Ајзенхауер, денес е надминат и надграден. Имено, тие зборуваат за воено-индустриско-политички-медиумски-академски комплекс, односно

на посеопфатна спрега на столбовите на моќта кои го гарантираат општественото статус кво и спречуваат барања за подлабоки општествени промени. Современите медиумски производи се комерцијализирани и комодифицирани, а главно им служат на центрите на моќ, а не на публиката. И во високоразвиените демократии малку се зборува, а уште помалку се работи на промоција на мировното новинарство, а истражувачкото новинарство (кое има блескави примери и традиции) е сепак реткост во морето на површни продукти на индустријата за забава, која доминира и која се исплатува многу повеќе. Всушност, парадоксот е во тоа што насилството најлесно ги продава медиумите, односно ја зголемува нивната читаност или гледаност.

Ова е генералниот контекст во кој мора да се анализира и критикува состојбата со македонските медиуми и нивната улога во градењето и промоцијата на безбедносната култура. Главната цел на оваа докторска теза беше да ја утврди улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија. Истражувањето за состојбите во медиумскиот сектор даде повеќе од доволни објективни параметри, кои зборуваат за катастрофално лоша состојба низ повеќе призми. Плурализацијата на медиумите значеше квантитет (неретко и на штета на легалитетот), но не донесе квалитет. Појавата на новите медиуми (главно, електронски, во вид на портали) е само надополнување на веќе пожолтениот печат, полн со говор на омраза, стереотипи, стигматизација на Другиот, ad hominem дискредитации особено на неистомислениците, и сл. Во борбата помеѓу подобра законска регулатива и саморегулација се роди целосна анархија и непочитување на професионалните и етичките норми на новинарството. Економската и политичката моќ се вкрстуваат токму во медиумите кои им служат и на едните и на другите, но и себе си (преку обезбедување егзистенција). Медиумите кои треба да промовираат демократска култура, или безбедносна култура во вид на ненасилство, почитување на човековите права, превенција, и сл., всушност се повеќе дел од проблемот со кој се соочува демократската обнова на Македонија, отколку што се дел на решението. Новинарите се последната алка на ланецот на меѓузависност, без заштита и за своите работнички права, но и без моќ да застанат во заштита на нечии туѓи права или да откријат криминал и корупција. Цензурата и самоцензурата одат рака под рака.

Она што го покажа анализата и методот на анализа на содржина на медиумските известувања за одредени феномени и девијации само се потврди со резултатите до кои дојдовме по пат на анкета (на примерот од 150 граѓани) и интервју со медиумски работници и познавачи на медиумските состојби (20). Посебно сакам да нагласам дека при истражувањата вршени во времето на работата на мојот магистерски труд (посветен на медиумското известување за конфликтот од 2001 година), како и сега од добиените одговори на испитаните граѓани, дојдовме до речиси идентични сознанија кои укажуваат на константна состојба: имено, мнозинството од испитаниците се на мислење дека медиумите не одговориле на своите задачи при известувањето за безбедносните прашања, односно не успеваат да се наметнат како конструктивен и позитивен актер во градењето на безбедносната култура во Република Македонија. Со други зборови, се чини дека медиумите, иако повеќе посветени на пропагандна дејност во политички и други цели одошто на вистинско професионално новинарство, сепак не успеваат да ги заведат мнозинството граѓани. Тоа би значело дека смаосвеста и критичкиот ум постојат и се независни од она што го прават медиумите. Во компаративен аспект гледано, интересно е што одговорите добиени од интервјуто со новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози, даваат сосема инаква слика, или поточно самоперцепција. Лицата кои се најдиректно вклучени во медиумскиот бизнис се убедени дека постапуваат високо професионално и етички и дека добро ја вршат својата задача, во рамки на дадените објективни околности. Само дел од новинарите, а особено оние кои се експерти и не живеат од медиумите, покажуваат доза на критичност и отворено зборуваат за тешката состојба во која се наоѓа новинарството во Република Македонија. Накусо, истражувањето покажува дека јавноста (или барем оној дел што можевме да го опфатиме со истражувањето) и медиумските професионалци живеат во два паралелни светови. Медиумите успеваат да креираат „стварност“, но не и сосема да ја заведат својата публика. Истражувањето ја потврди хипотезата дека медиумската манипулација помалку успева кај оние со повисоко образование. Тестирањето на хипотезите низ призмата на етничката припадност на испитаниците, пак, покажа одредени аномалии, кои може да се должат на недовербата на дел од испитаниците кон ваков тип истражувања. Имено, испитаниците од албанската заедница најчесто преферираа да останат воздржани во

одговорите. Ваквите индикации упатуваат на потреба од инаков тип на продлабочени истражувања, за што е потребна инаква методолошка рамка и поголем истражувачки тим кој би работел на поголем репрезентативен примерок. Коректно е да се каже дека нашиот вкупен примерок беше релативно мал и симболичен (но објективно детерминиран со можностите на индивидуален истражувач и неговите лимитирани ресурси), но резултатите добиени на овој начин кореспондираат со други истражувања за довербата на јавноста во институциите, вклучително и во медиумите.

Наспроти бројните извештаи на меѓународни и домашни стручни и/или невладини организации, испитаниците-новинари кон истражувањето се однесуваа(т) како кон публиката - односно, се обидуваат да ја разубават сликата за себе и за својата работа. Во делот на истражувањето преку интервјуто, можевме да видиме дијаметрално различни и претежно субјективни одговори. Останува отворено прашањето дали ваквиот став е резултат на вистинско лично убедување или на непријатност пред истражувач да се прикажат сопствените слабости. Интересно е што во делот на интервјуираните новинари и уредници, сосема случајно, се наоѓаат и лица кои за време на политичката криза од 2015-2016 година околу прислушуваните разговори беа инкриминирани и за кои постојат и материјални индикации за нивното лично богатење поради блиските врски со политичките и економските центри на моќ.

Интересно е што на главното прашање што се однесуваше на оценката на улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура, како и на влијанието на политичката и бизнис елита врз слободата на медиумите, двете таргет групи споделија речиси идентични ставови. Имено, и граѓаните и релевантните медиумски претставници се сложија дека работат под директно влијание на политичката и бизнис елита. Оттука, се потврдува хипотезата дека медиумите немаат, и додека траат ваквите околности нема ни да имаат, адекватна улога во однос на градење на безбедносната култура, која пак е фундаментален фактор на општата безбедност. Културата, вклучително и безбедносната, може да се афирмира преку медиумите, кои се од огромно значење во подигањето на општествената свест и креирањето на јавното мислење, но само доколку се исполнети претпоставките за професионално и независно новинарство.

Ставовите на граѓаните/испитаници јасно ја манифестираат скепсата и недовербата кон медиумите, како и кон информациите што се лиферуваат преку нив. Интересно е што постојат јасни показатели дека сè помал број на испитаници купуваат дневен печат или слушаат радио. Телевизијата и натаму е највлијателниот и најлесно достапен медиум, со силно влијание на општата култура, но и нејзиното влијание опаѓа што поради лошиот квалитет на програмата, што поради фактот што голем број граѓани слободното време или потребата од информации ја задоволуваат преку интернетот и социјалните мрежи. На тој начин и медиумите, ама и политичките фактори, ги губат механизмите на влијание во сферата на јавните политики или негувањето на вредностите на поредокот. Постои еден тотално игнорантски однос кон медиумите, што е со голем негативен предзнак, со оглед на улогата што медиумите можат и треба да ја имаат во едно демократско општество.

Безбедноста денес има ново значење и нова функција. Таа е подеднакво грижа на државата, меѓународната заедница, но и на секој граѓанин поединечно. Безбедноста е единствена и неделива, додека загрозувањето е разнородно и разноврсно, при што оние кои ја загрозуваат безбедноста го одбираат местото, времето, начините и средствата на загрозувањето. Во денешниот се поглобализиран свет, сосема е коректно да се каже дека нема одвоени или неспоиви прашања, појави или случувања. Со системот на споени садови може да се објасни се посложената меѓузависност на многуте појави и процеси, па така и меѓу процесите на културата и безбедноста. Врската лесно се пронаоѓа затоа што поимите во своето одредување зборуваат за вредностите. Културата се однесува на системот на одвоени вредности, а безбедноста на начин како да се сочуваат односно заштитуваат во најширока смисла, виталните вредности на општеството државата поединците и слично. Последните децении, светот доживеа значителни промени низ напредокот на науката, техниката и општеството во целина. Прогресот несомнено ја измени положбата на човекот во светот и природата на неговите општествени односи.

Безбедноста и културата, чие што значење е забележително зголемено, многу се важни за вистинскиот развој на човекот и општеството. Забележливо е дека кон крајот на XX-от и почетокот на XI-от век, нееднаквоста меѓу државите и народите и понатаму се зголемува, поради што настануваат многубројни судири и сериозна

затегнатост во меѓународните односи. Затоа, денеска особено е важно да се зајакне соработката помеѓу народите, почитување на правата на другите, да се овозможи уживање на основните човекови слободи, да се сочува мир за животот на идните генерации. За остварување на тие цели, неопходно е да се има изградена свест на сите членови на заедницата (од аспект на внатрешниот и на меѓународниот план), без оглед на положбата која ја завземаат во општествената хиерархија. Тоа, може да се постигне со многу општествени активности како што се образованието, науката, културата, но и со укажување на значењето на подигање на нивото на безбедносната култура.

Безбедносната култура се третира како карактеристика на глобалното општество и дел на општата култура, но исто така и како дел на културата на поединците. Безбедносната култура опфаќа сознанија, како теориски, така и практични, за распознавање на изворите и облиците на загрозувањето на вредностите во најширока смисла, при што остварува пред се проактивна улога со цел на зачувување на вредностите на едно општество. Активностите на подигањето на нивото на безбедносната култура, а пред се и на безбедносната свест, не смее да има идеолошко-политичка димензија, ниту пак смее да биде условена со дневно-политичките случувања и поотреби. Таа активност, мора пред се, да биде заснована на објективните потреби на заедницата да ги заштити своите вредности. Значењето кое некои општества и го придаваат на безбедносната култура, нејзиното истакнување и уважување од поширокaта заедница неминовно станува едно од мерилата на нивната развиеност.

Значењето на работата на втемелување на безбедносната култура, како многу важна област во општествените односи и активности, во согласност со општиот прогрес на општеството во целина, непроценлив е во секој поглед, при тоа е неопходно да се утврди како и зошто таа се втемелува, под дејство на материјални, општествени, културни и други релевантни фактори, станува се поактуелна дневна содржина на општествените односи, преокупации, активности на луѓето, општествени групи, нации и др.

Набљудувањето и проучувањето на безбедносна култура, може да се одвива и во склоп на одреден историски концепт. Со продлабочена анализа на културата од

една страна и безбедноста од друга, потребно е да се пронајде таа нишка на меѓузависност која денеска постои, а сигурно во некој облик постоела и во текот на богатата историја на човечката цивилизација.

Според мислењето на јавноста и мислењето на стручни лица задолжени за оваа проблематика, медиумите не се ниту доволно едуцирани , ниту пак ангажирани во градењето на безбедносната култура во Република Македонија.

Медиумите, треба да ја олеснуваат и успешно да ја промовираат комуникацијата и да влијаат врз градењето на безбедносната култура и смирување на атмосферата меѓу граѓаните, различните групни и партиски интереси и државата, со што може да бидат клучен фактор за креирање на истата.

И наместо да се држат до основниот новинарски кодекс и да работат на градење на безбедносната култура преку истражувачки стории, медиумите се ставени во интерес на дневно политичките интереси на партиите од кои се финансирани или со кои се блиски.

На кој начин, медиумите можат да влијаат врз градењето на безбедносната култура во Република Македонија?

Глобализацијата доби голем замав во светот, тежнеејќи кон поврзување и надминување на регионалните меѓи и ограничувања.Но таа се повеќе се открива како сила која ја загрозува хуманистичката перспектива на светот и која ги продлабочува, наместо да ги намалува разликите помеѓу луѓето и народите.

Глобализацијата длабоко ја засегна и областа на културата, предизвикувајќи криза на културната идеја.Таа криза произлегува од конфликтот помеѓу западниот концепт, наметнат од културната индустрија од големата експанзија на мас-медиумите, од постмодерниот релативизам, од идеолошката и политичката функционализација на високата култура и плурализмот на регионалните политики на идентитетот.

Во изминативе децении Балканот, при сите напори одделните држави да го конституираат својот самостоен и независен национален и државен интегритет, беше самиот потресуван од турбулентни конфронтации и воени судири врз етничка основа, кои за жал, се уште не престануваат.Зафатен од „мондијализмот“ кој не прашува за

граници, специфичности и културни идентитети и во неговата култура во овој период се појавуваат низа сличности, со погоре наведените предизвици.

Балканската културна идеја во овој момент е распната помеѓу две алтернативи: од историската поука дека балканските народи многу пати војувале едни против други, но нивните култури секогаш соработувале и си подавале рака одбивајќи да постават цврсти граници помеѓу она каде започнува едната, а каде завршува другата.

Освен тоа, не треба да се заборава фактот на блискоста и припадноста на Балканот на медитеранскиот регион и неговите хуманистички определби, како и фактот на соседството со античка традиција, која го имаше човекот како средиште и врвна вредност во сите домени на животот.Од друга страна, моделите на „патриотската„ и често еуфорично националистичка култура, беа особено присутни во почетокот на овој период. Тие, не се наполно елиминирани ни до денес.

Практиката покажува дека за разрешување на современите конфликти е потребна соодветна мировна инфраструктура, едуцирани кадри за такви мисии, пропаганда и маркетинг на мировните мисии и сл. Особено за трансформирањето на хроничните конфликти и нивно разрешување потребни се искусни и флексибилни преговарачи, кои се способни да ја остварат поставената цел, но ако затреба и да ја сменат во текот на преговорите. Исто така се потребни кадри кои ќе бидат оспособени да ги проценуваат и амбициите на лидерите на страните во конфликтот, нивните манири, слаби и јаки страни врз база на што ќе се гради стратегија на преговорите.

Вреднувањето беше прагматично, етноцентрично, имаше премногу големи зборови, премногу митомани и мегаломанија. Балканот и неговата култура во овој момент се зафатени од силните ветришта на дезинтеграцијата.Творечкиот и интелектуалниот интегритет станаа реткост. Прекинати се скоро сите врски, кои постоеја во минатото и ги зближуваа балканските народи. На самиот Балкан е сега мошне потиснато чувството на заедништво, иако нациите на Балканот спаѓаат меѓу најстарите во Европа.

Како културата и безбедносната култура, можат да станат битни фактори на ненасилното дејствување? Само со отрезнување од фанатизмите на национализмот, кои придонесоа за националистичка контаминација на Балканот и со негување на

максимална толеранција на разбирање за другиот, соседот, за човекот воопшто.Ова не е само морална обврска, туку неодминлив предуслов културната идеја да прерасне во неопходна потреба кај народите, сега зафатени од висок степен на меѓусебна недоверба. Стравот и рамнодушноста се најголеми непријатели на таквата нова културна идеја. Заложбата треба да биде насочена кон конкретниот свет на животот, кон она безимено пространство во кое најчесто се одвива вистинската историја, која би требало да ги опфати не толку големите личности и крупните историски настани, туку секојдневниот живот на обичните луѓе со сето она што ја овозможува и дефинира нивната човечка егзистенција. Само Европа на културата ќе ја создаде трпеливо оваа врска често невидлива, но неопходна, која ги поврзува луѓето во еден колективитет и им дава желба да се проектираат во иднина, без страв дека ќе ги загубат своите корени.

Најзначајна последица од влијанието на мас-медиуите врз плуралистичките и демократските општества е појавата на нови општествени активности, како што се рекламата, анкетирањето на публиката и пазарот, јавните односи и јавното мислење, кое е од најголемо значење. Јавното мислење се појавува од оној момент кога мас-медиумите им обезбедуваат на вестите и информациите, иста заедничка основа. Средствата за масовна комуникација успеваат многу посилно да влијаат на аудиториумот од кој било друг тип комуникација и затоа од огромна важност е улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија

Треба насекаде да се градат мировни авторитети, мировна инфраструктура и мировна култура, како основни елементи за надминување на безбедносните кризи во секое општество и преку објективност, етичност и професионализам во медиумите, сериозно да се работи на успешно градење на безбедносната култура и релативизирање на безбедносните состојби во Република Македонија.

ПРИЛОЗИ

Прилог број 1

## А Н К Е Т Е Н  П Р А Ш А Л Н И К

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овој анкетен прашалник претставува научно истражување за ставовите на граѓаните на Република Македонија, а се од а се однесува на улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во РепубликаМакедонија. Истиот е **анонимен**, а ќе се користи во рамките на научно истражување за изработка на докторска дисертација на оваа тема, но и за компаративна анализа и прибирање податоци за улогата што медиумите ја имаат во креирањето на јавното мислење во нашето општество.

Ве молам на поставените прашања во овој прашалник да одговорите искрено и според вашето лично убедување.

Однапред, Ви благодарам на соработката!

Прашалник број ___________________

Датум на анкетирањето _____________

1. Пол:

    1. Машки
    2. Женски

2. Возраст:

    1. 35-40 години;
    2. 40-45 години;
    3. 45-50 години;
    4. 55-60 години;
    5. 65-75 години;

3. Национална припадност:

    1. Македонец
    2. Албанец
    3. Друга

4. Степен на образование

    1. III степен на образование (основно)
    2. IV степен на образование (средно)
    3. VI степен на образование (вишо)
    4. VII/1 степен на образование (високо)
    5. VII/2 степен на образование (магистратура)

5. Медиумите, преку информирањето, влијаат врз нивото на безбедносната култура во Република Македонија

    1. Малку сум информиран/а
    2. Делумно сум информиран/а
    3. Доволно сум информиран/а

6. Во својата работа новинарите внимаваат на новинарската етика

    1. Внимаваат

2. Недоволно внимаваат
3. Не внимаваат

7. Политичката и бизнис елита ја креираат работата на медиумите и влијаат врз нивната слобода.

1. Потполно се согласувам
2. Се согласувам
3. Не можам да проценам
4. Не се согласувам
5. Воопшто не се согласувам

8. Новинарите не известуваат професионално во врска со безбедносните прашања во Република Македонија

1. Потполно се согласувам
2. Се согласувам
3. Не можам да проценам
4. Не се согласувам
5. Воопшто не се согласувам

9. Медиумите имаат моќ да ја релативизираат безбедносната состојба во Република Македонија.

(оценете ја моќта на медиумите на дадената скала од 1-10, со тоа што „1" означува непостоење на моќ, а „10" означува најголема моќ)

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

10. Медиумите коректно ја известуваат јавноста за безбедносната култура и безбедноста

1. Потполно се согласувам
2. Се согласувам
3. Не можам да проценам
4. Не се согласувам
5. Воопшто не се согласувам

Прилог бр.2

ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУ СО НОВИНАРИ И УРЕДНИЦИ НА МЕДИУМИ И ИНФОРМАТИВНИ АГЕНЦИИ, КОМУНИКОЛОЗИ И ПОЛИТИКОЛОЗИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ГРАДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ова интервју ќе придонесе во истражувањето, базирано на ставовите на новинари, уредници на медиуми и информативни агенции, комуниколози и политиколози, а се однесува на улогата на медиумите во градењето на безбедносната култура во Република Македонија. Истиот е **анонимен**, а ќе се користи во рамките на научно истражување за изработка на докторски труд, но и за компаративна анализа и прибирање податоци за улогата што медиумите ја имаат во креирањето на јавното мислење во нашето општество.

Ве молам, заокружете ги одговорите на следниве прашања:

Пол:

1. Машки
2. женски

Образование:

1. основно
2. средно
3. вишо
4. високо
5. друго

Етничка припадност:

1. Македонец
2. Албанец
3. Србин
4. Друго

Социјален статус:

1. вработен
2. невработен

1. Дали медиумите реално ја информираат јавноста за безбедносната култура во Република Македонија?

___

___

___

2. Вие, како новинари, професионално ги одработувате своите задачи или не?

___

___

___

3. Колку водите сметка за етиката во новинарските извештаи?

___

___

___

4. Внимавате ли за добрите меѓуетнички релации?

___

___

___

5. Што мислите за политичкото влијание во медиумите?

___

___

___

6. Колку сопствениците на медиумите и главните уредници влијаат врз слободата на новинарскиот израз?

___

___

___

7. Какво значење имаат медиумите во градењето на безбедносната култура?

8. Неопходна ли е посебна едукација за новинарската професионалност во однос на градењето на безбедносната култура во Република Македонија?

9. Колку медиумите придонесуваат за развој на безбедносната култура?

10. Постои ли во Република Македонија категорија, истражувачко новинарство?

# БИБЛИОГРАФИЈА


- *Abbott C, Rogers P and Sloboda J, Global Responses to Global Threats. Sustainable Security for the 21st Century, Oxford Research Group, July 2006, достапно на: http://www.oxfordresearchgroup.org.uk/sites/default/files/globalthreats.pdf*
- *Agamben G., State of Exception, Chicago, IL and London: University of Chicago Press, 2005*
- *Ајф Џ., Човековите права и социјалната работа, Скопје: Академски печат, 2009*
- *Almond G. and Verba S., The Civic Culture or The Civic Culture: Political Attitudes and Democracy in Five Nations, NY: Sage Publications, 1963*
- *Арнаудовски Љ., Предавања на социјална патологија, Скопје: ИСППИ, 1983*
- *Babunski K., "Media and Transition in Macedonia", IDS Bulletin, vol, 29, no. 3, 1998*
- *Бакрески. О, "Медиумите и одбраната", Современа македонска одбрана, vol XII, декември 2005*
- *Бакрески О., Милошевиќ М., Современи безбедносни системи – Компаративна анализа на земјите од Југоисточна Европа, Скопје: Аутопринт Т.А., 2010*
- *Bal F., Moć medija, Beograd: Clio, 1997*
- *Beck U., Risk Society. Towards a New Modernity, NY: Sage Publications, 1992*
- *Belicanec R. and Ricliev Z, Mapping Digital Media: Macedonia. Country Report, Open Society Fundations, June 2012, https://www.opensocietyfoundations.org/sites/default/files/mapping-digital-media-macedonia-20120625.pdf*
- *Berkowitz D, Limor Y and Singer J, "A cross-cultural look at serving the public interest: American and Israeli journalists consider ethical scenarios", Journalism, no. 5, 2004*
- *Bevir M., "Decentring security governance", Global Crime, Vol. 17, Nos. 3–4, 2016*
- *Bevir, M. "Joined-up Secuirty: A Genealogy." In: C. Kinnvall and T. Svensson (eds.), Governing Borders and Security: The Politics of Connectivity and Dispersal, London: Routledge, 2015*
- *Бјелајац Ж., Жиројевић М, Безбедносна култура у ери глобализације, Институт за међународну политику и привреду, Београд 2014*
- *Bobio N., Budućnost demokratije, Beograd: Filip Višnjić, 1982*
- *Booth K, Theory of World Security, Cambridge: Cambridge University Press, 2007*
- *Бошковић М., Криминолошки лексикон, Нови Сад: Матица српска*
- *Brown M. E., Lynn-Jones S. M., Miller S. E., Debating the Democratic Peace, MIT Press, 1996*
- *Brown H., Thinking about National security, Boulder Colorado:Westview Press, 1983*

- *Browning C. and McDonald M., "The future of critical security studies: Ethics and the politics of security", European Journal of International Relations, vol. 19, no. 2, 2011*
- *Букелић, Ј., Дрога, мит или болест, Београд: Веларта, 1991*
- *Burke A., Beyond Security, Ethics and Violence: War against the Other, London: Routledge, 2007*
- *Čavoški K., Pravo kao umeće slobode. Ogled o vladavini prava, Beograd, Izdavačka zadruga „Draganić", 1994*
- *Chandler D., International Statebuilding. The Rise of Post-Liberal Governance, NY: Routledge, 2010*
- *Colero R., A Framework for Universal Pinciples of Ethics, https://ethics.ubc.ca/papers/invited/colero-html/*
- *Couldry N. and Hepp A., "Conceptualizing mediatization: contexts, traditions, arguments", Communication Theory, vol. 23, no. 3, 2013*
- *Crenshaw M., "The causes of terrorism". In: Kegley C (ed.) The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls, New York: Prentice Hall, 2002*
- *Цвјетичањин Б, Швоб-Ђокић Ј, Култура и нови међународни економски поредак, Београд: Југословенски преглед, 1982*
- *Dandeker C., "Public Opinion, the Media and the Gulf War", Armed Forces and Society, Vol. 22, No. 2 (Winter 1995/1996)*
- *Dawes S., "Charlie Hebdo, Free Speech and Counter-Speech", Sociological Research Online, vol. 20, no. 3, 2015*
- *Deacon D. and Stanyer J., "Mediatization: key concept or conceptual bandwagon?", Media, Culture & Society, vol. 36, no. 7, 2014*
- *De Berg H, Istrazivacko novinarstvo, Beograd: Clio, 2007*
- *Diken B. and C. B. Laustsen, '"We Two Will Never Twin": Fundamentalism and the Politics of Security', Global Society, Vol. 20, No. 2, April, 2006*
- *Dillon M, Politics of Security, London: Routledge, 1996*
- *Dillon M and Lobo-Guerrero L, "Biopolitics of security in the 21st century: An introduction", Review of International Studies, vol. 34, no. 2, 2008*
- *Енциклопедија политичке културе, Београд: Савремена администрација, 1993*
- *European Code of Police Ethics (Rec 2001), Council of Europe, Strasbourg, 14 January 2001*
- *Friedberg A., "The Changing Relationship between Economics and National Security", Political Science Quarterly, Vol. 106, No. 2, Summer, 1991*
- *Frojd S., Nelagodnost u kulturi, Beograd: Rad, 1988*

- *Фукујама Ф., Судар култура, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, 1997*
- *Fukuyama F, Trust: The Social Virtues and The Creation of Prosperity, NY: First Free Press, 2005*
- *Георгиева. Л, „Партнери во мир и превенција – Регионалната стабилност преку човековата безбедност" – избрани текстови, Скопје, 2008*
- *Георгиева. Л., Менаџирање на ризици, Скопје: Југореклам, 2006*
- *Георгиевски З., Бела книга за професионалните и работни права на новинарите, Скопје: Независен синдикат на новинарите и медиумските работници, 2014*
- *Giddens A., Sociologija (drugo izdanje), Banja Luka: ZUNS, 2001*
- *Гирц К, Толкување на културите, Скопје: Магор, 2007*
- *Global Terrorism Index 2016: Measuring and Understanding the Impact of Terrorism, Sydney: Institute for Economics and Peace, достапно на: http://economicsandpeace.org/wp-content/uploads/2016/11/Global-Terrorism-Index-2016.2.pdf*
- *Goodman, S, Teaching Youth Media. A critical guide to literacy, video production, and social change. New York: Teachers College Press, 2003.*
- *Ђорђевић О, Лексикон безбедности, Београд: Привреда, 1989*
- *Gray C., "Strategic culture as context: the first generation of theory strikes back", Review of International Studies (1999), 25*
- *Habermas, J., "Politička komunikacija u medijskom društvu. Da li demokratija još uvek poseduje epistemiološku dimenziju?", Časopis za upravljanje komuniciranjem CM, br. 5, 2007*
- *Hanitzsch T, Plaisance PL and Skewes EA, "Universals and differences in global journalism ethics". In: Ward SJA (ed.) Global Media Ethics: Problems and Perspectives. Malden, MA: Wiley-Blackwell, 2013*
- *Hanusch F., "A Product of Their Culture. Using a Value Systems Approach to Understand the Work Practices of Journalists", The International Communication Gazette, Vol. 71, no. 7, 2009*
- *Halvorson A., Understanding the Military: The Institution, the Culture, and the People, достапно на: https://www.samhsa.gov/sites/default/files/military_white_paper_final.pdf*
- *Hardin R, Trust, Cambridge: Polity Press, 2006.*
- *Hepp A., Hjarvard S. and Lundby K., "Mediatization: theorizing the interplay between media, culture and society", Media, Culture & Society, vol. 37. no. 2, 2015*
- *Holsti K., The State, War, and the State of War, Cambridge: Cambridge University Press, 2010*
- *"How People Watch—A Global Nielsen Consumer Report," August 2010, p. 5, at http://www.acnielsen.fi /site/documents/Nielsen_How PeopleWatch_August2010.pdf*

- *IREX (2015) Media sustainability index: Europe and Euroasia, p. 73, https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2015-full.pdf*
- *Јовановић В, Цвртила В, „Одбранбено заштитна образовања на свеучилиштима у свјету", Дефендологија, бр.1/1994, Загреб*
- *Human Rights and Terrorism, Netherlands Helsinki Committee, The Hague 2004*
- *Huntington S., The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, NY: Touchstone, 1996*
- *Kalb M., "Whose Side Are We on?", Washington Post, Thursday, 11 October 2001*
- *Katzenstein P. (ed.), The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics, NY: Columbia University Press, 1996*
- *Kellner D., Media Culture: Cultural studies, identity and politics between the modern and the postmodern, NY: Routledge, 2003*
- *Клосковска А., Социологија културе, Београд: Чигоја, 2001*
- *Котовчевски. М., Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност, Скопје: Балкански центар за мир, Филозофски факултет, 1999*
- *Котовчевски. М., Национална безбедност на Република Македонија, I дел, Скопје: Македонска цивилизација, 2000*
- *Le Sage A (ed.), African Counter-terrorism Co-operation, Africa Center for Strategic Studies. Washington, DC: National Defense University, 2007*
- *Lippmann W., Public Opinion, NY: Dover Publications, 2004.*
- *Маловић С., Медији и друштво, Свеучилишна књижара, 2007*
- *Marcuse H, One-Dimensional Man. Studies in Ideology of Advanced Industrial Society, NY: Routledge, 1991*
- *Маслеша Р., Теорије и системи сигурности, Сарајево: Магистрат, 2001*
- *Мек Квејил Д, Увод у социологију масовних комуникација, Београд: Глас, 1976*
- *Милошевска Т., „Организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор за развојот на општествата во транзиција (случајот на Република Македонија)", Безбедносни дијалози, вол. 2, бр. 4, 2012*
- *Милутиновић, М., Криминологија са основима криминалне политике и пенологије, Београд: Научна књига, 1976.*
- *Митровић Љ. Р., Савремено друштво, стратегије развоја и актери, Београд: иститут за политичке студије, 1996*
- *Moore M., "Public interest, media neglect", British Journalism Review, vol.18, no. 2, 2007*

- *Mythen G., Ulrich Beck: A Critical Introduction to the Risk Society, London: Pluto Press, 2004*
- *Münch R. and Smelser N., Theory of Culture, Berkeley: University of California Press, 1993*
- *Nanto D., Economics and National Security. Issues and implication for US Policy, Congerssional Resarch Service, 2011, https://fas.org/sgp/crs/natsec/R41589.pdf*
- *Negrine R., Politics and the Mass Media in Britain, NY: Routledge, 1996*
- *Немањић М, Културни обрасци и национални менталитет, Зборник иститута за криминолошка и социолошка истаживања, Београд 1993*
- *Neocleous M, Critique of Security, Edinburgh: Edinburgh University Press, 2008*
- *North D. C., J. J. Wallisand B. R. Weingast, Violence and Social Orders. A Conceptual Framework for Interpreting Recorded Human History, Cambridge: Cambridge University Press, 2009*
- *Oblak T., Internet kao medij I normalizacija kibernetskog prostora, Medijska istrazivanja, 2002,8(1).*
- *Oren I., "Is Culture Indenendent of National Security?, European Journal of International Relations, vol. 6, no. 4, 2000*
- *Parliamentary Oversight of the Security Sector, Inter-Parliamentary Union and DCAF, Geneva/Belgrade,2003*
- *Parsons, T., The Social System, New York and London: The Free Press and Collier Macmillan, 1951*
- *Петровски В. и Мирасчиева С., Мултикултурализам и интеркултурна комуникација, Штип: УГД*
- *Pjesivac I., Spasovska K. and Imre I., "Attribution of global ethical norms: Perceptions of journalistic independence and integrity in Serbia, Macedonia and Croatia", Global Media and Communication, Vol. 13, No. 2, 2017*
- *Połońska-Kimunguyi E. and Gillespie M., "Terrorism discourse on French international broadcasting: France 24 and the case of Charlie Hebdo attacks in Paris", European Journal of Communication, vol. 31 no. 5, 2016*
- *Пуховски Ж., „Постмодерен сендвич: Човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум", Безбедносни дијалози, вол. 1, бр. 2, 2009*
- *Putnam R., Making democracy work: civic tradition in modern Italy, Princeton: Princeton University Press, 1993.*
- *Raboy M. and Dagenais B., Media, Crisis and Democracy. Mass Communication and the Disruption of Social Order, NY: SAGE Publications,1996*
- *Research on TV and Radio Consumption Habits and Preferences, Skopje: ISPPI, 2005*
- *Rover D.C., To Serve and to Protect Human rights and Humanitarian law for Police and Security Forces, Geneva: ICRC, 1998, https://www.icrc.org/eng/assets/files/publications/icrc-002-0698.pdf*

- *Russett B., Grasping the Democratic Peace: Principles for a Post-Cold War world, Princeton: Princeton University Press, 1993*
- *Said E., Culture and Imperialism, NY: Vintage Books, 1993*
- *Sapunar, M, Osnovne znanosti o novinarstvu, Zagreb: Poha, 1994*
- *Секретаријат за информации на Република Македонија, Извештај 1996*
- *Shapley D., "The Media and National Security", Daedalus, Vol. 111, No. 4*
- *Sherman L. W., et al., Preventing Crime: What Works, What Doesn't, What's Promising, Report to the U.S. Congress. Washington, D.C.: U.S. Dept. of Justice, 1997*
- *Sherman M. and Shavit S., "The Media and National Security: The Performance of the Israeli Press in the Eyes of the Israeli Public", Israel Affairs, Vol.12, No.3, July 2006*
- *Скаловски Д., Во прво лице еднина, Скопје: Азбуки, 2010*
- *Шопар В. и Сарачини П., Медиумите во Македонија: Заштитници на јавноста или заложници на политичките интереси, Скопје: Институт за комуникациски студии, 2016*
- *Шопар В и Трајкоска Ж (ур.), Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанство, Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, 2016.*
- *Станаревић С., Бодин М., „Безбедносна култура као друштвени ресурс националне безбедности", Војно дело, Београд 2014*
- *Стајић Љ. и Гаћиновић Р., Увод у статију безбедности, Београд: Драслар партнер, 2007*
- *Стајић Љ., Основи система безбедности, Нови Сад: Правни факултет, 2011*
- *Стајић Љ., Мијалковић С,. Станаревић С,. Безбедносна култура, друго издање, Београд: Драганић, 2005*
- *Стевановић О., Руковођења у полицији, Београд: Полициска академија, 2003*
- *Стојановски. Т, „Предизвици за реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија – Република Македонија-реформи во областа на внатрешните работи", Институт за одбрамбени и мировни студии, Скопје: Филозофски факултет, 2003*
- *Tang Siew Mun, "Rethinking economic security in a globalized world", Contemporary Politics, Vol. 21, No. 1, 2015*
- *Terpstra, J.B and Schaap, D., "Police culture, stress conditions and working styles", European Journal of Criminology, 2013, vol. 10, no. 1*
- *Terrill W., Paoline E, and Manning P., "Police Culture and Coercion", Criminology, vol. 41, no. 4*
- *Трајковић М., „Право и морал у светлу прихватања и принуде",Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 1/2011*

- *Требјешанин Ж., Речник психологије, стубови културе, Београд 2001*
- *Trpevska S and Micevski I, "Macedonia". In: Petkovic B (ed.) Media Integrity Matters: Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism, Ljubljana: Peace Institute, 2014*
- *Ванковска.Б, Меѓународна безбедност-критички пристап, Скопје: Филозофски факултет, 2011*
- *Ванковска Б. и Цветковски Ц., Правото и одбраната, Скопје: РОБЗ, 1996*
- *Vankovska B., "The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below", International Peacekeeping, vol. 14, no. 2, 2007;*
- *Vankovska B., "National vs. Human Security Perspectives in Macedonia: Dialogue of Deaf?", Human Security, vol. 2, no. 2, 2004.*
- *Ванковска Б., Политички систем на Република Македонија, Скопје: Филозофски факултет, 2014.*
- *Џепароски И. (ур.). Аспекти на другоста: зборник по културологија, Скопје: Евро-Балкан Пресс, 2007*
- *Чупеска А., Културните идентитети во политиката: аспекти на мултикултурализмот, Скопје: КАС, стр. 11*
- *Устав на Република Македонија, достапно на: https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf*
- *Ward S., Global Journalism Ethics, Montreal: McGill-Queen's University Press, 2010.*
- *Wæver O., "Securitization and desecuritization". In: Lipschutz RD (ed.) On Security, New York: Columbia University Press, 1995*
- *Weinberg, S, The Reporter`s Handbook: An investigator`s guite to document and techniques. New York: St. Martins Press, 1996*
- *Williams R., "The Analysis of Culture", in Storey John (ed.), Cultural Theory and Popular Culture: A Reader, NY: Routledge, 2008*
- *Wyn Jones R, Security, Strategy and Critical Theory, London: Lynn Rienner, 1999*
- *Zgrabljic Rotar N, Medijska pismenost, medijski sadrzaj i medijski uticaj, Sarajevo: Medija centar, 2005*